СЛУЖБА ШТО СЕ ПРИМА

„Не сообразувајте се со овој свет, туку, преобразете се преку обновувањето на вашиот ум, за да можете да испитувате и осознавате која е добрата, угодна и совршена Божја волја" (Римјаните 12:2).

РАБОТА ЗА СПАСУВАЊЕ НА ДУШИ

Бог ми даде една вест за Неговиот народ. Тој мора да се пробуди, да ги рашири своите шатори и да ги прошири своите граници. Вие сте купени по скапа цена, браќа и сестри, и сè што имате и што сте, мора да се искористи на Божја слава и за добро на вашите ближни. Христос умре на крстот за да го спаси светот од пропаста во грев. Тој ве повикува да соработувате со Него во ова дело. Вие треба да бидете Негова рака помошничка. Со сесрдни и неуморни напори треба да настојувате да ги спасите изгубените. Имајте на ум дека поради вашите гревови крстот беше неопходен. Кога сте го прифатиле Христа како свој Спасител, сте дале завет дека заедно со Него ќе го понесете крстот. Вие сте врзани со Него на живот и смрт и претставувате дел од големиот план на откупување. {7C 9.1}

Преобразувачката сила на Христовата благодат го преобразува човекот кој ќе се посвети на Божјата служба. Исполнет со Духот на Откупителот, тој е подготвен да се откаже од себе, подготвен да го понесе крстот, подготвен на секаква жртва за Господарот. Тој повеќе не може да биде рамнодушен кон душите кои пропаѓаат околу Него. Тој е воздигнат над служењето на себеси. Тој станал нов човек во Христа и во Неговиот живот нема веќе место за самослужење. Тој сфаќа дека секој дел од Неговото битие Му припаѓа на Христа, кој Го избавил од ропството на гревот; дека секој момент од Неговата иднина е купена со драгоцената крв на Единородниот Божји Син. {7C 9.2}

Дали толку длабоко ја цените жртвата направена на Голгота, за да ги потчините сите свои интереси на делото на спасување на душите? Истата силна желба за спасување на грешниците која го карактеризирала животот на Спасителот треба да го карактеризира и животот на Неговиот вистински следбеник. Христијанинот не копнее да живее за себе. Тој наоѓа задоволство во сè што има и сè што е да го посвети во служба на Господа. Него го поттикнува неискажана желба да придобива души за Христа. Оние што не чувствуваат ваква желба, подобро нека се загрижат за своето сопствено спасение. Тие нека се молат за дух на служба. {7C 10.1}

Како најдобро можам да го прославам Оној кому му припаѓам по создавањето и откупувањето? Тоа е прашање кое треба да си го поставиме себеси. Човекот што навистина се обратил, се труди со срдечна грижа да ги избави оние кои сè уште се

наоѓаат во сатанска сила. Тој нема да чини ништо што би го спречувало во оваа работа. Ако има деца, ќе увиди дека Неговата работа мора да започне во Неговото семејство. Неговите деца му се многу драгоцени. Имајќи на ум дека тие се помлади членови на Господовото семејство, тој се бори со сите свои сили да ги доведе на Господова страна. Тој се заветувал да Му служи, да Му оддава чест и да Му биде послушен на Христа; и се труди трпеливо и неуморно да ги воспита своите деца за тие никогаш да не бидат непријатели на Спасителот. {7C 10.2}

Бог им ставил одговорност на мајките и татковците да ги спасат своите деца од силата на непријателот. Ова е нивна должност која под никаков изговор не смеат да ја занемарат. Родителите кои имаат жива врска со Христа нема да мируваат додека не видат дека нивните деца се сигурно сместени во стадото. Тоа ќе биде задача на нивниот живот. {7C 10.3}

Родители, не занемарувајте ги должностите кои ве очекуваат во црквата во вашето семејство. Тоа е ваше прво поле на мисионерска работа. Најзначајно дело кое можете да го извршите е да ги доведете своите деца на Господова страна. Кога ќе згрешат, бидете кон нив нежни, но цврсти. Нека ви се придружат во спротивставувањето на злото со кое сатаната сака да ги уништи душите и телата на човечките суштества. Воведете ги во тајната на крстот, тајната која за вас значи посветување, откупување и вечна победа. Вие ќе стекнете голема победа ако ги поведете своите деца со себе во служба за Господа. {7C 11.1}

Ако семејствата околу вас се противат на вистината, трудете се да ги доведете до тоа да се потчинат на Христовите барања. Работете трпеливо, мудро, внимателно, пробивајќи го својот пат преку нежна служба на љубов. Прикажувајте ја вистината така што ќе ја видат во сета нејзина убавина, па нејзиното дејство ќе биде такво што никој нема да може да му се спротивстави. Така ќе ги срушите ѕидовите на предрасудите. {7C 11.2}

Кога оваа задача би се вршела верно, кога татковците и мајките би работеле за своите деца, а потоа за оние околу себе, издигнувајќи го Христа во нивните очи преку побожен живот, илјадници души би се спасиле. Кога Божјиот народ вистински ќе се обрати, кога ќе ја сфати својата обврска да работи за оние кои се на Негов дофат, не оставајќи неискористено ниту едно средство за да ги избави грешниците од силата на непријателот, тогаш од нашите цркви ќе биде отстрането Божјото незадоволство. {7C 11.3}

Ни останува само уште малку време да се подготвиме за вечноста. Господ нека ги отвори затворените очи на Својот народ и нека ги оживее Неговите заспани чувства, за луѓето да сфатат дека евангелието е Божја сила за спасение на оние кои веруваат. Луѓето нека сфатат дека од најголема важност е да дадат толку чист и праведен приказ за Бога за светот да го види Него во сета Негова убавина. Нека тие бидат исполнети со Неговиот Дух за светот да не биде во состојба да ги оттргне од нивната задача на прикажување на чудесните можности кои се пружаат пред секоја душа која го прима Христа. {7C 11.4}

Потребна е поголема сесрдност во сите облици на нашата работа. Времето минува. Божјите слуги треба да бидат „немрзливи во работата; пламени во Духот; служејќи Му на Господа" (Римјаните 12:11). На народот му е потребна вистината и таа мора да им

се донесе со сесрдна и верна работа. Души треба да се бараат; ние треба да се молиме и да работиме за нив. Мораме да им упатуваме сесрдни повици. Мораме да приложиме сесрдни молитви за нив. Нашите немоќни молби без дух треба да се претворат во молби полни со силна срдечност. Божјата реч вели: „Сесрдната молитва на праведникот има голема сила" (Јаков 5:16). {7C 12.1}

Светот е поле на нашите мисионерски напори и ние мораме да одиме да работиме опкружени со атмосферата на Гетсиманската градина и Голгота. {7C 12.2}

ЗНАК НА НАПРЕДОК

Вечниот закон на Јехова наложува оној кој ќе ја прими вистината која му е потребна на светот, да прими на себе како своја прва должност да ја објави таа вистина. Но кој е тој кој на себе го прима бремето на работа за душите кои пропаѓаат? Гледајќи го народот кој за себе тврди дека е Божји, и Гледајќи колку луѓе немаат волја да Му служат Нему, моето срце се стега од неискажлива болка. Колку се малку оние кои се срце со срце со Бога во ова Негово свечено, завршно дело. Илјадници луѓе мораат да се опоменат, но колку се малку оние кои целосно се посветуваат на таа должност, подготвени да сторат сè за да придобијат души за Христа. Исус умрел за да го спаси овој свет. Во понизност, скромност и несебичност, Тој работел и работи за грешниците. Но многумина од оние кои треба да соработуваат со Него се самозадоволни и рамнодушни. {7C 13.1}

Денес кај Божјиот народ се чувствува страшен недостаток на љубов кон душите кои не се спасени. Говориме за христијанските мисии. Се слуша нашиот глас, но дали чувствуваме сочувство кон оние што се надвор од стадото? Ако нашето срце не чука заедно со Христовото, како ќе ги сфатиме светоста и значењето на делото на кое сме повикани со зборовите: „Бдејте над... душите, како оние, кои ќе одговараат за тоа" (Евреите 13:17). {7C 13.2}

Бог чека мажите и жените да се разбудат за своите должности. Тој чека тие да се поврзат со Него. Тие треба да покажат знак на напредок и нека повеќе не се колебаат во извршувањето на Господовата волја. {7C 13.3}

Сфаќаме ли колку многу луѓе во светот ја набљудуваат нашата работа? Од каде што најмалку очекуваме ќе дојдат повици со поголема ревност да му се посветиме на делото на давање на последната вест на милост на светот. Проповедници и народе, разбудете се! Бидете брзи да ја воочите и искористите секоја можност и предност што ќе ви се укажат при вртењето на тркалото на провидението. Бог, Христос и небесните ангели работат со сите сили да го спречат манифестирањето на сатанскиот гнев за да не се спречат Божјите планови. Бог живее и владее. Тој управува со случувањата во вселената. Неговите војници нека појдат кон победата. Во нивните редови нека владее совршено единство. Нека тие напредуваат во борбата до портите. Господ ќе работи за нив како силен Освојувач. Веста на евангелието нека одекне низ нашите цркви и нека

ги повика на сеопшта работа. Членовите на црквата нека имаат повеќе вера, придобивајќи ревност од своите невидливи, небесни сојузници, од значењето за нивните неисцрпни ресурси, од големината на потфатот во кој се вклучени и од силата на нивниот Водач. Оние кои се стават под Божја власт, Тој да Ги води и упатува, ќе го увидат текот на настаните кои треба да следат онака како што се одредени од Него. Вдахновени со Духот на Оној Кој го дал Својот живот за светот, тие нема веќе немоќно да стојат, укажувајќи на тоа што тие не можат да направат. Ставајќи го на себе небесниот оклоп, тие ќе одат во борба, со волја да работат и да се излагаат на опасност за Бога, знаејќи дека Неговата семоќ ќе им даде сè што им е потребно. {7C 14.2}

Дело кое постојано се шири

Божјите слуги треба да ги користат сите можности за да го прошират Неговото царство. Апостол Павле кажува дека тоа е „добро и угодно пред Бога, нашиот Спасител, кој сака сите луѓе да се спасат и да дојдат до познавање на вистината" и дека треба „да прават просби, молитви, молби, благодарности за сите луѓе" (1. Тимотеј 2:3,4,1). А Јаков вели: „Нека знае дека оној, кој ќе го обрати грешникот од Неговиот заблуден пат, спасува една душа од смрт и ќе покрие мноштво на гревови" (Јаков 5:20). Секој верник се обврзал да се соедини со своите браќа во упатувањето на повикот: „Дојдете, зашто веќе сè е подготвено" (Лука 14:17). Секој треба да ги храбри другите да работат со цело срце. Сесрдни повици ќе бидат дадени од една жива црква. Жедни души ќе бидат доведени кон водата на животот. {7C 14.3}

Апостолите примиле на себе бреме на одговорност да го прошират своето поле на работа, да го објават евангелието во другите земји. Од нивниот пример гледаме дека во Господовото лозје не смее да има безделници. Неговите слуги мораат постојано да го прошируваат кругот на својата дејност. Тие секогаш треба да работат сè повеќе, никогаш помалку. Господовото дело мора да се шири сè додека не го опфати целиот свет. {7C 15.1}

Павле и Варнава, откако завршиле едно мисионско патување, се вратиле повторно, посетувајќи ги црквите што ги основале, избирајќи луѓе со кои заеднички ќе работат. Така мораат и денес да работат Божјите слуги, одбирајќи и обучувајќи достојни млади луѓе како свои соработници. Нека Бог ни помогне самите да се посветиме, за преку нашиот пример да можат и други да се посветат и оспособат успешно да работат на придобивање на души за Христа. {7C 15.2}

Се наоѓаме на крајот на историјата на овој свет; наскоро ќе стоиме пред големиот бел престол. Наскоро засекогаш ќе истече времето за работа. Искористете ја секоја можност да упатите некој благовремен збор на оние со кои доаѓате во допир. Не чекајте да се запознаете со нив, па дури тогаш да им ги понудите непроценливите богатства на вистината. Започнете со работа и пред вас ќе се отворат патишта. {7C 15.3}

На денот на судот изгубените целосно ќе го сфатат значењето на жртвата на Голгота. Ќе видат што изгубиле со тоа што не сакале да бидат верни. Ќе мислат на возвишеното и чисто друштво кое имале можност да го стекнат. Но, ќе биде премногу доцна. Веќе е даден последниот повик. И ќе се слушне лелек: „Мина жетвата, сврши летото, а ние не сме спасени" (Еремија 8:20). {7C 16.1}

На нас почива тешка одговорност да го опоменеме светот за пропаста која му се приближува. Повици за помош доаѓаат од сите страни, од близу и далеку. Бог ја повикува Својата црква да стане и да се облече во сила. Треба да се придобијат бесмртни круни; треба да се придобие небесното царство; треба да се просветли светот кој пропаѓа во незнаење. {7C 16.2}

Светот нема да го убеди она што се говори од проповедалните, туку она што црквата го живее. Проповедникот зад проповедалната ја објаснува теоријата на евангелието; практичната побожност на црквата ја демонстрира Неговата сила. {7C 16.3}

Ослабена и со многу мани, со потреба за постојани опомени и совети, црквата сепак е предмет на Христовиот најголем интерес. Тој прави проби на благодатта врз човечкото срце и доведува до такви преобразби на карактерот, што ангелите се чудат и со песни на благодарност ја изразуваат својата радост. Тие се радуваат на помислата дека грешните и заблудени човечки суштества можат толку да се преобразат. {7C 16.4}

Кога веста на Третиот ангел ќе нарасне во гласен вик, нејзиното објавување ќе биде проследено со голема сила и слава. Лицата на Божјиот народ ќе сјаат со небесна светлина. {7C 17.1}

Господ ќе оспособи мажи и жени - дури и деца, како што направил со Самоил - за Своето дело, правејќи од нив Негови гласници. Оној кој никогаш не дреме ниту спие, стражари над секој работник кој работи во својата област. Небото ја набљудува борбата што ја водат Божјите слуги под навидум обесхрабрувачки околности. Се освојуваат нови полиња, се стекнуваат нови почести, како што Господовите слуги се собираат под знамето на својот Откупител за да се борат во добрата борба на верата. На понизниот Божји народ кој верува, му стојат на помош сите небесни ангели. Кога војската на Господовите работници ќе запее овде на земјата песна на благодарност, ним им се придружува и небесниот хор, оддавајќи му благодарност на Бога и на Неговиот Син. {7C 17.2}

Ништо не е навидум понемоќно, а всушност непобедливо, од душата која ја чувствува својата ништожност и која целосно се потпира на заслугите на Спасителот. Бог ќе го испрати секој небесен ангел да му помогне на таквиот, отколку да дозволи истиот да биде победен. {7C 17.3}

Долж целата линија се слуша борбен восклик. Секој војник на крстот нека дојде на предна линија, не самоуверен, туку со кротост, понизност и цврста вера во Бога. Вашето дело, моето дело нема да престане со овој живот. За кратко време ќе мораме да почиваме во гроб, но кога ќе дојде повикот, повторно ќе добиеме своја задача во Божјото царство. {7C 17.4}

РАБОТА ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЦРКВАТА

Ние мораме да му ја донесеме на светот Господовата вест - вест која мораме да ја проповедаме во сета полнина на силата на Духот. Нашите проповедници нека ја сфатат потребата за барање и спасување на изгубените. Директни апели треба да се упатат кон необратените. „Зошто вашиот Учител јаде со цариници и грешници?" ги прашале

фарисеите Христовите ученици. Спасителот одговорил: „Јас не дојдов да ги повикам на покајание праведниците туку грешниците" (Матеј 9:11,13). Тоа е работата која Тој ни ја дал нам. А денес потребата за тоа е многу поголема од кога и да е. {7C 18.1}

Бог не им дал задача на проповедниците да ги исправуваат црквите. Штом ќе се постигне успех во овој правец, навидум, сè мора да се започне од почеток. Членовите на црквата за кои вака се грижат и за кои работат, ќе станат верски слабаци. Кога девет десетини од напорите потрошени на оние кои ја познаваат вистината би се потрошиле на оние кои никогаш не слушнале за неа, би се постигнал многу поголем напредок! Бог ги повлекол Своите благослови затоа што Неговиот народ не работел според Неговите упатства. {7C 18.2}

Посветувајќи ги своето време и способности кои би требало да ги употребат на необратените, на оние кои ја знаат вистината, нашите проповедници само ги прават овие луѓе слаби. Во многу наши цркви во градовите проповедниците проповедаат сабота по сабота, а членовите на црквата доаѓаат сабота по сабота и немаат да кажат ниту еден збор за благословите кои ги примиле заради благословите што им биле дадени. Тие не се труделе преку седмицата да ги спроведат поуките кои ги примиле во сабота. Сè додека членовите на црквата не се потрудат да им укажат на другите помош, која и самите ја примиле, ќе останат во голема духовна слабост. {7C 18.3}

Најголема помош која може да му се укаже на нашиот народ е да се научи како да работи за Бога, како да се потпира на Него, а не на своите проповедници. Нека се научат да работат како што работел Христос. Нека се придружат на војската на Неговите работници и верно нека работат за Него. {7C 19.1}

Има моменти кога нашите проповедници треба во нашите цркви во сабота да одржуваат кратки говори полни со живот и Христова љубов. Но членовите на црквата не треба да очекуваат проповед секоја сабота. {7C 19.2}

Мораме да имаме на ум дека сме странци и патници на оваа земја и дека копнееме за една подобра земја небесната. Да работиме со таква ревност, со таква посветеност, за грешниците да бидат привлечени кон Христа. Оние кои се соединиле со Бога во завет на служба, се обврзани да се обединат со Него во големото, возвишено дело на спасување на души. Членовите на црквата треба да ја вршат својата должност верно преку седмицата и во сабота да ги изнесат своите искуства. Тогаш состанокот ќе биде како јадење во вистинско време и ќе им донесе на сите присутни нов живот и свежа сила. Кога Божјиот народ ќе увиди колку е потребно да се работи како што Христос работел, сведоштвата кои ќе ги изнесат луѓето за време на саботната служба ќе бидат полни со сила. Тие со радост ќе раскажуваат за драгоцените искуства кои ги стекнале работејќи за другите. {7C 19.3}

Нашите проповедници не треба да го трошат своето време работејќи за оние кои веќе ја прифатиле вистината. Тие треба да појдат да придобиваат грешници за својот Спасител со распламтената Христова љубов во срцето. Тие треба да го сеат семето на вистината покрај сите води. Треба да одат од едно место во друго, треба да подигаат една црква по друга. Оние кои ќе се определат за вистината мораат да се организираат во цркви, а проповедникот потоа мора да премине во други еднакво важни полиња на работа. {7C 19.4}

Штом црквата ќе се организира, проповедникот треба да ги упати Членовите на работа. Тие ќе треба да бидат поучени како успешно да работат. Проповедникот треба да посвети повеќе време на обучување, отколку на проповедање. Тој треба да ги поучи луѓето како да го пренесат на другите значењето кое го примиле. Треба да се поучат новообратените да бараат совет од поискусните во работата, но треба и да се учат да не го стават проповедникот на местото на Бога. Проповедниците се само човечки битија, луѓе со човечки слабости. Христос е Оној кон кого ние треба да гледаме за водство. „И Словото стана тело и се настани меѓу нас, полно со благодат и вистина." „И од Неговата ние сите примивме, благодат врз благодат (Јован 1:14). {7C 20.1}

Силата на евангелието ќе дојде врз основаните групи и ќе ги оспособи за служба. Некои од новообратените ќе бидат толку исполнети со Божја сила, така што веднаш ќе стапат во работа. Тие така вредно ќе работат, што нема да имаат време ниту наклонетост да ги ослабат рацете на своите браќа со нељубезни критики. Нивна единствена желба ќе биде да ја пренесат вистината во далечните краишта. {7C 20.2}

Господ ми го прикажа делото што треба да се оствари во нашите градови. Верниците во градовите можат да работат за Бога меѓу своите соседи. Тие треба да работат тивко и понизно, носејќи ја насекаде со себе атмосферата на Небото. Ако секогаш ја сокриваат својата личност и секогаш укажуваат на Христа, ќе се почувствува силата на нивното влијание. {7C 20.3}

Кога еден работник без ограничување ќе ѝ се посвети на службата за Господа, ќе стекне искуство кое ќе го оспособи сè поуспешно и поуспешно да работи за својот Господар. Она што него го привлекло кон Христа, ќе му помогне да привлече други кон Христа. Тој можеби никогаш нема да биде повикан да работи како јавен говорник, но сепак тој е Божји проповедник и Неговото дело сведочи дека тој е роден од Бога. {7C 21.1}

Не е Господова волја да му се препушти на проповедникот најголемиот дел од работа на сеење на вистината. И луѓето кои не се повикани да бидат проповедници треба да работат за Господа според своите способности. Стотици мажи и жени кои денес се без задача, би можеле да вршат прифатлива служба. Тие би можеле да извршат големо дело за Господа внесувајќи ја вистината во домовите на своите пријатели и соседи. Бог не гледа на тоа кој е кој. Тој ќе ги користи понизните, посветени христијани, иако можеби и не примиле такво темелно образование како некои други. Таквите нека се вклучат во Неговата служба одејќи од куќа до куќа. Седејќи околу печката, тие можат ако бидат понизни, внимателни и побожни повеќе да им помогнат на семејствата отколку еден ракоположен проповедник. {7C 21.2}

Зошто верниците не чувствуваат подлабока, посрдечна грижа за оние кои не се во Христа? Зошто двајца или тројца не се состанат и не му се молат на Бога за спасение на една личност, а потоа за некоја друга? Во нашите цркви треба да се формираат групи за служба. Разни луѓе нека се поврзат во работата како ловци на луѓе. Нека настојуваат да ги избавуваат душите од расипаноста на овој свет во спасоносната чистота на Христовата љубов. {7C 21.3}

Оној кој не може да погреши, ми покажа дека треба да се образуваат овие мали групи кои треба да претставуваат основа на христијанските напори. Ако црквата има голем број на членови, тие треба да организираат помали групи кои ќе работат не

само за членовите на црквата, туку и за неверниците. Ако во едно место само двајца или тројца знаат за вистината, тие треба да организираат една работна група. Нека бидат сложни, и во љубов и единство нека ѝ се посветат на работата, храбрејќи се еден со друг, секој примајќи храброст и сила од помошта на другите. Нека покажат Христова трпеливост, не зборувајќи непромислени зборови и служејќи се со дарот на говорништво за да се изградуваат еден со друг во пресветата вера. Во Христова љубов нека работат за оние кои се надвор од стадото, заборавајќи на себе во желба да им помогнат на другите. Ако така работат и се молат во Христово име, нивниот број ќе расне, зашто Спасителот вели: „Ако двајца од вас се согласат на земјата да молат за нешто, што и да било, ќе им биде дадено од Мојот Татко, Кој е на небесата" (Матеј 18:19). {7C 21.4}

Пусти места на земјата

Во понизно потпирање на Бога, семејствата треба да се населат на пустите места од Неговото лозје. Потребни се посветени мажи и жени кои ќе стојат во пустите места на земјата како плодоносни дрвја на праведноста. Како награда за својата пожртвувана работа во сеење на семето на вистината, тие ќе жнеат богата жетва. Како што одат од семејство до семејство, отворајќи го Светото писмо пред оние кои се во темнина, многу срца ќе бидат допрени. {7C 22.1}

Во полињата во кои состојбата е толку непожелна и обесхрабрувачка, така што многу работници не сакаат да одат во нив, со напорите на пожртвуваните членови може да се оствари значаен напредок. Овие скромни работници можат да постигнат многу, бидејќи работат трпеливо и истрајно, не потпирајќи се на човечка сила, туку на Бога, кој им ја дава Својата благонаклоност. Во овој свет никогаш нема да се дознае колку добра работа извршиле овие работници. {7C 22.2}

Самостојни мисионери

Самостојните мисионери често пати се многу успешни. Од мали и скромни почетоци, нивното дело се шири под водство на Светиот Дух. Нека двајца или тројца започнат заедно евангелска работа. Можеби луѓето кои се на чело на делото на никаков начин нема да им ветат парична помош; сепак, тие треба да тргнат напред со молитва и песна; поучувајќи и живеејќи ја вистина. Можат да се посветат на колпортажа и на тој начин да ја донесат вистината на многу семејства. Како што одат напред во својата работа тие ќе стекнат благословено искуство. Чувството на сопствената немоќ ќе ги направи понизни, но Господ оди пред нив и тие ќе најдат благонаклоност и помош и меѓу богатите и сиромашните. Дури и сиромаштвото на овие посветени мисионери е едно средство за отворање на патот кон срцата на луѓето. На нивниот пат, нив на разни начини ќе им помагаат оние на кои им донесуваат духовна храна. Тие ја носат веста што им ја дал Бог и нивната работа ќе биде крунисана

со успех. Многумина кои без овие понизни учители никогаш не би пришле кон Христа, ќе бидат доведени до познавање на вистината. {7C 23.1}

Бог повикува работници да влезат во полињата кои созреваат. Треба ли да чекаме затоа што ризницата е празна, затоа што едвај може да се издржуваат и оние работници кои сега се во полињата? Појдете во вера и Бог ќе биде со вас. Ветувањето гласи: „Оној што заминува и плаче, носејќи драгоцено семе, несомнено ќе се врати со радост, носејќи ги своите снопја" (Псалм 126:6). {7C 23.2}

Ништо не е толку успешно како успехот. Обезбедете си себеси успех со истрајна работа и делото ќе напредува. Ќе се отворат нови полиња. Многу души ќе бидат доведени до познавање на вистината. Она што е потребно е поголема вера во Бога. {7C 24.1}

Нашиот народ примил голема светлина, но многу проповедници ја трошат својата сила во самите цркви, поучувајќи ги оние кои и самите треба да бидат учители, просветлувајќи ги оние кои треба да бидат „светлина на светот", заливајќи ги оние кои треба да бидат извори на жива вода, богатејќи ги оние кои треба да бидат рудници на драгоцена вистина, повторувајќи го повикот на евангелието на оние, кои, расеани по целиот свет, треба сами да им ја носат небесната вест на оние кои не ја слушнале, хранејќи ги оние кои треба да се на патиштата и патеките, упатувајќи го повикот: „Дојдете, зашто веќе сè е подготвено" (Лука 14:17). {7C 24.2}

Луѓето кои се ослободени од оковите на гревот, кои со скриени срца го барале Господа и добиле одговор на своите сесрдни молби за праведност, никогаш не се студени и безживотни. Нивните срца се полни со несебична љубов кон грешниците. Тие се откажеле од секоја световна амбиција, од сета саможивост. Допирот со длабоките Божји работи ги прави сè повеќе и повеќе слични на нивниот Спасител. Тие ликуваат поради Неговите победи и исполнети се со Неговата радост. Тие секој ден сè повеќе израснуваат во полнотата на мажи и жени во Христа. {7C 24.3}

РАБОТНИЦИ ОД ВЕРНИШТВОТО

Бог со најголемо внимание го набљудува овој свет. Тој знае колку човечките суштества се во состојба да служат. Гледајќи низ вековите, Тој Ги избројал Своите работници, мажи и жени и го подготвувал патот пред нив говорејќи: „Ќе им испратам Свои гласници и тие ќе видат голема светлина што ќе светли во темнината. Придобиени за Христова служба, тие ќе ги искористат своите способности за слава на Моето име. Тие ќе појдат ревносно и посветено да работат за Мене. Со свои напори вистината на најсилен начин ќе биде предочена пред илјадници и духовно слепите ќе добијат вид и ќе го видат Моето спасение. Вистината ќе стане толку јасна, што ќе може да ја прочита и оној кој трча. Ќе се пронајдат нови патишта за да се допре до срцата. Начините кои ќе се применат денес ќе се разликуваат од оние кои се применувале во минатото, но никој не смее поради тоа да го заградува патот со критикување." {7C 25.1}

Луѓето кои Бог ги избрал за Свои работници не се секогаш талентирани во очите на светот. Тој понекогаш бира неучени луѓе. Ним Тој им дава посебна работа. Тие приоѓаат кон луѓе на кои други не би можеле да им пријдат. Отворајќи ги срцата за

вистината, тие стануваат мудри во и преку Христа. Нивниот живот впива и дава од себе мирис на побожност. Тие внимателно размислуваат за своите зборови пред да ги изговорат. Тие настојуваат да направат што повеќе за доброто на своите ближни. Тие донесуваат помош и среќа на оние кои се во тага и неволја. Знаат дека мораат секогаш да останат во Христовата школа, за да работат во склад со Божјата волја. Се трудат да научат како најдобро да го следат примерот на Спасителот во носењето на крстот и самооткажувањето. Тие се Божји сведоци кои ја откриваат Неговата сочувствителност и љубов и му ја препишуваат сета слава на Оној кого Го љубат и кому Му служат. {7C 25.2}

Тие постојано учат од Големиот Учител и постојано достигаат повисоко ниво на изврсност, чувствувајќи ја притоа секогаш својата слабост и недоволност. Тие се воздигнати од силна љубов и воодушевување за Христа. Тие покажуваат Негови особини, бидејќи нивниот живот станал сличен со Неговиот. Тие постојано одат сè подалеку и сè погоре, како благослов на светот и чест на својот Откупител. За овие луѓе Христос вели: „Блажени се кротките, зашто тие ќе ја наследат земјата" (Матеј 5:5). {7C 26.1}

Овие работници треба да бидат охрабрувани. Тие не работат за да се покажат, туку за да го прослават Бога. И Тој ќе Го одобри нивното дело. Господ ги поврзува овие работници со оние што имаат поголеми способности, за да ги пополнат празнините кои овие ги оставаат зад себе. Нему Му е мило кога тие се ценат, бидејќи и тие се алки во Неговиот синџир на служба. {7C 26.2}

Самоуверените луѓе кои се исполнети со чувство на своите големи способности ги превидуваат овие скромни работници, но Бог ниту за момент не ги заборава. Тој гледа сè што прават тие за да им помогнат на оние на кои им е потребна помош. Кога избавените ќе се соберат во небесните дворови, тие ќе стојат најблизу до Божјиот Син. Тие ќе светлат со силна светлина во Господовите дворови, почестени од Него бидејќи тие го сметале како своја чест тоа што можеле да им служат на оние за кои Тој Го дал Својот живот. {7C 26.3}

Бог ќе ги задвижи срцата на луѓето во понизни положби за да ја објавуваат веста на сегашната вистина. Ќе се вид*ат многумина како брзаат на сите страни гонети од Божјиот Дух за да им донесат светлина на оние кои се во мрак. Вистината е како оган во нивните коски кој ги исполнува со силна желба да ги просветлат оние кои живеат во мрак. Господовата Реч ќе ја проповедаат многумина, дури и необразованите. Светиот Дух ќе ги поттикне и децата да појдат да ја објавуваат веста од Небото. Духот ќе се излие на оние кои ќе одговорат на Неговиот повик. Ослободувајќи се од човечките обврзувачки правила и внимателни постапки, тие ќе ѝ се придружат на Господовата војска. {7C 26.4}

Духот во иднина ќе ги поттикне обичните луѓе да го остават своето занимање и да појдат да ја проповедаат последната вест на милоста. Тие треба што поскоро да се подготват за работа, за да можат нивните напори да бидат крунисани со успех. Тие соработуваат со небесните сили, бидејќи имаат желба да трошат и да се трошат во службата за Господа. Никој нема право да ги попречува овие работници. Нив треба да им се посака Божји благослов во работата, како што тие одат напред, исполнувајќи го

големиот налог. И додека го сеат семето на евангелието по тешките места на земјата, никој не смее да им упати ниту еден подбивен збор. {7C 27.1}

Најдобрите работи во животот - едноставноста, чесноста, вистинитоста, чистотата, исправноста - не можат да се купат ниту продадат; до нив можат да дојдат и образованите и необразованите, црните и белите, простиот селанец, како и царот на престолот. Скромните работници кои не се потпираат на својата сопствена сила, туку работат во едноставност, секогаш потпирајќи се на Бога, ќе учествуваат во Господовата радост. Со своите истрајни молитви тие ќе доведуваат души кон крстот. Во соработка со нивните пожртвувани напори Исус ќе делува на срцата, вршејќи чуда во обратувањето на душите. Мажи и жени ќе пристапуваат во црквата. Ќе се градат домови за состаноци, ќе се подигаат училишта. Срцата на работниците ќе бидат исполнети со радост кога ќе го видат Божјото спасение. {7C 27.2}

Кога откупените ќе стојат пред Бога, тие ќе сфатат колку биле кратковиди во своите заклучоци за тоа што на Небото се бележи како успех. Сеќавајќи се на своите напори за да постигнат успех, ќе видат колку неразумни биле нивните планови, колку незнатни биле нивните наводни искушенија, колку неосновани нивните сомневања. Ќе видат колку пати внеле неуспех во својата работа затоа што не се управувале според Божјите зборови. Една вистина ќе излезе пред нив со јасни букви: дека положбата во светот не го подготвува човекот за влез во небесните дворови. Ќе видат и дека честа која му се укажува на човекот Му припаѓа само на Бога, дека Нему Му припаѓа сета слава. Од усните на ангелскиот хор и војската на откупените ќе се слушне рефренот: „Големи и чудесни се Твоите дела, Господи Боже, Седржителу; праведни и вистинити се Твоите патишта - Цару на народите. Кој нема да се уплаши од Тебе, Господи и не ќе го прослави Твоето име? Зашто само Ти си свет" (Откровение 15:3,4). „Оној, Кој не го поштеди ни сопствениот Син, туку Го предаде за сите нас, зар нема да ни подари со Него сè?" (Римјаните 8:32). {7C 29.1}

Кога бил принесен тој чудесен, непроценлив Дар, целото небо силно се задвижило во напорот да ја сфати неизмерната Божја љубов, се задвижило да пробуди во човечкото срце благодарност која би била сразмерна на вредноста на овој Дар. Треба ли ние, за кои Христос Го дал Својот живот, да се колебаме помеѓу две мислења? Треба ли да му вратиме на Бога само еден мал дел од оние способности и сили кои Тој ни Ги позајмил? Како можеме да постапуваме така, кога знаеме дека Оној Кој бил Заповедникот на целото небо Ги оставил Своите царски облеки и круна, и, Гледајќи ја немоќта на паднатиот човек, дошол на оваа земја во човечка природа за да ни овозможи својата човечка природа да ја соединиме со Неговата Божественост? Тој стана сиромав за ние да стекнеме не бесно богатство кое ни донесува „вечна и од сè попретежна слава" (2. Коринтјаните 4:17). За да нè избави, Тој се симнал од едно понижување кон друго, сè додека Тој, богочовекот, напатениот Христос, не бил подигнат на крст, за да ги привлече сите луѓе кај Себеси. Божјиот Син не можел да покаже поголемо снижување од она што го сторил; Тој не можел пониско да се спушти. {7C 29.2}

Тоа е тајна на побожноста, тајна која ги вдахновила небесните орудија да му служат на паднатото човештво на таков начин за во светот да се пробуди жив интерес за планот на спасението. Тоа е тајна која го задвижила целото небо за да се соедини со

човекот во остварување на големиот Божји план за спасение на пропаднатиот свет. {7C 29.3}

Работата на црквата

На човечките орудија им е доверена задачата за ширење на победата на крстот од место до место. Како глава на црквата, Христос авторитативно го повикува секого кој тврди дека верува во Него да го следи Неговиот пример на самопожртвување и самооткажување во работата за обратување на оние луѓе за чие уништување сатаната и Неговата голема војска ги напрегаат сите свои сили. Божјиот народ е повикан без одлагање да се собере под со крв извалканото знаме на Исуса Христа. Тој мора постојано да војува против непријателот, притискајќи ја борбата до портите. На секој кој преку обратување ќе им се придружи на Неговите редови треба да му се назначи одредена должност. Секој треба да биде подготвен да биде или да стори што и да било во оваа борба. Ако членовите на црквата се потрудат ревно да ја објават веста, ќе живеат во Господовата радост и ќе имаат успех. Одлучните напори секогаш доведуваат до победа. {7C 30.1}

Светиот Дух - наша делотворност

Како посредник, Христос им го дава на Своите слуги присуството на Светиот Дух. Силата на Духот ги оспособува човечките суштества да бидат претставници на Откупителот во делото на спасување на души. Ако сакаме да се соединиме со Христа во ова дело, мораме да подлегнеме на дејството на Неговиот Дух. Преку таа подарена сила ние ќе соработуваме со Господа со врски на слога, како Негови соработници во спасувањето на души. На секој кој без никакво притеснување ќе му се понуди на Господа за служба, дадена му е сила за постигнување на бескрајни резултати. {7C 30.2}

Господ Бог е врзан со вечен завет да му даде сила и благодат на секој кој е посветен преку покорност на вистината. Христос, кому му е дадена сета власт на Небото и земјата, соработува во сочувство со Своите орудија срдечните души кои ден за ден се хранат со живиот леб „кој слегува од Небото" (Јован 6:50). Црквата на земјата, соединета со црквата на Небото, може да изврши сè. {7C 31.1}

Сила дадена на апостолите

На денот на Педесетница, Бесконечниот се откри Себеси на црквата во сила. Со Својот Дух, Тој се симнал од небесните висини како налетнички, силен ветар, во собата во која се собрале учениците. Се чинело како ова влијание да е попречувано со векови и дека сега Небото се радува што може да го излее на црквата богатството на силата на Духот. Под дејство на Духот, зборовите на покајание и исповед се измешале со зборовите на благодарност за простените гревови. Се слушнале зборови на

благодарност и пророштво. Цело небо се наведнало да ја гледа и да се воодушевува на мудроста на неспоредливата, несфатлива Љубов. Изгубени во восхитувањето, апостолите и учениците извикале: „Љубовта е во ова" (1. Јованово 4:10). Тие го примија пратениот дар. И што се случило потоа? Илјадници луѓе се обратиле за еден ден. Мечот на Духот, наострен со сила и прекален со молњите од Небото, го расчистувал својот пат низ неверието. {7C 31.2}

Срцата на учениците биле исполнети со добродетелност толку силна, толку длабока, толку далекосежна, што таа ги поттикнувала да одат до крајот на светот, сведочејќи: да не даде Бог ние да се славиме, освен во крстот на нашиот Господ Исус Христос. Биле исполнети со силна желба да ги доведат во црква оние кои ќе бидат спасени. Ги повикувале верниците да се освестат и да ја исполнат својата должност, за да можат сите народи да ја слушнат вистината и Земјата да биде исполнета со Господовата слава. {7C 31.3}

Истата сила треба да се покаже и денес Преку Христовата благодат апостолите станале она што биле. Со искрена посветеност и понизна, сесрдна молитва тие стапиле во тесна заедница со Него. Седнале заедно со Него на небесните места. Ја сфатиле сета големина на долгот што Му го должат. Со сесрдна и истрајна молитва, тие се здобиле со дарот на Светиот Дух и тргнале, исполнети со бреме за да спасуваат души, ревно да ги прошируваат победите на крстот. Благодарение на нивниот труд, многу души биле изведени од мрак во светлина и биле основани многу цркви. {7C 32.1}

Треба ли ние да бидеме помалку срдечни од апостолите? Зар нема преку жива вера да бараме да се исполнат ветувањата кои ги поттикнале длабините на нивните битија да Му се обратат на Господа Исуса, барајќи исполнување на Неговите зборови: „Барајте и ќе добиете?" (Јован 16:24). Зар Божјиот Дух нема денес да ја услиши сесрдната и истрајна молитва и зар нема да ги исполни луѓето со сила? Зар Бог не им зборува денес на Своите верни работници кои имаат доверба во Него, кои се молат и кои го отвораат Светото Писмо на оние на кои им се непознати драгоцените вистини кои тоа
ги содржи: „Еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот" (Матеј 28:20). Зошто тогаш црквата е толку слаба и без дух? {7C 32.2}

Како што учениците, исполнети со силата на Духот, отишле да го објавуваат евангелието, така и денес треба да одат Божјите слуги. Исполнети со несебична желба да ја соопштат веста на милост на оние кои се наоѓаат во мракот на заблудата и неверството, ние треба да се зафатиме за Господовото дело. Тој ни одредил работа која треба да ја завршиме во соработка со Него и Тој ќе влијае на срцата на неверниците да го спроведат Неговото дело во далечните региони. Веќе многумина го примаат Светиот Дух и безживотната рамнодушност веќе не го попречува патот. {7C 32.3}

Зошто е запишана историјата на делото на учениците, кои работеле со света ревност, исполнети и Вдахновени со Светиот Дух, ако не за Господовиот народ да црпи Вдахновение од тие записи и посрдечно да се залага за Него? Исто така многу е неопходно а и повеќе од тоа, Господ денес да го стори за Својот народ она што го правел за Него во минатото. Секој член на црквата мора денес да го прави она што тогаш го правеле апостолите. И ние треба да работиме со многу поголема ревност.

Светиот Дух мора повеќе да учествува во нашата работа, како што сè поголемото беззаконие бара поодлучен повик на покајание. {7C 33.1}

Секого кого го осветлува светлината на сегашната вистина мора да чувствува сожалување кон оние кои се во темнина. Секој верник мора да шири јасни, блескави зраци. Господ сака да изврши дело слично на она кое го извршил преку Своите овластени весници по денот на Педесетница. Зар денес, кога е близу крајот на сите нешта, ревноста на црквата не треба да ја надмине ревноста на раната црква? Ревноста за Божјата слава ги поттикнала учениците со голема сила да сведочат за вистината. Зар таа ревност не треба да запали во нашите срца пламен на копнеж да ја објавуваме сторијата за Откупителната љубов, за Христа и Него распнатиот? Зар Божјата сила не треба уште помоќно да се открие денес, отколку во времето на апостолите? {7C 33.2}

ДЕЛОТО ВО ГРАДОВИТЕ

Оукленд, Калифорнија, 1. април 1874.

Сонував дека некои браќа се советуваат и ги проучуваат плановите за работа во ова време. Тие сметаа дека е подобро да не се влегува во големите градови, туку дека треба да се отпочне со работа во помалите места, оддалечени од големите градови, бидејќи тука ќе наидат на помало противење од страна на свештенството и ќе избегнат противење издатоци. Тие сметаа дека немаме доволен број на проповедници кои би можеле да ја шират вистината и да се грижат за оние кои ќе ја прифатат вистината во градовите, и на кои, заради поголемата опозиција, ќе им биде потребна поголема помош отколку на црквите во помалите места. На тој начин во голема мерка би биле изгубени плодовите од одржување на предавања во големиот град. Со оглед на нашите ограничени средства и со оглед на промените од преселувањето кои можат да се очекуваат во црквата во градот, се тврдеше дека би било тешко да се основа црква која би претставувала сила за Божјото дело. Мојот сопруг бараше од браќата без одлагање да изработат поширок планови и во нашите противење градови да вложат силни напори кои подобро ќе одговараат на карактерот на нашата вест. Еден работник ги изложи своите искуства од големите градови, укажувајќи на тоа дека Неговата работа речиси претрпела неуспех, тврдејќи дека постигнал поголеми успеси во мали места. {7C 34.1}

Еден со достоинство и власт - кој присуствува на сите наши советувања - го слушаше со длабок интерес секој збор. Тој проговори со одлучност и совршена сигурност. Тој рече: „Целиот свет е големо Божјо лозје. Градовите и селата претставуваат дел од лозјето. Тие мораат да се обработуваат. Сатаната ќе се обиде да се вмеша и да ги обесхрабри работниците, за да ги спречи да ја објават веста на светлината како во големите, така и во малите места. Тој ќе вложува очајни напори за да го одврати народот од вистината и да го привлече кон заблудата. На небесните ангели им е дадена должност да соработуваат со напорите кои ги вложуваат Божјите весници на Земјата. Проповедниците мораат да се охрабруваат себеси и да одржуваат

непоколеблива вера и надеж како што правел Христос, нивниот жив Поглавар. Тие мораат да бидат пред Бога кротки и понизни во срцето." {7C 34.2}

Бог одредил Неговата драгоцена реч, со своите вести на опомена и охрабрување, да биде објавена на оние кои се во темнина и на кои не им е позната нашата вера. Божјата Реч мора да се објави на сите и ќе му биде секому сведок, без разлика дали ја слушаат или не. Немојте да сметате дека имате одговорност да ги убедите и обратите своите слушатели. Само Божјата сила може да ги омекне срцата на луѓето. Вие треба да ги објавувате зборовите на живот за да може на сите да им се пружи можност ако сакаат да ја примат вистината. Ако не ја примат вистината од небесно потекло, таа ќе биде нивна осуда. {7C 35.1}

Ние не смееме да ја криеме вистината по аглите на Земјината топка. Таа мора да се објавува, таа мора да блеска во нашите големи градови. Христос работел на брегот на езерото и на големите раскрсници каде што можел да се среќава со луѓе од сите краеви на светот. Тој ја давал вистинската светлина; Тој Го сеел евангелското семе, ја спасувал вистината од нејзиното дружење со заблудата и ја објавувал во сета нејзина првобитна едноставност и јасност, за да можат луѓето да ја разберат. {7C 35.2}

Небесниот Гласник кој беше со нас рече: „Никогаш не смеете да го загубите од вид фактот дека веста што ја објавувате е вест за целиот свет. Таа мора да биде објавена во сите градови, сите села; таа мора да се објавува по друмовите и патиштата. Не смеете да го ограничувате објавувањето на веста." Во параболата за сејачот, Христос укажал на Својата работа и на работата на Своите слуги. Семето паднало на различни видови почва. Некое семе паднало на лоша почва, но сејачот поради тоа не престанал да работи. Морате да го сеете семето на вистината во секое место. Каде и да појдете, објавувајте ја Божјата Реч. Морате да сеете покрај секоја вода. Можеби веднаш нема да ги забележите резултатите од својата работа, но не губете храброст. Зборувајте ги зборовите кои ви ги дава Христос. Работете како што работел Тој. Одете секаде, како што правел Тој за време на Својата служба на земјата. {7C 35.3}

Откупителот на светот имал многу слушатели, но малку следбеници. Ное му проповедал на народот сто и дваесет години пред потопот, па сепак биле малку оние кои го ценеле тоа драгоцено време на милост (проба). Со исклучок на Ное и Неговото семејство, никој не се вброил меѓу верниците и не влегол во ковчегот. Од сите жители на светот, само осум души ја примиле веста; но таа вест го осудила светот. Светлината им била дадена за да поверуваат. Отфрлањето на светлината било нивна пропаст. Нашата вест на светот ќе биде животен мирис за живот на сите оние кои ќе ја прифатат, а осуда за сите оние кои ќе ја отфрлат. {7C 36.1}

Гласникот се сврте кон еден од присутните и рече: „Твоите поими за делото за ова време се премногу ограничени. Твојата светлина не смее да се ограничи на мал простор, ниту смее да се стави под сад или под кревет. Таа мора да се стави на свеќник, за да ја шири светлината на сите оние кои се во Божјата куќа - светот. Мораш да имаш пошироко гледиште за делото во кое учествуваш." {7C 36.2}

ДЕЛОТО ВО ЊУЈОРК И ОКОЛИНАТА

Св. Елена, Калифорнија, 1. септември 1902.

Дојде време да се вложат одлучни напори за објавување на вистината во нашите противење градови. Веста треба да биде објавена со таква сила, за да ги увери слушателите. Бог ќе оспособи работници за таа работа. Никој нека не им пречи на тие луѓе кои ги избрал Бог. Не забранувајте им да работат. Бог ним им ја дал нивната работа. Тие ќе работат во одреден делокруг и ќе ја објавуваат вистината во места кои пружаат најмалку надеж. Оние кои некогаш биле непријатели, ќе станат драгоцени соработници, напреднувајќи го делото со своите средства и со своето влијание. {7C 37.1}

Во тие противење градови треба да се основаат мисии во кои работниците ќе се оспособуваат да му ја објавуваат на народот веста за ова време. Ним ќе им биде потребно сето знаење кое може да се стекне во тие мисии. {7C 37.2}

Под Божјо раководство започна мисијата во Њујорк. Оваа мисија треба да ја продолжи работата во оној ист Дух кој доведе до нејзино основање. Најдобрите работници со кои располагаме треба да дадат поддршка на оние кои го носат товарот на делото во Њујорк. Тука треба да се создаде центар на Божјото дело и сè што ќе се направи треба да биде симбол на делото кое Господ сака да биде извршено во светот. {7C 37.3}

Ако во тој голем центар може да се воспостави здравствено-мисионерска работа од страна на искусни мажи и жени, кои правилно ќе ги претставаат вистинските начела на здравствено-мисионерската служба, тоа би имало силно влијание на луѓето. {7C 37.4}

Во секој град во кој се започнува со работа треба да се постават цврсти темели за трајно дело. Треба да се придржуваме на Господовиот начин на работа. Преку вршење на работа од куќа до куќа, со проучување на Библијата во семејствата, работникот може да стигне до многумина кои ја бараат вистината. Со отворање на Светото Писмо, со молитва и практикување на вера, работникот треба да ги поучува луѓето на Господовите патишта. {7C 38.1}

Господ има во Њујорк многу драгоцени души кои не ги приклониле своите колена пред Ваал и има души кои поради незнаење одат по патиштата на заблудата. Таквите треба да ги осветли светлината на вистината, за да видат дека Христос е Патот, Вистината и Животот. {7C 38.2}

Мораме да ја објавуваме вистината во Христовата љубов. Во таа работа не смее да има ништо претерано (екстравагантно) и никаков надворешен сјај, туку треба да се врши според Христовиот ред. Тоа дело треба да се спроведува во понизност и во едноставноста на евангелието. Надворешниот изглед, колку и да е обесхрабрувачки, не треба да ги заплаши работниците. Проучувајте ја Речта и Господ преку Светиот Дух ќе ги убеди слушателите. {7C 38.3}

Откако вистината ќе влијае на срцето и откако мажите и жените ќе ја прифатат, кон нив треба да се постапува како кон Христова своина, а не како кон човечка своина. Ниту едно човечко суштество не треба да се труди да ги поврзе другите за себе, како да ќе управува со нив, велејќи им да го направат ова, забранувајќи им да го направат она, заповедајќи им, диктирајќи, постапувајќи како офицер во чета на војници. Така

постапувале свештениците и управителите во Христово време, но тоа не е правилно. Работниците треба да ги збијат редовите во христијанско единство, но никаква Немудра власт не треба да се врши над оние кои ја прифаќаат вистината. Христовата кротост треба да се види во сè што се зборува и прави. {7C 38.4}

Работникот треба да расте во благодатта со тоа што ќе се потчини на Божјата волја. На тој начин ќе стекне големо богатство. Кога со вера ги прима, верува и се покорува на Христовите зборови, Неговите напори ќе бидат делотворни, ќе се развие вера која дејствува преку љубов и ја чисти душата. Плодовите на Духот ќе се забележат во животот, а делотворноста на Духот ќе се забележи и во работата. {7C 38.5}

Христос е наш пример, наша инспирација, наша огромна награда. „Вие сте Божја нива, Божјо здание" (1. Коринтјаните 3:9). Бог е главен Градител, но човекот има свој дел да изврши. Човекот мора да соработува со Бога. „Ние сме Му соработници на Бога" (1. Коринтјаните 3:9). Никогаш не ги заборавајте зборовите: „соработници на Бога." {7C 39.1}

Не заборавајте дека соработката со Христа како со ваш личен Спасител е ваша сила и ваша победа. Тоа е улога која сите мораат да ја одиграат. До оние кои така постапуваат доаѓа ветувањето: „А на сите кои Го примија, им даде моќ да станат Божји деца" (Јован 1:12). Христос вели: „Без Мене не можете да направите ништо" (Јован 15:5). А понизната душа која верува, одговара: „Сè можам во Исуса Христа, Кој ми дава сила" (Филипјаните 4:13). {7C 39.2}

Христос е сочувствителен, сожалив Откупител. Тој ни го дал Неговиот налог: „Одете по целиот свет" (Марко 16:15). Сите мораат да ја слушнат веста на опомена. Најбогата награда ги чека оние кои ја трчаат христијанската трка. Оние кои трпеливо трчаат, ќе добијат венец на живот кој не венее. {7C 39.3}

НЕ ОДЛАГАЈТЕ ПОВЕЌЕ

Нашите работници не се залагаат во мисионерската работа онака како што би требало. Нашите водачи не се свесни за делото кое мора да се изврши. Кога мислам на градовите во кои толку малку е направено, во кои живеат толку илјадници души кои треба да се предупредат за скорото доаѓање на Спасителот, тогаш чувствувам силна желба мажите и жените да пристапуваат кон работата во сила на Духот, исполнети со Христовата љубов кон душите кои пропаѓаат. {7C 40.1}

Луѓето во големите градови - кои живеат во сенка на нашите врати беа необично запоставени. Сега треба да се вложат организирани напори за да се изнесе пред нив веста на сегашната вистина. Нивните усни треба да пеат нова песна. Тие треба да ја предадат светлината на веста на Третиот ангел на другите кои сè уште се наоѓаат во темнина. {7C 40.2}

Сите ние мораме да бидеме целосно будни за да можеме, кога пред нас ќе се отворат патишта, да го напредуваме делото во големите градови. Многу заостануваме зад светлината што ни е дадена за да влегуваме во тие градови и да подигаме споменици на Бога. Чекор по чекор треба да ги воведуваме душите во целосната светлина на вистината. Треба да работиме сè додека не основаме црква и не

изградиме скромна зграда за богослужение. Ме охрабрува уверението дека многумина кои не се од нашата вера значително ќе помогнат со свои средства. Дадена ми е светлина дека во многу места, посебно во големите градови во Америка, таквите лица ќе ни пружат помош. {7C 40.3}

Работниците во градовите треба внимателно да го прочитаат десеттото и единаесеттото поглавје од посланието до Евреите и да ги прифатат поуките кои ги содржи тоа послание. Во единаесеттото поглавје се изложени искуствата на верните. Оние кои работат за Бога во градовите, мораат да напредуваат во верата, работејќи најдобро што можат. Ако стражарат, работат и се молат, Бог ќе ги слушне и услиши нивните молитви. Тие ќе стекнат искуство кое ќе им биде од непроценлива вредност во нивната работа. „А верата е тврда увереност во она на кое се надеваме и убедување за нештата што не се гледаат" (Евреите 11:1). {7C 40.4}

Мојата душа е силно возбудена. Во секој град треба да ја извршиме својата должност. Работниците треба да одат во нашите големи градови и да организираат црковни собори . На тие собори Во тоа време тие собори се одржувале на отворено, во голем шатор; оригинал „camp meeting" треба да учествуваат најспособните луѓе, за да може вистината да биде силно објавена. На нив треба да учествуваат луѓе со различни дарови. Еден човек не ги поседува сите дарови кои се потребни за спроведување на Божјото дело. За да има успех соборот, потребни се повеќе работници. Ниту еден човек не треба да мисли дека е Негово право сам да ја врши сета значајна работа. {7C 41.1}

Говорниците ќе влијаат на слушателите ако на тие состаноци ја објавуваат вистината во силата на Духот. Кога ќе биде примена во срцето, Христовата љубов ќе ја отстрани љубовта кон заблудата. {7C 41.2}

Потребно е да се одржуваат црковни собори слични на соборите на почетокот на делото собори одвоени од деловната работа на конференцијата. На тие состаноци работниците треба да го пренесуваат значењето за вистината на оние кои присуствуваат на нив од однадвор. {7C 41.3}

На нашите собори треба да се води грижа сиромашните да добијат здрава, добро подготвена храна по колку можно поевтина цена. Исто така, треба да постои ресторан во кој на вкусен начин ќе се служат здрави јадења. Тоа ќе делува корисно на многумина кои не се од нашата вера. Таа гранка на работа не смее да се одвои од останатите гранки на работа на нашите црковни собори. Секоја гранка на Божјото дело е тесно поврзана со сите останати гранки и сите мораат да се развиваат во совршена хармонија. {7C 41.4}

СЕМЕЈНИ БОГОСЛУЖЕНИЈА

Ако некогаш било време секој дом да биде дом на молитва, тогаш тоа е сега. Неверството и сомнежот преовладуваат. Беззаконието изобилува. Расипаноста тече низ животните струи на душата и во животот се појавува бунт против Бога. Заробени од гревот, моралните сили се наоѓаат под тиранија на сатаната. Душата станала цел на

неговите искушенија. Човекот ќе отиде таму каде што го води најголемиот бунтовник, ако не се подаде некоја моќна рака да го спаси. {7C 42.1}

Сепак, во ова време на страшна опасност, некои кои се нарекуваат христијани немаат семејни богослуженија. Тие не Му оддаваат чест на Бога во домот; тие не ги учат своите деца да го љубат и да се бојат од Него. Многу луѓе толку многу се оддалечиле од Него, така што се чувствуваат виновни да Му се приближат. Тие не можат „слободно да пристапат кон престолот на благодатта", „подигајќи ги светите раце без гнев и сомневање" (Евреите 4:16; 1. Тимотеј 2:8). Тие немаат жива врска со Бога. Тие поседуваат само облик на побожност без сила. {7C 42.2}

Помислата дека молитвата не е неопходна е едно од најмоќните средства кои ги измислил сатаната за да ги упропасти душите. Молитвата е разговор со Бога, Фонтаната на мудроста, Изворот на сила, мир и среќа. Исус „со силни повици и солзи" Му Ги принесувал Своите молитви на Таткото. Павле ги поттикнувал верниците да се „молат постојано". Тој ги учел во молитвите и благодарноста да му ги откријат на Бога своите молби. „Молете се еден за друг," вели Јаков. „Сесрдната молитва на праведникот има голема сила" (Евреите 5:7; 1. Солунјаните 5:17; Јаков 5:16). {7C 42.3}

Преку сесрдните, искрени молитви родителите треба да направат ограда околу своите деца. Треба да се молат со полна вера Бог да биде со нив и светите ангели да ги чуваат нив и нивните деца од суровата сатанска сила. {7C 42.4}

Во секое семејство треба да постои одредено време за утринско и вечерно богослужение. Колку е само соодветно кога богослужение ќе ги соберат своите деца пред појадокот за да Му се заблагодарат на небесниот Татко за Неговата заштита во текот на ноќта и да побараат од Него помош, водство и заштита во текот на денот! Ништо не е поубаво од тоа кога навечер богослужение и децата повторно ќе се соберат пред Него, за да се заблагодарат за благословите што ги имале во изминатиот ден. {7C 43.1}

Таткото, или, во Негово отсуство, мајката, треба да го води богослужението, одбирајќи дел од Светото Писмо кој е интересен и лесно разбирлив. Овие служби треба да бидат кратки. Читањето на некое долго поглавје и долгата молитва ја прават службата заморна, така што нивниот крај се дочекува со чувство на олеснување. Ако часот за богослужение се направи да биде сувопарен и досаден, ако е толку заморен и неинтересен така што децата се плашат од Него, со тоа Бог се обесчестува. {7C 43.2}

Татковци и мајки, вие треба да го направите Времето за богослужение многу интересно. Нема никаква причина зашто тоа време не би било најинтересно и најрадосно во целиот ден. Ако му посветите малку внимание, ќе го подготвите така што ќе биде многу интересно и корисно. Внесете промени од време на време. Поставувајте прашања за некое четиво од Светото Писмо и уфрлувајте пригодни забелешки. Може да се отпее и некоја песна на благодарност. Молитвата треба да биде кратка и јасна. Оној кој ја води молитвата, треба со едноставни зборови да Му заблагодари на Бога за Неговата добрина и да побара помош од Него. Ако тоа го дозволуваат околностите, и децата нека се придружат кон читањето и молитвата. {7C 43.3}

Само вечноста ќе може да го открие доброто што се постигнало со овие периоди на семејни богослуженија. {7C 44.1}

Животот на Аврам, Божјиот пријател, бил живот на молитва. Каде и да го подигнал својот шатор, во Негова близина подигал и олтар на кој принесувал утринска и вечерна жртва. Кога го поместувал шаторот, олтарот останувал. Кога би наишол на овој олтар Хананеецот кој скитал, знаел кој бил тука. Подигнувајќи го својот шатор, тој би го поправил олтарот и таму го славел живиот Бог. {7C 44.2}

Така и домовите на христијаните треба да бидат светилки во светот. И наутро и навечер, од нив треба да се подига молитва како сладок мирис на темјан. И Божјите дела на милост и благослови ќе се симнат на луѓето како утринска роса. {7C 44.3}

Татковци и мајки, собирајте ги околу себе своите деца секое утро и вечер и понизно обратете Му се на Бога за помош. Вашите мили се изложени на искушенија. Препреки се појавуваат секој ден на патеката на старите и младите. Оние кои сакаат да живеат трпелив, радосен живот полн со љубов, мора да се молат. Можеме да се победиме себеси само ако примаме постојана помош од Бога. {7C 44.4}

Секое утро посветете се себеси и своите деца на Бога за тој ден. Не правете планови за месеци и години; тие не ви припаѓаат вам. Вам ви е даден еден краток ден. Работете во Него за својот Господар како тоа да е ваш последен ден. Изнесете ги своите намери пред Бога за да ги остварите или оставите, како што ќе укаже Неговото провидение. Примете ги Неговите планови наместо своите, дури и ако тоа бара да се откажете од своите омилени проекти. Така животот сè повеќе ќе се обликува според Божествениот пример, и „Божјиот мир, што го надвишува секој ум, ќе ги запази вашите срца и вашите мисли во Христа Исуса" (Филипјаните 4:7). {7C 44.5}

ДОЛЖНОСТИ ВО БРАЧНИОТ ЖИВОТ

Драги браќа и сестри: Вие сте се соединиле во доживотен завет. Започнато е вашето воспитување за брачниот живот. Вашата прва година во брачниот живот е година на искуство, година во која мажот и жената ги запознаваат своите карактерни црти, како што детето ги учи поуките во училиштето. Во оваа прва година од својот брачен живот не смеете да дозволите ниту едно поглавје да ја загорчи вашата идна среќа. {7C 45.1}

Потребен е цел живот за да се сфатат брачните односи. Оние што се земаат, влегуваат во училиште кое нема да го завршат до крајот на животот. {7C 45.2}

Брате мој, времето, силата и среќата на твојата жена сега се поврзани со Твоите. Твоето влијание на неа може да биде животен мирис за живот или смртен мирис за смрт. Внимавај да не ѝ го загорчиш животот. {7C 45.3}

Сестро моја, ти сега треба да научиш своите први практични поуки во поглед на должностите во брачниот живот. Учи ги тие лекции верно од ден на ден. Не се предавај на незадоволството и лошото расположение (зловолноста). Немој да копнееш за живот на удобност и неактивност. Чувај се постојано да не ѝ попуштиш на својата себичност. {7C 45.4}

Вашите чувства треба да придонесат за взаемна среќа во вашата животна заедница. Секој треба да служи за среќата на другиот. Тоа е Божја волја во однос на вас. Меѓутоа, иако треба да се споите како да сте едно, никој од вас не смее да се

откаже од својата личност поради другиот. Бог е сопственик на вашата личност. Него морате да го прашате: Што е правилно? Што е погрешно? Како најдобро ќе ја исполнам целта на моето создавање? „Не си припаѓате само на себеси. Зашто скапо сте купени. Затоа прославете Го Бога во своето тело и во својот дух, кои се Божји" (1. Коринтјаните 6:19,20). Вашата љубов кон она што е човечко мора да дојде по вашата љубов кон Бога. Богатството на вашата љубов мора да потече кон Оној Кој го дал Својот живот за вас. Живеејќи за Бога, душата Му ги упатува своите најубави и најдобри чувства. Дали вашата најголема љубов е упатена кон Оној Кој умрел за вас? Ако е, вашата взаемна љубов ќе биде од небесна природа. {7C 45.5}

Љубовта може да биде бистра како кристал и убава во својата чистота, а сепак плитка, затоа што не е искушана и испробана. Христос нека ви биде во сè прв и последен и најдобар. Вашите очи нека бидат постојано вперени во Него и вашата љубов кон Него ќе биде сè подлабока и посилна како што минува низ проби (тешкотии). И како што вашата љубов кон Него се зголемува, вашата љубов еден за друг ќе биде сè подлабока и посилна. „А ние сите, со откриено лице, како во огледало ја гледаме Господовата слава и се преобразуваме во истиот лик, од слава во слава" (2. Коринтјаните 3:18). {7C 46.1}

Сега морате да вршите должности кои не сте ги имале пред венчавањето. „И така, облечете се во... љубезност, понизност, кротост и долготрпеливост." „И живејте во љубов, како што и Христос вевозљуби." Внимателно проучувајте го следното поучување: „Жени, покорувајте им се на своите мажи, како на Господа. Зашто мажот е глава на жената, како што е и Христос глава на црквата... И како што црквата Му се покорува на Христа, така да им бидат и жените покорни во сè на своите мажи. Мажи, љубете ги своите жени, како што и Христос ја возљуби црквата и се предаде Себеси за неа" (Колосјаните 3:12; Ефесјаните 5:2, 22-25). {7C 46.2}

Бракот, доживотната врска, е симбол на врската помеѓу Христа и Неговата црква. Духот кој Го покажал Христос кон црквата е дух кој мажот и жената треба да го покажат еден кон друг. {7C 46.3}

Ниту сопругот, ниту сопругата не смеат да копнеат за власт. Господ поставил начело според кое треба да се управува по ова прашање. Мажот мора да ја љуби својата жена како што Христос ја љуби Својата црква. А жената мора да го почитува и љуби својот маж. Двајцата мораат да негуваат љубезност, цврсто решени никогаш да не се жалостат или повредат еден со друг. {7C 47.1}

Брате и сестро, и двајцата имате силна волја. Таа може да стане голем благослов или големо проклетство за вас и за оние со кои доаѓате во допир. Не се обидувајте да го принудите другиот да го прави она што е ваша волја. Ако така правите, нема да можете да ја задржите меѓусебната љубов. Манифестирањето на самоволието ги уништува мирот и среќата во домот. Вашиот брачен живот нека не биде живот на расправија. Ако така правите, двајцата ќе бидете несреќни. Бидете љубезни во зборовите и благи во постапките, откажувајќи се од своите желби. Внимавајте добро на своите зборови, зашто тие имаат силно влијание за добро или зло. Не го подигајте својот глас. Внесете во својот заеднички живот мирис на христолик живот. {7C 47.2}

Пред еден човек да стапи во една толку тесна врска како што е брачниот однос, треба да научи како да владее со себе и како да постапува со другите. {7C 47.3}

При воспитувањето на детето доаѓаат моменти кога цврстата и зрела волја на мајката се судрува со неразумната и недисциплинирана волја на детето. Во такви моменти мајката треба многу мудро да постапува. Преку немудро управување и строго присилување може да му се нанесе голема штета на детето. {7C 47.4}

Колку што е можно треба да се избегнуваат овие кризи, зашто тие претставуваат противење искушенија и за мајката и за детето. Но, ако еднаш дојде до таква криза, детето мора да се доведе до тоа да му ја предаде својата волја на мудриот родител. {7C 47.5}

Мајката мора потполно да владее со себе и да одбегнува сè што би можело кај детето да разбуди дух на спротивставување. Таа не смее гласно да заповеда. Ќе добие многу ако зборува тивко и благо. Таа треба да постапува со детето на начин за да го привлече кон Христа. Мора да сфати дека Бог е нејзин Помошник; љубовта, нејзина сила. Ако е мудра христијанка, нема да се обидува да го принуди детето на покорност. Ќе се моли сесрдно да не победи непријателот и во таа молитва ќе биде свесна за обновата на духовниот живот. Ќе сфати дека истата сила која работи во неа, ќе работи исто така и во детето. Тоа ќе стане попослушно и попокорно. Битката е добиена. Нејзината трпеливост, нејзината љубезност и мудрата воздржаност го направиле своето. По бурата ќе завладее мир како сонце по дожд. Ангелите кои набљудувале што се случува, ќе запеат песни на радост. {7C 48.1}

До овие кризи може да дојде и во животот на мажот и жената, кои ако не се управувани од Божјиот Дух, во такви моменти можат да покажат иста нетрпеливост и избувливост како и детето. Судирот на волја со волја ќе биде како удар на камен од камен. {7C 48.2}

Брате мој, биди љубезен и трпелив. Имај на ум дека твојата жена те прифатила како сопруг не за да владееш над неа, туку за да бидеш нејзин соработник. Никогаш немој да бидеш горделив и тврдоглав. Не ја искористувај својата сила на волјата за да ја принудиш својата жена да го прави она што сакаш ти. Имај на ум дека и таа има своја волја, дека и таа сака да биде по нејзино како што сакаш и ти сакаш да биде по твое. Според тоа, имај на ум дека ти си во предност, бидејќи имаш поголемо искуство. Биди обѕирен и учтив. „А мудроста која доаѓа одозгора, пред сè е чиста, потоа мирољубива, блага, покорна, полна со милост и добри плодови" (Јаков 3:17). {7C 48.3}

Најважната победа која морате да ја стекнете е победата над својата тврдоглавост. Во таа борба можете да победите само со Христова помош. Можете долго и упорно да се борите да го потчините своето јас, но нема да успеете ако не примите сила одозгора. Меѓутоа, Христовата благодат може да ви подари победа над својата себична природа. Живеејќи го Неговиот живот, жртвувајќи се на секој чекор, укажувајќи постојано сè посилна љубов кон оние на кои им е потребна помош, вие ќе стекнувате една победа по друга. Од ден на ден вие ќе учите како подобро да го победите своето јас и да ги зацврстувате слабите страни на својот карактер. Господ Исус ќе биде ваша светлина, ваша сила, ваша круна на радоста, затоа што сте ја потчиниле својата волја на Неговата. {7C 49.1}

Мажите и жените можат да го постигнат идеалот што им го одредил Бог, ако Го примат Христа за свој Помошник. Предајте се целосно на Бога. Свеста дека се борите за вечен живот ќе ве охрабрува и ќе ве теши. Христос може да ви даде сила да

победите. Со Негова помош можете до крај да го уништите коренот на себичноста. {7C 49.2}

Христос умрел за животот на човекот да може да се поврзе со Неговиот живот во единство на Божественото и човечкото. Тој дошол на нашиот свет и живеел Божествено-човечки живот за да можат животите на мажите и жените да бидат толку хармонични како што Бог сака да бидат. Спасителот ве повикува да се откажете од себеси и да го примите крстот. Тогаш ништо нема да може да го спречи развојот на целото битие. Секојдневното искуство ќе покаже здраво и складно делување. {7C 49.3}

Имајте на ум, драги брате и сестро, дека Бог е љубов и дека преку Неговата благодат ќе можете да успеете да се усреќите еден со друг, како и што сте си ветиле при венчавањето. Во силата на Откупителот можете да работите мудро и со сила да помогнете нечиј изопачен живот да се исправи во Бога. Има ли нешто што Христос не е во состојба да го изврши? Тој е совршен во мудроста, во праведноста и во љубовта. Не се повлекувајте во себе, задоволени со тоа што сета своја љубов си ја подарувате само еден на друг. Искористете ја секоја можност да придонесете за среќата на оние кои се околу вас, подарувајќи им ја својата љубов. Љубезните зборови, погледот полн со љубов, изразите на уважување ќе им бидат на многу осамени суштества како студена вода на жедна душа. Еден бодар збор, едно љубезно дело можат да го олеснат бремето кое ги притиска уморните раменици. Вистинската среќа се наоѓа во несебичното залагање за другите. Секој таков збор и секое дело се бележат во небесните книги како да се направени за Христа. „Доколку сте го направиле тоа за еден од овие Мои најмали браќа, за Мене сте го направиле," вели Тој (Матеј 25:40). {7C 49.4}

Живејте во светлината на Спасителовата љубов. Тогаш вашето влијание ќе биде благослов за светот. Со вас нека владее Христовиот Дух. Законот на љубезноста секогаш нека биде на вашите усни. Трпеливоста и несебичноста ги карактеризираат зборовите и делата на оние кои се родиле повторно за да живеат со еден нов живот во Христа. {7C 50.1}

„Никој не живее само за себе." Карактерот ќе се покаже сам. Погледот, тонот на гласот, постапките сето тоа може да ја создаде или уништи среќата на домашниот круг. Тие влијаат на темпераментот и карактерот на децата, тие ги вдахновуваат или водат кон уништување довербата и љубовта. Со нив сите можат да се направат подобри или полоши, среќни или несреќни. Ние им го должиме на своите семејства значењето на Речта внесена во практичниот живот. Сè што можеме да направиме за да ги исчистиме, просветлиме, утешиме и охрабриме оние кои се поврзани со нас во семеен однос, треба да го направиме. {7C 50.2}

НАШЕТО САНАТОРИУМСКО ДЕЛО

„Возљубен, ти посакувам да ти биде
добро во сè и да бидеш здрав, како
што ù е добро на твојата душа"
(3.Јованово 2).

ОБЕМ НА РАБОТАТА

Бог го оспособил Својот народ да го просветли светот. Тој Му по дарил способности со кои тие треба да го прошират Неговото дело сè додека тоа не го опфати целиот свет. Во сите делови на светот мораат да се подигаат санаториуми, училишта, издавачки куќи и слични установи кои ќе овозможат остварување на Неговото дело. {7C 51.1}

Последната вест на евангелието мора да се објави „на секоја нација, племе, јазик и народ" (Откровение 14:6). Во странските земји мораат да се започнат и остварат многу потфати за објавување на оваа вест. Отворањето на ресторани за здрава храна и лекувалишта и подигање на санаториуми поради лекување на болните и напатените е исто така неопходно во Европа како и во Америка. Во многу земји треба да се основаат здравствени мисии кои како помошна Божја рака ќе работат за да им помогнат на оние кои се во неволја. {7C 51.2}

Христос соработува со оние кои се посветуваат на здравствено-мисионерската работа. Мажите и жените кои несебично придонесуваат сè што можат поради подигање на санаториуми и лекувалишта во многу земји, ќе бидат богато наградени. Оние кои ќе доаѓаат во тие установи ќе закрепнат телесно, душевно и духовно уморните ќе се одморат, болните ќе го повратат здравјето, оптоварените со грев ќе бидат растоварени. Во далечните земји ќе се слушнат пофалби и глас на пеење од усните на луѓето кои на тој начин, од службата на гревот, биле обратени кон праведноста. Со своите песни на благодарност тие ќе изнесат сведоштво кое ќе ги придобие и другите за верност и заедништво со Христа. {7C 51.3}

Обратувањето на душите кон Бога е најголемо и највозвишено дело во кое човечките суштества можат да земат учество. Во тоа дело се откриваат Божјата сила, Неговата светост, трпеливост и безгранична љубов. Секое вистинско обратување го слави Него и ги поттикнува ангелите да запеат. {7C 52.1}

Се приближуваме кон крајот на историјата на оваа Земја, па затоа мораме со многу поголема самопожртвуваност да работиме на разни полиња на Божјото дело отколку што тоа е случај во сегашно време. Делото во овие последни денови е мисионерско во една посебна смисла. Изнесувањето на сегашната вистина од првата до последната буква од азбуката значи мисионерски напор. Задачата што треба да се изврши бара жртви на секој чекор нанапред. Од таа несебична служба работниците ќе излезат прочистени и префинети како злато жежено во оган. {7C 52.2}

Сцената на душите кои пропаѓаат во гревот, треба да не подигне да вложуваме поголеми напори за да ја дадеме светлината на сегашната вистина на оние кои се во

темнина, а посебно во оние полиња во кои досега малку се направило на подигање на споменици за Бога. Во многу делови на светот сега мора да се започне и заврши делото кое требало да се изврши пред многу години. {7C 52.3}

Општо земено, нашите браќа не посветиле потребно внимание на подигање на санаториуми во европските земји. Во работата во овие земји ќе се појават најсложени проблеми, бидејќи во секое поле ќе се работи под посебни околности. Но, според светлината што ми е дадена, установите кои ќе се подигнат таму, иако од почеток мали, со Божји благослов ќе стануваат сè поголеми и посилни. {7C 52.4}

Ниту во една земја нашите установи не смеат да се подигаат само во едно место. Бог не сака така да се ограничува светлината на вистината. Едно време се барало еврејскиот народ да го обожава Бога во Ерусалим. Но Исус ѝ рекол на Самарјанката: „Верувај ми дека иде часот, кога ни на оваа планина, ниту во Ерусалим, ќе Му се поклонувате на Таткото." Часот доаѓа, и веќе е тука, кога вистинските поклоници ќе Му се поклонуваат на Таткото во дух и во вистина, зашто Таткото сака такви поклоници. Бог е дух и кои Му се поклонуваат треба да Му се поклонуваат во дух и вистина„ (Јован 4:21,23,24). Вистината треба да се посади во секое место до кое можеме да дојдеме. Таа мора да се внесе во краевите кои немаат познавање за Бога. Луѓето ќе бидат благословени ако Го примат Оној во Кого се сосредоточуваат нивните надежи за вечен живот. Приемот на вистината каква што е во Исуса ќе го исполни нивното срце со благодарност кон Бога. {7C 53.1}

Да се апсорбираат противење парични износи во неколку места значи да се работи спротивно на христијанските начела. При подигањето на една зграда, мораме да имаме на ум дека слични згради се потребни и во други места. Бог бара од луѓето кои заземаат одговорни позиции во Неговото дело да не го попречуваат напредокот со тоа што сите расположливи средства ќе ги употребат во неколку омилени места кои примиле најголеми предности или само за еден или два облика на дејност. {7C 53.2}

Во раните денови на делото, многу луѓе од нашиот народ поседуваа дух на самооткажување и самопожртвуваност. Почетокот беше правилен и напорите беа наградени со успех. Но, делото не се развиваше онака како што требаше да се развива. Премногу се концентрираше во Батл Крик, Оукленд и неколку други места. Нашите браќа не треба никогаш толку многу да градат во едно место, како што тоа беше случај со Батл Крик. {7C 53.3}

Господ покажа дека на Неговото дело треба да се работи онака како што се започна. Светот мора да се предупреди. Мораме да влегуваме од едно поле во друго. Дадена ни е заповед „додадете нови области; додадете нови области." Зар ние како народ не треба со начинот на кој ја вршиме својата деловна работа, со својот став кон светот кој не е спасен, да објавуваме појасно и поодлучно сведоштво од она кое било објавувано пред дваесет или триесет години? {7C 54.1}

Нам ни е пратена голема светлина во поглед на последните денови од историјата на Земјата. Не смееме да покажуваме духовно слепило со својот недостиг на мудрост и енергија. Божјите гласници мораат да се облечат во сила. Тие мораат да имаат возвишена стравопочит кон вистината која сега ја немаат. Светата Господова вест на опомена мора да се објавува во најтешките полиња и најгрешните градови, во секое

место во кое светлината на веста на Третиот ангел сè уште не се појавила. Секој мора да го прими последниот повик на свадбената вечера на Јагнето. {7C 54.2}

Во проповедањето на веста, Божјите слуги ќе мораат да се борат со многубројни потешкотии и препреки. Понекогаш работата ќе оди споро, како што беше кога пионерите ги основаа нашите установи во Батл Крик, Оукленд и други градови. Но, правете сè најдобро што можете, правејќи од Господа своја сила, избегнувајќи ја себичноста и благословувајќи ги другите со своите добри дела. {7C 54.3}

Њујорк

Додека престојував во Њујорк, во зимата 1901. година, примив светлина во поглед на работата во овој голем град. Секоја ноќ ми се прикажуваше пат по кој треба да одат нашите браќа. Веста мора да се објавува во Њујорк како светилник кој гори. Бог ќе подигне работници за ова дело и Неговите ангели ќе одат пред нив. Иако нашите противење градови бргу се приближуваат кон онаа состојба која владеела во светот пред потопот, иако по својата злоба личат на Содом, во нив сепак живеат многу чесни души, кои ќе го почувствуваат делувањето на Светиот Дух кога ќе ги слушнат шокантните
вистини на адвентната вест. Њујорк е подготвен да биде работен. Во овој голем град веста ќе биде дадена со Божја сила. Господ повикува работници. Тој ги повикува оние кои стекнале искуства во делото да се фатат за работа и во Негов страв да работат на делото кое треба да се изврши во Њујорк и во останатите противење градови во Америка. Тој бара и средства за оваа работа. {7C 54.4}

Покажано ми е дека не треба да бидеме задоволни затоа што имаме вегетаријански ресторан во Бруклин, туку дека треба да отвориме и други во другите делови на градот. Луѓето кои живеат во еден дел на Њујорк не знаат што се случува во другите делови на тој голем град. Мажите и жените кои ќе се хранат во нашите ресторани отворени во разни места, ќе забележат како им се подобрува здравјето. Кога еднаш ќе се стекне нивната доверба, тие ќе бидат подготвени да ја примат посебната Божја вест на вистината. {7C 55.1}

Во сите наши противење градови во кои се одвива здравствено-мисионерска работа треба да се отворат училишта за готвење; и таму каде што постои силна образовна мисионерска работа, треба да се отвори некој вид на ресторан за здрава храна, кој ќе пружи практичен пример за прикладна селекција и здраво приготвување на храната. {7C 55.2}

За време на својот престој во Лос Анџелес бев поучена дека треба да се отворат здравствени ресторани и лекувалишта не само во поедини делови на овој град туку и во Сан Диего и во други туристички центри во Јужна Калифорнија. Нашата дејност во овој правец треба да ги опфати и големите одморалишта крај брегот. Како гласот на Јован Крстител во пустината „Пригответе го патот на Господа", така и гласот на Господовите гласници треба да се слушне во големите туристички центри и крајбрежни одморалишта. {7C 55.3}

Јужните држави

Имам да објавам една вест во поглед на Јужните држави. Имаме да вршиме една голема работа во тоа поле. Тамошната состојба претставува осуда на христијанството што го исповедаме. Погледнете колку таму недостигаат проповедници, учители и здравствени мисионери. Погледнете ги незнаењето, сиромаштијата, бедата и очајноста на многу луѓе. А, сепак таа нива лежи близу до нашите врати. Колку бевме себични, колку бевме негрижливи кон нашите ближни! Нечувствително поминавме покрај нив, не преземајќи ништо за да ги ублажиме нивните страдања. Ако нашиот народ ги проучеше и послушаше барањата на евангелскиот налог, Јужните држави ќе го примија својот соодветен дел од проповедањето. Доколку оние кои имаат примено светлина чекореа во светлината, тие ќе сфатеа дека се должни да го обработуваат тој одамна запоставен дел од лозјето. {7C 56.1}

Бог бара од Својот народ да Му даде од средствата кои Тој Му ги доверил Нему, за да се основаат установи во тие скудни полиња кои се зрели за жетва. Бог Ги повикува оние кои имаат пари во банките да ги стават тие пари во промет. Кога ги даваме своите средства за спроведување на Божјото дело, ние практично покажуваме дека го љубиме Бога над сè, и своите ближни како самите себеси. {7C 56.2}

Училишта и санаториуми треба да се основаат во многу места во Јужните држави. Во многу јужни градови треба да се основаат центри на влијание по пат на отворање на продавници за храна и вегетаријански ресторани. Исто така треба да се води грижа за производство на едноставна, евтина и здрава храна. Но, во тоа дело не смее да се внесува себична световна политика, зашто Бог тоа го забранува. Несебични луѓе треба да се фатат за таа работа во Божји страв и со љубов кон своите ближни. {7C 56.3}

Дадена ми е светлина дека во Јужните држави, како и на секое друго место, производството на здрава храна треба да биде извршено, не како инвестиција поради лична добивка, туку треба да биде работа која Бог ја одредил и со помош на која ќе се отворат врати на надеж за луѓето. Во Јужните држави посебно внимание треба да се посвети на сиромашните кои се застрашувачки запоставени. За делото на производство на храна треба да се одберат способни и штедливи луѓе, зашто за да се постигне успех на тоа поле, потребни се најголема мудрост и штедливост. Бог сака Неговиот народ да врши прифатлива служба во подготовката на здрава храна, не само за сопствените семејства што е нивна прва должност - туку и за да им се помогне на сиромашните во сите краеви. Божјиот народ мора да покаже христијанска дарежливост, сфаќајќи дека го претставува Бога и дека сè што има е Божји дар. {7C 57.1}

Браќа, фатете се за таа работа. Не губете храброст. Не ги критикувајте оние кои се трудат да направат нешто во тој правец, туку и самите фатете се за работа. {7C 57.2}

Во врска со производството на здрава храна можат да се основаат разни индустрии кои ќе бидат од помош на делото во Јужните држави. Сè што луѓето, како Божји мисионери, можат да направат на тоа поле, треба сега да го направат, зашто ако некаде е потребна мисионерска работа тогаш е потребна на Југ. Во деновите кои преминаа во вечност, многумина требаа да бидат на Југ, работејќи заедно со Бога

преку лична служба и давајќи свои средства за да можат на тоа поле да се издржуваат и себеси и другите работници. {7C 57.3}

Мали санаториуми треба да се основаат во многу места. На тој начин ќе се отвори врата за библиската вистина и ќе се отстранат многу предрасуди кои постојат против оние луѓе кои сметаат дека и обоените луѓе имаат душа која треба да се спасува исто онака како и белите луѓе. {7C 58.1}

Ако за обоените луѓе беше усвоен таков начин на работа веднаш по прогласувањето на слободата, каква поинаква ќе беше денес нивната состојба! {7C 58.2}

Во сите земји

Господ нè повикува да се пробудиме и да ги сфатиме своите должности. Бог Му ја одредил на секој човек Неговата работа. Секој може да биде корисен во животот. Треба да научиме сè што можеме и потоа треба да бидеме на благослов за другите давајќи им го значењето за вистината. Нека секој се залага според своите способности, пружајќи со задоволство помош при носење на бремињата. {7C 58.3}

Насекаде постои работа која да биде извршена за сите класи на општеството. Треба да им се приближиме на сиромашните и напатените, на оние кои паднале поради неумереноста. Во исто време не треба да ги заборавиме повисоките класи адвокатите, министрите, сенаторите и судиите, од кои многумина се робови на неумереноста. Мораме да се обидеме сè што можеме за да им докажеме дека нивните души се вредни за спасение, дека вреди да се тежнее кон вечниот живот. На оние кои се наоѓаат на високи положби треба да им го изложиме заветот на целосна воздржаност, барајќи од нив парите кои инаку би ги трошеле на штетни попуштања во алкохол и тутун, да ги даваат за основање на установи во кои децата и младите ќе се подготвуваат за корисни должности во светот. {7C 58.4}

Нам ни свети силна светлина, но колку малку од таа светлина ние одблеснуваме кон светот! Небесните ангели очекуваат човечките суштества да соработуваат со нив во практично спроведување на начелата на вистината во животот. Преку санаториумите и сличните установи може многу да се постигне. Овие установи треба да бидат Божји споменици во кои Неговата исцелувачка сила ќе допре до срцата на сите класи, противење и мали, богати и сиромашни. Секој долар кој ќе се вложи во нив поради Христа, ќе донесе благослов и на оној што дава, и на напатеното човештво. {7C 58.5}

Здравствено мисионерската работа е десна рака на евангелието. Таа е неопходна за напредок на Божјото дело. Упатувајќи ги мажите и жените на правилен начин на живеење, таа ќе овозможи да се сфати спасоносната сила на вистината. Во секој град треба да влезат работници кои се обучени за здравствено мисионерска работа. Божјиот метод на лекување на болести ќе ја отвори вратата за влез на сегашната вистина. Здравствената литература мора да се растура во многу земји. Нашите лекари во Европа и другите земји треба да се разбудат за неопходноста од тоа тие книги да бидат подготвени од оние кои работат на самиот терен и кои ќе можат да даваат најсуштински поуки на луѓето таму каде што тие се. {7C 59.1}

Господ ќе им даде можност на нашите санаториуми кои веќе ја развиле својата работа да соработуваат со Него во помагање на новоосновaните установи. Секоја нова установа треба да се смета за сестра помошничка во големото дело на објавување на веста на Третиот ангел. Бог им дал можност на нашите санаториуми да работат на делото кое ќе биде како камен вдахновен со живот, кој постојано станува сè поголем додека го турка една невидлива рака. Да го придвижиме овој таинствен камен. {7C 59.2}

Господ ме поучи да ги опоменам оние кои засноваат санаториуми во нови места, да ја започнат својата работа во понизност, посветувајќи ги своите способности во Неговата служба. Тие не треба да подигаат противење и скапи градби. Треба да се подигнат мали месни санаториуми кои ќе бидат поврзани со нашите училишта за обука. Во тие санаториуми треба да се соберат способни и посветени млади мажи и жени оние кои сакаат да живеат во љубов и Божји страв и кои по завршувањето на образованието нема да мислат дека знаат сè што треба да знаат, туку вредно ќе се поучуваат со поуките кои ги дава Христос и кои ќе ги спроведуваат во животот. Христовата праведност ќе оди пред нив и Божјата слава ќе биде нивна заштита. {7C 59.3}

Дадена ми е светлина дека во многу градови, покрај лекувалишта, треба да се основаат и ресторани. Тогаш ќе можат заеднички да ги воздигаат правите начела. Во врска со нив, добро би било да се има и простории кои ќе служат за сместување на болните. Од овие установи болните ќе заминуваат во санаториуми подигнати во природа и подобро би било тие да се наоѓаат во изнајмени згради. Ние не треба во градовите да подигаме противење згради за нега на болните, зашто Бог јасно назначил дека болните можат подобро да се лекуваат надвор од градовите. Во многу места ќе биде неопходно со санаториумското дело да се започне во градовите; меѓутоа, колку што е тоа можно, тие треба да се преселат во природа штом ќе се најдат соодветни локации. {7C 60.1}

Светлината што ми е дадена кажува дека наместо да ги посветиме своите енергии на изградба на мал број џиновски здравствени установи, треба да изградуваме поголем број на мали. Речиси е невозможно да се најдат луѓе кои ќе можат да управуваат со еден голем санаториум, онака како што би требало да се управува со Него. Сите работници не се под дејство на Светиот Дух како што би требало да бидат и затоа се вовлекува световен дух. {7C 60.3}

Во правење добра на човештвото, силата и радоста не се состојат во скапи згради. Мораме да имаме на ум колку луѓе постојат кои немаат храна и облека. Подигајќи згради, не смееме да се поведеме по копнежот за убав изглед. Треба да ја вршиме својата должност, а останатото да му го препуштиме на Бога, Кој единствено може да подари успех. Сите дополнителни средства со кои располагаме треба да се потрошат на установи за обновување на здравјето. Сите наши санаториуми треба да се подигаат поради здравје и среќа; тие нека бидат така лоцирани за болните да можат да уживаат во благословот на сончевата светлина; тие треба така се подигаат, што ќе се заштеди секој ненужен чекор. {7C 60.3}

Во оваа работа најдобро е да се почне со мали санаториуми во многу места и да се остави на Божјото провидение да покаже со која брзина треба да се развива таа

установа. Помалите установи ќе се развијат во поголеми. Должностите ќе бидат поделени и така работниците постепено ќе стекнуваат поголема умна и духовна сила. Со подигање на вакви установи ќе се постигнат многу добра, ако сите кои ќе работат во нив ја победат својата себична амбиција и секогаш ја имаат пред очите Божјата слава. Многумина од нашите луѓе би требало да работат во нови полиња, но никој од нив не смее да копнее за слава. Умовите на работниците мораат да бидат посветени. {7C 61.1}

Во секоја своја работа да имаме на ум дека Оној Исус Кој нахранил мноштво народ со пет леба и две мали риби, може да ни даде плод на нашата работа. Оној кој им кажал на галилејските рибари „фрлете ги своите мрежи за лов" и ги наполнил тие мрежи толку многу што почнале да се кинат, сака Неговиот народ во тоа да види доказ на она што Тој ќе Го направи за Него денес. Истиот Бог Кој на Израеловите деца им пратил мана од Небото, живее и владее и денес. Тој ќе го води Својот народ и ќе Му даде умешност и знаење за работата на која е повикан. Одговарајќи на срдечните молитви, Тој ќе даде мудрост на оние кои тежнеат да ја извршуваат својата должност совесно и разумно. Под Негов благослов ќе се развие делото на кое работат. Многумина ќе научат верно да го носат бремето и нивните напори ќе бидат наградени со успех. {7C 61.2}

ПОЗНАВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ НАЧЕЛА

За нас дојде време кога секој член на црквата треба да се фати за здравствено мисионерската работа. Светот е место на големо страдање преполн со жртви на телесни и духовни болести. Секаде луѓето пропаѓаат затоа што не ја познаваат вистината која ни е доверена. Членовите на црквата треба да се пробудат и да ја сфатат својата должност да ги проповедаат овие вистини. Луѓето кои ги просветлила вистината, треба да бидат носители на светлината на светот. Би направиле страшна грешка ако денес би ја криеле таа светлина. Веста на Божјиот народ денес гласи: „Дигни се, заблескај, зашто дојде твојата светлина, и Господовата слава изгреа над Тебе" (Исаија 60:1). {7C 62.1}

Насекаде гледаме како луѓе кои имале голема светлина и знаење, намерно го бираат злото наместо доброто. Не трудејќи се да се поправат, тие стануваат сè полоши. Но Божјиот народ не треба да оди во темнина. Тој мора да оди во светлина, бидејќи е реформатор. {7C 62.2}

Здравствено мисионерската работа ќе му отвори многу врати на вистинскиот реформатор. Никој не смее да чека да биде повикан во некое далечно поле на работа, па да почне да им помага на другите. Каде и да се наоѓате, можете веднаш да започнете со работа. Секому му се пружа можност за тоа. Прифатете се за делото кое ви е дадено во должност, делото кое треба да го вршите во својот дом и меѓу своите соседи. Не чекајте други да ве наговараат на работа. Појдете во Божји страв и без одлагање, мислејќи на својата лична одговорност кон Оној Кој го дал Својот живот за вас. Работете како да сте Го слушнале Христа лично како ве повикува да дадете сè од себе во Неговата служба. Не гледајте за да видите кој друг е подготвен. Ако навистина сте посветени, Бог преку вас ќе воведе во вистината и други, кои ќе ги искористи како

канали за да ја прати светлината на многумина кои го опипуваат својот пат во темнина. {7C 62.3}

Секој може нешто да направи. Некои се правдаат говорејќи: „Моите домашни должности, моите деца, го бараат моето време и моите средства." Родители, вашите деца треба да ви бидат ваша рака помошничка и да ја зголемат вашата сила и способност да работите за Господарот. Децата се помлади членови на Господовото семејство. Нив треба да ги поттикнеме да Му се посветат на Бога, кому Му припаѓаат по создавањето и откупувањето. Треба да се поучуваат дека сите нивни сили на телото, умот и душата се Негови. Треба да се обучат да помагаат на разни начини во оваа несебична работа. Не дозволувајте вашите деца да ви бидат пречка. Тие треба да ги делат со вас и духовните и телесните товари. Помагајќи им на другите, тие ја зголемуваат својата среќа и корисност. {7C 63.1}

Нашиот народ треба да покаже дека има живо интересирање за здравствено мисионерската работа. Со читање на книги кои се напишани заради наша поука по ова прашање, луѓето треба да се подготват да им бидат од корист на другите. Овие книги заслужуваат многу поголемо внимание и почит отколку што им биле укажувани досега. Со посебна цел за поучување на здравствените начела напишани се многу работи што сите треба да ги знаат. Луѓето кои ќе ги проучуваат и спроведуваат во својот живот овие начела, ќе примат голем благослов, и телесен и духовен. Кој ќе ја научи науката за здравјето, ќе биде обезбеден против многу зла кои постојано се множат. {7C 63.2}

Многумина кои сакаат да стекнат знаења во здравствено мисионерската работа имаат домашни должности, така што понекогаш нема да бидат во можност да се состанат со другите заради проучување. Тие можат и во својот дом да научат многу во поглед на Божјата волја за ова дело на мисионска работа и така да ја зголемат својата способност да им користат на другите. Татковци и мајки, здобијте се со сета помош со која можете од проучувањето на нашите книги и списанија. Читајте го „Добро здравје" зашто тоа е полно со вредни информации. Најдете време да им читате на своите деца од книгите за здравје, како и од книгите кои се занимаваат поспецифично со религиозни прашања. Учете ги од колкаво значење е грижата за телото и домот во кој живеат. Образувајте домашен читателски круг, во кој секој член на семејството треба да ги остави настрана своите секојдневни грижи и да учествува во проучувањето. Татковци, мајки, браќа, сестри, фатете се со цело срце за ова дело и вие ќе видите дали домашната црква нема значително да се подобри. {7C 63.3}

Од сите заеднички вечерни проучувања посебна корист ќе има младината која е навикната да чита романи и евтини авантуристички книги. Млади мажи и жени, читајте ги оние книги кои ќе ви дадат вистинско знаење, кои ќе бидат од корист за целото семејство. Цврсто речете: „Нема да трошам драгоцено време на читање на книги кои не ми користат ништо и кои само ме прават неспособен да им бидам на другите од корист. Ќе ги посветам Времето и мислите на оспособување за служба на Бога. Ќе ги затворам своите очи за сè што е лесноумно и грешно. Моите уши му припаѓаат на Господа и нема да ги слушам лукавите резонирања на непријателот. Мојот глас на никаков начин не смее да биде потчинет на една волја која не е под влијание на Светиот Дух. Моето тело е храм на Светиот Дух и секоја сила на моето битие треба да биде посветена на достојни цели." {7C 64.1}

Господ одредил младината да биде Негова рака помошничка. Ако младината во сите цркви Му се посвети Нему, ако биде полна со самооткажувања во домот, Ослободувајќи ја уморната мајка, мајката ќе има време да ги посетува своите соседи. А ако се укаже можност, тие и самите може да помогнат со вршење на мали задачи поттикнати од милост и љубов. Книгите и списанијата кои се занимаваат со прашањата за здравје и умереност треба да се наоѓаат во многу домови. Растурањето на овие книги е многу важна работа, зашто така ќе биде дадено драгоцено знаење во поглед на третирање на болеста, знаење кое ќе биде голем благослов за оние кои не се во состојба да платат за посети на еден лекар. {7C 64.2}

Родителите треба да се трудат да ги заинтересираат своите деца за проучување на физиологијата. Меѓу младината има многу малку од оние кои имаат некое одредено знаење за тајните на животот. Многу родители малку се интересираат за проучување на чудесниот човечки организам како и односот и взаемна поврзаност на неговите сложени делови. Иако Бог им вели: „Возљубен, посакувам да ти биде добро во сѐ и да бидеш здрав, како што ѝ е добро на твојата душа," тие сепак не го сфаќаат влијанието на телото врз умот и на умот врз телото. Тие се занимаваат со непотребни ситници и се изговараат со немање на време затоа што не стекнале потребно знаење за да можат правилно да ги поучат своите деца. {7C 65.1}

Кога сите би сакале да се поучат во врска со ова прашање и би чувствувале од колкава важност е ова знаење да се спроведе во животот, денес би имале многу подобра состојба на работите. Родители, поучувајте ги своите деца да резонираат од причините кон последиците. Поучете ги дека, доколку ги прекршуваат законите на здравјето, тие ќе мора да ја платат казната преку страдање. Поучете ги дека немарноста кон телесното здравје води кон немарност во моралот. На вашите деца им е потребна трпелива, верна нега. Не е доволно да ги храните и облекувате, туку треба да копнеете да ги развивате нивните морални способности и да всадите добри начела во нивното срце. Но колку често во потрага по надворешно покажување, се губат од вид убавината и милноста на карактерот! О, родители, не се поведувајте по мислењата на светот, не се принудувајте да ги постигнете Неговите идеали. Решете сами што е голема цел во животот и тогаш напрегнете ги сите сили тоа да го постигнете. Не можете неказнето да го занемарувате правилното воспитување на своите деца. Маните во нивниот карактер ќе ја откријат вашата неверност. Злата кои вие пропуштате да ги поправите, грубото однесување, непочитувањето и непослушноста, мрзливоста и невниманието сето тоа ќе го срами вашето име и ќе внесе горчина во вашиот живот. Судбината на вашите деца во голем степен почива во вашите раце. Ако не ја извршите својата должност, можеби ќе ги турнете во редовите на непријателот и ќе ги направите Негови агенти за пропаст на други луѓе. Од друга страна, ако совесно ги поучувате, ако со својот живот им давате пример на побожен живот, можете да ги доведете кај Христа, а тие од своја страна ќе влијаат на други и така ќе можете да бидете орудие за спасение на многумина. {7C 65.2}

Татковци и мајки, дали ја сфаќате важноста на одговорноста која почива врз вас? Ја увидувате ли неопходноста да ги сочувате своите деца од безгрижните навики кои изопачуваат? Дозволувајте вашите деца да се дружат само со оние кои благотворно ќе влијаат на нивниот карактер. Не дозволувајте им да излегуваат навечер, освен ако

знаете каде се и што прават. Проучувајте ги на начелата на морална чистота. Ако сте пропуштиле да ги учите правило врз правило, заповед врз заповед, овде малку и онде малку, почнете веднаш да ја вршите оваа своја должност. Примете ги на себе своите одговорности и работете за ова време и за вечноста. Не дозволувајте да прође ниту еден ден, а да не ја признаете вашата немарност на своите деца. Кажете им дека имате намера сега да ја извршите задачата која ви ја дал Бог. Повикајте ги да ви се придружат во реформата. Потрудете се да го надополните изгубеното време. Не останувајте подолго во состојбата на Лаодикејската црква. Во Господово име го повикувам секое семејство да ги покаже своите вистински бои. Реформирајте ја црквата во своето сопствено семејство. {7C 66.1}

Ако таткото како свештеник во домот и мајката како домашен мисионер, верно ја извршуваат својата должност, ќе ги умножат орудијата кои ќе работат за доброто надвор од домот. Развивајќи ги своите способности, ќе станете погодни за работа во црквата и меѓу вашите соседи. Приврзувајќи ги своите деца за себе и за Бога, татковците, мајките и децата ќе станат работници заедно со Бога. {7C 67.1}

Вистинскиот верник со својот живот Го открива Спасителот Кој живее во Него. Исусовиот следбеник наликува на Христа во Духот и темпераментот. Тој е кроток и понизен како и Христос. Неговата вера работи преку љубов и ја прочистува душата. Целиот Негов живот е едно сведоштво за Христовата сила и благодат. Чистото учење на евангелието никогаш не го понижува примателот, никогаш не го прави груб, прост или неучтив. Евангелието воздигнува, прочистува, тоа го посветува судот и делува на целиот живот. {7C 67.2}

Бог нема да дозволи еден од Неговите ревни работници да биде оставен сам во борбата против големите потешкотии и да подлегне. Тој Го чува како скапоцен камен секого чиј живот е сокриен со Христа во Бога. За секој таков човек Тој вели: „Ќе те направам како печатен прстен, зашто Тебе те избрав" (Агеј 2:23). {7C 67.3}

ВОЗВИШЕНОТ ПОВИК НА НАШИТЕ РАБОТНИЦИ ВО САНАТОРИУМОТ

Работниците во нашите санаториуми имаат возвишен и свет по вик. Тие треба да станат свесни за светоста на својата работа. Карактерот на нивната работа и опсегот на нејзиното влијание бараат сесрдни напори и потполно посветување. {7C 68.1}

Болните во нашите санаториуми мораат да се доведат до сознание дека духовната помош им е исто толку потребна колку и телесното закрепнување. Ним треба да им се даде секоја предност за обновување на физичкото здравје, но треба и да им се покаже што значи да се биде благословен со светлината и Христовиот живот, што значи да се биде поврзан со Него. Тие мораат да дојдат до сознание дека Христовата благодат во душата го подига целокупното битие. А тие најдобро ќе го запознаат Христовиот живот ако се открива во животот на Неговите следбеници. {7C 68.2}

Верниот работник секогаш ги држи своите очи фокусирани на Христа. Имајќи на ум дека Неговата надеж за вечен живот доаѓа од Христовиот крст, тој е одлучен никогаш да не го посрами Оној Кој го дал Својот живот за Него. Тој длабоко се интересира за луѓето кои се во неволја. Тој се моли и работи, бдеејќи над душите како човек кој мора

да полага сметка за својата работа, знаејќи дека душите кои Бог ги доведува во врска со вистината и праведноста се вредни да бидат спасени. {7C 68.3}

Нашите работници во санаториумот се вклучени во една света војна. Тие мораат на болните и слабите да им ја прикажат вистината каква што е во Исуса; мораат да ја прикажат во сета нејзина возвишеност, но толку едноставно и благо за душите да бидат привлечени кај Спасителот. Тие мораат секогаш и со зборови и со дела да го воздигаат Него како надеж за вечен живот. Не смеат да изговорат ниту еден остар збор, не смеат да направат ниту едно себично дело. Работниците треба да бидат љубезни кон сите. Нивните зборови треба да бидат благи и полни со љубов. Оние кои ќе покажат вистинска скромност и христијанска љубезност ќе придобијат души за Христа. {7C 68.4}

Ние треба да се трудиме да го повратиме телесното и душевното здравје на оние кои доаѓаат во нашите санаториуми. Затоа, да се подготвиме едно време да ги одвоиме од околината која ги одвлекува од Бога и да ги воведеме во почиста атмосфера. Во поле, опкружени со прекрасните работи кои Бог Ги создал, вдишувајќи свеж, животворен воздух, болниот може најдобро да се упати на нов живот во Христа. Овде тие можат да се поучуваат на Божјите зборови. Овде може сонцето на Христовата праведност да блеска во срцето кое било во темнината на гревот. Трпеливо и сочувствително наведете го болниот да сфати колку му е потребен Спасител. Кажете му дека Тој им дава сила на слабите и сила на оние кои се немоќни. {7C 69.1}

Мораме подобро да го сфатиме значењето на зборовите: „Јас седнав под Неговата сенка со големо задоволство" (Песна над песните 2:3). Овие зборови не предизвикуваат во нашиот дух слика на некој брз премин, туку спокоен мир. Има многу луѓе кои се сметаат за христијани, а кои се полни со грижи и депресивни, многу луѓе кои постојано се толку зафатени, што немаат време спокојно да се одморат во Божјите ветувања, кои живеат како да им е невозможно да побараат спокој и мир. Сите овие Христос Ги повикува: „Дојдете кај Мене... и Јас ќе ве успокојам" (Матеј 11:28). {7C 69.2}

Да се оттргнеме од правливите, жешки патишта на животот и да се одмориме во сенката на Христовата љубов. Овде ќе стекнеме сила за борба. Овде ќе научиме како да ја намалиме маката и грижата, како да зборуваме и пееме на Божја слава. Уморните и преоптоварените треба да научат од Христа мирно да веруваат. Тие мораат да седнат под Неговата сенка, ако сакаат да ги поседуваат Неговиот мир и спокој. {7C 69.3}

Луѓето кои се посветуваат на работата во санаториумот мораат да имаат ризница полна со драгоцени искуства, бидејќи вистината е посадена во срцето и неа ја негува и храни Божјата благодат како света работа. Длабоко вкоренети во вистината, тие треба да имаат вера која работи преку љубовта и ја прочистува душата. Постојано барајќи благослов, тие мораат да ги држат затворени прозорците на својата душа кон земјата и заразната атмосфера на светот, а отворени кон Небото за да ги примат светлите зраци на Сонцето на Праведноста. {7C 70.1}

Кој се подготвува да се зафати со разбирање за здравствено мисинерска работа? Задача на таа работа е оние кои ќе дојдат во нашите санаториуми поради лекување да ги приведат кон Христа и да ги научат како да ја соединат својата слабост со Неговата

сила. Секој работник треба да биде разумен и ефикасен. Тогаш ќе може во една поширока и висока смисла да ја прикаже вистината каква што е во Исуса. {7C 70.2}

Работниците во нашиот санаториум постојано се изложени на искушенија. Тие доаѓаат во допир со неверниците и тој допир ќе им наштети на оние кои не се цврсти во верата. Меѓутоа, оние кои се истрајни во Христа ќе ги дочекаат неверниците како што ги дочекал Тој, одбивајќи да бидат одвоени од нивната лојалност и секогаш ќе бидат подготвени да кажат збор кога треба и да го сеат семето на вистината. Тие ќе бдеат во молитва, цврсто чувајќи ја својата чесност и покажувајќи ја секој ден доследноста на својата вера. Влијанието на таквите работници за многумина е благослов. Со својот среден живот, тие привлекуваат души кон крстот. Вистинскиот христијанин постојано Го признава Христа. Тој секогаш е ведар, секогаш подготвен да каже збор на надеж и утеха на напатените. {7C 70.3}

„Стравот од Господа е почеток на мудроста" (Изреки 1:7). Една реченица од Светото Писмо е од поголема вредност отколку десет илјади човечки идеи или аргументи. На оние кои одбиваат да одат по Божјите патишта, на крајот ќе им бидат упатени зборовите: „Бегајте од Мене." Меѓутоа, кога ѝ се потчинуваме на Божјата волја, Господ Исус управува со нашиот ум и им дава убедливост на нашите зборови. Можеме да бидеме силни во Господа и во Неговата сила. Прифаќајќи Го Христа, ние се облекуваме со сила. Ако Спасителот живее во нас, Неговата сила станува наша своина. Вистината станува наш капитал во трговијата. Тогаш во животот нема да се види неправедност. Тогаш сме во состојба да зборуваме благовремени зборови на надеж на оние кои не ја познаваат вистината. Христовото присуство во срцето е моќ која дава живот, која го засилува целото битие. {7C 71.1}

Поучена сум да им кажам на работниците во нашиот санаториум дека неверувањето и самозадоволноста се опасност од кои непрестајно мора да се чуваат. Тие треба да работат против злото со таква сесрдност и посветеност, така што болните ќе го почувствуваат воздигнувачкото влијание на нивните несебични напори. {7C 71.2}

Нашата служба не смее да ја попречува сенката на себичноста. „Не можете да Му служите на Бога и на мамона." Воздигнувајте го Него Човекот од Голгота. Воздигнувајте Го со жива вера во Бога за да можат вашите молитви да бидат услишени. Сфаќаме ли колку Исус ќе ни се приближи? Тој ни се обраќа поединечно. Тој ќе Му се открие на секој оној кој сака да се облече во облеката на Неговата праведност. Тој вели: „Јас, Господ твојот Бог ќе те држам за твојата десна рака". Треба да дојдеме во положба каде што Тој може да нè држи за рака, каде што можеме да го слушнеме како ни зборува со уверување и авторитет: „Јас сум Оној Кој живее; бев мртов и ете сум жив за навек." {7C 71.3}

ВЕСТ ЗА НАШИТЕ ЛЕКАРИ

Христијанскиот лекар мора за болниот да биде гласник на милоста кој носи лек и за душата заболена од гревот и за заболеното тело. При употреба на едноставни лекови кои Бог ги одредил за олеснување на телесните страдања, лекарот треба да зборува за Христовата моќ да Ги исцелува болестите на душата. {7C 72.1}

Колку е потребно лекарот да живее во тесна врска со Спасителот! На болните и напатените кои лекарот ги лекува потребна им е помош која само Христос може да им ја даде. Ним им се потребни молитви кои ги вдахнува Светиот Дух. Болниот се предава на мудроста и милоста на лекарот чија способност и верност се Негова единствена надеж. Поради тоа, лекарот мора да биде верен повереник на Божјата благодат, чувар на душата и телото. {7C 72.2}

Лекарот кој примил мудрост одозгора, кој знае дека Христос е Негов личен Спасител, бидејќи тој самиот бил воден до Прибежиштето, знае како треба да се постапува со душите кои треперат, кои погрешиле, кои се заболени од гревот и кои Нему му се обраќаат за помош. Тој може со сигурност да одговори на прашањето: „Што морам да направам за да бидам спасен?" Тој може да ја рас каже сторијата за Спасителовата љубов. Тој може да зборува од искуство за моќта на покајанието и верата. Кога лекарот стои покрај постелата на оној што страда, трудејќи се да му зборува зборови на надеж и утеха, Господ дејствува со Него и преку Него. Ако умот на болниот е прицврстен за моќниот Исцелител, Христовиот мир го исполнува Неговото срце, и духовното здравје се употребува како Божја помошничка рака во оздравување на телото. {7C 72.3}

На лекарот му се пружаат драгоцени можности во срцата на оние со кои доаѓа во допир да буди чувство на нивната голема потреба за Христа. Лекарот мора од ризницата на срцето да изнесува стари и нови работи, зборувајќи зборови на утеха и поука, зборови за кои болниот копнее. Тој постојано мора да го сее семето на вистината, не изнесувајќи прашања од науката, туку зборувајќи за Спасителовата љубов која ги простува гревовите. Тој не само што мора да дава поуки од Божјата реч, правило врз правило, заповед врз заповед, туку тие поуки мора да ги навлажни со своите солзи и да ги зајакне со своите молитви, за да можат душите да се спасат од смртта. {7C 72.4}

Во сесрдната, трескавична желба да ја спречат погибелта на те лото, лекарите доаѓаат во опасност да забораваат на погибелта на душата. Лекари, бидете внимателни, зашто на Христовиот суд ќе морате да се сретнете со оние покрај чија смртна постела денес стоите. {7C 73.1}

Возвишеноста на лекарскиот повик, постојаниот допир на лекарот со болните и оние на смртна постела, бараат колку што е можно, лекарот да се оддалечи од обичните должности кои можат да ги вршат другите. Не треба да се натоварат непотребни товари на лекарот, за тој да има време да се запознае со духовните потреби на болните. Неговиот ум треба секогаш да биде под влијание на Светиот Дух, за да може да зборува благовремени зборови кои ќе пробудат вера и надеж. {7C 73.2}

Покрај смртната постела не треба да се зборува за доктрини или за некои спорни прашања. На страдалникот треба да му се укаже на Оној Кој сака да Ги спаси оние кои Му приоѓаат со вера. Трудете се сесрдно и нежно да помогнете на душата која лебди помеѓу животот и смртта. {7C 73.3}

Лекарите никогаш не смеат да се трудат на себе да го сосредоточат вниманието на болниот. Лекарот треба да ги поучува болните со рака на вера да се фатат за подадената рака на Спасителот. Тогаш умот ќе биде осветлен со светлина која зрачи од Сонцето на Праведноста. Она што лекарот се обидува да го направи, Христос го

направил во реалноста. Лекарите се обидуваат да спасуваат животи Христос е самиот живот. {7C 73.4}

Напорите на лекарите во правец на исцелување на умот на болниот треба да бидат слободни од секакво човечкото воодушевување. Умот не смее да ползи по она што е човечко, туку мора да се вивне во духовни висини, дофаќајќи се по вечните работи. {7C 74.1}

Лекарот не треба да биде предмет на нељубезно критикување. На тој начин на Него се товарат непотребни товари. Неговите грижи се тешки и Нему му е потребна наклонетоста на оние со кои соработува. Лекарите треба да дадат поддршка со молитва. Чувството дека Неговиот труд се цени, ќе му даде надеж и храброст. {7C 74.2}

Разумниот христијански лекар сè повеќе увидува дека постои врска помеѓу гревот и болеста. Тој се труди сè појасно да го согледа односот помеѓу причината и последицата. Лекарот увидува дека оние кои посетуваат курсеви за медицински браќа или сестри треба да добијат темелно образование во поглед на начелата на здравствената реформа, дека треба да научат да бидат строго умерени во сите работи, зашто негрижливоста во поглед на здравствените закони е непростлива кај оние кои се избрани да ги поучуваат другите како треба да се живее. {7C 74.3}

Кога еден лекар ќе види дека болниот страда поради тоа што јаде и пие што не треба, а сепак не го извести за тоа и не му укаже на потребата од реформа, тогаш таквиот лекар му нанесува штета на својот ближен. Пијаниците, манијаците и оние кои се оддале се беси на разврат - сите тие апелираат до лекарот јасно и разбирливо да објави дека страдањата се последица на гревот. Ние сме добиле голема светлина за здравствената реформа. Поради што тогаш не сме посрдечни во борбата против причините кои предизвикуваат болести? Како можат нашите лекари да го сочуваат својот мир кога гледаат постојана борба со болката, кога се грижат да ги ублажат страдањата? Можат ли да се воздржат да не го подигнат својот глас на опомена? Дали лекарите се милостиви и сожаливи кога не поучуваат дека строгата умереност е лек за болеста? {7C 74.4}

Лекари, проучете ја опомената која Павле им ја дал на Римјаните: „Затоа ве молам, браќа, заради Божјата милост, да ги принесете вашите тела во жива света и угодна жртва на Бога, тоа да биде ваша разумна служба. Не сообразувајте се со овој свет, туку, преобразете се преку обновувањето на вашиот ум, за да можете да испитувате и осознавате која е добрата, угодна и совршена Божја волја" (Римјаните 12:1, 2). {7C 75.1}

Духовната работа во нашите санаториуми не треба да биде под контрола на лекарите. Таа работа бара размислување, такт и широко познавање на Библијата. Проповедниците кои ги поседуваат овие особини треба да се поврзат со нашите санаториуми. Тие треба да го подигнат знамето на умереност од христијанска точка на гледање, покажувајќи дека телото е храм на Светиот Дух и да им укажат на луѓето дека се должни, како купена Божја своина, да ги претворат своето тело и ум во свет храм, погоден за пребивање на Светиот Дух. Кога умереноста ќе се прикаже како дел од евангелието, многумина ќе увидат дека е потребна реформа. Тие ќе го увидат злото кое лежи во алкохолниот пијалак и ќе увидат дека целосното воздржување е

единствен терен на кој Божјиот народ може совесно да стои. Кога таа поука ќе биде дадена, луѓето ќе се заинтересираат за останатите библиски поуки. {7C 75.2}

ЗНАЧЕЊЕ НА ЖИВОТОТ ВО ПРИРОДА

Големите здравствени установи во нашите градови, наречени санаториуми, сочинуваат само мал дел од оние добра кои би можеле да се остварат кога би се наоѓале на места каде што болните би можеле да ги имаат предностите на животот во природа. Укажано ми е на тоа дека санаториумите треба да се основаат на многу места во природа и дека работата во тие установи во голема мера ќе го унапреди делото во поглед на здравјето и праведноста. {7C 76.1}

Нештата во природата се Божји благослови, дадени за да даваат здравје на телото, умот и душата. Тие му се дадени на здравиот човек за да го сочува здравјето, а на болниот за да оздрави. Комбинирани со хидротерапија, тие посигурно го враќаат здравјето од секој друг лек на светот. {7C 76.2}

Во природа, болните наоѓаат многу работи кои го одвлекуваат нивното внимание од нив самите и од нивните страдања. Каде и да погледаат, можат да уживаат во прекрасните нешта во природата - во цвеќињата, во полињата, во овошките натоварени со големо богатство, во шумските дрва кои ги фрлаат свои пријатни сенки, и во бреговите и долините со своето разновидно зеленило и разновидни облици на живот. {7C 76.3}

Болните не само што ги забавува таа околина, туку во исто време тие ги учат и најдрагоцените духовни поуки. Опкружени со чудесните Божји дела, нивниот ум се издигнува од нештата кои се гледаат кон нештата кои се невидливи. Убавините на природата ги наведуваат да мислат за неспоредливата богатства на новата земја, на која ништо нема да ја нарушува убавината, ништо да валка или уништува, ништо да предизвика болест или смрт. {7C 76.4}

Природата е Божји лекар. Чистиот воздух, пријатните сончеви зраци, прекрасните цвеќиња и дрва, овоштарниците и лозјата, физичката активност на чист воздух во таа околина тоа дава здравје, тоа е животна напивка. Животот на чист воздух можеби е единствениот лек кој му е потребен на болниот. Влијанието на таквиот живот е во состојба да ги излекува болестите предизвикани од животот според прописите на модата, живот кој ги слабее и уништува телесните, умните и духовните сили. {7C 76.5}

Колку му се пријатни на замореният болен, навикнат на градскиот живот, на заслепувачката светлина и уличната врева, смиреноста и слободата во природа! Со каков копнеж го вперува својот поглед во глетките на природата! Колку тој би уживал во предностите на санаториумот во природа, каде што би можел да седи под ведро небо, да ужива во сончевите зраци и вдишува мирис од дрвјата и цвеќињата! Мирисот на борот, кедарот и елката имаат животодавни особини. А постојат и други дрва кои се корисни за здравјето. Ниту едно дрво не треба немилосрдно да се исече. Негувајте го дрвата таму каде што ги има во изобилие и садете ги таму каде што се малку. {7C 77.1}

За хроничниот болен ништо не е толку корисно за оздравување и среќа колку животот во привлечното опкружување на природата. Овде и оние кои се најбеспомошни можат да седат или лежат на сонцето или во ладовината на дрвјата. Тие треба само да го подигнат погледот и да го видат над себе прекрасното зеленило. Тие се чудат што никогаш порано не забележале колку пријатно се свиткуваат гранките, правејќи засолниште над нив, создавајќи ладовина која им е потребна. Додека го слушаат пиркањето на ветрот, ги обзема слатко чувство на спокој и освежување. Замреното расположение оживува. Се враќа силата која се изгубила. Умот несвесно се смирува, трескавичниот пулс станува помирен и поправилен. Како што на болните им се враќа силата, тие ќе појдат неколку чекори за да наберат некое убаво цвеќе драгоцени гласници на Божјата љубов кон Неговото несреќно семејство овде долу. {7C 77.2}

Поттикнувајте ги болните да поминуваат многу време на отворено. Најдете начин да ги задржите на чист воздух каде што преку природата можат да комуницираат со Бога. Подигнете санаториуми на пространо земјите каде што на болните ќе им се даде можност со обработување на земјата да вршат здрава, физичка активност на отворен воздух. Таквата работа, заедно со природното лекување, ќе направи чуда во обновување и оживување на заболеното тело и во освежување на исцрпениот и заморен ум. Среде такви поволни околности, на болните нема да им биде потребна толку голема грижа како во санаториумот во градот. Исто така, болните во природа нема толку да бидат склони кон незадоволство и жалење. Тие ќе бидат подготвени да ги примат поуките во поглед на Божјата љубов подготвени да увидат дека Оној Кој толку прекрасно се грижи за птиците и цвеќињата, исто така се грижи и за суштествата што ги создал според Својот сопствен лик. На тој начин на лекарите и болните им се дава можност да допрат до душите, воздигнувајќи Го Бога пред оние кои копнеат да го вратат своето здравје. {7C 78.1}

За време на ноќта ми беше дадено да видам еден санаториум во природа. Установата не беше голема, но беше комплетна. Беше опкружена со убави дрвја и грмушки, а понатаму се шириа овоштарници и градини. Покрај зградата се наоѓаа и бавчи во кои болните жени можеа да негуваат разновидно цвеќе, секој пациент бираше посебна леа за која ќе се грижи. Физичката работа во овие бавчи беше замислена како дел од редовното лекување. {7C 78.2}

Пред Мене се редеше глетка по глетка. Прво видов една група на болни како доаѓаат во еден од нашите санаториуми во природа. Потоа ја видов истата група, но луѓето беа целосно изменети! Болеста исчезна, кожата беше чиста, изразот на лицето радосен. И телото и душата беа озарени со нов живот. {7C 78.3}

Исто така, ми беше покажано дека болните кои ќе закрепнат во нашите санаториуми ќе бидат како живи очевидни поуки кога ќе се вратат во своите домови и дека промената што ќе се изврши на нив, ќе остави добар впечаток на многумина. Многу болни луѓе ќе заминат од град во некоја околина во природа, одбивајќи да се прилагодат кон навиките, обичаите и модата на градскиот начин на живот и ќе се потрудат да го вратат своето здравје во некој од нашите санаториуми во природа. Така ќе можеме да допреме до луѓето, иако ќе бидеме дваесет до триесет милји

оддалечени од градот, и оние кои сакаат здравје ќе можат да го вратат под најповолни околности. {7C 79.1}

Ако со вера соработуваме со Бога, Тој ќе врши чуда за нас. За тоа треба мудро да постапуваме, за да можат нашите напори да добијат небесен благослов и да бидат крунисани со успех. {7C 79.2}

Зошто младите мажи и жени кои се трудат да научат како треба да се негуваат болните не ги користат предностите на чудесните ресурси на природата? Зошто да не им укажеме на вредностите и користењето на овие ресурси? {7C 79.3}

Нашите лекари не бираа најдобри места за санаториуми. Не ги користеа благодатите на природата онака како што можеа. Бог сака санаториумите да се подигаат во убави краеви и сè со што ќе бидат опкружени пациентите да ги воодушевува сетилата. Бог да ни помогне до крајни граници да ја искористиме животворната сила на сонцето и чистиот воздух. Ако во нашата работа во санаториумите се управуваме според Господовиот план, ќе знаеме да ги цениме ресурсите на природата. {7C 79.4}

НАДВОР ОД ГРАДОВИТЕ

Луѓето на кои им е дадена должност да бираат места за нашите санаториуми треба во молитва да се запознаат со карактерот и целта на санаториумската работа. Тие секогаш треба да имаат на ум дека работат на обновување на Божјиот лик во човекот. Од една страна, тие треба да ги олеснат телесните страдања, а од друга да укажуваат на евангелието кое ќе донесе мир на душата обременета со грев. Така ќе работат како вистински здравствени мисионери. Тие треба во многу срца да ги посадат семињата на вистината. {7C 80.1}

При одбирање на места за подигање на санаториуми не смее да се покаже никаква себичност, никакво лично славољубие. Христос дошол на овој свет за да покаже како треба да се живее и работи. Да се учиме од Него и да ги подигаме нашите санаториуми не во места кои најмногу одговараат на нашиот вкус, туку таму каде што тие ќе можат најдобро да ја исполнат својата цел. {7C 80.2}

Дадена ми е светлина дека во нашата здравствено мисионерска работа сме пропуштиле многу предности затоа што не сме сфатиле дека треба да ги промениме своите планови во поглед на местото за изградба на санаториуми. Господова волја е тие да се подигаат надвор од градовите. Тие треба да се наоѓаат во природа, среде што поатрактивна околина. Во природата - Господовата градина - болниот секогаш ќе пронајде нешто што ќе ги оттргне Неговите мисли од себе самиот и ќе ги насочи кон Господа. {7C 80.3}

Поучена сум дека болните треба да се лекуваат надвор од градската врева, далеку од постојаниот шум на трамваите и другите превозни средства. Луѓето кои ќе доаѓаат од домови во природа во нашите санаториуми, ќе знаат да го ценат мирот кој владее во нив и во тој мир полесно ќе бидат подложни на дејствувањето на Божјиот Дух. {7C 80.4}

Едемската градина во која живееле нашите прародители била многу убава. Прекрасните грмушки и нежните цвеќиња го веселеле окото на секој чекор. Во градината растеле секакви дрва, од кои многу биле полни со мирисни и вкусни плодови. Од нивните гранки птиците пееле песни на благодарност. Адам и Ева, во својата незаматена чистота, се радувале на сè што гледале и слушале. И денес, иако гревот фрлил своја сенка на Земјата, Бог сака Неговите деца да се радуваат на делата на Неговите раце. Да се подигаат санаториуми сред природата значи да се следи Божјиот план, и колку поблиску се следи тој план, толку почудесно Тој ќе работи на оздравување на болните луѓе. Ние треба да ги подигаме своите воспитни и здравствени установи во места над кои нема да се надвиснат темни облаци на гревот кои ги замрачуваат големите градови, таму каде што ќе светне Сонцето на Праведноста, „со исцелување во Неговите зраци" (Малахија 4:2). {7C 81.1}

Водачите на нашето дело треба да го поучат нашиот народ дека санаториуми треба да се подигаат во најпријатна околина, во места во кои нема да се слуша градската врева, во места каде што со мудри поуки мислите на болниот ќе се поврзат со Божјите мисли. Јас многу пати опишував какви треба да бидат тие места, но се чини никој не слушаше. Неодамна на најјасен и најубедлив начин ми беа прикажани сите користи кои ќе се имаат, ако своите уста нови, во прв ред училиштата и санаториумите, ги подигаме надвор од градовите. {7C 81.2}

Зошто лекарите толку сакаат да бидат во градовите? Самиот градски воздух е нечист. Во нив не може соодветно да се внимава над оние пациенти кои треба да се одвикнат од своите неприродни навики. За пациентите кои му се верни на пијалакот, градските кафеани претставуваат постојано искушение. Да се отвораат санаториуми таму каде што владее безбожност, значи да се работи наспроти напорите кои се прават за оздравување на болните. {7C 81.3}

Состојбата во градовите во иднина ќе станува сè полоша и по лоша и ќе се увиди дека градската средина е непогодна за извршување на делото кое нашите санаториуми треба да го работат. {7C 82.1}

Градскиот чад и градската прашна од здравствена гледна точка се многу штетни. Болните кои мораат голем дел од своето време да поминуваат меѓу четири ѕида добиваат чувство дека се наоѓаат во темнина. Кога ќе погледнат низ прозорецот не гледаат ништо друго освен куќи, куќи и куќи. Луѓето осудени така да ги минуваат своите денови, почнуваат да мислат само на своите страдања и ја дови. Понекогаш некој болен се труе со својот сопствен здив. {7C 82.2}

Ако и понатаму подигаме противење здравствени установи во големите градови, ќе се појават уште многу други зла. {7C 82.3}

Зошто да ги лишуваме болните од благословот кој го обновува здравјето и кој се наоѓа во животот надвор во природа? Укажано ми е на тоа дека болните кои ќе излезат од своите соби и ќе поминуваат време на чист воздух, негувајќи го цвеќето или вршејќи не која друга лесна и пријатна работа, помалку ќе мислат на себе и дека нивниот дух ќе се занимава со попријатни работи. Физичката активност на чист воздух треба да се пропишува како благотворна, животодавна потреба. Колку повеќе болниот ќе се занимава во при рода, толку повеќе ќе има надеж за Негово оздравување. Колку околината е попријатна, толку и тие ќе бидат порасположени. Опкружете ги со

убавините на природата, одведете ги таму каде што можат да гледаат цвеќиња и да слушаат пеење на птиците и нивните срца ќе запеат во хармонија со пеењето на птиците. Ако ги затворите во соби, колку и да се вкусно наместени, тие ќе станат раздразливи и нерасположени. Подајте им ги благословите на животот во природа и нивната душа ќе се подигне. И телото и душата ќе се чувствуваат подобро. {7C 82.4}

„Надвор од градовите" е мојата порака. Нашите лекари тоа мораа одамна да го увидат. Се надевам, се молам и верувам дека сега ќе ја сфатат важноста за лоцирање во природа. {7C 83.1}

Се ближи времето кога на големите градови ќе дојде Божјиот суд. Уште малку, па тие градови ужасно ќе бидат затресени. Колку и да се противење и цврсти нивните градби, колку и да се преземени мерки против пожар во нив, ако Бог Ги допре, тие ќе бидат рушевини за неколку минути или за неколку часа. {7C 83.2}

Метлата на уништување ќе ги очисти безбожните градови на нашиот свет. Во неволјите кои се случуваат денес во големите градби и големите делови на градот, Бог ни покажува што ќе се случи на целата Земја. Тој ни кажал: „А од смоквата научете ја поуката; кога нејзината гранка ќе смекне и ќе пушти лисја, знаете дека летото е близу. Така и вие, кога ќе го видите сè тоа, знајте дека е близу (доаѓањето на Синот човечки) - пред вратата" (Матеј 24:32,33). {7C 83.3}

Зградите од цигли и камен не се најповолни за санаториум, за тоа што вообичаено се студени и влажни. Можеби ќе се каже дека зградите од цигли се многу поатрактивни и дека зградата за санаториум треба да биде атрактивна. Но нам ни се потребни пространи згради и затоа ако циглата е премногу скапа, мораме да градиме дрвени. Мораме да проучуваме како да штедиме. Штедењето е неопходно поради големината на делото кое мора да се изврши во многу делови на Божјото морално лозје. {7C 83.4}

Некои забележале дека болните нема да се чувствуваат сигурни од пожар во дрвени згради. Меѓутоа, ако се наоѓаме во природа, а не во град, во кој зградите се притиснати една до друга, пожарот може да се појави одвнатре, а не однадвор и според тоа циглата не би била никакво обезбедување. На болните треба да им се обрне внимание дека за здравјето е подобра зграда од дрво, отколку од цигли. {7C 84.1}

Со години ми е давана посебна светлина дека не треба да ја сосредоточуваме својата работа во градовите. Метежот и збрките во тие градови, можностите кои ги создале синдикатите и штрајковите, во голема мера ќе ја попречуваат нашата работа. Луѓето се трудат работниците кои се вработени во разни занаети да ги вовлечат во оковите на синдикатот. Тоа не е Божји план, туку план на силата која во никој случај не треба да ја признаеме. Се исполнува Божјата Реч; безбожниците се поврзуваат во снопови за да бидат запалени. {7C 84.2}

Сега треба да ги употребиме сите способности кои ни се дадени за да му ја објавиме на светот последната вест на опомена. Во тоа дело мораме да ја сочуваме својата индивидуалност. Не смееме да се обединуваме со тајни здруженија, ниту со синдикати. Мораме да останеме слободни во Бога, очекувајќи постојано налози од Христа. Сите наши постапки треба да бидат направени со сфаќање за значењето на делото кое мора да се изврши за Бога. {7C 84.3}

Дадена ми е светлина дека градовите ќе бидат исполнети со збрка, насилство и злосторство и дека тоа ќе се шири до крајот на историјата на Земјата. {7C 84.4}

ВО ПРИРОДА

Во август 1901. кога присуствував на црковниот собор во Лос Анџелес, во ноќно видение присуствував на еден состанок на советот. Се разгледуваше прашањето за основање на еден санаториум во Јужна Калифорнија. Некои бараа санаториумот да се подигне во Лос Анџелес и ги истакнуваа незгодите на основање на санаториум надвор од градот. Други се изјасниј а во корист на подигање на санаториум во природа. {7C 85.1}

Меѓу нас се наоѓаш Еден кој тоа прашање го изложи многу јасно и крајно едноставно. Тој ни рече дека би било погрешно да се основа санаториум во границите на градот. Санаториумот треба да има доволно земјите за да можат болните да работат на чист воз дух. За нервозните, нерасположени, слаби болни, работата на чист воздух е од непроценлива вредност. Болните треба да одгледуваат цвеќиња. Во употребата на гребло, мотика и ашов тие ќе најдат олеснување за многу од нивните болести. Невработеноста е при чина за многу болести. {7C 85.2}

Животот на чист воздух е корисен и за телото и за умот. Тоа е Божји лек за оздравување. Чистиот воздух, добрата вода, сонцето, убавата природа - тоа се Божји средства за враќање на здравјето на болниот по природен пат. Лежењето на сонце или во ладовината на дрвата, за болниот е подрагоцено од сребро и злато. {7C 85.3}

Во природата нашите санаториуми можат да бидат опкружени со цвеќиња и дрва, овоштарници и лозја. Тука им е лесно на лекарите и медицинските браќа и сестри да црпат од природата поуки кои говорат за Бога. Тие мораат да им укажуваат на болните на Оној чии раце создале високи дрва, свежа трева и убави цвеќиња; мораат да ги научат во секоја пупка и во секое расцветано цвеќе да го видат изразот на Неговата љубов за Неговите деца. {7C 85.4}

Посебна Божја волја е нашите санаториуми да се основаат што е можно подалеку од градовите. Ако е можно, тие установи треба да се подигаат на мирни, осамени места, каде што има можност болните да се поучуваат во поглед на Божјата љубов и Едемската градина во која престојувале нашите прародители, која преку Христовата жртва треба да му биде вратена на човекот. {7C 86.1}

Во трудот кој се вложува поради оздравување на болните треба да се користат прекрасни нешта од Господовото создавање. Набљудувањето на цвеќињата, берењето на зрели плодови, слушањето на среќните песни на птиците - сето тоа особено поволно влијае на нервниот систем. Животот во природа предизвикува кај мажите, жените и децата желба за чистота и невиност. Освежувачките, оживувачки, животворни особини на средствата за исцелување со кои располага природата, ги зацврстуваат функциите на телото, го будат умот, ја освежуваат фантазијата, го подигаат Духот и умот се подготвува да ја сфати убавината на Божјата Реч. {7C 86.2}

Под тие влијанија, заедно со грижливото лекување и здравата храна, на болниот му се враќа здравјето. Слабиот чекор повторно добива цврстина. Окото повторно го

добива својот сјај. Оној кој ја изгубил надежта почнува да се надева. На некогаш очајното лице блеска израз на радост. Гласот кој звучел како лелекање сега звучи задоволно. Зборовите изразуваат убедување: „Бог е наш засолниште и сила, помош која е секогаш присутна во неволја" (Псалм 46:1). Замрачената надеж на христијанинот се разведрува. Верата се враќа. Се слушаат зборови: „Ако тргнам и низ долината на смртната сенка, нема да се уплашам од злото, зашто Ти си со Мене. Твојот жезол и Твојата палка ме утешуваат." „Мојата душа го велича Господа и мојот дух се зарадува во Бога, мојот Спасител." „На замореният Му ја враќа силата, го зајакнува немоќниот" (Псалм 23:4; Лука 1:47; Исаија 40:29). Умот зајакнува кога ја увидува Божјата добрина Кој ги дал тие благослови. Бог е многу близу и Нему му е угодно кога се ценат Неговите дарови. {7C 86.3}

Земјата била света и прекрасна кога била создадена. Бог сметал дека Земјата е многу добра. Секој цвет, секоја грмушка, секое дрво - сето тоа одговарало на намерата на Творецот. Сè на што запирал погледот било прекрасно и го исполнувало умот со мисли за Божјата љубов. Наведувајќи го човекот на грев, сатаната сакал да ја спречи плимата на Божествената љубов која се излевала на човечкиот род. Меѓутоа, наместо тоа, Неговото дело имало како последица излевање на нови и подлабоки докази на Божјата милост и добрина. {7C 87.1}

Не била Божја намера Неговиот народ да се натрупува во градовите и да се стиснува во куќите згуснати една до друга и по зградите. Тој на почетокот ги поставил нашите прародители во градина, покрај прекрасните глетки и привлечните звуци на природата и Тој сака и денес човекот да ужива во тие глетки и звуци. Ако повеќе сме во хармонија со првобитниот Божји план, повеќе ќе се наоѓаме во поволна состојба да го вратиме и сочуваме своето здравје. {7C 87.2}

САНТОРИУМИ НЕ ТРЕБА ДА СЕ ПОДИГААТ МЕЃУ БОГАТИТЕ

Би можело да ни изгледа дека е најдобро нашите санаториуми да ги подигаме меѓу богатите, бидејќи тоа би дало белег на нашата работа и обезбедило покровителство на нашите установи. Меѓутоа, во тоа нема светлина. „Бог не гледа како што гледа човекот" (1. Самолова 16:7). Човекот гледа на она што е однадвор, а Бог гледа на срцето. Ако околу нашите згради се наоѓаат помал број на го леми згради, помалку ќе бидеме изложени на тешкотии. Многу од богатите сопственици на поседите се неверници и немаат стравопочитување. Нивниот ум е исполнет со световни мисли. Нивното време го исполнуваат световните забави, веселби и глупавост. Тие ги трошат своите пари на раскошно облекување и раскошен живот. Небесните гласници не се добредојдени во нивните домови. Тие сакаат Бог да биде далеку од нив. Човештвото тешко се учи на понизност, а особено тешко се учат на понизност богатите и вообразените. Оние кои не сметаат дека мора да Му полагаат сметка за сè што поседуваат, доаѓаат во искушение да се воздигнуваат се беси, како богатството што го поседуваат во земјите и акции да ги прави независни од Бога. Исполнети со гордост и вообразеност, тие се ценат себеси според богатството што го поседуваат. {7C 88.1}

Има многу богати луѓе кои во Божји очи се неверни повереници. Во нивното стекнување и употреба на своите средства, Тој има видено кражба. Тие Го запоставиле големиот Сопственик на сè и се што и не ги употребиле средствата што им биле доверени за да им помогнат на несреќните и потчинетите. Тие за себе собирале гнев за денот на гневот, зашто Бог ќе го награди секој човек според неговите дела. Тие луѓе не Му се поклонуваат на Бога, нивен идол е нивното сопствено „јас." Тие ги исклучуваат од своите мисли правдата и милоста, заменувајќи ги со скржавост и судир. Бог вели: „Нема ли да ги казнам заради тие нешта?" (Еремија 9:9). {7C 88.2}

Бог не сака било која наша установа да се наоѓа во таква средина, колку таа однадвор да делува соодветна. Себичните богаташи влијаат на другите и непријателот дејствува преку нив за да ни го попречи патот. Лошото друштво секогаш е штетно за побожноста и верноста и таквото друштво ги поткопува начелата кои Бог ги одобрил. Бог не сака било кој од нас да постапи како Лот кој за свој дом избрал место на кое заедно со своето семејство бил во допир со злото. Лот дошол во Содом како богат човек, а отишол од Него без ништо, воден од раката на ангелот, додека гласниците на гневот чекале да ги излеат пламените вири кои ќе ги согорат жителите на тој многу омилен град и да ја уништат Неговата восхитувачка убавина, претворајќи го во црнила и пустош местото кое Бог некогаш го направил многу убаво. {7C 89.1}

Нашите санаториуми не треба да бидат во близина на имотите на богатите, каде што на нив ќе се гледа како на новитет и ќе бидат трн во окото, и каде што за нив ќе се зборува лошо, затоа што примаат болни луѓе од сите слоеви. Чистата вера ги прави Божјите деца едно семејство, поврзано преку Христа со Бога. Но светот е суров и пристрасен, исклучив и наклонет на само едно малцинство. {7C 89.2}

При подигање на нашите згради мораме да се држиме што по далеку од куќите на големите луѓе на овој свет. Ако им е потребна помош, тие треба да ја побараат подалеку од своето друштво во осамени места. На Бога нема да Му биде мило ако нашите санаториуми ги градиме таму каде што живеат луѓе кои се екстравагантни во облекувањето и начинот на живот, кои се привлечени кон оние кои можат да направат големо надворешно покажување. {7C 89.3}

ЗА НАШИТЕ ЗГРАДИ

Ние сме избран Божји народ и затоа не смееме да се поведуваме според навиките, целите, делата или отменоста на светот. Не сме во темнина, за да се угледуваме на светот и за да мораме да се потпираме на надворешни сили поради успех. Господ ни кажал од каде доаѓа нашата сила. „Еве ги Господовите зборови на Зоровавела: 'Не со сила, ни со снага, туку со Мојот Дух! - вели Господ над војските" (Захарија 4:6). Како што мисли дека е погодно, Господ ќе им подари сила на оние кои одат по Неговиот пат, сила која ќе ги оспособи да шират силно влијание за добро. Тие зависат од Бога и Нему мораат да Му полагаат сметка за тоа како ги употребиле талентите што им ги доверил. Тие мораат да имаат на ум дека се Божји слуги и дека мораат да се трудат да Го величаат Неговото име. {7C 90.1}

Ќе успеат оние чија наклонетост (љубов) е насочена кон Бога. Тие во Христа ќе се изгубат себеси од вид и нив нема да можат да ги заведат световните уживања за да скршнат од патот на верноста. Ќе сфатат дека надворешниот раскош не дава сила. Ниту наметливоста ниту надворешниот раскош не го прикажуваат правилно делото кое ние мораме да го извршиме како Божји народ. Луѓето кои работат во нашите санаториуми мораат да бидат украсени со Христовата благодат. Тоа ќе им даде сила да работат за добро. {7C 90.2}

Господ е сериозен со нас. Неговите ветувања се дадени под услов верно да ја исполнуваме Неговата волја. Затоа, при подигањето на санаториуми, Тој мора да биде прв и последен и најдобар во сè. {7C 90.3}

Сите кои се поврзани со Божјата служба треба да внимаваат со својот копнеж за надворешно покажување да не ги наведат другите на самопопуштање и самофалство. Бог не сака ниту еден Негов слуга да се впушти во некои непотребни и скапи потфати кои на народот му донесуваат тежок товар и така го ликуваат од средства за работа на Господовото дело. Сè додека оние кои веруваат во вистината за ова време одат по Господовите патишта, додека вршат правда и суд, можат да очекуваат дека Господ ќе им подари успех. Но, ако се оддалечуваат од тој тесен пат, ќе се упропастат и себеси и оние кои се однесуваат како нив. {7C 90.4}

Луѓето кои раководат со подигање на нашите здравствени уста нови мораат да даваат добар пример. Дури и кога располагаат со пари, не смеат да трошат повеќе отколку што навистина е потребно. Господовото дело мора да се води имајќи ги предвид сите потреби во секое дело на Неговото лозје. Сите ние сме членови на едно семејство, деца на еден Татко, па Господовата готовина мора да се искористи земајќи ги во предвид сите потреби на Неговото дело во целиот свет. Господ ги гледа сите делови на полето и Неговото лозје мора да се обработува како една целина. {7C 91.1}

Ние не смееме да ги употребиме во едно место сите пари од ризницата, туку мораме да го изградуваме делото во многу места. Кон Господовото царство мораат да се вклучат нови области. И другите делови од Неговото лозје мораат да се снабдат со погодности кои ќе дадат карактер на работата. Господ ни забранува во Неговата служба да користиме себични сплетки. Тој ни забранува да ги прифатиме плановите кои ќе му оневозможат на нашиот ближен и тој да одигра своја улога во прикажувањето на вистината. Ние треба да ги љубиме своите ближни како самите себеси. {7C 91.2}

Исто така, мораме да имаме на ум дека нашите дела мораат да бидат во склад со нашата вера. Ние веруваме во скорото Господово доаѓање. Зар таа вера не треба да се огледа и во градбите што ги подигаме? Треба ли да вложуваме противење суми во зграда која наскоро ќе пропадне во големото (завршно) изгорување? Нашите пари значат души и тие мораат да се користат за оние, кои поради гревот се под Божја осуда, да се запознаат со вистината. Затоа мораме да ги контролираме своите славољубиви планови, мораме да се чуваме од претераност и невнимателност, за да не ја испразниме Господовата ризница и градителите да не оскудеваат во средствата за остварување на својата задача. {7C 91.3}

На нашите постари установи се трошат многу повеќе пари отколку што беше потребно. Луѓето кои го правеа тоа, сметаа дека со тоа ќе го подигнат угледот на делото. Но, оваа цел не е никакво оправдување за непотребните трошоци. {7C 92.1}

Бог сака понизниот и кроток дух на Учителот, Кој е величество на Небото, Цар на славата, секогаш да се открива во нашите установи. Ние не го проучуваме (мислиме на) првото Христово доаѓање колку што би требало да мислиме. Христос дошол за да ни биде пример во сè. Неговиот живот бил живот на строго самоодрекување. Ако се угледаме на Неговиот пример, никогаш непотребно нема да ги трошиме парите. Не смееме никогаш да копнееме по надворешно покажување. Нашиот начин на работа мора да биде таков што светлината на вистината ќе зрачи преку нашите добри дела, така што ќе Го прославиме Бога со најдобрите методи на лекување на болните и ќе им укажуваме помош на оние кои се во неволја. Она што го подига угледот на делото не се скапи градби, туку вистински живот според начелата на верата и благороден карактер, сличен на Христовиот. {7C 92.2}

Грешките кои се правеле при подигање на градби во минатото треба да ни бидат корисни поттикнувања за иднината. Мораме да се учиме на туѓите грешки и да ги избегнуваме, а не да се поведуваме по нив. Во сета наша работа на ширењето на делото, мораме строго да штедиме. Не смее да има непотребни издатоци. Господ наскоро ќе дојде и нашите издатоци во градбите мораат да бидат во склад со нашата вера. Мораме да употребиме свои средства за да им обезбедиме на луѓето ведри простории, здрава околина и здрава исхрана. {7C 92.3}

Нашите поими за тоа какви треба да бидат зградите и мебелот на нашите установи треба да се засноваат на вистинско, практично сознание за тоа што значи понизно да одиме пред Бога. Никогаш не треба да мислиме дека е важно да му се даде изглед на богатство. Никогаш не смееме да се потпреме на надворешната сила како на средство за успех. Желбата да се направи изглед кој не е во својственост со задачата која Бог ни дал да ја извршиме, изглед кој може да се одржува само со противење издатоци, претставува најголем тиранин. Таа е како рак кој го уништува живото ткиво. {7C 93.1}

Практичните луѓе повеќе ја ценат удобноста од елеганцијата и раскошот. Погрешно е да се мисли дека со надворешен раскош ќе се привлечат повеќе пациенти и така ќе се заработат повеќе пари. Но, дури и на тој начин да се привлечат повеќе пациенти, не можеме да се согласиме на тоа нашите санаториуми да бидат опре мени според денешниот раскошен вкус. Христијанскиот углед е премногу драгоцен за така да се жртвува. Сè што е во нашите установи и околу нив мора да биде во склад со Христовите учења и нашата вера. Нашата работа во сите свои гранки мора да биде доказ на нашиот здрав разум, а не на нескромност и желба за раскош. {7C 93.2}

На нашето дело нема да му дадат углед и успех ниту големите, скапи градби, ниту трпезите преполни со храна, ниту скапоцениот мебел, туку верата која работи преку љубовта и ја прочистува душата, атмосферата на благодат која го опкружува верникот, Светиот Дух кој делува на умот и на срцето тоа е она што го прави животен мирис за живот и Му овозможува на Бога да ја благослови неговата работа. {7C 93.3}

Бог денес може да општи со Својот народ и да Му подари мудрост да ја врши Неговата волја, исто како што општел и со Својот народ во старо време и Му подарил мудрост да изгради шатор. Неговата изградба била приказ на моќта и Божјото

величество, затоа и зградите кои се подигаат денес мораат да служат на слава на Божјото име. Во секое нивно дело треба да се види верност, стабилност и практичност. {7C 93.4}

Луѓето кои раководат со подигањето на санаториуми мораат да ја прикажуваат вистината работејќи во Духот и љубовта Божја. Како што во свое време Ное го опоменувал народот со изградба на својот ковчег, така и денес со верното дело на подигање на нашите установи ќе му се даваат поуки на народот и срцата на многумина ќе бидат уверени и ќе се обратат. Затоа работниците мораат да чувствуваат потреба за постојана Христова помош, така што подигнатите установи нема да бидат залудни. За време на изградбата тие мораат да имаат на ум дека Бог и денес ја надгледува работата на подигање на Неговите установи како што во деновите на Ное и Мојсеј го одредил секој детаљ на ковчегот и шаторот. Тие треба да имаат на ум дека Големиот градител сака да управува со работата со Својата Реч, Својот Дух и Провидение. Тие мораат да имаат време да побараат совет од Него. Гласовите на молитва и свети песни треба да се издигнуваат како сладок мирис на темјан. Сите треба да сфатат дека се во потполна зависност од Бога; треба да имаат на ум дека подигаат установа во која ќе се врши дело чии последици допираат до вечноста и дека во оваа работа мораат да бидат Божји соработници. „Гледајќи во Христа" секогаш треба да биде наш мото. „Јас ќе те упатам и поучам по патот по кој треба да одиш; Моето око ќе бдее над Тебе" (Псалм 32:8). {7C 94.1}

САНТОРИУМИТЕ НЕ СЕ ЗА ОНИЕ КОИ БАРААТ ЗАДОВОЛСТВА

До работниците во нашиот санаториум во Јужна Калифорнија Имам една дефинитивна вест за нашиот народ во Јужна Калифорнија. Господ не бара од нив да обезбедат места за забава на туристи. Основањето на установи за тие цели би значело да му се дава на Господовиот народ лош пример. Резултатите не би ги оправдале вложените напори. {7C 95.1}

Поради што основаме санаториуми? За да можат болните кои доаѓаат на лекување да ги олеснат своите телесни страдања и за да им се пружи духовна помош. Заради својата здравствена состојба, болните се подложни на посветувачкото влијание на здравствените мисионери кои се залагаат за нивно оздравување. Треба мудро да постапуваме за најголема корист на болните. {7C 95.2}

Ние не подигаме санаториуми за да служат како хотели. Примајте ги во нашите санаториуми само оние кои сакаат да се придржуваат на правилните начела, оние кои ќе примат храна која можеме да им ја дадеме според нашата совест. Ако им дозволиме на болните по своите соби да држат алкохолни пијалаци, или ако им даваме месо, тогаш не би им ја пружиле помошта која дошле да ја барат во нашите санаториуми. Мораме да ставиме до знаење дека во начело ги исклучуваме таквите продукти од нашите санаториуми и ресторани за здрава храна. Зар ние не сакаме нашите ближни да се ослободат од болеста и слабоста и да ги вратат здравјето и силата? Тогаш да бидеме верни на начелата како иглата на полот (во компасот). {7C 95.3}

Оние чие дело се состои во работа на спасување на души мораат да се држат настрана од сите световни планови. Тие не смеат да се впуштаат во планови кои нанесуваат срам на нивната вера за да ја стекнат наклонетоста на некој богаташ. Тие не смеат да ја продаваат својата душа за финансиска корист. Тие не смеат да на прават ништо што го попречува Божјото дело и го снижува знамето на праведноста. Ние сме Божји слуги и мораме да бидеме Негови соработници, вршејќи го Неговото дело како што одредил Тој, за да можат сите за кои се трудиме да видат дека сакаме да се воздигнеме во светлина. Тие со кои доаѓаме во допир мораат да видат дека во нашите животи се придржуваме на самооткажувањето и по жртвувањето, а не дека само зборуваме за тоа. Нашиот пример треба да ги поттикне оние со кои доаѓаме во допир со нашата работа, подобро да се запознаат со Божјите работи. {7C 95.4}

Ако се изложуваме на трошоци за изградба на санаториуми за да работиме на спасение на болните и слабите, тогаш мораме да работиме на таков начин за оние кои бараат помош навистина да ја добијат помошта што им е потребна. Мораме да направиме сè што е во наша моќ за исцелување на телото. Меѓутоа, исцелувањето на душата е многу позначајно. На оние кои доаѓаат во нашите санаториуми како болни, треба да им се покаже патот на спасението, за да можат да се покајат и да ги слушнат зборовите: Твоите гревови се простени, оди во мир и не греши повеќе. {7C 96.1}

Здравствено-мисионерската работа во Јужна Калифорнија не треба да се состои во основање на огромни установи за сместување и забава на некое мешовито друштво на љубители на задоволствата, кои со себе ќе ги донесат своите неумерени поими и навики. Таквата установа би ги проголтала Времето и способностите на работниците кои се потребни на друго место. Нашите способни луѓе треба да вложуваат напори во санаториумите, основани и во дени со цел да се подготви умот за прифаќање на Христовото евангелие. {7C 96.2}

Времето и силата на луѓето кои се способни да го вршат Господовото дело на начин кој Тој Го одредил, не смееме да ги трошиме за основање на установи за сместување и забава на оние кои трчаат по задоволства и чија најголема желба е да си угодуваат самите себеси. Да се доведат работниците во врска со таква установа би било погубно за нивната безбедност. Нашите млади мажи и жени треба да бидат далеку од сите такви опасни влијанија. Ако нашите браќа основаат таква установа, тие не би работеле на спасување на душите, како што претпоставуваат. {7C 97.1}

Нашите санаториуми треба да се основаат само со една цел поради ширење на сегашната вистина. Со нив мора да се управува на таков начин за оние кои ќе дојдат на лекување да стекнат поволен впечаток за вистината. Однесувањето на работниците, почнувајќи од главниот управник па до најскромниот работник, мора да сведочи во корист на вистината. Установата мора да биде проткаена со духовна атмосфера. Ние мораме да му ја објавуваме веста на опомена на светот и нашата сесрдност, нашата предаденост на Божјата служба мораат да влијаат на оние кои доаѓаат во нашите санаториуми. {7C 97.2}

Санаториуми треба што побргу да се основаат во разни места на Јужна Калифорнија. Треба веднаш да се почне на повеќе места. Ако е можно, треба да се купува земјите на кое веќе се подигнати згради. Потоа тие треба да се прошират според потребите на работата. {7C 97.3}

Ние живееме на самиот завршеток на историјата на Земјата и мораме внимателно да постапуваме, сфаќајќи ја Господовата волја, и мораме поттикнати со Неговиот Дух да го вршиме делото кое многу ќе значи за Неговата работа, дело кое веста на опомена ќе ја објави на светот кој затапел, заблудел и пропаднал во гревот. {7C 97.4}

Во Јужна Калифорнија се продаваат многу земјишта на кои веќе се подигнати згради погодни за санаториуми. Треба да се купат не кои од тие имоти и нашата здравствено-мисионерска работа треба да се развива на мудар и разумен начин. Во Јужна Калифорнија треба да се основаат неколку мали санаториуми поради оние кои заминуваат таму со надеж дека ќе го вратат своето здравје. Дадена ми е светлина дека сега ни се пружа можност да ги привлечеме болните кои ги полнат лекувалиштата во Јужна Калифорнија и исто така, да можеме да го извршиме делото во корист на оние кои ги негуваат. {7C 98.1}

„Зар вие не велите, уште четири месеци и жетвата ќе дојде? Еве ви велам: подигнете ги своите очи и видете ги нивите како побелеле, готови за жетва" (Јован 4:35). {7C 98.2}

Со месеци го носев на душата товарот на здравствено - мисионерската работа во Јужна Калифорнија. Неодамна ми е дадена го лема светлина во врска со начинот на кој Бог сака да управува со работата во санаториумите. Треба да ги поттикнуваме болните да поминуваат многу време на чист воздух. Наложено ми е да им кажам на нашите браќа да бараат евтини, пожелни имоти на здрави места, погодни за целите на санаториумите. {7C 98.3}

Наместо сите расположиви средства со кои располагаме да ги вложуваме во една здравствена установа, треба да подигаме по мали санаториуми во многу места. Наскоро лекувалиштата во Јужна Калифорнија ќе уживаат поголем углед отколку сега. Сега е момент да стапиме на полето на работа за да ја унапредиме нашата здравствено-мисионерска работа. {7C 98.4}

ЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Св. Елена, Калифорнија, 4. септември 1902.

До водачите на нашата здравствена работа

Драги браќа, Господ непристрасно работи во секој дел на Своето лозје. Луѓето го попречуваат Неговото дело. Бог не Му дава на Својот народ привилегија да стекнува толкави средства за да по дига установи само во неколку места и ништо да не остане за подигнување на такви установи во други места. {7C 99.1}

Многу установи треба да се подигнат во градовите во Америка, а посебно во јужните градови во кои досега е толку малку направено. И во странските земји треба да се пристапи на здравствено-мисионерска работа и треба да се трудиме таа работа да постигне успех. Подигање на санаториуми во Европа и во други странски земји е исто така неопходно како и во Америка. {7C 99.2}

Господ сака Неговиот народ да има правилно сфаќање за работата која треба да ја изврши и, како верен слуга, мудро да постапува при вложувањето на пари. Бог сака при подигањето на згради да се прават пресметки за да се види дали има доволно пари за довршување на зградите. Тој исто така сака луѓето да имаат на ум дека не смеат себично да ги грабнат сите пари за да ги вложат во неколку места, туку да имаат во предвид и многу други места во кои мораат да се основаат установи. {7C 99.3}

Според светлината што ми е дадена, управителите на сите наши установи, а посебно на новооснованите санаториуми, мораат грижливо да штедат при трошењето на пари, за да бидат во можност да им помогнат на сличните установи кои ќе бидат основани во други делови на светот. Дури и ако имаат противење суми на пари во благајната, тие мораат во својата работа да водат сметка за потребите на големата Божја мисионерска нива. {7C 99.4}

Не е Господова волја Неговиот народ да подига огромни санаториуми на било кое место. Мораат да се основаат многу санаториуми, кои не треба да бидат противење, но треба да располагаат со сето она што е потребно за добра и успешна работа. {7C 100.1}

Дадена ми е поука во поглед на обуката на медицинските браќа и сестри и здравствено-мисионерските евангелисти. Ние не смееме да ја сосредоточиме таа работа само на едно место. Во секој основан санаториум, младите мажи и жени треба да се оспособуваат за здравствени мисионери. Господ ќе отвори пат пред нив кога ќе стапат во Неговата служба. {7C 100.2}

Доказите со кои располагаме во врска со исполнувањето на пророштвото покажуваат дека е близу крајот на сите нешта. Многу треба да се направи надвор од оние места во кои досега била сосредоточена нашата работа. {7C 100.3}

Кога ја навртуваме водата во градината за да залеваме, ние не наводнуваме само еден дел, оставајќи ги другите засушени делови да викаат: „Дајте вода!" Сепак, тоа претставува начин на кој делото е спроведено во неколку места, додека големата нива останала за пуштена. Дали пустошните места треба да останат пустошни? Не. Водата треба да тече низ сите места, носејќи со себе среќа и плодност. {7C 100.4}

Никогаш не смееме да се потпреме на признанието и почеста на овој свет. При основањето на нашите установи никогаш не смееме да се обидуваме да се натпреваруваме по големината и раскошот со установите на овој свет. Нема да извојуваме победа со подигање на противење згради, натпреварувајќи се со нашите непријатели, туку развивајќи христијански дух на кротост и благост. Многу се подобри крстот и разочараните надежи со вечниот живот на крај, отколку да се живее со кнезови и да се загуби Небото. {7C 100.5}

Спасителот на човештвото бил роден од понизни Родители во безбожен свет, проколнат поради гревот. Тој бил одгледан на незабележителен начин во Назарет, малиот град во Галилеја. Ја започнал Својата работа во сиромаштво и без световни почести. Така Бог го објавил евангелието на начин кој потполно се разликува од начинот на кој многумина сметаат дека треба да го објавуваат тоа исто евангелие. {7C 101.1}

На почетокот на објавувањето на евангелието, Тој го поучувал Својот народ да не се потпира на световни почести и сјај, туку на моќта на верата и послушноста. Божјата

наклонетост е подрагоцена од злато и сребро. Силата на Неговиот Дух е од непроценлива вредност. {7C 101.2}

Вака зборува Господ: „Зградите ќе го обележуваат Моето дело само ако оние кои ги подигаат се придржуваат до Моите поуки во поглед на основањето на установи. Ако оние кои во минатото раководеле со делото и го поддржувале, секогаш се придржувале до чистите, несебични начела, никогаш не би дошло до себично сосредоточување на Моите средства на едно или две места. Установи би биле основани на многу места. Семето на вистината, посеано на многу ниви, би про'ртело и би родило плод на Моја слава. {7C 101.3}

Сега треба да се посвети внимание на местата кои биле запоставени. Мојот народ мора брзо и одлучно да ја изврши својата должност. Оние кои во чистотата на целта потполно ми се посветуваат на Мене со тело, душа и дух, ќе работат на Мој начин и во Мое име. Секој нека стои на свое место, вперувајќи го погледот во Мене, својот Водач и Советодавец. {7C 101.4}

Ќе ги поучам оние кои се во незнаење и ќе ги помазам со небесна маст за очи очите на многумина кои сега се во духовна темнина. Ќе подигнам застапници кои ќе ја вршат Мојата волја, подготвувајќи го народот да стои пред Мене кога ќе дојде Времето на крајот. На многу места каде што порано требало да се подигнат санаториуми и училишта ќе основам Свои установи и тие установи ќе станат образовни центри за обука на работници." {7C 101.5}

Господ ќе дејствува врз човечките умови на неочекувани места. Некои кои изгледаат како непријатели на вистината, ќе вложат, по Божјо провидение, свои средства во купување на имоти и подигање на згради. Во свое време тие имоти ќе бидат изложени на продажба по цена која е далеку под нивната вредност. Во тие понуди нашиот народ ќе ја забележи раката на Провидението и ќе стекне драгоцени имоти кои ќе ги употреби во образовното дело. Народот ќе планира и ќе управува со понизност, самооткажување и самопожртвување. На тој начин имотните луѓе несвесно подготвуваат средства кои ќе му овозможат на Господовиот народ нагло да го проширува Неговото дело. {7C 102.1}

На разни места треба да се купуваат имоти кои ќе се употребуваат за санаториуми. Нашите луѓе треба да бараат прилики да купуваат имоти надвор од градовите, на кои веќе се подигнати згради и на кои овошките веќе раѓаат плодови. Земјиштето е драгоцен посед. Нашите санаториуми треба да бидат опкружени со земјите, но на помал дел од тоа земјите треба да се подигнат домови за болничарите и за други кои се оспособуваат за здравствено-мисионерската работа. {7C 102.2}

Во повеќе наврати ми е покажано дека не е мудро да се подигаат огромни установи. Најголеми резултати во делото за спасување на души не се постигнуваат благодарение на големината на установите. За огромен санаториум потребни се многу работници. Каде што се собрани многу луѓе на едно место, таму е многу тешко да се сочува висок степен на духовност. Во големите установи често се случува на одговорни позиции да се наоѓаат работници кои не поседуваат духовност, кои не постапуваат мудро кон оние кои, ако кон нив мудро би се постапувало, би се пробудиле, уверile и обратиле. {7C 102.3}

Во поглед на запознавањето на болните со Светото Писмо во нашите санаториуми не е направено ниту четвртина од она што можело да се направи - и што би било направено - ако нашите работници добиле темелна обука за верските прашања. {7C 103.1}

Каде што се собрани многу работници на едно место, управувањето треба да биде на многу повисок духовен степен отколку што тоа било случај во нашите противење санаториуми. {7C 103.2}

Се наоѓаме на работ на вечниот свет. Божјите казни веќе почнаа да ги зафаќаат жителите на Земјата. Бог ги праќа тие казни за да ги доведе при свест мажите и жените. Во сè што дозволува да се случи во нашиот свет Бог има Свои цели и сака да бидеме духовно развиени, за да го сфатиме Неговото дејство во настаните кои биле толку необични во минатото, но кои денес се речиси секојдневни. {7C 103.3}

Пред нас е големо дело - завршното дело на објавување на последната Божја вест на опомена на грешниот свет. Меѓутоа, што сме направиле за објавување на таа вест? Погледнете ги, ве молам, многуте места во кои работата никогаш и не започнала. Погледнете ги нашите работници кои постојано се движат по ист терен, додека околу нив се наоѓа запоставениот свет, потонат во беззаконие и расипаност - свет кој сè уште не е ниту опоменат. За Мене тоа е ужасна слика. Каква страшна рамнодушност покажуваме кон потребите на светот кој пропаѓа! {7C 103.4}

ЗНАК НА НАШИОТ РЕД

Поучена сум дека нашите здравствени установи треба да бидат сведоци за Бога. Тие се основани за да им се помогне на болните и оние кои се во неволја, за да се разбуди дух на интерес, да ја шират светлината и да ја унапредат реформата. Ако овие установи правилно се водат, ќе станат еден од патиштата на запознавање на луѓето со реформите кои се неопходни за да се подготви народот за Господовото доаѓање. Преку нив ќе дејствуваме на луѓето до кои инаку не би можеле да допреме. {7C 104.1}

Многу посетители на нашите здравствени установи имаат високо мислење за Божјото присуство во установите кои ги посетуваат и лесно го примаат духовното влијание кое владее во нив. Ако сите
лекари, медицински браќа, сестри и болничари чекорат претпазливо пред Бога, силата со која ќе делуваат на овие мажи и жени ќе биде поголема од човечката. Секоја установа чии службеници се посветени, исполнета е со Божествената сила, така што на болните нема само да им бидат олеснети нивните телесни страдања, туку ќе најдат и лек за својата од грев заболена душа. {7C 104.2}

Водачите на нашиот народ треба да го подвлечат значењето на силниот верски живот кој треба да се одржува во нашите здравствени установи. Господ сака тоа да бидат места каде што Тој ќе се слави со зборови и дела, каде што ќе се велича Неговиот закон и каде што ќе бидат истакнати вистините на Библијата. Здравствените мисионери треба да извршат едно големо дело за Бога. Тие треба да бидат многу будни и претпазливи, имајќи го на себе секој дел од христијанскиот оклоп и борејќи се маки. Мораат да бидат послушни на својот водач и да ги извршуваат Неговите

заповеди, вклучувајќи ја тука и онаа со која го откриваат знакот на нивниот ред. {7C 104.3}

Празнувањето на саботата е знак меѓу Бога и Неговиот народ. Не треба да се срамиме што го носиме овој знак со кој се одвојуваме од светот. Кога неодамна ноќе размислував за овој предмет, Еден со авторитет нѐ посоветува да ги проучуваме прописите кои му биле дадени на Израел во поглед на саботата. „Моите саботи треба да ги пазите", им објави Господ ним „зашто таа е знак меѓу Мене и вас од поколение на поколение, за да знаете дека Јас, Господ, ве посветувам. И така, држете ја саботата, зашто таа е света за вас... Шест дена нека се вршат работите, ама седмиот ден нека биде ден на целосен одмор, посветен на Господа. Кој ќе обавува некаква работа во саботен ден, нека биде погубен. Затоа Израелците нека ја пазат саботата - празнувајќи ја од поколение до поколение како вечен завет. Таа нека е знак, засекогаш, меѓу Мене и Израелците" (Излез 31:13-17). {7C 105.1}

Саботата секогаш е знак со кој послушните се одвојуваат од не послушните. Сатаната се трудел со сите свои сили да ја прогласи за неважечка четвртата заповед, за да се заборави Божјиот знак. Христијанскиот свет ја погазил Господовата сабота и празнува ден кој го установил непријателот. Но, Бог има еден народ кој Му е верен. Неговото дело мора да се оствари на правилен начин. Народот кој го носи Неговиот знак мора да подига цркви и установи кои ќе бидат споменици за Него. Овие споменици, колку и да се скромни по својата надворешност, постојано ќе сведочат против лажната сабота која ја установил сатаната, а во корист на вистинската сабота која Господ ја установил во Едем, каде што пееле утринските ѕвезди и сите Божји синови воскликнувале од радост. {7C 105.2}

Може да се случи во нашите санаториуми да се вовлече дух на непочитување и омаловажување на саботата. На луѓето кои заземаат одговорни положби во здравствено мисионерското дело, почива должноста да ги поучуваат лекарите, медицинските браќа и сестри и болничарите во поглед на светоста на Божјиот свет ден. Особено секој лекар треба да се труди да даде добар пример. Според природата на својата работа, Тој е склон да верува дека има оправдување да работи во сабота многу работи кои не би требало да ги работи. Колку што е можно, тој мора така да ја планира својата работа, за да може да ги остави своите вообичаени должности. {7C 106.1}

Лекарите и медицинските браќа и сестри често се повикуваат и во сабота да им служат на болните, така што понекогаш е невозможно да се одморат и да присуствуваат на богослужења. Никогаш не треба да се запоставаат потребите на болните луѓе. Со својот пример Спасителот покажал дека и во сабота треба да се укажува помош, но треба да се одлошат работите кои не се неопходни, како на пример, секојдневните третмани и операциите. Болните нека сфатат дека и на лекарите и болничарите им е потребен еден ден за одмор. Тие мораат да сфатат дека тие се бојат од Бога и дека сакаат да го празнуваат Светиот ден кој Тој го установил како знак меѓу Себе и нив. {7C 106.2}

Наставниците и учениците во нашите здравствени установи треба да имаат на ум дека правилното празнување на саботата значи многу и за нив и за болните.

Празнувајќи ја саботата, за која Бог вели дека треба да се држи света, тие даваат знак на својот ред, јасно покажувајќи дека се наоѓаат на Господова страна. {7C 106.3}

Ние мораме сега и секогаш да бидеме издвоен и посебен народ слободен од сите световни начела на работа, народ кој нема да се срами од тоа што нема да се поврзе со оние кои немаат мудрост да ги увидат Божјите барања кои толку јасно се покажани во Неговиот закон. Сите наши здравствени установи се засновани како установи на адвентистите на седмиот ден за да ги претставаат разните аспекти на евангелско здравствено-мисионерска работа и така да го подготват патот за Господовото доаѓање. Мораме да покаеме дека се трудиме да работиме според заповедите на Небото. Мораме да им сведочиме на сите народи, племиња и јазици дека сме народ кој го љуби Бога и се бои од Него, народ кој го држи свет Неговиот споменик на создавањето, знакот меѓу Него и Неговите послушни деца со кој Ги посветил. Мораме јасно да ја покаеме својата вера во скорото Господово доаѓање на небесните облаци. {7C 106.4}

Како народ, ние имавме повеќе штета од патот по кој тргнаа не кои наши браќа на одговорни положби, оддалечувајќи се од старите патокази. Има луѓе кои со свои зборови се откажеле од својата вера за да можат да ги остварат своите намери. Тоа покажува колку малку смееме да се потпреме на човечката мудрост и човечкото расудување. Сега е повеќе од потребно да ја согледаме опасноста што ни се заканува ако не бидеме верни на Божјите заповеди. Мораме да имаме на ум дека Бог ни дал една значајна вест на опомена за светот, како што и на Ное му ја дал веста на опомена за претпотопните луѓе. Нашиот народ мора да се чува од омаловажувањето на саботата поради одржување на врска со неверниците. Тој не смее да се оддалечува од начелата на својата вера така што се чини дека нема ништо лошо во сообразувањето со светот. Тој мора да се чува да го послуша советот на било кој човек, без разлика на каква положба се наоѓа, кој работи наспроти она што Го утврдил Бог за да го одвои Својот народ од светот. {7C 107.1}

Господ го испитува Својот народ за да види кој ќе биде верен на начелата на Неговата вистина. На задача е да му ја објавуваме на светот веста на Првиот, Вториот и Третиот ангел. Во вршењето на оваа должност ние не смееме да ги потценуваме своите непријатели ниту да се плашиме од нив. Бог не сака да се врземе со до говори со оние кои не се од нашата вера. Треба да бидеме љубезни и благи кон оние кои не сакаат да Му бидат верни на Бога, но никогаш не смееме да се советуваме сонив во поглед на интересите на Неговото дело. Надевајќи се во Бога, мораме постојано да одиме напред, вршејќи ја несебично својата должност, понизно потпирајќи се на Него, доверувајќи Му се на Неговото провидение самите себеси и сè што се однесува на нашата иднина, држејќи ја цврсто својата доверба од почеток до крај, имајќи на ум дека имаме благослов од Небото, не затоа што го заслужуваме, туку со посредство на Христовата заслуга и со тоа што преку верата во Него примаме изобилство на Божја благодат. {7C 107.2}

Се молам нашите браќа да сфатат дека веста на Третиот ангел значи многу за нас и дека празнувањето на саботата треба да биде знак со кој оние кои Му служат на Бога се разликуваат од оние кои не Му служат. Нека се пробудат оние кои станале сонувачи и рамнодушни. Ние сме повикани да бидеме свети и треба грижливо да се чуваме да

не даваме впечаток како да е од мало значење дали ги задржуваме обележјата на својата вера. На нас почива света одговорност да заземеме поодлучен став за вистината и праведноста отколку што сме го правеле тоа во минатото. Со непогрешлива јасност треба да се покаже цртата што ги одвојува оние кои ги држат Божјите заповеди од оние кои не ги држат. Ние треба совесно да го почитуваме Бога, користејќи ги вредно сите средства да го сочуваме заветот кој го имаме со Него, за да го примиме Неговиот благослов толку потребен на народот кој ќе биде изложен на тешки искушенија. Да се дава впечаток дека нашата вера и нашата религија не се најзначајна сила во нашиот живот, значи да се нанесува голем срам на Бога. Со тоа се откажуваме од Неговите заповеди, кои се наш живот, со тоа се откажуваме дека Тој е наш Бог и дека ние сме Негов народ. {7C 108.1}

Ние треба да ги повикаме сите луѓе големи и мали, сиромашни и богати, сите секти и слоеви да ги користат благодатите на нашите здравствени установи. Ние примаме во нашите установи луѓе од сите вероисповеди. Но што се однесува до нас, ние припаѓаме на една специфична вероисповед; Бог нас нè избрал и ние сме под Негова власт. Но, не сме толку немудри да им ги наметнуваме на другите начелата на својата вера. {7C 109.1}

За луѓето да не го забораваат вистинскиот Бог, Јехова им дал споменик на Својата љубов и сила - саботата. Тој вели: „Моите саботи треба да ги пазите, зашто саботата е знак меѓу Мене и вас" (Излез 31:13). {7C 109.2}

Господ кажал за Израел: „Ете, народ, кој живее осамен и не се вбројува меѓу народите" (Броеви 23:9). Овие зборови се однесуваат и на нас исто така како и на стариот Израел. Божјиот народ треба да стои сам. Празнувањето на саботата мора да биде знак меѓу Него и Бога, знак кој покажува дека тој е избран народ, одвоен од светот со обичаите и својот живот. Преку Него Бог ќе работи, за од сите народности да собере народ за Себе. {7C 109.3}

Отсек Три

ЗДРАВА ХРАНА

„Јадат... за сила, а не за презаситување"
(Проповедник 10:17).

ЗДРАВСТВЕНО-МИСИОНЕРСКА РАБОТА ВО ГРАДОВИТЕ

Сан Франциско, Калифорнија, 12. декември 1900. {7C 110.1}

Во Калифорнија треба да се изврши една работа, која долго се запоставуваше. Не смееме веќе да одложуваме со работата. Вратите се отвораат за изнесување на

вистината и ние треба да бидеме подготвени да влеземе преку нив. Нешто е направено во големиот град Сан Франциско, но ако го погледнеме полето, јасно ќе видиме дека се наоѓаме на почеток. Во најскоро време треба да почнеме со организирана работа во разни делови на овој град, како и во Оукленд. Ние не сфаќаме какво безбожништво владее во Сан Франциско. Нашата работа во овој град мора да се прошири и продлабочи. Бог гледа во Него многу души кои треба да се спасат. {7C 110.2}

Во Сан Франциско е отворен еден ресторан за здрава храна, како и една продавница за храна и едно лекувалиште. Тие добро ја извршуваат својата задача, но нивното влијание би требало да биде многу поголемо. Во Сан Франциско и Оукленд треба да се отворат што повеќе вакви ресторани како што е оној во Трговската улица. Што се однесува до напорите кои се преземаат во тој правец, можеме да каеме: амин и амин. Наскоро ќе започнат и со други потфати кои ќе се покажат на благослов за луѓето. Здравствено - мисионерско - евангелската работа треба да се спроведува што е можно повнимателно и поцелосно. Светото дело на спасение на душите мора да се врши на скромен, но секогаш возвишен начин. {7C 110.3}

Каде се работните сили? Со работата треба да раководат мажи и жени кои се целосно обратени, мажи и жени со проникливост и остро предвидување. Во изборот на овие луѓе мораме да се потпреме на добар суд. Тоа треба да бидат луѓе кои Го љубат Бога и одат пред Него во понизност, луѓе кои ќе бидат делотворни орудија во Божјата рака за постигнување на Неговите цели - подигање и спасување на човечките суштества. {7C 111.1}

Здравствено-мисионерската работа ќе може да врши извонредна пионерска работа. Работата на проповедникот мора целосно да се соедини со работата на здравствените мисионери. Лекарот христијанин треба да знае дека Неговата работа е исто толку возвишена како и работата на проповедникот. Тој има двојна одговорност, бидејќи во Него се спојуваат особините на лекар и проповедник на евангелието. Неговото дело е возвишено, свето и многу неопходно. {7C 111.2}

Лекарот и проповедникот треба да имаат на ум дека работат на една иста задача. Тие треба да работат во целосна хармонија. Мораат да се советуваат меѓу себе. Со својата слога тие ќе сведочат дека Бог го испратил на светот Својот Единороден Син за да ги спаси сите оние сакаат да веруваат во Него како нивен личен Спасител. {7C 111.3}

Лекарите чии професионални способности се поголеми од оние на обичните лекари треба да се посветат на Божјата служба во големите градови. Тие треба да настојуваат да допрат до повисоките слоеви. Во Сан Франциско нешто е направено во овој правец, но треба да се постигне уште многу повеќе. Никој не смее да се лаже во поглед на природата и значењето на овие потфати. Сан Франциско е големо поле и значаен дел од Господовото лозје. {7C 111.4}

Здравствените мисионери кои работат во евангелска линија вршат една задача која е исто толку возвишена како и задачата на нивните соработници проповедници. Нивните напори не смеат да се ограничуваат на сиромашните луѓе. Чудно е колку малку се посветувало внимание на повисоките слоеви. Во тие повисоки слоеви ќе се најдат многу луѓе кои ќе ја примат вистината, затоа што таа е доследна, затоа што го носи белегот на возвишениот карактер на евангелието. Нема да биде мал број на

луѓето кои така ќе се придобијат за евангелието и потоа и сами енергично ќе се фатат за работа. {7C 112.1}

Господ ги повикува луѓето кои се наоѓаат на одговорни положби и на кои им ги доверил своите драгоцени дарови, за да ги посветат своите способности и средства на Неговата служба. Нашите работници треба на тие луѓе јасно да им го излошат нашиот план на работа, да им излошат што ни е потребно за да можеме да им помогнеме на сиромашните и оние кои се во неволја и за да ја поставиме оваа работа на една поцврста основа. На некои од нив ќе делува Светиот Дух и тие ќе вложат пари за Господа и со тоа ќе го унапредат Неговото дело. Помагајќи во тие градови да се образуваат центри за работа, тие ќе работат на остварување на Неговите цели. Заинтересираните работници и самите ќе се понудат да работат по разни линии на мисионерското дело. Ќе се отворат ресторани за здрава храна. Но, колку внимателно треба да се работи на ова! {7C 112.2}

Секој ресторан за здрава храна треба да биде едно училиште. Работниците кои работат во Него мораат постојано да учат и да вршат проби, за да може на тој начин да напредуваат во подготовка на здрави јадења. Оваа обука може многу поуспешно да се врши во големите градови, отколку во малите места. Но во секое место во кое постои црква треба да се даваат поуки за подготовка на едноставни и здрави јадења за оние кои сакаат да живеат во согласност со начелата на здравствената реформа. Верниците треба оваа стекната светлина да ја однесат и на своите соседи. {7C 112.3}

Учениците во нашите училишта треба да се поучуваат на готвење. Во оваа гранка на образованието треба да се внесе вештина и смисловност. Сатаната се труди со своите измами кои му стојат на располагање да ја наведе младината на патишта на искушенија кои водат во пропаст. Ние мораме да ја засилиме и да ѝ помогнеме да се спротивстави на искушенијата на кои е изложена на секој чекор во поглед на попуштањето на апетитот. Да се учат на науката за здрав живот значи да се врши мисионерско дело за Господа. {7C 113.1}

Во многу места треба да се основаат училишта за готвење. Почетокот може да биде скромен, но ако вештите готвачи се потрудат своето знаење да го пренесат на другите, Господ ќе им подари способност и разум. Господовата Реч гласи: „Не им забранувајте, за што Јас ќе им се откријам како нивен учител." Со оние кои работат на остварување на Неговите планови, Тој ќе ги научи луѓето како да извршат реформа во својата исхрана со готвење на здрави и евтини јадења. На тој начин, и сиромашните луѓе ќе бидат поттикнати да ги прифатат начелата на здравствената реформа; ним ќе им се помогне да станат вредни и да стекнат доверба во себе. {7C 113.2}

Покажано ми е како Бог ги поучувал способните мажи и жени да готват здрави и вкусни јадења на задоволувачки начин. Многумина од нив биле млади, но имало и зрели луѓе. Поучена сум да препорачам одржување на училишта за готвење во сите места во кои се одвива здравствено-мисионерската работа. Секој поттик (мотивација) кој може да ги води луѓето да ја прифатат реформата треба да им се изложи. Треба да им се даде што е можно повеќе светлина. Учете ги на сите можни начини да го подобрат своето готвење и поттикнувајте ги да им го соопштат на другите она што го научиле. {7C 113.3}

Не треба ли да направиме сè што можеме за да го унапредиме делото во сите наши противење градови? Помош е потребна на илјадници луѓе кои живеат околу нас. Проповедниците на евангелието треба да имаат на ум дека Господ Исус Христос им кажал на Своите ученици: „Вие сте светлината на светот. Град кој лежи на рид, не може да се скрие." „Вие сте солта на земјата, но ако солта стане блуткава, со што ќе се осоли?" (Матеј 5:14, 13). {7C 114.1}

Господ Исус ќе изврши чуда за Својот народ. Во шеснаесеттото поглавје од евангелието според Марко читаме: „А Господ Исус, откако им го рече тоа, се вознесе на небо и седна оддесно на Бога. А тие излегоа и проповедаа насекаде; а Господ работеше со нив и го утврдуваше словото со чуда, што се јавуваа" (Стихови 19 и 20). Овде сме уверени дека Господ ги оспособувал Своите одбрани слуги по Неговото вознесување да се посветат на здравствено-мсинерската работа. {7C 114.2}

Поука од најголемо значење можеме да добиеме од извештајот за Господовите чуда во создавањето на вино за свадбата и нахранувањето на мноштво народ. Бизнисот со здрава храна е едно од Господовите средства за задоволување на потребата. Небесниот Дарител на сета храна нема да го остави Својот народ во незнаење во поглед на подготовка на најдобра храна за сите времиња и сите прилики. {7C 114.3}

РАБОТА СО РЕСТОРАНИТЕ

Мораме повеќе да направиме отколку досега за да влијаеме на луѓето во големите градови. Ние не треба да подигаме противење зданија во градовите, но повторно и повторно ми е дадена светлина дека во сите наши градови треба да основаме мали установи кои ќе бидат центар на влијание. {7C 115.1}

Господ има вест за нашите градови и таа вест мораме да ја објавуваме на нашите собори, по пат на наши публикации и на сите други начини. Покрај тоа, во нашите градови треба да се отвораат ресторани за здрава храна за да може преку нив да се објавува веста за умереноста. Треба да се направат аранжмани за одржување на состаноци во врска со нашите ресторани. Каде што е можно, треба да се погрижиме за просторија во која луѓето ќе бидат повикувани на предавања од науката за здравјето и христијанската умереност, на кои можат да стекнат знаење за подготовка на здрава храна и други важни прашања. Тие состаноци исто така треба да бидат исполнети со молитви, песни и говори, не само за прашањата за здравје и умереност, туку и за други соодветни библиски прашања.

Како што луѓето се поучуваат за тоа како да го сочуваат телесното здравје, ќе ни се пружи можност да го сееме семето на евангелието за царството. {7C 115.2}

Овие прашања треба да бидат изложени на таков начин за да можат поволно да делуваат на луѓето. На тие состаноци не смее да има нешто од театарска природа. Во пеењето не треба да учествуваат само неколку присутни, туку сите присутни треба да се придружат на службата на пеење. Има луѓе кои се особено надарени за пеење, и има случаи кога некоја одредена вест се објавува преку соло пеење или преку неколкумина кои пеат заедно. Меѓутоа, ретки се случаите кога во пеењето треба да

учествуваат само неколку лица. Дарот на пеење содржи во себе моќ на влијание и Бог сака сите да го негуваат и употребуваат тој дар во слава на Неговото име. {7C 115.3}

Оние кои ги посетуваат нашите ресторани треба да се снабдат со материјал за читање. Ним треба да им се посвети внимание на нашата литература за умереноста и реформата во исхраната и треба да им се даваат брошури во кои се изложени Христовите поуки. Во тоа треба да учествуваат сите наши браќа и сестри. Секој што ќе дојде треба да добие нешто за читање. Можеби многумина ќе ја остават брошурата непрочитана, но можеби некои од оние на кои сме им ја дале брошурата бараат светлина. Тие ќе го прочитаат и проучат она што сте им го дале, а потоа и самите ќе го дадат на другите. {7C 116.1}

Работниците во нашите ресторани треба да живеат во толку близок допир со Бога, така што ќе почувствуваат поттик на Неговиот Дух лично да разговараат за духовните работи со овој или оној посетител на ресторанот. Кога сопственото „јас" е распнато, и кога Христос - надежта на славата - се наоѓа во нас, тогаш со мислите и делата ќе ја покажуваме стварноста на нашето верување во вистината. Господ ќе биде со нас, а Светиот Дух преку нас ќе дејствува на оние кои се надвор од Христа. {7C 116.2}

Господ ме поучи дека тоа е должност која мораат да ја извршат оние кои управуваат со нашите ресторани. Не смееме да дозволиме притисокот и натрупувањето на работа да нè наведат да го запоставиме делото на спасување на души. Добро е да се грижиме за телесните потреби на своите ближни, но ако не најдеме начин да ја шириме светлината на евангелието на оние кои секојдневно доаѓаат по своите оброци, како тогаш можеме да го славиме Бога со својата работа? {7C 116.3}

Кога започна работата со ресторaните, се очекуваше дека тоа ќе ни пружи можност на многумина да им ја објавиме веста на сегашната вистина. Дали така и беше? {7C 116.4}

Еден со авторитет, им го постави на работниците во нашите ресторани следното прашање: „На колкав број на луѓе сте им зборувале во поглед на нивното спасение? Колкумина од нив ги слушнале од вашите усни искрените повици да го прифатат Христа како свој личен Спасител? Колкумина од нив сте ги навеле со своите зборови да се одвојат од гревот и да ја прифатат службата на живиот Бог? {7C 117.1}

Додека во нашите ресторани луѓето се снабдуваат со земна храна, нека нашите работници не заборават дека и тие самите и оние кои ги услужуваат, мораат постојано да бидат снабдени со небесен леб. Работниците треба да ја користат секоја можност за да им зборуваат за вистината на оние на кои вистината им е непозната. {7C 117.2}

Грижа за работниците

Управителите на нашите ресторани треба да се залагаат за спасение на вработените. Тие не смеат да се преморуваат, зашто на тој начин ќе дојдат во состојба да немаат ниту сила ниту склоности духовно да им помагаат на работниците. Тие мораат своите најдобри способности да ги посветат на просветување на вработените во духовните работи, објаснувајќи им го Светото Писмо и молејќи Му се на Бога со нив

и за нив. Тие мораат да ги чуваат верските интереси на работниците исто така грижливо како што богослужение мо раат да ги чуваат верските интереси на своите деца. Тие треба трпеливо и нежно да бдеат над нив, правејќи сѐ што е во нивна моќ да им помогнат во усовршувањето на христијанскиот карактер. Нивните зборови треба да бидат како златни јаболка во сребрени садови. Во нивните постапки не смее да има ниту трага од себичност и грубост. Тие треба да бидат секогаш подготвени, бдеејќи над душите за кои мораат да полагаат сметка. Тие мораат да се трудат нивните помошници да бидат во поволна положба, за да се зајакнува нивната храброст постојано, а нивната вера во Бога постојано да се зголемува. {7C 117.3}

Ако со нашите ресторани не се управува на таков начин, ќе биде потребно нашиот народ да се предупреди да не ги праќа своите деца да бидат работници во тие ресторани. Многумина кои ги посетуваат нашите ресторани, не доведуваат со себе Божји ангели; тие не го сакаат друштвото на тие свети суштества. Тие ги донесуваат со себе влијанијата на овој свет и за да се спротивстават на тие искушенија, работниците мораат да бидат тесно поврзани со Бога. Управителите на нашите ресторани мораат повеќе да направат за спасение на младината која е вработена кај нив. Тие мораат да вложуваат поголеми напори за да ги одржат тие млади луѓе во будна состојба, за нивните млади умови да не паднат под влијание на духот на овој свет, со кој постојано доаѓаат во допир. На девојките и момчињата во нашите ресторани им е потребен пастир. Потребно е сите нив да ги штити домашното влијание. {7C 118.1}

Постои опасност девојките и момчињата кои стапуваат во нашите ресторани како верници, кои сакаат да ја помогнат Божјата работа, да станат заморени и малодушни, да ја изгубат ревноста и храброста и да станат студени и рамнодушни. Не можеме да ја сместуваме таа младина во мали, мрачни соби, да ја лишиме од предноста на домашниот живот и потоа да очекуваме од неа да поседува здраво верско искуство. {7C 118.2}

Неопходно е да се изработат планови за грижа околу помошниците во сите наши установи, а посебно за оние кои се вработени во нашите ресторани. Треба да се најдат добри работници и треба да им се обезбеди секоја предност која ќе им помогне да растат во благодатта и во Христовото знаење. Тие не смеат да се препуштат на милоста на случајноста на околностите, без одредено време за молитва и без никакво време за проучување на Библијата. Ако ги оставиме во таква состојба, тие ќе станат безгрижни и невнимателни, рамнодушни кон вечната стварност. {7C 118.3}

Во секој ресторан треба да се најдат маж и жена кои ќе бидат чувари на работниците, маж и жена кои го љубат Спасителот и душите поради кои Спасителот умрел, и кои се придржуваат до Господовите патишта. {7C 118.4}

Младите жени треба да бидат под надзор на мудра и разумна надзорничка, жена која е целосно обратена и која грижливо ќе внимава на работничките, посебно младите. {7C 119.1}

Работниците треба да чувствуваат дека имаат дом. Тие се Божји соработници и кон нив треба да се постапува исто толку грижливо и нежно како што Христос рекол дека треба да се постапува кон детето кое го поставил меѓу Своите ученици. Тој рекол: „Кој ќе соблазни едно од овие мали, кои веруваат во Мене, за Него е подобро да му се обеси мелнички камен на вратот, и да потоне во морската длабочина. „Гледајте да не

презрете едно од овие мали; зашто ви велам, дека нивните ангели во небесата, постојано Го гледаат лицето на Мојот Татко, Кој е на небесата" (Матеј 18:6,10).

Грижата која треба да ѝ се посвети на тие вработени е една од причините поради кои во големите градови треба да постојат повеќе мали ресторани, наместо еден голем. Но тоа не е единствена причина по ради која треба да се отвораат повеќе мали ресторани во разни де лови на нашите градови. Малите ресторани исто така добро ќе ги пропагираат начелата на здравствената реформа како и големите ресторани, а многу е полесно да се управува со нив. Нам не ни е ставено во должност да го храниме светот, туку да го образуваме народот. Во помалите ресторани нема да има толку работа и работниците ќе можат да посветат повеќе време на проучување на Божјата Реч, ќе имаат време да научат како треба да работат и повеќе време да одговараат на прашањата на посетителите кои сакаат да научат нешто за начелата на здравствената реформа. {7C 119.2}

Ако ја исполниме Божјата намера во таа работа, Христовата праведност ќе оди пред нас, а Господовата слава ќе биде наша за штита. Меѓутоа, ако нема обратување на души, ако самите работници не извлекуваат духовна корист, ако не го слават Бога со зборови и дела, Зошто тогаш би отворале и одржувале такви ресторани? Ако не можеме да управуваме со нашите ресторани во Божја слава, ако не можеме преку нив да вршиме силно верско влијание, тогаш би било подобро да ги затвориме и да ги употребиме способностите на нашите млади во други гранки на делото. Меѓутоа, со нашите ресторани може да се управува така што тие ќе станат средство за спасување на душите. Да се молиме сесрдно на Господа за понизност на срцето, за да нѐ поучи како да одиме во светлината на Неговиот совет, како да ја разбереме Неговата Реч, како да ја прифатиме и како да ја спроведеме на дело. {7C 120.1}

Постои опасност со нашите ресторани да се управува на таков начин, што нашите работници работат тешка работа ден за ден, седмица за седмица, а сепак не постигнуваат никакви добри резултати. Тоа прашање треба внимателно да се проучи. Немаме никакви права да ја врземе нашата младина за работа која не дава плодови во Божја слава. {7C 120.2}

Постои опасност работата во ресторанот, иако се смета како извонредно совршен пат за вршење на добро, да се одвива така што ќе користи само на телесната благосостојба на оние на кои е наменета. Една работа однадвор може да изгледа крајно извонредна, но во Божјите очи не може да биде добра ако не се врши со длабока желба да се спроведува Божјата волја и да се остваруваат Неговите цели. Ако Бог не се смета за автор и цел на нашите постапки, тие ќе бидат измерени на вага и ќе се најдат лесни. {7C 120.3}

Затворање на ресторaните во сабота

Поставено е прашањето: „Треба ли нашите ресторани да бидат отворени во сабота?" Мојот одговор гласи: не, не! Празнувањето на саботата е наш сведоштво за Бога - жиг или знак меѓу Него и нас дека ние сме Негов народ. Тој знак не смее да се уништи. {7C 121.1}

Кога работниците во нашите ресторани би подготвувале во сабота исто онака како и преку седмицата, оброци за мноштво луѓе кои доаѓаат, каде би бил нивниот ден за одмор? Какви можности би имале да соберат телесни и духовни сили? {7C 121.2}

Неодамна ми е дадена посебна светлина за тоа прашање. Покажано ми е дека ќе бидат вложувани напори да се уништи нашиот пропис за празнување на саботата, дека луѓето ќе бараат нашите ресторани да бидат отворени во сабота, но дека тоа никогаш не смее да се направи. {7C 121.3}

Пред моите очи се укажа една глетка. Бев во еден ресторан во Сан Франциско. Беше петок. Многу работници вредно правеа пакети со таква храна кои луѓето лесно можат да ги носат во своите домови. Извесен број на луѓе чекаа да примат пакети. Јас запрашав што значи тоа, а работниците ми одговорија дека некои посетители се загрижени дека поради затворањето на ресторанот нема да можат во сабота да ја добијат онаа храна која ја употребувале во текот на седмицата. Увидувајќи ја вредноста на здравата храна која ја добивале во ресторанот, тие протестирале што нема да ја добијат во седмиот ден и го молеле управителот на ресторанот тој да се држи отворен секој ден во седмицата, подвлекувајќи дека ќе им штети ако тоа не биде направено. Работниците рекоа: „Ова што го гледате денес е наш одговор на барањето да ставиме на располагање здрава храна и во сабота. Овие луѓе земаат во петок храна која трае и во сабота и на тој начин избегнуваат прекори во врска со затворањето на ресторанот во сабота." {7C 121.4}

Граничната линија помеѓу нашиот народ и светот мора секогаш да биде очигледно јасна. Ние се придржуваме на Божјиот закон, кој ни налага да ја празнуваме саботата, зашто - како што е јасно кажано во триесет и првото поглавје од Излез - празнувањето на саботата е знак меѓу Бога и Неговиот народ. Тој вели: „Моите саботи треба да ги пазите, зашто саботата е знак меѓу Мене и вас од поколение на поколение, за да бидете свесни дека Јас, Господ, ве посветувам. И така, држете ја саботата, зашто е таа света за вас... Таа е знак засекогаш, меѓу Мене и Израелците, зашто Господ за шест дни ги создаде Небото и земјата, а на седмиот ден прекрати да работи и се одмори." {7C 122.1}

Мораме да се покоруваме на зборовите „Така говори Господ", дури и ако со својата послушност создаваме противење незгоди на оние кои не ја почитуваат саботата. Од една страна се наоѓаат Божемните потреби на човекот, а од друга страна Божјите заповеди. Што е за нас најважно? {7C 122.2}

Во нашите санаториуми болните, лекарите, негувателките и работниците треба во сабота да бидат снабдени со храна, како и се кое друго семејство, со најмал можен труд. Меѓутоа, нашите ресто рани не треба да бидат отворени во сабота. Нека работниците бидат уверени дека тој ден ќе им биде даден за да му служат на Бога. Затворената врата во сабота го претвора ресторанот во Божји споменик, споменик кој покажува дека саботата е седми ден и дека во тој ден не треба да се врши никаква непотребна работа. {7C 122.3}

Покажано ми е дека една од главните причини поради кои треба да се отвораат ресторани за здрава храна во големите градови лежи во тоа што на тој начин ќе се сврти вниманието на водечките луѓе кон веста на Третиот ангел. Забележувајќи дека со тие ресторани се управува на начин кој потполно се разликува од начинот на

управување во обичните ресторани, разумните луѓе ќе почнат да се распрашуваат за причините за тие разлики во работните методи и ќе се распрашуваат за начелата кои нè наведуваат да сервираме подобра храна. На тој начин ќе дознаат за веста на ова време. {7C 122.4}

Кога луѓето кои размислуваат ќе видат дека нашите ресторани се затворени во сабота, тие ќе се распрашуваат за начелата кои нè навеле да ја затвориме нашата врата во сабота. Кога ќе им одговараме на прашањата, нам ќе ни се пружи можност да ги запознаеме со причините за нашата вера. Можеме да им дадеме наши списанија и брошури, за да ја сфатат разликата помеѓу оној кој Му служи на Бога и оној кој не Му служи. {7C 123.1}

Не се сите во нашиот народ така грижливи во празнувањето на саботата како што би требало да бидат. Бог да им помогне да се реформираат. Должност на главата на секое семејство е одлучно да застане на страна на послушноста. {7C 123.2}

ЗДРАВА ХРАНА

Куренбонг, Н.С.В., 10. март 1900.

Во текот на минатата ноќ ми беа покажани многу работи. Производството и продажбата на здрава храна ќе бара грижливо размислување пропратено со молитва. {7C 124.1}

Постојат многу умови во многу места на кои Господ ќе им даде знаење за тоа како треба да се подготви здрава и вкусна храна, ако види дека тие ќе го искористат значењето како што треба. Животните сè по веќе заболуваат и нема да помине многу време, а од храната од животинско потекло ќе се откажат многумина кои не се адвентисти на седмиот ден. Треба да се подготви здрава храна која го одржува животот, така што мажите и жените нема да треба да јадат месо. {7C 124.2}

Господ ќе научи многумина во сите краеви на светот, од овошје, житарки и зеленчук да подготвуваат здрава храна која ќе го одржува животот и нема да предизвикува болести. Оние кои никогаш не виделе рецепти за подготовка на здрава храна која сега се наоѓа на пазарот, мудро ќе прават проби со прехранбените продукти од земјата и ќе добијат светлина во врска со употребата на овие производи. Господ ќе им покаже што треба да прават. Оној кој дава вештина и разбирање на Својот народ во еден дел на светот, ќе му даде вештина и разбирање на Неговиот народ и во другите делови на светот. Негова замисла е прехранбените богатства на секоја земја да се подготвуваат така што ќе можат да бидат употребени во земјите за кои се соодветни. Како што им дал небесна мана на Израеловите деца, така Бог сега ќе му даде на Својот народ во разни краеви вештина и мудрост за да може производите во таа земја така да ги употреби во подготовката на храна што тие ќе можат да го заменат месото. Таа храна треба да биде подготвувана во разни земји, бидејќи при преносот од земја во земја таа храна станува толку скапа што сиромашните не можат да ја набават. Другите земји не смеат да зависат од Америка во поглед на снабдувањето со здрава храна. Многу е тешко да се продава увезена стока без финансиски загуби. {7C 124.3}

Оние кои се занимаваат со производство и промет на здрава храна мораат несебично да работат во корист на своите ближни. Доколку луѓето не Му дозволат на Господа да управува со нивниот ум, тие ќе наидат на неискажани тешкотии. Кога Господ ќе му даде на човекот способност и разбирање, тогаш тој човек мора да има на ум дека мудроста не му е дадена само поради Негова корист, туку да може со неа да им помогне на другите. {7C 125.1}

Никој не смее да смета дека ја поседува сета мудрост во поглед на подготовка на здрава храна или дека има исклучиво право да го употребува Господовото богатство во земјата и на дрвата во таа работа. Никој не смее да смета дека може за свое задоволство да го употребува значењето кое Бог му го дал во врска со тоа. „Бесплатно добивте, бесплатно давајте" (Матеј 10:8). {7C 125.2}

Наша мудрост е да подготвуваме едноставна, евтина и здрава храна. Многумина во нашиот народ се сиромашни и треба да се по грижиме за здрава храна чија цена ќе биде таква што ќе можат да ја купуваат и сиромашните. Господ сака и најсиромашните во сите места да бидат снабдени со евтина и здрава храна. Во многу места треба да се основаат индустрии за производство на таква храна. Она што е благослов во едно место, ќе биде благослов и во друго место каде што многу потешко се доаѓа до пари. {7C 125.3}

Бог работи во корист на Својот народ. Тој не сака народот да биде без средства. Тој го враќа народот на исхраната која првобитно му била дадена на човекот. Исхраната мора да се состои од продукти подготвени од материјали кои Бог ги дал. Вообичаено, за таа храна ќе се употребуваат овошјето, житарките и плодовите со тврда лушпа, но ќе бидат употребувани и коренести плодови. {7C 125.4}

При продажбата на тие продукти, треба да се заработува од светот, а не од Господовиот народ. Божјиот народ мора да го издржува Неговото дело, мора да отвора нови полиња и основа нови цркви. На Божјиот народ веќе лежи товарот на многу мисионерски потфати, па, според тоа, на Него не треба да се стават непотребни товари. {7C 126.1}

Во секој момент на потреба, Бог претставува присутна помош за Својот народ. Оние кои подготвуваат рецепти за нашите здравствени списанија, мораат да бидат многу внимателни. Дел од посебно подготвената храна која сега се прави може да се подобри, а исто така треба да се изменат плановите за употреба на истата. Некои претерано употребувале плодови со тврда лушпа. Многумина ми пишуваа: „Не можам да употребувам плодови со тврда лушпа. Што треба да јадам наместо месо?" Една ноќ сонував дека стојам пред група на луѓе и им зборувам дека при подготвувањето на храна претерано употребувале плодови со тврда лушпа, дека храната подготвувана врз основа на извесни рецепти не може да им користи и дека резултатите ќе бидат поволни ако плодовите со тврда лушпа се употребуваат во помала мерка. {7C 126.2}

Господ сака оние кои живеат во земји, каде што можат да набавуваат свежи плодови во поголемиот дел од годината, да бидат свесни за благословите кои лежат во тие плодови. Колку повеќе ја деме свежо овошје кое штотуку е набрано од дрвото, толку благословот ќе биде поголем. {7C 126.3}

Некои откако ја прифатија вегетеријанската исхрана, повторно се вратија на употребата на месо. Тоа навистина е лудост и покажува недостиг на знаење за тоа како треба да се подготвува добра храна, наместо месо. {7C 126.4}

Во Америка и други земји треба да се отвораат училишта за готвење кои ќе бидат под раководство на мудри наставници. Мораме да направиме сè што можеме за да му ја покаеме на народот вредноста на реформата во исхраната. {7C 126.5}

ПРОИЗВОДСТВО НА ЗДРАВА ХРАНА

Св. Елена, Калифорнија, 16. февруари 1901.

Минатата ноќ сонував дека му зборувам на нашиот народ за тоа дека како адвентисти на седмиот ден мораме да негуваме љубов, трпение и вистинска учтивост. Исус ќе ги зајакне водачите на Својот народ ако учат од Него. Божјиот народ мора да се труди да достигне највисок степен на извонредност. Особено здравствените мисионери мораат да покажуваат дека со својот дух, здрави и карактер се угледуваат на Исуса Христа, кој е Божествен Пример за здравствено-мисионерска работа. {7C 127.1}

Најсесрдна желба ми е делото насекаде и на секое место да напредува во склад со Неговите заповеди. Гледам дека пред нас се наоѓаат тешкотии противење како планини, поради начинот на кој сега се работат извесни работи, а особено во поглед на производството на здрава храна. Одејќи по својот пат, ќе најдеме на противење проблеми од човечко потекло кои ќе предизвикаат голема забуна. Сплеткарењето води кон нечесност. {7C 127.2 }

Др. Келог и Неговите соработници со голема вештина и тешки напори изработиле посебна група на производи (здрава храна). Нивен главен мотив бил да му користат на човештвото и Божјиот благослов почивал на нивните напори. Ако се придржуваат до Божјиот совет, ако се угледуваат на Христовиот пример, тие и понатаму ќе напредуваат, зашто Бог дава способност и разбирање на оние кои несебично Го бараат. Здравата храна што ја произведуваат нашите фабрики во многу нешта може да се подобри. Господ ќе ги научи Своите слуги како да подготвуваат поедноставна и поевтина храна. Во тој поглед, Бог ќе поучи многу луѓе ако се придржуваат до Неговиот совет и ако се согласуваат со своите браќа. {7C 127.3}

На нашите браќа во сите земји

Господ ми налои да кажам дека сета светлина за најдобро подготвување на здрава храна не е ограничена на неколку лица. Тој на многу луѓе во разни места ќе им даде способност и вештина кои ќе им овозможат да подготвуваат здрава храна, погодна за земјите во кои живеат. {7C 128.1}

Бог е творец на сета мудрост, сиот разум и сите дарови. Тој ќе го велича Своето име на тој начин што на многумина ќе им даде мудрост за подготовка на здрава храна.

Кога Бог постапува така, подготвувањето на таа нова храна не смее да се смета како повреда на правата на оние кои веќе произведуваат здрава храна, иако во извесна смисла продуктите што ги произведуваат поединци можат да бидат слични. Бог ќе земе обични луѓе и ќе им даде способност и разбирање во употребата на плодовите на земјата. Тој е непристрасен кон Своите работници. Тој не заборава никого. Тој ќе влијае на деловните луѓе кои ја празнуваат саботата да отвораат индустрии во кои ќе ги вработат припадниците на Неговиот народ. Тој ќе ги поучи Своите слуги да подготвуваат поевтина здрава храна која можат да ја купуваат и сиромашните. {7C 128.2}

Во целата наша работа мораме да имаме на ум дека делото на подготовка на здрава храна е Божја своина и дека не треба да биде употребено за финансиски шпекулации поради лично богатење. Тоа е дар кој Бог му го подарил на Својот народ и заработката мора да се употреби во корист на напатеното човештво секаде во светот. {7C 128.3}

Особено во јужните држави на Северна Америка (С.А.Д.) ќе бидат изумени многу работи и создадени многу можности за да можат сиромашните и оние кои имаат потреба да се издржуваат со помош на производство на здрава храна. Под раководство на учителите кои се залагаат за спасение на нивните души, тие ќе научат како да ги одгледуваат и подготвуваат за храна оние нешта кои најуспешно растат во нивниот крај. {7C 128.4}

Зло дело

Некои наши браќа со својата работа нанесоа голема штета на делото. Значењето за методите за производство на здрава храна, кое Бог му го дал на Својот народ за да го употреби како средство за спроведување на Неговата работа, тие луѓе го соопштиле на де ловните луѓе на овој свет, кои тоа познавање го употребуваа поради лично богатење. Оние кои на тој начин ја издале тајната за подготовка на здрава храна, ја злоупотребиле Божјата доверба. Кога ќе ги видат последиците од тоа злоупотребување на довербата, многумина болно ќе се покајат што не се држеле до својот совет (даден на другите) и не причекале Господ да ги поведе Своите слуги и да ги спроведе Своите планови. Некои луѓе кои ќе се здобијат со таа тајна, ќе прават сплетки да го попречат патот на нашата работа на производство на здрава храна и по пат на измами ќе нанесат штета на оние кои кај нив купуваат храна. {7C 129.1}

Бизнисот на производство на здрава храна не треба да се позајмува или краде од оние луѓе кои на тој начин се трудат да го изградат и унапредат Божјото дело. Др. Келог со помош на своите соработници и значителни материјални издатоци го проучил процесот на подготовка на извесни специјални продукти и подготвил скапи инсталации за производство на тие продукти. Таа работа му одзеде голем дел од драгоценото време, бидејќи мораа да бидат извршени многу експерименти. Правилно е оние кои вложиле толкав труд и свои средства да ги берат плодовите од својата работа. Како Господов слуга, др. Келог треба да биде во можност да располага со извесен дел од приходите кои ги донесуваат производите, за да има средства кои ќе се

вложуваат за напредок на Божјото дело кога ќе се укажуваат потреби. Оние кои дознаа за тајната на составот на тие специјални продукти не смеат да ги произведуваат и продаваат поради свое лично богатење. Никој не смее да создава впечаток дека работи во хармонија со оние кои први ги подготвиле тие продукти за продажба, кога тоа всушност не е така. Никој нема право да се занимава со производство на тие продукти на себичен начин. Сите мораме да му се приближиме на Господа и со понизни срца да се трудиме да Го славиме со секоја своја постапка. {7C 129.2}

Должност ми е да ги предупредам оние на кои им се познати методите на производство на специјални здрави продукти кои се произведуваат во нашите фабрики. Тие не смеат да го употребат своето знаење во себични цели или на начин кој погрешно ќе го прикаже Божјото дело. Исто така, тие не треба да го објават тоа знаење на јавноста. Црквите треба да го земат тоа прашање во свои раце и да им покажат на браќата дека таквото однесување претставува злоупотреба на довербата и дека ќе нанесат срам на Божјото дело. {7C 130.1}

Оние кои се и кои биле вработени во делото на производство на здрава храна за прв пат подготвена од Др. Келог, или од било кој друг пионер во тоа дело, нека не им ги обелоденуваат на другите тајните на производство на тие посебни производи; Зошто така тие го закрадуваат делото од она кое би требало да се користи за Негов напредок. Ве молам вас, мои браќа, да ги направите прави патеките за своите нозе, за да куцото не отстрани од патот. Не ја поставувајте информацијата во рацете на оние кои, заради недостаток на совесна почит за здравствената реформа, можат да по стават нечисти артикли на пазарот како здрава храна. {7C 130.2}

Стојте на страната на праведноста во сите ваи трансакции; тогаш вие нема да бидете во неповолна положба пред Бога или човекот. Не започнувајте со никакви нечесни постапки. Оние кои го преземаат производството на нашата здрава храна за лична добивка си земаат слобода на која немаат право. Така е причинета голема збрка. Некои сега произведуваат и продаваат производи за кои се вели дека се здрава храна, но тие содржат нездрави состојки. Повторно, храната е со толку инфериорен квалитет така што е причинета голема штета на делото преку нивната продажба, затоа што оние кои ги купуваат претпоставуваат дека сета здрава храна е слична. {7C 130.3}

Никој нема право да си оствари добивка од деловните аранжмани кои биле извршени во поглед на нашата здрава храна. Оние кои ги произведуваат продуктите кои се измислени од Др. Келог, прво треба да најдат разбирање со Него, или пак со другите кои работат во хармонија со Него, и да ги дознаат најдобрите начини за производство на тие производи. Оној кој себично започнува со оваа работа, а во исто време им става до знаење на муштериите дека профитот од производите кои се продаваат се користат за помош на доброволни цели, кога во реалноста тие се користат за лични интереси, се наоѓа под Божјо незадоволство. По не кое време Неговиот бизнис ќе пропадне, и тој така ќе ги заплетка работите, што Неговите браќа ќе треба ја купат Неговата индустрија за да го спасат делото од срамота. {7C 131.1}

На Господа Му е многу неугодно кога Неговата служба е обесчестена преку себичноста на оние кои се вклучени во неа. Тој сака се кој дел од Неговото дело да биде во хармонија со секој друг дел, спојка поврзана со спојка. {7C 131.2}

Господ сака Неговиот народ да стои многу високо над себичните интереси. Тој сака тие да ги победат искушенијата со кои се сочуваат. Тој повикува за единство на светите. Тој посакува Неговите работници да стојат под Негов надзор. Тој ќе го струга и полира материјалот за Неговиот храм, подготвувајќи го секој дел тесно да си одговара еден со друг, за зданието да може да биде совршено и потполно, без никаков недостаток. {7C 131.3}

Небото треба да започне на земјата. Кога Божјиот народ е испол нет со кротост и нежност, тие ќе сфатат дека Неговото знаме над нив е љубов, и Неговиот плод ќе биде сладок за нивниот вкус. Тие доле на земјата ќе направат небо кое треба да ги подготви за горе на Небото. {7C 131.4}

ОБРАЗУВАЈТЕ ГИ ЛУЃЕТО

Каде и да се објавува вистината, треба да бидат дадени поуки во подготовка на здрава храна. Бог посакува на секое место луѓето да бидат поучени мудро да ги користат продуктите кои можат лесно да се набават. Вешти учители треба да им покажат на луѓето како најдобро да ги искористат продуктите кои тие можат да ги одгледуваат или набават во нивниот дел од земјата. Така сиромашните, како и оние во подобри околности, можат да научат да живеат здраво. {7C 132.1}

Од почетокот на делото на здравствената реформа, ние откривме дека е неопходно да образуваме, образуваме, образуваме. Бог посакува ние да продолжиме со ова дело на образување на луѓето. Ние тоа не треба да го занемариме заради стравот од последиците кои тоа може да го има на продажбата на здравата храна подготвена во нашите фабрики. Тоа не е најважно прашање. Наш дело е да им покаеме на луѓето како тие можат да се здобијат и да подготвуваат најздрава храна, како тие можат да соработуваат со Бога во обновување на Неговиот морален лик во нас. {7C 132.2}

Нашите работници треба да ја практикуваат својата досетливост во подготовката на здрава храна. Никој не треба да се пика во тајните на Др. Келог, меѓутоа сите треба да разберат дека Бог поучува многу умови во многу места да подготвуваат здрава храна. Постојат многу продукти кои, доколку правилно се подготват и комбинираат, можат да се претворат во храна која ќе биде благослов за оние кои не можат да си дозволат да купат од поскапата, посебно подготвена здрава храна. Оној кој во изградувањето на шаторот им дал вештина и разбирање во секаков вид на работа, ќе му даде вештина и разбирање на Својот народ во комбинирање на природните прехранбени артикли, така покажувајќи им како да си обезбедат за себеси здрава храна. {7C 132.3}

Значењето во поглед на подготовката на здрава храна е Божја сопственост и му било дадено на човекот за тој да може да им го предаде на своите ближни. Кажувајќи го тоа јас не мислам на посебните подготовки кои на Др. Келог и на другите им има одземено долго проучување и многу трошоци за сето тоа да го усовршат. Јас посочувам посебно на едноставните подготовки кои сите можат да ги направат за себеси, инструкции кои треба слободно да им бидат дадени на сите кои посакуваат да живеат здраво, а посебно на сиромашните. {7C 133.1}

Божја замисла е во секое место мажи и жени да бидат поттикнати да ги развијат своите таленти преку подготовка на здрава храна од природните артикли од нивниот дел на земјата. Доколку гледаат кон Бога, практикувајќи ја својата вештина и досетливост под водство на Неговиот Дух, тие ќе научат како природните артикли да ги претвораат во здрава храна. Така тие ќе бидат во можност да ги поучуваат сиромашните како за себе да си обезбедат храна која ќе го замени местото на месната храна. Оние кои така ќе бидат помогнати, за возврат можат да ги поучат другите. Таква работа треба допрва да биде извршена со посветена ревност и енергија. Доколку била извршена порано, денес во вистината би имало многу повеќе луѓе и многу повеќе кои можат да пружат инструкции. Ние треба да научиме која е нашата должност, и тогаш да ја извршуваме. Ние не треба да бидеме зависни и беспомошни, чекајќи другите да ја вршат работата која Бог нам ни ја доверил. {7C 133.2}

При употреба на продуктите треба да се придржуваме до здравиот разум. Кога ќе видиме дека извесни продукти не ни одговараат, не е потребно да пишуваме писма и да се распрашуваме за причините поради кои нешто не ни одговара. Изменете ја исхраната; употребувајте извесни продукти во помали количини; обидете се да ги зготвите на поинаков начин. Како разумни човечки суштества треба поединечно да ги проучуваме начелата и да ги користиме своите искуства и расудување при одлучување кои продукти најдобро ни одговараат. {7C 133.3}

Јадењата треба да бидат соодветни на окупацијата што ја имаме и климата во која живееме. Некои јадења можат да бидат соодветни за една земја, а несоодветни за друга. {7C 134.1}

Има луѓе на кои повеќе ќе им користи ако се воздржат од јадење еден или два дена секоја седмица, од било кое лекување или лекарски совети. На таквите луѓе неизмерно ќе им користи ако постат еден ден во седмицата. {7C 134.2}

Покажано ми е дека честопати плодовите со тврда лушпа не се употребуваат мудро, дека се употребува преголем сооднос од тие плодови и дека сите плодови не се подеднакво здрави. Бадемите се покорисни од кикириките, но кикириките во ограничени количини можат да се употребат со житарки, за да се зготви хранливо и сварливо јадење. {7C 134.3}

Маслинките можат така да се приготват за да можат корисно да се употребат при секој оброк. Користа што ја очекуваме од употребата на путер ќе ја добиеме ако јадеме маслинки подготвени како што треба. Маслото во маслинките ја отстранува тврдата столица, а за туберкулозните и за оние кои имаат воспалени и надразнети желудници, подобри се од било каков лек. Маслиновото масло како храна е подобро од било кое животинско масло. {7C 134.4}

За нас е покорисно ако помалку готвиме и ако јадеме повеќе овошје во природна состојба. Ние треба да го поучиме народот да јаде во поголеми количини свежо грозје, јаболки, праски, кајсии, јагоди и друго овошје кое може да се набави. Овошјето треба да се вари за во зима и да се остави, ако тоа е можно, во стаклен, а не во метален сад. {7C 134.5}

Што се однесува до месото, треба да ги воспитуваме луѓето да се откажат од Него. Употребата на месото е штетна за развојот на телесните, умните и моралните сили. Исто така, мораме јасно да сведочиме против употребата на чајот и кафето. Исто така,

добро е да се откажеме од заситените слатки. Млекото, јајцата и путерот не спаѓаат во категоријата на месна храна. Во некои случаи употребата на јајцата е корисна. Не дошло време да се каже дека во целост треба да се откажеме од употребата на млеко и јајца. Има сиромашни семејства чија целосна исхрана се состои од леб и млеко. Тие имаат малку овошје, а не се во можност да купуваат плодови со тврда лушпа. Во ширењето на здравствената реформа и во целата библиска работа мораме да им приоѓаме на луѓето таму каде што тие се наоѓаат. Сè додека не бидеме во можност да ги научиме како да подготвуваат здрава храна, која е вкусна и хранлива, а евтина, не смееме да изнесуваме најнапредни предлози во врска со исхраната која ја препишува здравствената реформа. {7C 134.6}

Реформата во исхраната треба да се развива постепено. Луѓето треба да се научат како се подготвува храна без употреба на млеко или путер. Кажете им дека ќе дојде време кога млекото, јајцата, кај макот или путерот нема да можат да се употребуваат без опасност, бидејќи болестите на животните се шират во сооднос со беззаконието меѓу луѓето. Близу е Времето кога поради беззаконието на паднатиот човечки род, целиот животински свет ќе лелека под товарот на болестите кои претставуваат проклетство за нашата Земја. {7C 135.1}

Бог ќе му даде на Својот народ способност и вештина да подготвува здрава храна без тие работи. Нашиот народ треба да се откаже од сите нездрави рецепти. Тој треба да се научи како да живее на здрав начин и да ги поучува другите за она што знае. Тоа знаење треба да се шири исто така како библиското знаење. Луѓето треба да се поучуваат да го чуваат здравјето и да ги зајакнуваат силите на тој начин што ќе го избегнуваат начинот на готвење кој го исполнил светот со хронични болни. Со зборови и пример покаете им дека храната која Бог му ја дал на Адам во Неговата безгрешна состојба е најдобра храна за човекот кој копнее повторно да се врати во таа безгрешна состојба. {7C 135.2}

Оние кои ги поучуваат начелата на здравствената реформа мораат да имаат знаење за болестите и нивните причини, знаејќи дека секоја постапка на човечкото битие мора да биде во совршен склад со законите на животот. Светлината која Бог ни ја дал за здравствената реформа е наменета за наш спасение и спасение на светот. Мажите и жените треба да бидат известени за човечкото тело, кое нашиот Творец го подигнал за Свој престој и кое по Негова желба мораме да го чуваме како верни повереници. „Зашто вие сте храм на живиот Бог, како што рекол Бог: ‘Ќе се вселам во нив и ќе одам сред нив, и ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ" (2. Коринтјаните 6:16). {7C 136.1}

Воздигнувајте ги начелата на здравствената реформа и пуштете Господ да ги води оние кои се чесни во срцето. Изложувајте ги на челата на умереност во нивниот најпривлечен облик. Делете книги кои содржат поуки за здравиот начин на живеење. {7C 136.2}

Луѓето се во жалосна потреба за светлина која свети од страниците на нашите здравствени книги и списанија. Бог сака да ги употреби тие книги и списанија како средство преку кое зраците на светлина ќе го придобијат вниманието на луѓето и ќе ги наведат да ја послушаат опомената на веста на Третиот ангел. Нашите здравствени списанија се орудија за извршување на посебното дело во ширење на светлината која

жителите на светот мораат да ја примат во овие денови кои Бог ни ги дал за подготовка. Тие вршат силно влијание во корист на здравствената реформа, реформата во умереноста и општествената чистота и ќе бидат од голема корист во изложувањето на тие прашања на народот на исправен начин и во вистинска светлина. {7C 136.3}

Господ ни упатува поука за поука, и ако ги отфрламе тие начела, ние не го отфрламе гласникот кој ги шири, туку Оној кој ни ги дал начелата. {7C 136.4}

Пред очите на народот мора да има реформа, постојана реформа, а ние мораме со свој пример да го зацврстиме нашето учење. Вистинската вера и здравствените закони одат рака под рака. Невозможно е да се работи на спасение на луѓето, а да не им се укаже на потребата да се откажат од грешните уживања кои го уништуваат здравјето, ја понижуваат душата и спречуваат Божествената вистина да влијае на умот. Луѓето треба да се поучуваат внимателно да ја разгледаат секоја навика и секоја постапка и веднаш да се откажат од оние работи кои создаваат нездрава состојба на телото и фрлаат мрачна сенка на умот. Бог сака Неговите светлоносци секогаш високо да го држат знамето (идеалот). Со зборови и пример тие мораат своето совршено знаме да го држат високо над лажното сатанско знаме, кое, ако човекот тргне по Него, води во беда, понижување, болест и смрт на телото и душата. Оние кои научиле како треба да јадат, пијат и да се облекуваат за да го сочуваат здравјето, треба да го пренесат тоа знаење на други. Здравствените начела треба да се проповедаат на сиромашните од практична точка на гледање, за да научат како треба да се грижат за телото кое е храм на Светиот Дух. {7C 137.1}

Отсек Четири

ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

„Подигнете знаме за народите... Кажете и на ќерката Сионска: еве, спасението твое доаѓа" (Исаија 62:10,11)

БОЖЈА ЦЕЛ ВО НАШИТЕ ИЗДВАЧКИ КУЌИ

Сведоци за вистината

„Вие сте мои сведоци, вели Господ," „за да им ја огласам на заробените слободата и на затворениците дека ќе им се отвори затворот, да ја огласам годината на Господовата милост и денот на Божјата одмазда." {7C 138.1}

Нашата издавачка работа отпочна под Божјо раководство и под Негов посебен надзор. Таа работа треба да оствари посебна цел. Бог ги избрал адвентистите на седмиот ден како посебен народ, од вон од светот. Со големиот меч на вистината, Тој

ги отсекол од светот и ги довел во врска со Себеси. Тој ги направил Свои претставници и ги повикал да бидат Негови амбасадори во последното дело на спасението. Најголемото богатство на вистината кое некогаш им е доверено на смртниците, најсвечените и најстрашни опомени кои некогаш му се упатени на човекот, предадени му се на Божјиот народ за да бидат објавени на светот. Во остварување на тоа дело, нашите издавачки куќи спаѓаат во најделотворните орудија. {7C 138.2}

Тие установи треба да бидат сведоци за Бога, учители на праведноста на народот. Од нив треба да се излива светлина како од запалена светилка. Како голема светлина од светилник на опасен брег, издавачките куќи мораат постојано да шират зраци на светлина во темнината на овој свет, за да ги опоменуваат луѓето дека се во опасност која им се заканува со уништување. {7C 138.3}

Публикациите кои излегуваат од нашите печатници треба да го подготват народот да се сретне со Бога. Тие треба во целиот свет да го извршат она дело кое Јован Крстител го извршил за еврејскиот народ. Божјиот пророк со страшни вести на опомена ги пробудил луѓето кои потонале во сонот на овој свет. Преку Него, Бог го повикувал отпаднатиот Израел да се покае. Со изложувањето на вистината, тој укажувал на заблудите на народот. Во спротивност со лажните теории во Негово време, вистината во Неговото учење била вечна извесност. „Покајте се, зашто се приближи небесното царство", гласела Јовановата вест. Денес треба таа иста вест да му се објави на народот по пат на публикации од нашите печатници. {7C 139.1}

Пророштвото кое ја исполнило Јовановата мисија ни укажува на нашата работа: „Пригответе го патот на Господа, и исправете ги Неговите патеки!" (Матеј 3:2,3). Како што Јован го подготвил патот за првото, така ние треба да го подготвиме патот за второто доаѓање на Спасителот. Нашите издавачки институции мораат да ги издигнуваат барањата на Божјиот закон кој е фрлен под нозе. Издигнувајќи се пред светот како реформатори, тие треба да покажат дека Божјиот закон е темел на секоја трајна реформа. На јасен и разбирлив начин мора да се истакне потребата од послушност на сите Негови заповеди. Гонети од Христовата љубов, тие мораат да соработуваат со Него во изградбата на старите запуштени места, полагајќи ги темелите на многу поколенија. Тие треба да стојат како обновители на урнатини, градители на патишта за населби. Преку нивното сведоштво, саботата од четвртата заповед мора да стои како сведок, како постојано потсетување за Бога, за да го привлече вниманието и да предизвика распрашување кое ќе го насочи човечкиот ум кон Неговиот Творец. {7C 139.2}

Никогаш не треба да се заборави дека тие установи мораат да соработуваат со службата на небесните делегати. Тие спаѓаат во застапниците кои ги претставува ангелот кој лета „посреде Небото, имајќи вечно евангелие, за да им го проповеда на жителите на земјата, на секое племе и колено, јазик и народ и зборуваше со силен глас: 'Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд" (Откровение 14:6,7). {7C 139.3}

Од нив треба да се слушне страшно осудување: „Падна, падна големиот Вавилон, кој ги напои сите народи со страсното вино на своето блудство" (Откровение 14:8). {7C 140.1}

Нив ги претставува Третиот ангел кој иде велејќи „со силен глас: ‘Ако некој му се поклони на sверот и на Неговиот лик и прими белег на своето чело или на својата рака, тој ќе пие од виното на Божјиот гнев" (Откровение 14:9-10). {7C 140.2 }

Со посредство на нашата издавачка дејност во голема мера треба да се изврши делото и на оној ангел кој доаѓа од небото со голема сила и кој со својата слава треба да ја осветли целата земја. {7C 140.3}

Свечена е одговорноста која почива на нашите издавачки куќи. Оние кои управуваат со тие установи, оние кои уредуваат списанија и подготвуваат книги, стоејќи во светлината на Божјата цел, по викани да ја објават опомената на светот, одговорни се пред Бога за душите на своите ближни. За нив, како и за проповедниците на Речта, важи пораката која Бог му ја дал на Својот пророк во минатото: „И Тебе, сине човечки, те поставив за стражар на Израелевиот дом: кога ќе чуеш слово од Мојата уста, опомени ги во Мое име. Ако му речам на безбожникот: ‘Безбожнику, ќе умреш!’ - а ти не проговориш и не го опоменеш безбожникот за да се врати од својот лош пат, безбожникот ќе умре заради својот грев, ама Неговата крв ќе ја барам од твојата рака" (Езекиел 33:7,8). {7C 140.4}

Никогаш порано оваа вест не била толку апликативна како што е тоа случај денес. Светот сè повеќе ги презира Божјите барања. Луѓето стануваат смели во престапите. Беззаконието на жителите на светот речиси ја исполнило мерката на нивната безбожност. Земјата речиси дошла до точката на која Бог ќе му дозволи на рушителот да ја изврши својата волја. Спроведувањето на човечките закони наместо Божјите закони, празнувањето на неделата наместо библиската сабота врз основа на човечка одлука - тоа е последен чин на драмата. Бог ќе се открие Себеси кога таа замена ќе стане сеопшта. Тој ќе стане во Својата величественост за ужасно да ја потресе земјата. Тој ќе излезе од Своето место за да ги казни жителите на светот поради нивното беззаконие и земјата ќе ја открие својата крв и нема веќе да ги покрива своите убиени. {7C 141.1}

Наскоро, многу наскоро, засекогаш ќе се одлучи големата борба која сатаната ја предизвикал во небесните дворови. Наскоро сите жители на Земјата ќе ги заземат своите страни, за или против небесното владеење. Сатаната сега како никогаш порано ја употребува својата моќ на измама за да ја заведе и уништи секоја невнимателна душа. Ние сме повикани да го пробудиме народот да се подготви за најголемиот настан кој му претстои. Мораме да ги предупредиме оние кои стојат на самиот раб на пропаста. Божјиот народ мора да ги вложи сите свои сили за да се бори против сатанските лаги и за да ги сруши Неговите тврдини. По целиот свет, на секое човечко суштество кое сака да слуша, мораме да му ги објасниме начелата кои се изложени на ризик во големата борба - начела од кои зависи вечната судбина на душата. На луѓето кои се близу и далеку, мораме да им го поставиме прашањето: „Одите ли по големиот отпадник во непослушност на Божјиот закон, или го следите Божјиот Син, кој објавил: ‘Ги држев заповедите на Мојот Татко’? {7C 141.2}

Тоа е делото кое ни претстои; затоа се основани нашите издавачки куќи; тоа е делото кое Бог го очекува од нивните раце. {7C 142.1}

Прикажување на христијанските начела

Ние не треба само да ја објавуваме теоријата на вистината, туку практично да ја прикажеме во карактерот и животот. Нашите издавачки установи треба да стојат пред светот како олицетворение на христијанските начела. Ако тие установи ги исполнуваат Божјите намери, тогаш во нив Христос се наоѓа на чело на работните сили. Светите ангели ја надгледуваат работата во сите одделенија. Сè што се прави во сите правци мора да го носи печатот на Небото и да го покажува совршенството на Божјиот карактер. {7C 142.2}

Бог одредил Неговото дело да му се изложи на светот на разбирлив и свет начин. Тој сака Неговиот народ со својот живот да ја по каже предноста на христијанството над световноста. Преку Него вата благодат нам ни е целосно овозможено во сите наши деловни трансакции да ја демонстрираме супериорноста на небесните принципи над принципите на светот. Ние треба да покаеме дека работиме на повисоко ниво од тоа на луѓето од овој свет. Во сите работи ние треба да манифестираме чистота на карактерот, за да докажеме дека оние кои ја примаат вистината и кои ќе ѝ се покорат, стануваат Божји синови и ќерки, деца на небесниот Цар и дека како такви се чесни во своите постапки, верни, вистинити и исправни, како во ситни, така и во крупни работи во животот. {7C 142.3}

Бог сака совршенството на Неговиот карактер да се одразува во секоја наша, па дури и механичка работа. Бог сака во сè што се прави во Неговата служба да се внесе точност, способност, подготвеност, мудрост и совршенство кои ги барал при подигањето на земниот шатор. Секоја работа што ја вршат Неговите слуги мора во Неговите очи да биде толку чиста и драгоцена како што биле златото, темјанот и смирната кои во својата искрена, нерасипана вера ги донеле мудреците од исток на малото дете - Спасител. {7C 142.4}

Според тоа, Христовите следбеници во својот деловен живот треба да бидат светлоносци на светот. Бог не бара од нив да се трудат да блескаат. Тој не ги одобрува вообразените обиди да се покаже поголема добрина. Тој сака нивните души да бидат исполнети со небесните начела и тогаш кога тие ќе дојдат во допир со светот, да ја откријат светлината што им е дадена. Нивната чесност, исправност и непоколеблива верност во секоја животна постапка ќе бидат средства за ширење на светлина. {7C 143.1}

Божјото царство не доаѓа со надворешен сјај. Тоа доаѓа преку кроткоста на Вдахновението на Неговата Реч, преку внатрешното дејство на Неговиот Дух, преку заедништвото на душата со Оној кој е нејзин живот. Најголема манифестација на моќта на Божјото царство се гледа во човечката природа која е доведена до совршенство на Христовиот карактер. {7C 143.2}

Богатство или положба, скапи градби или мебел не се суштински за напредок на Божјото дело, како што не се ни достигнувањата на кои луѓето ќе ракоплескаат и ќе удоволуваат на суетата. Световното покажување, колку и да е импресивно, нема никаква вредност во Божјите очи. {7C 143.3}

Иако наша должност е да копнееме за совршенство во надворешни работи, секогаш мораме да имаме на ум дека тоа не е наша најглавна цел. Таа цел мора да се

потчини за повозвишени цели. Над она што е видливо и минливо Бог го вреднува она што е невидливо и вечно. Она првото има вредност само како одраз на ова второто. Најодбраните уметнички дела не поседуваат убавина која може да се спореди со убавината на карактерот кој е плод на дејствувањето на Светиот Дух во душата. {7C 143.4}

Кога Бог на овој свет му го дал Својот Син, Тој ги обдарил човечките суштества со неминливи богатства според кои богатствата што ги собирал човекот од почетокот на светот не претставуваат ништо. Христос дошол на Земјата и истапил пред синовите човечки со на собраната љубов на вечноста и тоа богатство мораме, преку нашата поврзаност со Него, да го примиме, откриеме и да им го дадеме на другите. {7C 143.5}

Нашите установи ќе дадат белег на Божјото дело во склад со по светената верност на работниците - по пат на откривање на моќта на Христовата благодат да го преобрази животот. Ние мораме да се разликуваме од светот, бидејќи Бог го ставил Својот печат на нас, бидејќи Тој во нас го манифестира сопствениот карактер на љубовта. Нашиот Спасител нè покрива со Својата праведност. {7C 144.1}

Кога одбира мажи и жени за својата служба, Тој не прашува дали тие поседуваат образование, дар на говорништво или светски богатства. Тој прашува: „Одат ли тие во таква понизност за да можат да ги научам на Моите патишта? Можам ли да ги ставам Моите зборови на нивните усни? Дали тие ќе Ме застапуваат?" {7C 144.2}

Бог може да го употреби секое лице во оној сооднос во кој Неговиот Дух престојува во храмот на душата. Тој го прифаќа она дело кое го одразува Неговиот лик. Неговите следбеници мораат да но сат неизбришливи карактеристики на Неговите бесмртни начела како полномоштва пред светот. {7C 144.3}

Мисионерски посредства -агенти

Нашите издавачки куќи се Божји одредени центри и преку нив треба да се изврши делото чија големина сè уште не ја увидуваме. Тие сè уште не ни допреле поедини гранки на дејноста во кои Бог бара нивна соработка. {7C 144.4}

Како што веста на вистината напредува на нови полиња, Божја намера е постојано да напредува делото на основање на нови центри. Неговиот народ во цел свет мора да подига споменици на Неговата сабота - знак помеѓу Него и нив дека Тој ги посветил. Издавачки куќи мора да се основаат на разни точки во мисионерските земји. Да се даде белег на делото, да се формираат центри на напори и влијанија, да се привлече внимание на луѓето, да се развијат таленти и способности на верниците, да се соединат нови цркви, да се поддржат напорите на работниците на тој начин што ќе им се овозможи полесна комуникација со црквите и побрзо ширење на вести - сите овие и многу други работи молат за основање на издавачки центри во мисионерските полиња. {7C 144.5}

Должност и привилегија на нашите постоечки установи е да учествуваат во тоа дело. Тие установи се основани преку самопожртвување. Нив ги подигнале пожртвуваните дарови на Божјиот народ и несебичниот труд на Неговите слуги. Бог

сака тие да покажат ист дух на самопожртвување и да извршат исто дело во помагање при основање на нови центри на други полиња. {7C 145.1}

За установите, како и за поединците ваи истото правило: Тие не смеат да станат себични. Кога една установа е основана и кога стекнала сила и влијание, таа не смее постојано да копнее да стекнува поголеми зданија или опрема за себе. За секоја установа, како и за секој поединец, ваи правилото дека добиваме за да даваме. Бог ни дава за да можеме да даваме. Штом една установа застанала на свои нозе, таа мора да се труди да им помогне на другите Божји установи кои се во поголема потреба. {7C 145.2}

Тоа е во склад со начелата на законот и на евангелието - начелата прикажани во Христовиот живот. Најголем доказ за искреноста на нашето тврдење дека сме покорни на Божјиот закон и дека сме верни на нашиот Откупител е несебичната, пожртвувана љубов кон нашите ближни. {7C 145.3}

Славата на евангелието се состои во тоа што таа се заснова на начелото на воспоставување на Божествениот лик во паднатиот човечки род по пат на постојана добродушност. Бог ќе му оддаде чест на тоа начело каде и да е тоа манифестирано. {7C 146.1}

Оние кои се угледуваат на Христовиот пример на самооткажување поради вистината, оставаат силен впечаток на светот. Нивниот пример е убедлив и заразлив. Луѓето гледаат дека во Божјиот народ постои онаа вера која дејствува преку љубовта и ја чисти душата од себичноста. Во животот на оние кои се покоруваат на Божјите заповеди, луѓето на овој свет гледаат убедлив доказ дека Божјиот закон е закон на љубовта кон Бога и човекот. {7C 146.2}

Божјото дело мора секогаш да биде знак на Неговото добродетелство. Ако тој знак се забележува во работата на нашите установи, тој ќе ја придобие довербата на народот и ќе привлече средства за поддржување на напредокот на Божјото царство. Господ ќе го повлече Својот благослов ако се покажат себични настојувања во било која фаза од делото. Но, Бог ќе му даде на Својот народ во целиот свет средства ако тие се употребуваат за подигање на човештвото. Ќе стекнеме искуства од апостолските денови ако со сето срце го прифатиме Божјото начело на добродушност, ако во сите работи се согласиме да се потчиниме на водството на Неговиот Свет Дух. {7C 146.3}

Училишта за обучување на работници

Нашите установи треба да бидат мисионерски посредства во највозвишена смисла на тој збор, а вистинската мисионска работа секогаш почнува со оние кои се најблиски. Во секоја институција постои мисионерска работа која треба да биде извршена. Почнувајќи од управителот, па до најскромниот работник, сите треба да чувствуваат одговорност за необратените во нивната средина. Тие мораат да вложуваат сесрдни напори за да ги приведат кон Христа. Благодарение на тие напори ќе придобиеме многумина и тие ќе станат верни и вистинити во Божјата служба. {7C 146.4}

Кога нашите издавачки куќи ќе ги преземат на себе товарите на мисионските полиња, тие ќе ја увидат потребата од пошироко и потемелно образование на

работниците. Тие ќе сфатат дека располагаат со драгоцени средства за таа работа и ќе ја увидат потребата за оспособување на работниците не само за работа во нивниот делокруг, туку и за пружање на делотворна помош на установите на нови полиња. {7C 147.1}

Бог сака нашите издавачки куќи да бидат успешни воспитни учи лита и на деловно, и на духовно поле. Управителот и работниците мораат да имаат на ум дека Бог бара совршенство во сите работи кои се поврзани со Неговата служба. На тоа треба да бидат поучени сите оние кои стапуваат во нашите установи. На сите треба да им се пружи можност да се здобијат со најголема можна ефикасност. Сите треба да се запознаат со разните гранки на делото за, ако бидат повикани на друго поле на работа, да поседуваат општо знаење и да бидат во состојба да вршат разновидни должности. {7C 147.2}

Учениците треба да добијат таква обука за да можат, по извесно време поминато во институцијата, да бидат подготвени со разбирање да се фатат за различни аспекти од печатарската работа, давајќи му сила на Божјото дело преку најдобра употреба на сите свои сили, пренесувајќи им го на други тоа знаење што го стекнале. {7C 147.3}

На сите работници треба да им се укаже на фактот дека мораат да се оспособат не само за работа на деловен план, туку и за вршење на духовни должности. Секој работник мора да го сфати значењето на личната поврзаност со Христа, личното искуство во поглед на Христовата спасоносна моќ. Работниците треба да се воспитаат онака како што била воспитана младината во пророчките училишта. Бог треба да го обликува нивниот ум преку избрани застапници. Сите мораат да добијат обука на библиско поле, за да се вкоренат и втемелат на начелата на вистината, за да се држат за Господовите патишта и да творат правда и суд. Мораат да се вложуваат сите можни напори за да се разбуди и поттикне мисионскиот дух. Работниците мораат да имаат свест за возвишената должност која им е доверена во ова последно дело на спасение - да бидат употребени од Бога како Негова рака помошничка. Сите мораат да се научат да работат за други, залагајќи се за душите таму каде што тие се наоѓаат. Сите мораат да се научат да бараат поуки во Божјата Реч за сите гранки на мисионска работа. И кога ќе им биде соопштена Господовата Реч, таа ќе им ги исполни нивните умови со предлози за работа во полињата на таков начин, што сите делови на Божјото лозје ќе му дадат на Господа најголем придонес. {7C 147.4}

Остварување на Божјата цел

Христос посакува со полнотата на Својата сила толку да го за сили Својот народ, така што преку Него целиот свет ќе биде опкружен со атмосфера на благодат. Кога Неговиот народ со цело срце ќе му се потчини на Бога - таа цел ќе биде остварена. Господ им ги упатува следниве зборови на оние кои се во врска со Неговите уста нови: „Очистете се, вие кои ги носите Господовите садови" (Исаија 52:11). Во сите наши установи себичноста мора да отстапи место на несебичната љубов и залагање за душите, блиски и далечни. Тогаш светото масло ќе се излее од две маслинови гранки во златни цевчиња, кои себеси ќе се испразнат во садови подготвени да примат. Тогаш

животот на Христовите работници навистина ќе биде одраз на вистината на Неговата Реч. {7C 148.1}

Секоја установа ќе биде проткаена со љубов и Божји страв, со чувство на Неговата добрина и светост. Во секое одделение ќе владее атмосфера на љубов и мир. Секој изговорен збор, секое извршено дело ќе врши влијание кое одговара на небесното влијание. Христос ќе престојува во човештвото, а човештвото ќе престојува во Христа. Во целото дело нема да се забележува обележјето на ограниченият човек, туку обележјето на бескрајниот Бог. Божественото влијание на светите ангели ќе дејствува на душите на оние кои доаѓаат во допир со работниците. Тие работници ќе шират мирисно влијание. {7C 148.2}

Кога ќе бидат повикани да стапат на нови полиња, така воспитаните работници ќе истапат како претставници на Спасителот, способни да бидат корисни во Неговата служба, и со зборови и пример, на другите да им предадат знаење за вистината на ова време. Доброто ткиво на карактерот, проткаено со помош на Божествена сила, ќе добие светлина и слава од Небото и ќе биде пред светот сведок кој укажува на престолот на живиот Бог. {7C 149.1}

Тогаш делото ќе напредува цврсто и со двојна сила. На работниците на сите полиња ќе им биде дадена нова сила. Публикациите како Божји гласници ќе носат печат на Вечниот. Зраците на светлина од небесното светилиште ќе ја осветлуваат драгоцената вистина која тие ја објавуваат. Тие како никогаш порано ќе имаат сила во душата да пробудат уверување за гревот, да предизвикаат глад и жед за праведност, да создадат желба за работи кои не се минливи. Луѓето ќе дознаат за помирувањето заради беззаконието и за вечната правда која Месијата ја донел преку Својата жртва.

Многумина ќе бидат доведени да учествуваат во славната слобода на Божјите синови и ќе стојат со Божјиот народ да го поздравуваат скорото доаѓање на нашиот Господ и Спасител во сила и слава. {7C 149.2}

НАШАТА ВЕРСКА ЛИТЕРАТУРА

Моќта и делотворноста на нашата работа во голема мерка зависат од карактерот на литературата која излегува од нашите печатници. Според тоа, потребна е голема грижа при изборот и подготовката на делата кои ќе излезат пред светот. Потребна е најголема внимателност и моќ на разликување. Нашата сила треба да биде посветена на објавување на литература со најчист квалитет и нај возвишен карактер. Нашите списанија мораат да бидат исполнети со вистина која е од витално, духовно значење за народот. {7C 150.1}

Бог го ставил во нашите раце знамето на кое се испишани зборовите: „Тука е трпението на светите; тука се оние кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса" (Откровение 14:12). Тоа е одредена, вест која одвојува, и која не треба да се даде во неизвесен тон. Таа мора да го одвои народот од скриениот сад кој не држи вода и да го доведе до непресушниот Извор на вода на животот. {7C 150.2}

Цел на нашите публикации

На нашите публикации лежи најсвета должност да ја излошат духовната основа на нашата вера јасно, разбирливо и едноставно. Насекаде луѓето се одлучуваат за оваа или онаа страна. Сите се групираат или под знамето на вистината и праведноста, или под знамето на отпадничките сили кои се борат за превласт. Во ова време Божјата вест мора да му се изложи на светот со таква нагласеност и моќ, така што луѓето ќе бидат донесени лице со лице, ум со ум, срце со срце со вистината. Луѓето мораат да ја видат надмоќта на вистината над многубројните заблуди кои го притискаат својот пат за публицитет, за ако е можно, да ја отфрлат Божјата Реч за ова свечено време. {7C 150.3}

Големата цел на нашите публикации е да го воздигнуваат Бога, да обратат внимание на луѓето на живите вистини на Неговата Реч. Бог бара од нас да го издигнеме знамето на Неговата вистина, а не нашето знаме, не знамето на овој свет. {7C 151.1}

Само ако така постапуваме, Бог ќе ни ја пружи Својата рака на помош. Погледнете како Бог постапувал со Својот народ во минатото. Забележете како, додека тие го носеле Неговото знаме, Тој го издигнувал пред непријателот. Меѓутоа, кога народот, воздигнувајќи се себеси, отстапил од верноста, кога ги издигнувал силата и начелата кои се спротивни на Бога, тој навлекол на себе пропаст и пораз. {7C 151.2}

Размислете за Даниеловиот став. Кога бил повикан да излезе пред Навуходоносор, Данил не се колебал да го признае изворот на својата мудрост. Дали отвореното признавање на Бога го намалило Даниеловото влијание во царскиот дворец? - Ни најмалку. Тоа била тајната на Неговата моќ, таа му издејствувала наклонетост на вавилонскиот владетел. Во Божјо име, Данил му ја соопштил на царот небесната вест на поука, опомена и укор, и не бил отфрлен. Божјите работници денес треба да го читаат одлучното, смело сведоштво на Данил и да се угледаат на Неговиот пример. {7C 151.3}

Човекот прави најголема лудост кога се труди да заслужи призна ние и почит од светот на тој начин што макар и во најмала мерка ги жртвува верноста и почитта кон Бога. Кога ќе дојдеме во ситуација да Бог не може да соработува со нас, нашата сила ќе се претвори во слабост. Сè што е некогаш направено поради воспоставување на Божјиот лик во човекот, остварено е благодарение на тоа што Бог е продуктивност на работникот. Само Неговата сила може да го исцели телото, да му даде животна сила на умот и да ја обнови душата. Во нашата издавачка работа, како и во сите други гранки на работа и христијански живот, ќе се покаже вистинитоста на Христовите зборови: „Без Мене не можете да направите ништо" (Јован 15:5). {7C 151.4}

Бог им дал на луѓето бесмртни начела на кои еден ден ќе се поклони сета човечка сила. Тој нè повикува со зборови и пример да му укажеме на светот на тие начела. Оние кои Го слават со верно исполнување на Неговата Реч, ќе остварат величествени резултати. Многу значи да се придржуваме до тие начела кои ќе живеат и во вечноста. {7C 152.1}

На работниците им е потребно лично искуство

Уредниците на нашите списанија, учителите во нашите училишта, претседателите на нашите конференции - сите тие мораат да се на појат чиста вода од водата на животот. Сите мораат поцелосно да ги сфатат зборовите кои нашиот Господ ѝ ги упатил на Самарјанката: „Кога би знаела за Божјиот дар и Кој е Оној што ти вели: 'Дај ми да пијам,' ти би побарала од Него и Тој би ти дал жива вода." Жената му одговори: 'Нема со што да нацрпиш, господине, а кладенецот е длабок! Тогаш, од каде имаш жива вода? Зар си Ти поголем од нашиот татко Јаков, кој ни го даде кладенецот? И тој самиот пиеше од Него, и Неговите синови, и Неговиот добиток!' Исус ѝ рече: 'Секој кој пие од водава, пак ќе ожедни. А кој пие од водата што Јас ќе му ја дадам нема да ожедни довека, туку водата што ќе му ја дадам, ќе стане во Него извор на вода, извирајќи во вечен живот" (Јован 4 10-14). {7C 152.2 }

Господовото дело мора да се разликува од обичните животни работи. Тој вели: „И ќе ја свртам против Тебе раката Своја за да ја отстранам твојата троска, за да ја отстранам од Тебе секоја смеса; и пак ќе поставам судии како некогаш, советници како во почетокот; тогаш ќе те викаат град на праведноста, верен град. Праведен суд ќе го откупи Сион, а праведноста Неговите обратеници" (Исаија 1:25-27). Тие зборови се полни со значење. Тие содржат поука за сите кои ја вршат должноста на уредник. {7C 152.3}

Следниве зборови на Мојсеј содржат длабоко значење: „Ароновите синови Надав и Авид ја зедоа секој својата кадилница; ставија оган во нив и положија темјан во Него и принесоа пред Господа туѓ оган, иако тоа Тој не им беше заповедал. Тогаш излезе оган од Господа и ги изгоре, и тие умреа пред Господовото лице. Тогаш Мојсеј му рече на Арона: 'Тоа е она за што зборуваше Господ, кога рече: Свет ќе Сум преку оние кои ми се приближуваат и ќе се прославам пред целиот народ'" (Левитска 10:1-3). Овие зборови содржат поука за сите оние кои се занимаваат со материјали кои излегуваат од нашите издавачки установи. Светите работи не смеат да се мешаат со обичните работи. Списанијата кои ги примаат многу луѓе треба да содржат подрагоцени поуки од оние кои денес ги објавуваат обичните списанија. „Што е сламата во однос на житото?" (Еремија 23:28). {7C 153.1}

Нам ни е потребно чисто жито, целосно просеано. „Зашто Господ ми рече вака кога ме фати со раката и кога ме опомена да не одам по патот по кој оди овој народ, велејќи: 'Не наречувајте го завера сè она што овој народ го вика завера и не плашете се. Господ над Воинствата - единствено Тој нека ви биде свет; бојте се единствено од Него, нека ве проникне стравот од Него... Врзи го ова сведоштво, запечати го законот меѓу Моите ученици... Закон и сведоштво барајте. Ако не зборуваат според ова слово, во нив нема светлина" (Исаија 8:11-20). {7C 153.2}

Обраќам внимание на сите наши работници на шестото поглавје од Исаија. Прочитајте што дожвеал Божјиот пророк кога го видел Господа „седнат на висок и воздигнат престол. Скутовите на Неговата плетеница го исполнија целиот храм... Реков: 'Тешко Мене, пропаднав, зашто сум човек со нечисти усни, живеам во народ со нечисти усни, а моите очи го видоа Царот, Господ над војските!' Еден од серафимите долета кон Мене: во рацете имаш жар што го зеде со клешти од жртвеникот, се допре

со неа до мојата уста и рече: ‘Ете, тоа се допре до Твоите усни, беззаконието ти е симнато и гревот очистен.’ Тогаш го чув Господовиот глас: ‘Кого да испратам? И кој ќе ја однесе нашата порака?’ Јас реков: ‘Еве ме, испрати ме Мене!" (Исаија 6:1-8). {7C 153.3}

Такво искуство им е потребно на оние кои работат во нашите установи. Постои опасност дека нема да одржат жива вера со Бога, дека нема да бидат посветени од вистината. На тој начин губат поим за моќта на вистината, ја губат способноста да прават разлика помеѓу она што е свето и она што е обично. {7C 154.1}

Драги браќа на одговорни положби, нека Господ ги помаже не само вашите очи за да можете да видите, туку да влее во вашите срца свето масло кое се излева од две маслинови гранки преку златни цевки во златен сад за светилките на светилиштето. „Та Бог на нашиот Господ Исус Христос, Таткото на славата, да ви даде дух на мудрост и откровение во вистинското познавање на Него; и да ги избистри очите на вашето срце, за да знаете каква е надежта на Неговото повикување... и колку е преголема Неговата сила кон нас, кои веруваме според дејствувањето на Неговата моќна сила" (Ефесјаните 1:17-19). {7C 154.2}

Како верни домаќини, пружете храна навремено на Божјото семејство. Изнесувајте ја вистината на народот. Постапувајте како да ве набљудува целата небесна вселена. Немаме време за губење - ниту еден момент. Пред нас се наоѓаат значајни прашања и ние мораме да се сокриеме во пукнатината на карпата за да го гледаме Исуса и за да нѐ оживее Неговиот Свет Дух. {7C 154.3}

Што треба да се објавува

Нашите списанија треба да бидат посветени на објавување на живи, сериозни прашања. Секоја статија треба да биде полна со мисли кои издигнуваат и облагородуваат, мисли кои ќе му пружат на читателот помош, светлина и сила. Сега треба повеќе од било кога да ја поттикнуваме семејната вера, семејната светост. Ако некогаш еден народ морал да оди пред Бога како што одел Енох, тогаш така треба да одат адвентистите на седмиот ден, покажувајќи ја својата искреност со чисти зборови, јасни и полни со сочувство, нежност и љубов. {7C 155.1}

Има моменти кога се потребни зборови на опомена и укор. Оние кои не застраниле од правиот пат мораат да се предупредат на опасноста на која се излагаат. Ним мора да им се даде вест која ќе ги пробуди од дремката која ги зафатила нивните сетила. Мора да се изврши морално обновување, инаку душите ќе пропаднат во нивните гревови. Речта на вистината треба, како меч со две острици, да си пробие пат до срцето. Упатувајте повици кои ќе го освестат безгрижниот и кои лесноумните, застранети умови ќе ги врати кај Бога. {7C 155.2}

Мора да се придобие вниманието на народот. Нашата вест е животен мирис за живот, или смртен мирис за смрт. Во прашање е суд бината на душата. Мора да се слушне силен глас кој ќе ги изговара зборовите: „Ако е Господ Бог, следете Го, ако е Ваал, следете го Него" (1. Цареви 18:21). {7C 155.3}

Истовремено не треба да се дозволи под никакви околности ни што слично на груб, осудувачки дух. Нека нашите списанија не со држат остри удари, огорчени критики или сарказам кој создава болка. Сатаната речиси успеал да ја прогони Божјата вистина од светот и ликува кога оние кои тврдат дека се поборници на вистината, покажуваат дека не се под влијание на вистината која ја потчинува и посветува душата. {7C 155.4}

Писателите кои соработуваат со нашите списанија треба што помалку да пишуваат за спротивставувањето и доказите на противникот. Во целата наша работа мораме да ја изнесуваме вистината наспроти лагата. Ставајте ја вистината наместо сите лични алудирања, посочувања или навреди. Занимавајте се само со она што има вредност на Небото. Употребувајте го само она што носи на себе слика и Божји печат. Истакнувајте нова и убедлива вистина за да ја оневозможете и отфрлите заблудата. {7C 156.1}

Бог сака секогаш да бидеме сталожени и трпеливи. Како и да постапуваат другите, ние мораме да го претставуваме Христа, постапувајќи онака како би постапувал Тој во слични прилики. Силата на нашиот Спасител не лежела во силен аранжман на остри зборови. Тој ги освојувал срцата со Својата добрина, со Својот несебичен, скромен дух. Тајната на нашиот успех лежи во тоа да покажуваме ист таков дух. {7C 156.2}

Единство

Оние кои му се обратуваат на народот преку нашите списанија, мораат меѓу себе да го сочуваат единството. Во нашите публикации не смее да има нешто што потсетува на неслога. Сатаната се когаш се труди да предизвика неслога, зашто добро знае дека на тој начин може да го попречува Божјото дело. Ние не треба да им дадеме место на Неговите замисли. Христос вака се молел за Своите ученици: „За да бидат сите едно; како што си Ти, Татко, во Мене, и Јас во Тебе, така и тие да бидат едно во Нас, за да поверува светот дека Ти си ме пратил" (Јован 17:21). Сите вистински Божји работници ќе работат во склад со оваа молитва. Залагајќи се за на предок на Божјото дело, тие ќе го покажуваат ова единство во чувствата и делата кои откриваат дека се Божји сведоци, дека се љубат еден со друг. Во светот кој е растргнат со неслога и кавга, нивната љубов и слога ќе сведочат дека се во врска со Небото. Тоа е убедлив доказ за Божественото обележје на нивната мисија. {7C 156.3}

Излагање на искуства

На уредниците на нашите списанија им е потребна соработка со нашите работници на терен и со нашиот народ, близок и далечен. Нашите списанија треба да содржат прилози на работници од сите делови на светот, статии во кои се излага живо искуство. Нам не ни се потребни романси. Меѓутоа, во секојдневниот живот има вистински настани кои, ако се раскажат во кратки статии и со едноставни зборови, повеќе ќе ги воодушеват луѓето од романите, а истовремено ќе бидат многу корисни за стекнување

на христијанско искуство и за практична мисионска работа. Ние бараме вистина, цврста вистина, од посветени мажи, жени и младина. {7C 157.1}

Вие кои го љубите Бога, вие кои сте стекнале драгоцено искуство и кои ја познавате живата стварност на вечниот живот, запалете го пламенот на љубовта и светлината во срцата на Божјиот народ. Помогнете му да се соочи со животните проблеми. {7C 157.2}

Статиите кои доаѓаат во рацете на илјадници читатели треба да бидат одраз на чистота, возвишеност и посветеност на телото, духот и душата на оној кој ги пишува. Под контрола на Светиот Дух, перото треба да се користи како средство да се сее семе за вечен живот. Нашите списанија треба да го објавуваат само она што е на вистина од вредност. Пишувајте во нив за работи кои се од вечно значење. Бог нè повикува на гората да разговараме со Него, и кога по пат на верата ќе го согледаме Оној кој е невидлив, нашите зборови навистина ќе бидат животен мирис за живот. {7C 157.3}

Вест за ова време

Сите мораат повеќе да поучуваат, пишуваат и објавуваат во поглед на оние работи кои треба сега да се исполнат и кои се значајни за вечно добро на душата. Дајте им храна на старите и младите, светите и грешните. Без одлагање треба да се изнесе сè она што може да се каже за да се пробуди црквата од своето дремење. Не треба да се губи време на оние работи кои не се битни и кои немаат врска со сегашните потреби на народот. Прочитајте ги првите три стиха од Откровението и ќе видите каква работа се бара од оние кои тврдат дека веруваат во Божјата Реч: {7C 157.4}

„Откровение на Исуса Христа, што Бог Му го даде, за да им по каже на Своите слуги, што треба да стане скоро, и Тој го прати и даде преку симболи тоа преку Својот ангел при Својот слуга Јован, кој го посведочи Божјото Слово и сведоштвото на Исуса Христа и сè што виде. Блажен е кој чита и Блажени се кои ги слушаат зборовите на пророштвото и го пазат напишаното во Него, зашто Времето е близу" (Откровение 1:1-3). {7C 158.1}

Објавување на книги

Повеќе време треба да се посвети на објавување и ширење на книги кои ја содржат сегашната вистина. Обрнете внимание на книгите кои се посветени на практичната вера и побожност и на книгите во кои се изложува пророчката реч. Луѓето мораат да научат да ја читаат вистинитата реч на пророштвото во светлината на живото пророштво. Тие мораат да знаат дека се исполнуваат знаците на Времето. {7C 158.2}

Само Бог може да обезбеди успех во подготовка и ширење на нашите публикации. Ако верно се придржуваме до Неговите начела, Бог ќе соработува со нас за да дојдат книгите во рацете на оние на кои ќе им користат. Мораме да се молиме, да имаме доверба и да веруваме во Светиот Дух. {7C 158.3}

Понизната, силна молитва ќе направи по веќе за ширење на нашите книги отколку најскапото украсување на светот. Бог му ставил на располагање на човекот противење

и величествени богатства. Работата на Божествените агенти ќе се развива на наједноставен начин. Божествениот Учител вели: „Само Мојот Дух може да поучува и уверува за грев. Надворешниот изглед остава само минлив впечаток на умот. Јас ќе ја втиснам вистината во совеста и луѓето ќе бидат Мои сведоци, кои во целиот свет ќе го потврдат Моето право на Времето, парите и умот на човекот. Сето тоа Јас го купив на крстот на Голгота. Употребувајте ги талантите кои ви ги доверив за да ја објавувате вистината во нејзината едноставност. Ширете го евангелието во сите краеви на светот за да се пробудат душите и да се запрашат: Што мора да направам за да бидам спасен? {7C 159.1}

Цени

Нашите списанија извесно време и за проба беа продавани по многу ниска цена. Меѓутоа, на тој начин не се оствари нашата цел - да се придобијат многу постојани претплатници. Тоа е направено со значителни издатоци, често со губитоци, и со најдобра намера. Меѓутоа, ако цените не беа намалувани, ќе стекневме поголем број на постојани претплатници. {7C 159.2}

Создадени се планови за намалување на цените на нашите книги, а притоа да не се намалат производните трошоци. Тоа е грешка. Издавачката дејност не треба да биде во дефицит. Цените на книгите не смеат така да се намалуваат за тоа да може да се нарече рекламирање или подмитување. Бог не одобрува такви методи на работа. {7C 159.3}

Постои потреба за евтини книги и таа потреба мора да се задоволи. Меѓутоа, тоа треба да се постигне на тој начин што ќе се намалат производните трошоци. {7C 159.4}

Во новите полиња, меѓу народите кои се во незнаење или кои се само делумно цивилизирани, постои голема потреба за мали книги во кои вистината е изложена со едноставни зборови и кои се изобилно илустрирани. Тие книги мораат да се продаваат по ниски цени, а илустрациите не смеат да бидат скапи. {7C 160.1}

Преводи

Мораат да се вложат многу поголеми напори за да се прошири оптекот на нашите книги во сите делови на светот. Опомената мора да се објави на сите земји и сите народи. Нашите книги треба да бидат преведувани и објавувани на многу различни јазици. Публикациите за нашата вера треба да се објавуваат на англиски, германски, француски, дански, норвешки, шведски, шпански, италијански, португалски и многу други јазици. Луѓето од сите народности треба да бидат просветени и образовани за да можат и самите да му се придружат на Божјото дело. {7C 160.2}

Нашите издавачки куќи треба да направат сè што е во нивна моќ за да ја шират небесната светлина на светот. На сите можни начини свртете го вниманието на луѓето на сите народности и јазици на оние работи кои ќе го упатат нивниот ум кон Книгата над книгите. {7C 160.3}

Членовите на издавачкиот одбор треба многу внимателно да се бираат. Треба внимателно да се одберат неколку луѓе кои ќе даваат свое мислење за книгите кои се понудени за печатење. За таа должност се квалификувани само оние луѓе кои поседуваат искуство во пишување на книги. Треба да се бираат само оние луѓе чии срца се под контрола на Божјиот Дух. Тоа мораат да бидат побожни луѓе, кои не се воздигаат самите себеси, кои го љубат Бога и се бојат од Него и кои ги почитуваат своите браќа. За вршење на таа должност способни се само оние луѓе кои не се потпираат сами на себе, туку кои ги води Божествената мудрост. {7C 160.4}

КОМЕРЦИЈАЛНА РАБОТА

Господ одредил издавачките куќи да се основаат поради објавување на сегашната вистина и поради завршување на различни гранки на бизнисот кој е вклучен во оваа работа. Истовремено, издавачките куќи треба да одржуваат врска со светот за да може вистината, како факел на светилник, да ја шири светлината на сите кои се во домот. По Божјо провидение, Данил и Неговите другари дошле во допир со големите личности на Вавилон, за да можат тие луѓе да се запознаат со верата на Евреите и за да дознаат дека Бог владее над сите царства. Во Вавилон, Данил се наоѓал на многу тешка положба. Меѓутоа, додека тој верно ја исполнувал должноста на државник, упорно одбивал да учествува во било кое дело кое би било против Бога. Таквиот став предизвикал расправија и така Господ го свртел вниманието на вавилонскиот цар на Даниеловата вера. Бог имал светлина за Навуходоносор и преку Данил, на царот му се изложени работи кои во пророштвата се предвидени за Вавилон и други царства. Во толкувањето на Навуходоносоровиот сон, Јехова бил воздигнат како посилен од земните владетели. На тој на чин, Даниел со својата верност му оддал чест на Бога. Господ сака на сличен начин и нашите издавачки куќи да сведочат за Него. {7C 161.1}

Можности во комерцијалната работа

Комерцијалната работа спаѓа меѓу средствата преку кои нашите установи доаѓаат во допир со овој свет. На тој начин е отворена вратата за ширење на светлоста на вистината. {7C 161.2}

Работниците можат да мислат дека работат чисто световна работа, додека всушност се зафатени со работа која ќе покрене прашања за верата и начелата до кои тие се придржуваат. Ако тие работници поседуваат дух каков што треба, тие ќе бидат во состојба да упатат благо навремени зборови. Ако во нив е светлината на небесната вистина и љубов, таа не може а да не светли од нив. Самиот начин на кој ги водат работите ќе покаже дејство на Божествените начела. За нашите работници, занаетчии, како и за еден работник од старо време, можат да се однесуваат зборовите: „Јас го исполнив со Божји Дух, кој му даде мудрост, разум, знаење и секаква умешност" (Излез 31:3). {7C 161.3}

Не треба да биде на прво место

Нашите издавачки куќи во никој случај не смеат на прво место да се посветат на комерцијалната работа. Кога комерцијалната работа ќе дојде на прво место, оние кои учествуваат во работата на издавачките куќи ги губат од вид целите поради кои се основани из давачките куќи и нивната работа се вложува. {7C 162.1}

Постои опасност управителите, чии духовни сфаќања се изопачени, да склопуваат договори за објавување на сомнителни книги само поради добивка. При таков начин на работа, се губи од вид целта поради кои се основани издавачките куќи и тие установи се сметаат како едно обично претпријатие. На тој начин се нанесува срам на Бога. {7C 162.2}

Во некои наши издавачки куќи комерцијалната работа бара постојани издатоци на скапи машини и други потреби. Тие издатоци тешко ги оптоваруваат расположливите средства на установата. Во таков проширен делокруг, потребни се не само поголем број на машини, туку и поголем број на работници, а поголем број на работници тешко можат да се дисциплинираат како што треба. {7C 162.3}

Се тврди дека комерцијалната работа донесува финансиска корист на установата. Меѓутоа, Еден со авторитет направи правилна проценка на чинењето на таа работа кај нашите водечки издавачки куќи. Тој го изнел вистинскиот биланс кој покажува дека губитоците ги надминуваат добивките. Тој покажал дека таа работа ги поттикнува работниците да бидат во постојано брзање. Во атмосфера на брзање, врева и световност се губи вистинската побожност и посветеност. {7C 162.4}

Не е потребно комерцијалната работа целосно да се одвои од издавачките куќи, бидејќи со тоа би се затворила вратата на светлината која може да биде дадена на светот. И поврзаноста со луѓето однадвор не треба да биде штетна за работниците, како што Даниеловата работа во својство на државник не ја изопачила Неговата вера и Неговите начела. Меѓутоа, таа врска треба да се прекине секогаш кога таа неповолно влијае на духовноста на установата. Изградувајте го делото кое ја претставува вистината. Тоа секогаш мора да биде на прво место, а потоа доаѓа комерцијалната работа. Нашата должност се состои во тоа на светот да му ја објавиме веста на опомена и милост. {7C 163.1}

Цени

Во настојувањето да се придобијат купувачи од надворешниот свет, за да можат издавачките куќи да се ослободат од финансиски незгоди, цените биле толку ниско одредени, така што работата не донесувала никаква заработувачка. Оние кои си ласкаат дека остварile заработувачка, не го пресметале точно секој издаток. Не ги снижувајте цените само за да обезбедите некаква работа. Преземете ги само тие работи кои ќе донесат чесна заработувачка. {7C 163.2}

Во исто време, во нашето работење не треба да има сенка од себичност или измамување. Никој не смее да се користи со нечие незнаење или потреба за да одредува огромни цени за извршената работа или продадени добра. Човекот ќе биде

изложени на противење и искушенија да скршне од вистинскиот пат; ќе постојат небројени аргументи во корист на прифаќањето на обичаите и усвојувањето на праксата кои всушност значат нечесност. Некои тврдат дека во работата со измамници човекот мора да се прилагоди на таквото работење, бидејќи ако строго се придржува до чесноста, не може да ја води работата, ниту да заработи за опстанок. Каде е нашата вера во Бога? Ние сме Негови синови и ќерки под услов да излеземе од светот и да се одвоиме, и да не се допираме до ништо нечисто. На Неговите установи, како и на поединците христијани упатени се зборовите: „Барајте го најнапред Божјото царство и Неговата праведност," и сигурно е Неговото ветување дека ќе ни се додаде сè што е потребно за живот. Во совеста треба да биде запишано како со железно перо во карпа дека вистинскиот успех - во овој или идниот живот - може да се обезбеди само со верна прилепеност кон вечните начела на правдата. {7C 163.3}

Литература која деморализира

Кога нашите издавачки куќи се впуштаат во голема количина на комерцијална работа, тогаш постои опасност дека ќе биде објавена литература од сомнителен вид. Во една прилика, кога ми беше свртено вниманието на тие прашања, мојот Водач запраа еден брат кој се наоѓаш на одговорна положба во една издавачка установа: „Колку ви се плаќа за таа работа?" Бројката беше поставена пред Него. Потоа, тој рече: „Тоа е премногу мала сума. Ако на тој начин ги водите работите, ќе претрпите загуба. Меѓутоа, дури и кога би добиле многу поголема сума, тој вид на литература може да се објавува само со противење загуби. Таа ги деморализира работниците. Согласувањето да се печати таков материјал дејствува наспроти сите вести кои Бог им ги упатува на работниците и во кои се истакнува светоста на Божјото дело." {7C 164.1}

Светот е преплавен со книги кои би требало да бидат запалени, а не читани. Подобро е никогаш да не се читаат книги за индијанските војни и слични работи, кои се печатат и пуштаат во промет само поради заработувачка. Тие книги содржат сатанско заведување. Нездравите приказни за злосторства и sверства воодушевуваат многу млади луѓе и поттикнуваат во нив желба да се истакнат со помош на најбезбожни дела. Постојат многу книги кои се главно историски и чие влијание е малку подобро. Стравотиите, sверствата и расипаноста кои се опишуваат во тие книги дејствувале како квасец во многу души, водејќи ги да извршуваат слични постапки. Книгите во кои се опишуваат сатанските постапки над човечките суштества им даваат јавност на злите дела. Не е потребно повторно да се преживуваат ужасните детали од злосторството и бедата и никој кој верува во вистината за ова време, не смее да учествува во овековечувањето на споменот на таквата постапка. {7C 164.2}

Љубовните романи и површните, возбудливи приказни претставуваат друг вид на книги кои се проклетство за секој читател. Писателот во нив може да внесе добри поуки и во целото дело може да вткае верски чувства; меѓутоа, во најголем број на случаи сатаната само се облекува во ангелски облеки за да може поуспешно да ги прелаже и намами читателите. Умот е во голема мерка под влијание на она со што се храни. Читателите на површни, возбудливи приказни се онеспособуваат за

должностите што ги очекуваат. Тие живеат нереален живот и немаат никаква желба да го проучуваат Светото Писмо, да се хранат со небесна мана. Умот слабее и ја губи моќта да размислува за големите проблеми на должностите и судбината. {7C 165.1}

Покажано ми е дека младината се изложува на најголема опасност преку читање на несоодветни книги. Сатаната постојано се труди да ги заведе и младите и зрелите луѓе со безвредни приказни. Кога голем дел од објавените книги би бил запален, би бил означен крај на една болест која нанесува ужасен пустош, слабеејќи го умот и изопачувајќи го срцето. Никој не е толку непоколеблив во исправните начела за да биде безбеден од искушенијата. Сета таа без вредна литература треба одлучно да се отфрли. {7C 165.2}

Господ не ни дозволил ниту да печатиме, ниту да продаваме такви книги, бидејќи тие се средство за уништување на многу души. Знам што зборувам, зашто ми е укажано на тоа прашање. Оние кои веруваат во вистината на ова време не смеат да се занимаваат со тие работи со намера да заработат пари. Господ ќе ги проколне парите стекнати на тој начин. Тој повеќе ќе растури, отколку што е собрано. {7C 166.1}

Постои уште еден вид литература, поопасна од губа, посмртоносна од египетските зла, од кој нашите издавачки куќи мораат постојано да се чуваат. Кога се впуштаат во комерцијална работа, мораат да бидат внимателни, за книгите кои ја шират сатанската наука да не продрат во нашите установи. Во нив не смее да има место за книги во кои се излагаат, погубни по душата, теориите на хипнотизмот, спиритизмот, римокатолицизмот и други тајни на беззаконието. {7C 166.2}

Нашите работници не смеат да се занимаваат со ништо што би можело да посее едно семе на сомнеж во поглед на авторитетот или чистотата на Светото Писмо. Во никој случај неверните чувства не смеат да се изнесуваат пред младината која толку желно граба сè што е ново. Колку голема сума и да е платена за печатење на таква книга, нејзиното објавување може да донесе само бескрајна загуба. {7C 166.3}

Да се дозволи материјал од таков карактер да помине преку нашите установи значи да се стави во рацете на работниците и да му се даде на светот плод од забранетото дрво на значењето. Тоа значи да се повика сатаната со својата маѓепсничка наука тајно да ги вовлече своите начела во самите институции кои се основани за напредокот на светото Божјо дело. Да се објавуваат такви работи значи да се полнат пушките на непријателот и да се стават во нивните раце за да се да употребат против вистината. {7C 166.4}

Мислите ли дека Исус ќе се наоѓа во издавачките претпријатија за да може преку Своите ангели да влијае на човечките умови; мислите ли дека Тој ќе ја употреби вистината што ја содржат објавените книги како сила за предупредување на светот, ако на сатаната му се дозволи да го изопачува умот на работниците во установите? Може ли Божјиот благослов да почива на книгите кои излегуваат од печат, кога истовремено се објавуваат дела кои содржат сатанска ерес и измама? „Тече ли од еден ист извор слатка и горчлива вода?"(Јаков 3:11). {7C 167.1}

Управителите на нашите установи треба да сфатат дека, во при фаќањето на својата должност, стануваат одговорни за духовната храна што им се дава на работниците, додека се во установата. Тие се одговорни за карактерот на материјалот кој излегува од нашите печатници. Тие ќе бидат повикани на одговорност за влијанието на книгите

кои ја валкаат установата, ги заразуваат работниците и го доведуваат светот во заблуда. {7C 167.2}

Ако на таквите книги им се даде место во нашите установи, ќе се увиди дека не е лесно да се отфрли итрата моќ на сатанските чувства. Ако на сатаната му се дозволи да го посее семето на злото, тоа ќе про'рти и ќе роди плод. Тогаш тој ќе може да ја жнее жетвата токму во оние установи кои се основани преку средствата на Божјиот народ поради напредок на Божјото дело. Последица на тоа ќе биде наместо христијански работници, во светот да се испраќа една група на образовани неверници. {7C 167.3}

Во тој поглед одговорноста не лежи само на управителот, туку и на вработените. Би сакала да кажам нешто на работниците во сите издавачки куќи кои се основани во нашата средина: Ако го љубите Бога и ако се боите од Него, немајте ништо заедничко со знаењето против кое Бог го предупредил Адама. Нека словослагачите одбијат да сложат една реченица од таков тип. Нека коректорите одбијат да читаат, печатарите да печатат и книговесците да поврзуваат такви книги. Ако од вас се бара да работите такви работи, по викајте ги работниците од установата на состанок за да им се објасни што значат таквите работи. Управителите можеби ќе тврдат дека вие не сте одговорни, дека управителот решава такви прашања. Но вие сте одговорни - одговорни сте за употребата на своите очи, своите раце и својот ум, кои Бог ви ги доверил за да ги употребувате за Него, а не во сатанската служба. {7C 167.4}

Кога книгите кои содржат заблуда, кои се спротивни на Божјото дело, се печатат во нашите издавачки куќи, Бог ги смета за одговорни не само оние кои му дозволиле на сатаната да постави стапица на душите, туку и оние кои на било каков начин соработуваат во делото на искушување. {7C 168.1}

Мои браќа на одговорни положби, чувајте се да не ги впрегнете своите работници во кочијата на суеверието и ересот. Не дозволувајте установите на кои Бог им наредил да ја шират животворната вистина, да се претворат во агенти за ширење на заблудата која ги уништува душите. {7C 168.2}

Нашите издавачки куќи, од најголемата до најмалата, нека не печатат ниту еден ред од таков погубен материјал. Сите кои доаѓаат во допир со нас, мораат да увидат дека од нашите установи е исклучена литературата која содржи сатанска наука. {7C 168.3}

Ние не доаѓаме во допир со светот за да се заразиме со световните заблуди, туку, како Божјо орудие да му ја објавиме на светот Неговата вистина. {7C 168.4}

ИЗДВАЧКИТЕ КУЌИ ВО МИСИОНСКИТЕ ПОЛИЊА

Многу нешта треба да се направат во поглед на основањето на центри на нашата работа на нови полиња. Во многу места треба да се основаат мисионски печатарски канцеларии. Во врска со нашите училишта треба да има печатници за печатење на материјал и обучување на работници на тоа поле. На местата каде што се со брани лица од различни народности и разни јазици секој треба да научи да печати на мајчин јазик. Учејќи го англискиот јазик, таквиот поединец треба да ги поучува на својот јазик учениците на кои мај чин јазик им е англискиот, а на кои им е потребно да го научат

конкретниот странски јазик. На тој начин некои странски студенти можат да ги исплатат трошоците за своето школување, а работниците можат да се оспособат да пружат драгоцена помош во мисионерските потфати. {7C 169.1}

Во многу места издавачката дејност мора да започне во мал обем. Таа дејност ќе мора да се бори со многу тешкотии и да се развива со малку простории и опрема за печатење. Меѓутоа, тоа не смее никого да обесхрабри. Светот ги започнува своите работи со сјај, врева и фалење, но сите тие работи ќе се претворат во ништо. Бог одредил малите работи да претставуваат почеток на победата на вистината и праведноста. Никој не треба да ликува поради успешниот почеток, ниту да ја изгуби храброста поради почетните тешкотии. Бог на Својот народ Му е богатство, изобилство и сила кога народот се залага за невидливи работи. Да се оди по Него значи да се избере патот на безбедноста и вистинскиот успех. „Ова е по бедата која го победи светот - нашата вера" (1. Јованово 5:4). {7C 169.2}

Човекот не го основал Божјото дело, ниту може да го уништи. Бог ќе направи Неговите свети ангели постојано да ги водат и чуваат оние луѓе кои го спроведуваат Неговото дело и покрај тешкотиите и пречките. Божјото дело на Земјата никогаш нема да престане. Ќе продолжи изградбата на Неговиот духовен храм сè додека не биде комплетен, и ќе се постави камен темелник со восклик „Благодат, благодат врз Него.'' {7C 170.1}

Христијанинот мора да биде на корист за другите. На тој начин тој си користи сам себеси. „Кој напојува други, и самиот ќе биде напон" (Изреки 11:25). Тоа е закон на Божественото управување, закон со кој Бог одредил реките на добротворност, како водите од големиот океан, постојано да кружат, враќајќи се постојано кон својот извор. Во исполнување на тој закон лежи силата на христијанските мисии. {7C 170.2}

Покажано ми е дека, каде што по пат на пожртвување и тешки напори се создадени можности за основање и напредок на Божјото дело и каде што Господ го помагал делото, оние кои се наоѓаат тука мораат да даваат свои средства за да им помогнат на Божјите слуги кои се упатени на нови полиња. Секаде каде што делото е поставено на цврсти темели, верниците треба да сметаат дека нивна должност е да им помогнат на оние на кои им е потребна помош. Тие треба да го прават тоа на тој начин, што дури и по цена на голема жртва, ќе дадат еден дел или сите свои средства кои порано биле инвестирани во корист на Божјото дело во нивното место. Така Господ одредил да се шири Неговото дело. Тоа е законот на возвраќање спроведен на правилен начин. {7C 170.3}

МЕЃУСЕБНИ ВРСКИ НА ИЗДВАЧКИТЕ КУЌИ

Лозата и нејзините гранки симболично го претставуваат односот на Христа кон Неговите следбеници и меѓусебните односи на Неговите следбеници. Гранките на лозата се меѓусебно поврзани, а се пак секоја има свое посебно обележје кое не се вклопува со друга гранка. Сите гранки се врзани за лозата и од неа зависи нивниот живот, развој и плодност. Тие не можат да се издржуваат една со друга. Секоја мора посебно да биде поврзана со лозата. Иако гранките имаат сличности, тие се различни.

Нивната сличност се состои во нивната врска со лозата и преку секоја од нив иако не на ист начин се манифестира животот на лозата. {7C 171.1}

Оваа симболична слика содржи поука не само за поедини христијани, туку и за установите кои се наоѓаат во Божјата служба. Се која установа во меѓусебните односи треба да го сочува своето посебно обележје. Нивната меѓусебна врска се остварува преку врската со Христа. Преку Него секоја установа е поврзана со други установи, додека истовремено нејзиното посебно обележје не се стопи во друга установа. {7C 171.2}

Некое време се тврдеше дека на делото повеќе ќе му користи ако нашите издавачки куќи се обединат под една управа. Меѓутоа, Господ покажа дека така не треба да биде. Негов план не е моќта да се сосредоточи во рацете на неколкумина, ниту една установа да биде потчинета на друга. {7C 171.3}

Нашето дело ми беше прикажано во својот почеток како мал, многу мал поток. На пророкот Езекиел му е прикажана вода која извирала "од под прагот на домот, кон исток," „јужно од жртвеникот" (Читај Езекиел 47). Посебно внимание обратете на осмиот стих: „И потоа ми рече: ‘Оваа вода тече кон источниот дел на земјата, се спушта во пустината и тече во морето; а кога ќе се влее во морето, водите ќе му оздраваат." Така и Мене ми е прикажано како нашето дело се проширува кон исток и кон запад, кон островите и морето и кон сите делови на светот. Со проширување на делото ќе се појават противење одговорности со кои треба да се управува. Делото не смее да се сосредоточи на едно место. Човечката мудрост смета дека најдобро е делото да се развива таму каде што веќе добило свое обележје и каде што веќе ужива углед. Меѓутоа, во тој поглед се правени грешки. Кога се носат товарите, се стекнува сила и се остварува напредок. Да се ослободуваат работниците во разни места од нивните одговорности, значи да се доведат во состојба во која нивниот карактер ќе остане неразвиен, а нивните сили ќе останат закржлавени и слаби. Делото е Господово, а Негова волја не е силата и делотворноста да се сосредоточат на било кое поедино место. Секоја установа треба да остане независна и да го спроведува Божјиот план под Негово раководство. {7C 171.4}

Обединување

Политиката на обединување, на било кое место, има за последица воздигнување на она што е човечко наместо она што е Божествено. Оние на кои почиваат одговорности во разни установи очекуваат од централните власти водство и поддршка. Како што чувството на лична одговорност слабее, тие го губат од вид највозвишеното и најдрагоцено човечко искуство постојаното потпирање на душата врз Бога. Не увидувајќи ги своите потреби, тие не се одржуваат во постојана будност и молитва, не ја спроведуваат онаа постојана потчинетост кон Бога, која единствено може да го оспособи човекот да го слушне и да го прифати учењето на Неговиот Свет Дух. Човекот се поставува на место кое му припаѓа на Бога. Оние кои се повикани во овој свет да бидат претставници на Небото, се задоволуваат со тоа што бараат мудрост од

грешниот, ограничен човек, кога можат да добијат мудрост и сила од непогрешливиот, бескраен Бог. {7C 172.1}

Господ не одредил работниците во Неговата установа да се потпираат на човек. Господ сака тие да се сосредоточат на Него. {7C 173.1}

Нашите издавачки куќи никогаш не смеат да бидат во таков меѓусебен однос, така што една би имала сила да заповеда како ќе се работи во друга. Кога толку голема власт ќе се сосредоточи во рацете на неколку лица, сатаната ќе вложи одлучни напори за да го изопачи расудувањето, за да уфрли лоши начела во работата, за да внесе лош начин на работа. На тој начин сатаната не само што изопачува една установа, туку преку неа може да завладее со други установи и да ја насочи работата во погрешен правец и во по далечни места. На тој начин се шири влијанието на злото. Секоја установа треба да остане во својата морална независност, спроведувајќи го своето дело во сопствениот делокруг. Работниците во сите установи мораат да ја вршат својата работа како да се пред Божјите очи, Неговите свети ангели и световите кои не паднале. {7C 173.2}

Ако една установа усвои погрешен начин на работа, ниту една друга не треба да се поведе по неа. Секоја установа мора да остане верна на начелата изразени при нејзиното основање и да го спроведува делото во склад со тие начела. Секоја установа мора да се потруди да работи во склад со другите, ако таквата работа е во склад со вистината и праведноста. Но понатаму од тоа ниту една не смее да оди во правец на обединување. {7C 173.3}

Ривалство

Меѓу нашите издавачки куќи не треба да има ривалство. Ако се допушти таков дух, тој ќе се развива и ќе јакне и ќе го потисне мисионскиот дух. Таквиот дух ќе го ожалости Божјиот Дух и ќе ги из брка од установите ангелите кои се пратени да соработуваат со оние кои ја негуваат Божјата благодат. {7C 173.4}

Управителите на нашите установи никогаш не смеат ниту во нај мала мерка да се обидуваат да се искористуваат еден со друг. Таквите постапки се најнавредливи за Бога. Измамите, меѓусебните обиди за подметнување тоа е зло кое Бог нема да го дозволи. Се кој обид да се издигне една установа над друга претставува зло. Секоја забелешка или инсинуирање кои имаат тенденција да го намалат угледот на една установа или на нејзините работници е во спротивност со Божјата волја. Сатанскиот дух ги поттикнува таквите обиди. Ако еднаш му попуштиме, тој ќе дејствува како квасец, ќе ги распне работниците и ќе го попречува исполнувањето на Божјите цели за Неговите установи. {7C 174.1}

Соработка

Со секој отсек од нашата работа, со секоја установа која е во врска со Божјата работа, мора да се управува на обзирен, благороден начин. Чувајќи го своето посебно

обележје, секоја гранка на делото мора да се труди да ги заштити, зајакне и развива сите други гранки. Луѓето со разни способности и особини учествуваат во развој на разни гранки на делото. Тоа секогаш бил Божји план. Секој работник мора да вложува посебни напори во спроведување на делото во својата гранка на работа. Меѓутоа, секој човек е должен да размислува и да се труди за здравјето и добробитта на целото тело, чиј орган е тој самиот. {7C 174.2}

Никакво обединување, никакво ривалство или критикување, туку соработка тоа е Божјиот план за Неговите установи за да биде „целото тело поврзано и соединето во едно, на тој начин што секој дел дава поткрепа според една мерка на секој одделен дел; тоа прави телото да расте за својата сопствена надградба во љубов" (Ефесјаните 4:16). {7C 174.3}

КОЛПОРТЕРОТ

Нашите здруженија за брошури западнаа во долгови поради тоа што колпортерите не ги плаќаа своите долгови. Поради тоа, здруженијата за брошури не се во можност да одговорат на своите обврски кон издавачките куќи и на тој начин тие установи доаѓаат во незгодна положба и нивната работа се попречува. Некои колпортери сметаа дека кон нив лошо се постапува кога од нив се бараше веднаш да му ги платат примените книги на издавачот. Меѓутоа, единствен успешен начин за водење на работите е обврските веднаш да се исплаќаат. {7C 175.1}

Негрижата со која некогаш колпортерите ја вршеле својата работа покажува дека тие мораат да научат некои значајни поуки. Покажано ми е дека во голема мерка се работи без никаков систем. Среде негрижливоста во световните работи, некои колпортери стекнале навика на безгрижност и мрзливост и тие ги внеле тие недостатоци во Господовото дело. {7C 175.2}

Бог бара да се вложат одлучни напори поради подобрување на разни гранки од Божјото дело. Работите што се вршат во врска со Неговото дело треба да биде обележани со поголема прецизност и точност. Мораат да се вложат цврсти, одлучни напори за да се спроведе неопходната реформа. {7C 175.3}

„Проклет да е секој кој немарно го извршува Господовото дело" (Еремија 48:10). {7C 175.4}

„А кога за жртва принесувате слеп добиток, зар тоа не е зло? Донеси му нешто такво на својот намесник, дали ќе биде задоволен и дали ќе те прими добро?" „Проклет да е измамникот, кој... заветувал, а Ми жртвува јалова овца. Зашто Јас Сум велик Цар - зборува Господ над Воинствата" (Малахија 1:8,14). {7C 175.5}

АВТОРОТ

Бог сака да ги доведе луѓето во непосредна врска со Себеси. Во Своите односи со човечките суштества, Бог се придржува до на челата на лична одговорност. Бог сака да го поттикне чувството на лична зависност и да укаже на потребата на секој поединец за

Негово водство. Неговите дарови се дадени на луѓето како на поединци. Секој човек е направен поверител на светите доверби, се кој мора да ја врши својата должност во склад со упатствата на Дародавецот и секој мора да му полоши сметка на Бога за своето повереништво. {7C 176.1}

Во сето тоа, Бог сака да го донесе во заедница човечкото со божественото, за преку таа врска човекот да се преобрази во Божествената сличност. Тогаш начелото на љубовта и добрината ќе стане дел од човечката природа. Трудејќи се да го оневозможи остварувањето на таа цел, сатаната постојано го поттикнува потпирањето на човекот, за луѓето да станат робови на луѓето. Кога на тој начин ќе успее да го одвои умот од Бога, сатаната ги уфрла своите начела на себичност, омраза и судир. {7C 176.2}

Бог сака во сите наши меѓусебни односи грижливо да се придржуваме до начелата на лична одговорност и зависност од Бога. Тоа е начело кое особено мораат да го имаат во предвид нашите издавачки куќи во своите односи со писателите. {7C 176.3}

Некои ургираат дека авторите немаат право да полагаат право на повереништво над своите сопствени дела, дека своите дела треба да ги предадат на издавачките куќи или на Конференцијата, дека не треба да имаат никакви права во заработувачката освен покривање на трошоците во подготовката на книгата, и дека таа заработувачка треба да ѝ остане на Конференцијата или на издавачката куќа, за тие по свое убедување да ја употребат за потребите на делото. На тој начин правото кое секој автор го полага на своето дело би било пренесено на други. {7C 176.4}

Меѓутоа, Бог не ја набљудува така таа работа. Способноста да се пишуваат книги, како и секоја друга способност е Божји дар и оној што го поседува е одговорен на Бога за Неговата употреба и приходите треба да ги употребува според Негово упатување. Мораме да имаме на ум дека она што ни е доверено за да го инвестираме не е наша своина. Кога би било така, би можеле да сметаме дека со тоа можеме слободно да располагаме, дека можеме да ја префрлиме нашата одговорност на други и на нив да ги пренесеме нашите должности на повереници. Меѓутоа, така не може да биде, зашто Господ секого од нас поединечно го направил Свој повереник. Ние сме одговорни за вложување на тие средства. Нашето сопствено срце мора да се посвети, нашите раце мора да даваат, како што ќе се укажат прилики, од приходите кои Бог ни ги доверил. {7C 177.1}

Кога Конференцијата или издавачката куќа би го присвоиле приходот од умствената работа на еден брат, тоа би било исто како кога би присвојувале приход од Неговите куќи или земјишта. {7C 177.2}

Исто така, не е оправдано тврдењето дека, поради тоа што еден работник во издавачката куќа добива плата, силите на Неговото тело, ум и душа во целост да ѝ припаѓаат на установата и дека нема никакви права на производите од Неговото перо. Надвор од работното време во установата, работникот слободно располага со своето време, кое може да го употреби по свое убедување, сè додека не прави ништо што е во спротивност со Неговите должности кон установата. За она што прави во тоа време, тој е одговорен на својата сопствена совест и на Бога. {7C 177.3}

Не може да се покаже поголемо непочитување кон Бога отколку ако еден човек потполно ги потчини на себеси талентите на некој друг. Тоа зло не го намалува фактот дека заработувачката од таквото работење се посветува за Божјото дело. Човекот кој

среде такво работење дозволува со Неговиот ум да владее умот на некој друг човек, се одвојува од Бога и се изложува на искушенија. Префрлувајќи ги своите одговорности на други луѓе и потпирајќи се на нивната мудрост, тој го поставува човекот на Божјо место. Оние кои копнеат на тој начин да ги префрлат одговорностите на други, слепи се за последиците на таквите свои постапки. Меѓутоа, Бог тоа јасно ни го изложил; Тој вели: „Проклет да е човек, кој се надева на човек и слабото тело го смета за своја мишка" (Еремија 17:5). {7C 177.4}

Не барајте од писателите да се откажуваат или да ги продаваат авторските права за книгите што ги пишуваат. Овозможете им да добијат праведен дел од заработувачката за својата работа. Тие по тоа мораат да сметаат дека тие пари Бог им ги доверил за да ракуваат со нив според мудроста која Тој ќе им ја даде. {7C 178.1}

Оние кои имаат способности да пишуваат книги треба да сфатат дека се способни да располагаат со заработувачката што ја добиваат. Иако е правилно извесен дел да вложуваат во благајната, поради покривање на потребите на Божјото дело, тие треба да сметаат за своја должност да се запознаат со потребите на делото и, молејќи му се на Бога за мудрост, лично да ги даваат своите пари таму каде што потребата е најголема. Тие треба да се истакнуваат во некоја гранка на добротворство. Ако со нивните умови управува Светиот Дух, тие ќе поседуваат мудрост да забележат каде се потребни пари и ќе бидат многу благословени ако ја задоволат таа потреба. {7C 178.2}

Денес состојбата на работите би била поинаква ако луѓето се придржувале до Господовиот план. Не би се трошеле толкави суми во ограничен број на места, додека речиси ништо не би преостанало за многумина во многу места, во кои знамето на вистината сè уште не е ниту подигнато. {7C 178.3}

Нашите издавачки куќи мораат да внимаваат во нивните односи со Божјите работници да не завладеат лоши начела. Ако со нашите установи се поврзани луѓе чии срца не се под власт на Светиот Дух, тогаш е сигурно дека тие целата работа ја насочиле во погрешен правец. Некои кои тврдат дека се христијани, работите во врска со Господовото дело ги сметаат како нешто целосно одвоено од верската служба. Тие зборуваат: „Верата е вера, работата е работа. Ние сме решени да успееме во она за што сме се фатиле и ќе ја користиме секоја можност која ни се пружа да имаме успех во тоа." На тој начин се спроведуваат планови кои се во спротивност со вистината и праведноста под изговор дека ова или она мора да се на прави поради добро дело и за напредок на Божјото дело. {7C 179.1}

Луѓето кои поради себичност станале тесногради и кратковиди го сметаат за свое право да ги потиснуваат токму оние луѓе кои Бог ги употребува за ширење на светлината која Тој им ја дал. Луѓето кои треба да бидат слободни во Бога ги потиснуваат со ограничувања оние кои не се ништо друго, туку нивни соработници. Сето тоа носи на себе печат на човечко, а не на Божествено. Човечките планови доведуваат до неправда и потчинување. Божјото дело не содржи во себе ниту трошка неправда. Тој план не предвидува стекнување на корист по пат на лишување на Членовите на Божјото семејство од нивната индивидуалност или нивните права. Господ не одобрува самовласт, ниту пак ќе ја толерира себичноста или измамувањето. За Него сите такви постапки се одвратни. {7C 179.2}

Тој објавува: „Јас го мразам неправедниот грабеж." „Во својата куќа да немаш двојна мерка: поголема и помала. Мерило да имаш верно и праведно и мерка да имаш точна и праведна... Зашто на Господа на твојот Бог, му е одвратен оној кој врши неправедност" (Исаија 61:8; Второзаконие 25:14-16). {7C 179.3}

„Човеку, објавено ти е, што е добро, што бара Господ од Тебе: да работиш праведно, да љубиш милосрдни дела и понизно да одиш со својот Бог" (Михеј 6:8). {7C 180.1}

Меѓу највозвишените примени на овие начела спаѓа признавањето на човековото право на самиот себеси, право да владее со својот ум, право да биде слуга на своите таленти, право да прима и да ги дели плодовите на својот сопствен труд. Нашите установи ќе имаат сила само ако во своите односи со ближните ги призна ваат овие начела, само ако во своите постапки се придржуваат до поуките кои ги содржи Божјата Реч. {7C 180.2}

Сите способности кои ни ги доверил Бог - било телесни, било умни, било духовни - треба да бидат развивани за да се употребат за извршување на делото во корист на нашите ближни кои пропаѓаат во незнаење. Секој мора да биде на својата должност, без ни какви ограничувања, секој мора да му служи на Господа во понизност, секој мора да биде одговорен за сопствената работа. „Што и да правите, правете го од цело срце како за Господа, а не за луѓе, знаејќи дека од Господа ќе ја примите наградата на наследството, бидејќи му служите на Господа Христа!" Тој „ќе му даде секому според Неговите дела" (Колосјаните 3:23-24; Римјаните 2:6). {7C 180.3}

Сатаната вешто пронаоѓа безбројни планови и начини за да ги исполни своите цели. Тој работи на тоа да се ограничи верската слобода и да внесе во верскиот живот некој вид на ропство. Ако не ги држи Божјата сила, организациите и установите ќе работат под сатанско раководство за да можат луѓе да потчинуваат луѓе. И из мамата и подметнувањето навидум ќе личат на залагање за вистината и за напредок на Божјото царство. Сè што во нашите постапки не е јасно како ден, спаѓа во методите на кнезот на темнината. {7C 180.4}

Луѓето запаѓаат во грешки на тој начин што поаѓаат од погрешни претпоставки, а потоа се служат со сè за да докажат дека заблудата е вистина. Во некои случаи во првобитните начела, вистината во извесна мерка била проткаена со заблудата. Меѓутоа, тоа не води кон правилно постапување и на тој начин луѓето паѓаат во заб луда. Тие сакаат да владеат и да имаат власт и, трудејќи се да ги оправдаат своите гледишта, прибегнуваат кон сатанските методи. {7C 181.1}

Ако луѓето не ги примаат опомените кои Господ им ги испраќа, тие стануваат дури и водачи во лошите постапки. Таквите луѓе ги преземаат Божјите права тие се осмелуваат да го прават она што ни сам Бог не би го правел за да управува со умот на човекот. Така, тие тргнуваат по патот на римокатолицизмот. Тие ги спроведуваат сопствените планови и методи, со своите погрешни поими за Бога ја слабеат верата на другите во вистината и внесуваат лажни на чела кои дејствуваат како квасец и ги расипуваат институциите и црквите. {7C 181.2}

Било што, што ги понижува човечките поими за праведност, еднаквост и за непристрасно расудување, секој замисла или пропис со кој човечкото оружје го

потиснува Божјото во човечкиот ум, сето тоа нанесува штета на верата во Бога и ја оддалечува душата од Него. {7C 181.3}

Бог не одобрува никаков план врз основа на кој човекот и во нај мала мерка владее или ги уништува своите ближни. Штом еден човек почнува да создава железни прописи за останатите луѓе, тој нанесува срам на Бога и ја доведува во опасност својата душа и душите на своите браќа. {7C 181.4}

ЦРКВАТА И ИЗДВАЧКАТА КУЌА

Должност на црквата кон издавачката куќа

Членовите на црквата во чии граници се наоѓа една од нашите издавачки куќи, почестени се со тоа што во нивната средина се наоѓа едно од посебните Господови орудија. Тие треба да ја ценат таа чест и да сфатат дека тоа повлекува со себе најсвети одговорности. Нивното влијание и нивниот пример можат многу да помогнат или да ја попречат таа установа во извршување на нејзината задача. {7C 182.1}

Како што се приближуваме кон последната криза, од најголемо значење е меѓу Господовите претставници да владее хармонија и единство. Светот е полн со бури, војни и судири. Меѓутоа, под едно раководство - под папската сила - светот се обединува против Бога во лицето на Неговите сведоци. Тоа единство е зацврстено од големиот отпадник. Тој истовремено се труди да ги обедини своите претставници во војна против вистината и да ги разедини и растури поборниците на вистината. Тој ги поттикнува љубомората, злите претпоставки и оговарањето за да изведе неслога и несклад. Членовите на Христовата црква поседуваат моќ да спречат остварување на плановите на непријателот на душите. Во време како што е ова, тие не смеат да бидат во меѓусебна неслога, ниту во кавга со било кој Господов работник. Среде општата неслога мора да постои едно место каде што постои слога и единство, бидејќи тука Библијата е патоказ на животот. Божјиот народ мора да сфати дека на Него почива одговорност да ги изградува Божјите орудија. {7C 182.2}

Браќа и сестри, на Господа му е угодно ако со сето срце ја помагате издавачката установа со своите молитви и своите средства. Молете се секое утро и секоја вечер таа установа да прими најбогат Божји благослов. Не поттикнувајте критикување и жалење. Од вашите усни не треба да се слушне мрморење или жалење. Не заборавајте дека ангелите ги слушаат тие зборови. Сите мораат да увидат дека тие установи се основани по Божја одредба. Оние кои ги потценуваат за да им служат на сопствените интереси, мораат да полагаат сметка на Бога. Тој зацртал да се смета како свето сè што е во врска со Неговото дело. {7C 182.3}

Бог бара од нас многу повеќе да се молиме, а многу помалку да зборуваме. Небесниот праг е облеан со светлината на Неговата слава и Тој со таа светлина го осветлува срцето на секој оној кој има правилен однос кон Него. {7C 183.1}

Секоја установа ќе мора да се бори со тешкотии. Искушенијата се дозволени за да се испитаат срцата на Божјиот народ. Кога не која лоша несреќа ќе ја погоди некоја Господова установа, тогаш се покажува колку вистинска вера имаме во Бога и во

Неговото дело. Во такви моменти никој не смее да ги набљудува работите во најлоша светлина и да изразува сомнежи и недоверба. Не ги критикувајте оние кои го носат товарот на одговорноста. Разговорите во вашите домови не смеат да бидат затруени со критикување на Господовите работници. Родителите кои негуваат таков критичар ски дух не им го пружаат на своите деца она што ќе ги направи мудри за спасение. Нивните зборови можат да ја раздрмаат верата и довербата не само кај децата, туку и кај оние кои се во постари го дини. И така сите имаат премногу малку почитување кон светите работи. Сатаната најревно ќе се соедини со критичарите, поттикнувајќи недоверба, завист, љубомора и непочитување. Сатаната секогаш дејствува за да ги исполни луѓето со својот дух, за да ја потисне љубовта која треба да биде неприкосновена меѓу браќата, за да ја поткопа довербата, за ги распламти зависта, злите претпоставки и кавгата. Ние не треба да постапуваме како Негови соработници. Едно единствено срце кое ги прима Неговите дошепнувања, може да посее семе на незадоволство. Така се спроведува дело чии последици во поглед на пропаста на душите нема во потполност да се покажат до големиот ден на завршниот суд. {7C 183.2}

Христос вели: „Кој ќе соблазни едно од овие мали, за Него е по добро да му се обеси мелнички камен на вратот, и да потоне во мор ската длабочина. Тешко му на светот од соблазни, зашто соблазните треба да дојдат, но тешко му на оној човек, преку кого доаѓа соблазната!" (Матеј 18:6-7). Во овој поглед голема одговорност лежи на членовите на црквата. Нека се чуваат да не бидат прогласени за виновни за пропаст поради невнимание на душите на оние кои се млади во верата, среде сеењето на семето на сомнеж и неверување под поттик на сатаната. „Израмнете ги патеките со своите нозе, та она што е куцо да не се повреди, туку, напротив, да се исцели. Стремите се кон мирот со сите и кон светоста, без која никој не може да го види Господа, внимавајќи да не му недостасува не кому Божјата благодат, за да не изникне некој горчлив корен и за да не ве вознемири, и за да не се онечистат со Него мнозина" (Евреите 12:13-15). {7C 184.1}

Голема е силата на сатанските агенти и Господ го повикува Својот народ меѓусебно да се засилува, „изградувајќи се себеси во пресветата вера". {7C 184.2}

Наместо да соработуваат со сатаната, сите треба да сфатат што значи да се соработува со Бога. Во овие тешки времиња Бог одредил да се изврши делото за кое се потребни одлучна храброст и вера која ќе ни помогне да се поддржуваме еден со друг. Сите мораат да стојат рамо до рамо и срце до срце, како Божји соработници. Сè може да се оствари во Божја благодат и преку неа, ако членовите на црквата сложно ги помагаат Неговите работници, ако ги одржуваат со своите молитви и со своето влијание кога обесхрабрувањето притиска од сите страни! Тогаш е време сите да работат како верни повереници. {7C 184.3}

Наместо критика и замерка, нашите браќа и сестри треба да упатуваат зборови на охрабрување и доверба во поглед на Господовите орудија. Бог ги повикува да ги охрабруваат срцата на оние кои носат тешки товари, зашто Тој соработува со нив. Бог го повикува Својот народ да ја признае одржувачката сила во Неговото орудие. Славете го Господа на тој начин што со сите свои сили ќе настојувате оружјето да има такво влијание какво што треба да има. {7C 185.1}

Кога ви се пружа можност да разговарате со работниците, упатувајте им зборови кои ќе значат сила и Вдахновение. Ние сме премногу рамнодушни еден кон друг. Премногу често забораваме дека на оние кои соработуваат со нас им се потребни сила и ведрина. Во посебно тешки и мачни моменти погрижете се да им го покаете вашиот интерес и вашето сочувство. Покаете им дека се трудите да им помогнете со своите молитви. Упатете им ја веста која Бог им ја упатил на Своите работници: „Биди цврст и храбар" (Исус Навин 1:6). {7C 185.2}

Управителите на нашите установи имаат многу тешка задача мудро да одржуваат ред и дисциплина меѓу младината која е доверена на нивна грижа. Членовите на црквата можат да направат многу за да им помогнат. Кога младината нема желба да се потчини на дисциплината во установата, или ако во некое спорно прашање е решена да го спроведе својот став наспроти претпоставените, тогаш богослужение не смеат слепо да ги поддржуваат и да сочувствуваат со своите деца. {7C 185.3 }

Подобро е, многу подобро, вашите деца да страдаат, подобро е да се во гроб, отколку лесноумно да ги земаат начелата кои лежат во самиот темел на верност кон вистината, кон своите ближни и кон Бога. {7C 185.4}

Во случај да се појават несогласувања со оние на кои вашите деца им се доверени, одете право кај нив и информирајте се што е вистина. Имајте на ум дека управителите на разните одделенија знаат подобро од другите какви прописи се неопходни. Покаете дека имате доверба во нивното расудување и дека го почитувате нивниот авторитет. Научете ги своите деца да ги почитуваат и ценат оние на кои Бог им покажал почит и чест, ставајќи ги на доверливи положби. {7C 186.1}

Членовите на црквата најдобро можат да ги помагаат напорите на управителите во нашите установи ако во своите домови пружаат пример на уредност и дисциплина. Со своите зборови и однесување богослужение треба на своите деца да им пружат пример на она што сакаат нивните деца да бидат. Постојано треба да ја негуваат чистотата на говорот и вистинската христијанска учтивост. Никој нека не поттикнува на грев, на оговарање или зли претпоставки. Учете ги децата и младината да се почитуваат самите себеси, да бидат верни на начелата, верни на Бога. Учете ги да го почитуваат и слушаат Божјиот закон и куќниот ред. Тогаш тие начела ќе ги спроведуваат во својот живот и ќе се придржуваат до нив во сите свои од носи со другите. Тогаш ќе ги љубат своите ближни како самите себеси, ќе создадат чиста атмосфера и ќе вршат влијание кое ќе им пружи поддршка на слабите души на патот кој води кон светоста и кон Небото. {7C 186.2}

Децата кои добиваат такво воспитување нема да бидат товар, нема да бидат причина за вознемиреност во нашите установи. Тие ќе претставуваат поддршка на оние кои носат одговорности. Со правилно поучување, тие деца ќе се подготват да заземат одговорни положби и со своите зборови и пример постојано ќе им помагаат на другите да прават добри дела. Таквите деца правилно ќе ги проценат сопствените способности и ќе ги употребат на најдобар начин своите телесни, умни и духовни сили. Таквите души се безбедни против искушенија и не подлегнуваат лесно. Со Божји благослов, таквите карактери се светлоносци, тие влијаат на другите да се оспособат за работен живот, за практичен христијански живот. {7C 186.3}

Членовите на црквата, исполнети со љубов кон душите и свесни за приликите и можностите што им се пружаат, можат на младината во нашите установи да вршат влијание од непроценлива вредност. Нивниот пример на верност во домот, во работата и во црквата, нивните докази за друштвена учтивост и христијанска љубезност, за едно со искреното залагање за духовно добро на младината, во голема мерка ќе влијаат на обликување на карактерот на таа младина за служба на Бога и ближните, како во овој, така и во идниот живот. {7C 187.1}

Должност на издавачката куќа кон црквата

Додека од една страна црквата има должност кон издавачката куќа, од друга страна издавачката куќа има должност кон црквата. Тие треба меѓусебно да се поддржуваат. {7C 187.2}

Оние кои се наоѓаат на одговорни положби во издавачките куќи, не смеат да дозволат да бидат толку зафатени со работа за да немаат време за одржување на духовно интересирање. Кога тоа интересирање се одржува во живот во издавачката куќа, тоа ќе врши моќно влијание во црквата. Божјиот благослов ќе почива на делото кога се врши на таков начин за да се придобиваат души за Христа. {7C 187.3}

Сите работници во издавачката куќа кои се држат за Христовото име треба да бидат работници во црквата. Неопходно е за нивниот сопствен духовен живот да ги усовршуваат сите начини за примање на благодатта. Тие нема да стекнат сила ако стојат како набљудувачи, туку ако станат работници. Секој треба да врши некоја редовна должност во црквата. Сите треба да увидат дека тоа е нивна должност како христијани. При крштавањето, тие се обврзале дека ќе прават сè што е во нивна моќ да придонесат за изградба на Христовата црква. Покаете им дека тоа од нив го бараат љубовта и верноста кон нивниот Откупител, верноста кон нивниот Создател, верноста кон начелата на вистинскиот маж и жена, верноста кон установата со која се поврзани. Ако ги запоставуваат тие должности, тие не можат да бидат верни Христови слуги, не можат да бидат вистински чесни мажи и жени, не можат да бидат прифатливи работници во Божјата установа. {7C 187.4}

Управителите на разни одделенија на установата треба особено да се трудат младината да стекне правилни навики во тој поглед. Треба да се испитаат причините поради кои се запоставуваат состаноците во црквата и поради кои не се вршат должностите во врска со работата на црквата. Трудете се љубезно и внимателно да укажете на пропустите на оној кој е негрижлив и да го оживеете интересот кој се губи. {7C 188.1}

Никој не треба со сопствената работа да го правда занемарувањето на светата Господова служба. Многу е подобро да ја остават настрана работата која се однесува само на нив, отколку да ја за поставуваат својата должност кон Бога. {7C 188.2}

До браќата на кои им се доверени должностите во издавачката куќа

Ви укажувам на значењето од присуствувањето на годишните состаноци, не само присуствување на работните состаноци, туку и на состаноци кои користат на вашето духовно просветување. Не ја увидувате потребата од одржување на блиска врска со Небото. Без таа врска никој од вас не е сигурен, никој не може да го врши Божјото дело на прифатлив начин. {7C 188.3}

Повеќе од било која световна работа, во ова дело успехот е во сооднос со Духот на посветеноста и самопожртвувањето со кое се врши ова дело. Оние кои како управители сносат одговорности, мораат да се стават во положба на која ќе бидат под длабоко влијание на Божјиот Дух. Вие морате повеќе од другите да го примите крштавањето на Светиот Дух и да стекнете знаење за Бога и за Христа, бидејќи се наоѓате на поодговорна положба од обичниот работник. {7C 188.4}

И природните и стекнатите способности се Божји дарови и мораат постојано да бидат под управа на Неговиот Дух, на Неговата Божествена моќ која посветува. Постојано морате длабоко да чувствувате дека ви недостига искуство во ова дело и морате искрено да се трудите да го стекнете потребното знаење и мудрост, за да ја употребите секоја способност на телото и умот на начин на кој ќе може да го прославите Бога. {7C 189.1}

„Ќе ви дадам ново срце." Христос мора да престојува во нашите срца, како што крвта престојува во телото и кружи во Него како животворна сила. Тоа прашање мора да се сфати во целост. Вистината мора да биде наш оклоп, а нашето убедување мора да се зацврсти со живата љубов која го обележувала Христовиот живот. Ако вистината, живата вистина не се одразува во карактерот, никој човек нема да може да се одржи. Само една сила може да нѐ направи непоколебливи и да нѐ одржи такви - Божјата благодат во вистината. Оној кој се потпира на било што друго, веќе се сопнува, подготвен да падне. {7C 189.2}

Господ сака да се потпрете на Него. Користете ја секоја прилика да Дојдете до светлината. Ако сте далеку од светото влијание кое доаѓа од Бога, како можете да ги распознавате духовните работи? {7C 189.3}

Бог бара од нас да ја искористиме секоја прилика за да се под готвиме за Неговото дело. Тој бара од вас да ги вложите сите свои сили во извршување на тоа дело и вашите срца да бидат свесни за светоста и стравотните одговорности на тоа дело. Божјото око почива на вас. Никој од вас не треба да му принесува непотполна жртва на Бога, која нема да ве чини ниту проучување, ниту молитви. Таква жртва Бог не може да прими. {7C 189.4}

Ве проколнувам да се пробудите и сами да го барате Бога. До дека Исус Назареецот поминува покрај вас, викнете од сето срце: „Помилувај нѐ, сине Давидов!" и ќе ви се отворат очите. Преку Божјата благодат ќе го добиете она што ќе ви биде подрагоцено од злато, сребро и скапоцени камења. {7C 190.1}

Ако постојат моменти кога луѓето треба повеќе од кога и да е, да ја сочуваат својата врска со Бога, тогаш тоа се моментите кога се повикани да сносат посебни одговорности. Кога одиме во борба, не е безбедно за нас да го отфрлиме своето

оружје. Токму тогаш ни е потребно да бидеме опремени со целокупниот Божји оклоп. Секој дел е неопходен. {7C 190.2}

Никогаш не се занимавајте со мислата дека можете да бидете христијани, а сепак да се повлечете во себе. Секој поединец е дел од големата мрежа на човештвото и природата и квалитетот на вашето искуство во голема мерка зависат од искуствата на оние со кои се дружите. Исус вели: „Зашто каде се двајца или тројца со брани во Мое име, таму Сум и Јас посреде нив" (Матеј 18:20). Според тоа, не треба да се откажувате од меѓусебното собирање, како што тоа го прават некои; туку треба да се поттикнуваме едни со други, и тоа дотолку повеќе штом се приближува денот. {7C 190.3}

Состаноците за искажување на сведоштва во црквата треба да бидат што е можно поинтересни. Секој од присутните треба да чувствува дека мора да изврши некоја должност на состанокот. Соработувајте со небесните ангели кои се трудат правилно да влијаат на секој работник. {7C 190.4}

СВЕТОСТА НА БОЖЈИТЕ ОРУДИЈА

Има многу луѓе кои не прават никаква разлика помеѓу обичните работни претпријатија, работилници, фабрики или ниви, и една институција која е основана поради напредок на Божјото дело. Меѓу тоа, постои онаа иста разлика која Бог ја одредил во старите времиња помеѓу она што е посветено и она што е обично, помеѓу светото и световното. Бог сака таа разлика да ја увидат и да ја вреднуваат сите работници во нашите установи. Оние кои заземаат положба во нашите издавачки куќи се многу почестени. На нив почива света должност. Тие се повикани да бидат соработници заедно со Бога. Тие треба да ценат што им се пружила можност да бидат во врска со небесните орудија и треба да се сметаат многу почестени што им е дозволено да ѝ ги посветат на Божјата установа своите способности, својата служба и својата непоколеблива будност. Тие треба да имаат силна цел, благороден копнеж, ревност да ја направат издавачката куќа онаква каква што Бог сака да биде светлина во светот, верен сведок за Бога, споменик на саботата од четвртата заповед. {7C 191.1}

„Направи мојата уста да биде како остар меч; ме скри во сенката на Својата рака, од Мене направи сјајна стрела, ме засолна во Својот тул. Ми рече: ‘Ти си Мој слуга, Израеле, во кого ќе се прославам’... Премалку е да Ми бидеш слуга, за да ги подигнеш Јакововите племиња и за да го вратиш Израеловиот остаток, но ќе те поставам за светлина на народите, за да го донесеш Моето спасение до крајот на земјата" (Исаија 49:2-6). Тоа е Господовата Реч упатена до сите оние кои се во било каква врска со Неговите установи. Бог ним им е наклонет, бидејќи тргнале по патиштата кои ги осветлува светлина. Тие се во Неговата служба и тоа не смеат лесноумно да го сфатат. Во сооднос со нивната положба на света доверба мора да биде и нивното чувство на одговорност и посветеност. Површен, обичен разговор и несериозно однесување не смеат да се дозволат. Мора да се поттикнува и негува чувството на светост на местото. {7C 191.2}

Господ води постојан, буден надзор над Своите одредени орудија. Со машината може да управуваат луѓе кои се вешти во ракувањето; меѓутоа, колку лесно може да се

занемари една мала завртка, еден мал дел од машината и колку злокобни можат да бидат последиците! Кој ја спречил несреќата? - Божјите ангели го надгледуваат делото. Кога очите на оние кои управуваат со машината би биле отворени, тие би ги виделе небесните чувари. Во секоја просторија во која се работи во издавачката куќа се наоѓа сведок кој бележи во каков дух се врши работата и кој ја забележува верноста и несебичноста. {7C 192.1}

Ако не успеав да ви ја изложам светлината во која Бог ги набљудува своите установи како центри преку кои Тој дејствува на посебен начин - Бог нека ви ги изложи тие работи преку Светиот Дух, за да ја увидите разликата помеѓу обичната и светата служба. {7C 192.2}

И Членовите на црквата и вработените во издавачката куќа мораат да увидат дека како Божји соработници имаат одредена должност во поглед на чување на Неговата институција. Тие треба да бидат верни чувари на нејзините интереси во сите правци, трудејќи се да ја сочуваат не само од загуба и несреќа, туку и од сè она што би можело да ја оскверни или зарази. Ниту една Негова постапка не смее да ја замрачи нејзината убава слава, дури ни со сенката на непромислено критикување или замерка. Тие морат да ги сметаат Божјите установи како свет аманет кој треба така грижливо да се чува како што стариот Израел го чувал ковчегот на заветот. {7C 192.3}

Кога работниците во издавачката куќа се така воспитани за да го сметаат тој голем центар како центар кој е во врска со Бога и под Негов надзор, кога ќе увидат дека тоа е орудие преку кое светлината на Небото треба да се излие на светот тие ќе чувствуваат кон неа голем респект и стравопочит. Тие ќе негуваат најдобри мисли и најблагородни чувства за да можат со нив да соработуваат небесните суштества. Кога работниците ќе сфатат дека се наоѓаат во присуство на ангелите, чии очи се премногу чисти за да можат да гледаат беззаконие, тогаш ќе ги контролираат своите мисли, зборови и постапки. Тогаш ќе им биде дадена морална сила, зашто Господ вели: „Ќе ги прославам оние кои Мене ме прославуваат" (1. Самоилова 2:30). Секој работник ќе стекне драгоцено искуство и ќе поседува вера и сила кои ќе ги совладаат сите околности. Сите ќе можат да кажат: „Господ е на ова место." {7C 193.1}

ПОТПИРАЊЕ НА БОГА

Прва поука која мора да ја научат работниците во нашите институции е поуката за потпирање на Бога. Пред да можат да имаат успех во било кој поглед, тие мораат да ја прифатат, секој за себе, вистината која се содржи во Христовите зборови: „Без Мене не можете да правите ништо." {7C 194.1}

Коренот на праведноста лежи во побожноста. Секое човечко суштество е праведно само ако има вера во Бога и ако одржува жива врска со Него. Како што цветот во поле има корен во почвата, како што тој мора да добива воздух, роса, дожд и сончеви зраци, така ние мораме да го добиваме од Бога она што е потребно за животот на душата. Дури кога ќе станеме учесници во Неговата природа, можеме да стекнеме сила да се покориме на Неговите заповеди. Ниту еден човек, моќен или непознат, искусен или неискусен, не може да води меѓу своите ближни чист, силен живот ако тој

живот не е со крин со Христа во Бога. Ако е поголема активноста меѓу луѓето, тогаш поблиска треба да биде комуникацијата на срцето со Бога. {7C 194.2}

Господ дал инструкции вработените во издавачките куќи да бидат воспитани во верски работи. Тоа дело е бескрајно позначајно од финансиската добивка. На прво место мора да се посвети внимание на духовното здравје на работниците. Секое утро Започнете ја работата со молитва. Не сметајте дека тоа е губење на време, за што тоа време ќе живее низ бескрајни векови. На тој начин ќе извојувате успех и духовна победа. Машината ќе се покори на допирот на Господовата рака. Корисно е да се бараат Божји благослови, а работата не може да се заврши како што треба ако не започне како што треба. Рацете на секој работник мора да се зацврстат, срцето мора да се очисти пред Господ да може корисно да го употреби. {7C 194.3}

Ако сакаме да живееме вистински христијански живот, совеста мора се оживува со постојан допир со Божјата Реч. Сите драгоцени работи кои Бог, по бескрајна цена, ни ги оставил на располагање, нема да ни бидат од никаква корист, нема да нѐ зацврснат и да поттикнат духовен развој ако не ги присвоме. Мораме да се храниме со Божјата Реч таа мора да стане дел од нас самите. {7C 195.1}

Мали групи треба да се собираат навечер, напладне или рано на утро поради проучување на Библијата. Извесно време треба да по светат на молитва, за да ги зацврсти, просветли и посвети Светиот Дух. Христос сака тоа дело да се врши во срцето на секој работник. Ќе добиете противење благослови ако сами му ја отворите вратата за да го примите. Божјите ангели ќе бидат среде тоа собрание. Ќе се храните со листови од дрвото на животот. Какви сведоштва можете да давате за зближувањето со останатите работници во тие драго цени моменти кога се молите за Божји благослов! Тоа ќе ѝ пружи на душата поголема утеха и радост од сите пријатни музички инструменти кои црквата може да ги набави. Христос ќе ги посети вашите срца. Само на тој начин можете да ја сочувате својата чесност. {7C 195.2}

Многумина, како што се чини, сметаат дека е изгубено Времето кое се посветува во барање на Господа. Меѓутоа, кога Господ ќе дојде да соработува со човечките напори и кога мажите и жените соработуваат со Него, ќе се забележи значителна промена во работата и во резултатите. Секое срце кое го посетиле блескавите зраци на Сонцето на Праведноста ќе го покаже дејствувањето на Божјиот Дух во гласот, умот и карактерот. Машината ќе работи како подмачкана и раководена од една мајсторска рака. Ќе име помалку триење кога Духот на работниците ќе добие масло од двете маслинови гранки. Светото влијание ќе се шири на другите преку зборови на љубезност, нежност, љубов и охрабрување. {7C 195.3}

Евангелистите кои се бојат од Бога треба ревносно да се залагаат за оние кои учат занаети, за тие да се обратат. Тие треба внимателно да се поучуваат на вистината. Тие треба да се поттикнуваат секојдневно да ја проучуваат Библијата и еден наставник треба да ја чита Библијата со нив и да ја проучува. {7C 196.1}

Зголеменото знаење за Христа, кое се стекнува со проучување на Светото Писмо под раководство на Светиот Дух, го оспособува оној кој стекнува знаење да прави разлика помеѓу доброто и злото во сите животни прашања. Ако оние кои се во врска со нашите издавачки куќи го стекнат тоа знаење, ако се вкоренат и зацврстат во

вистината, тие ќе се придржуваат на Господовите патишта и ќе вршат правда и суд. {7C 196.2}

Оние кои се занимаваат со свети работи во издавачките уста нови и сите гранки на Божјото дело, должни се да вложуваат највозвишени напори на своите умни и морални сили. Тие постојано мораат да ја проучуваат Божјата волја, а не човечката. Божјата благодат мора да се огледа во целата нивна работа. {7C 196.3}

Ние треба да бидеме „немрзливи во работата; пламени во Духот; служејќи Му на Господа" (Римјаните 12:11) Мораме да бидеме активни во нашата работа. Меѓутоа, таа енергија мора да содржи уште еден елемент - силна ревност во Божјата служба. Во својата секојдневна работа мораме да внесуваме посветеност и побожност. Ако без тоа ги водите своите работи, тогаш правите најголема грешка во својот живот: го закинувате Бога, а тврдите дека Му служите. {7C 196.4}

СОРАБОТКА

При основањето на установи на нови полиња често се случува должностите да се доверуваат на лица кои не се во целост запознаени со поединостите на делото. Тие лица работат под тешки околности и ако нивните соработници не се несебично предани на Господовата установа, ќе настапи состојба на работите која ќе го попречува напредокот. {7C 197.1}

Многумина сметаат дека се исклучиво надлежни за работата која спаѓа во нивниот делокруг и дека никој не смее да поднесува никакви предлози во врска со тоа. Меѓутоа, токму на тие луѓе можеби не им се познати најдобрите начини за вршење на таа работа, а сепак ако некој се осуди да ги посоветува, тие се навредуваат и уште поупорно се придржуваат за своето независно расудување. Од друга страна, некои работници не сакаат да им помогнат или да ги поучат своите соработници. Некои кои се неискусни не сакаат други да дознаат за нивното незнаење. Тие прават грешки по цена на губење на време и материјал, затоа што се премногу горди да побараат совет. {7C 197.2}

Не е тешко да се пронајде причината за овие незгоди. Работниците сметаат дека се независни влакна, додека треба да се сметаат за влакна кои мора да бидат вткаени едно во друго, за да се создаде шаблонот. {7C 197.3}

Светиот Дух е ожалостен поради таквите работи. Бог сака да учиме еден од друг. Среде непосветената независност доаѓаме во положба во која Бог не може да работи со нас. Сатаната е многу за доволен со таквата состојба на работите. {7C 197.4}

Не треба да постои никакво прикривање, никаков страв дека други ќе го стекнат значењето кое го поседуваат само неколкумина. Таквиот став поттикнува постојани сомнежи и воздржаност. Им се попушта на злите мисли и злите претпоставки и во срцето изумира братската љубов. {7C 197.5}

Секоја гранка на Божјото дело е во врска со сите други гранки. Не смее да постои исклучивост во установа во која Бог претседава, бидејќи Тој е Господ на сиот такт, на сите креативни способности. Тој е темел на сите правилни методи. Тој го дели

значењето во врска со тоа и ниту еден човек не смее да смета дека тоа му припаѓа исклучиво Нему. {7C 198.1}

Секој работник треба да се интересира за сите гранки на делото и, ако Бог му даде далековидност, способност и знаење кои можат да бидат од помош на било која гранка на делото, тој треба на други да му го пренесе она што го примил. {7C 198.2}

Сите способности кои можат да користат на установата треба, преку несебични напори, да се внесат во работата, за установата да може да биде успешно, живо, делотворно орудие за Бога. На издавачките куќи ѝ се потребни посветени работници кои поседуваат способност и влијание. {7C 198.3}

Секој работник ќе биде искушан дали се залага за напредок на Господовата установа или им служи на сопствените интереси. Оние кои се обратени, ќе пружат секојдневни докази дека не се трудат да ги употребат за лична корист знаењата и способностите кои ги стекнале. Тие сфаќаат дека Божественото провидение им ги дало тие дарови, за да можат, како Господово орудие, да му служат на Неговото дело, вршејќи возвишено работа. {7C 198.4}

Ничии побуди не смеат да бидат заради љубов кон пофалба или копнеж за власт. Вистинскиот работник прави сè што може, затоа што на тој начин може да го прослави Бога. Тој се труди да ги усовврши сите свои способности. Тој ги врши сите свои должности како за Бога. Негова единствена желба е да му се укаже чест на Христа и совршено да Му се служи. {7C 198.5}

Работниците треба да ги вложат сите свои сили поради напредок на Господовото дело. На тој начин и самите ќе стекнат сила и делотворност. {7C 198.6}

САМОСОВЛАДУВАЊЕ И ВЕРНОСТ

Немаме право да ги преоптоваруваме своите умни и телесни сили така што ќе станеме лесно раздразливи и ќе зборуваме зборови кои нанесуваат срам на Бога. Господ сака секогаш да бидеме стабилни и трпеливи. Што и да прават другите, ние треба да го претставуваме Христа, постапувајќи онака како што би постапил Тој во слични околности. {7C 199.1}

Човекот кој се наоѓа на одговорна положба секој ден мора да донесува одлуки од кои зависат многу значајни резултати. Тој често мора брзо да мисли, а тоа може да го прави само оној кој се придржува до строга умереност. Умот зајакнува благодарение на правилната употреба на телесните и умствените сили. Ако напорот не е претеран, тогаш умот постојано стекнува нова сила со секое напрегнување. {7C 199.2}

Само оној човек кој е христијанин со сето свое срце може да биде вистински благороден човек. {7C 199.3}

Оној кој во сите поединости не се придржува до Божјите барања, неизбежно ќе претрпи неуспех и загуба. Не придржувајќи се до Господовите патишта, Тој му ја закинува на својот Творец службата што Му ја доли. Тоа го погодува Него самиот, бидејќи не ја стекнува онаа благодат, онаа моќ, онаа сила на карактерот, кои може да ги стекне само оној кој сè му потчинува на Бога. Живеејќи далеку од Христа, тој паѓа во искушенија. Во својата работа за Господарот тој прави грешки. Неверен на начелото во

мали работи, тој не ја врши Божјата волја во противење работи. Тој постапува според начелата на кои се навикнал себеси. {7C 199.4}

Бог не може да одржи врска со оние кои живеат за да си угодат себеси, за самите на себе да бидат најглавни. Оние кои така поста пуваат на крајот ќе бидат последни од сите. Вообразеноста е грев кој е речиси безнадежен и неизлечив. Тој го попречува патот на напредокот. Кога човекот има недостатоци во карактерот, а тоа не го увидува, кога е толку исполнет со вообразеноста што не ги гледа своите грешки, како може да се очисти? „На здравите не им треба лекар, туку на болните" (Матеј 9:12). Како некој може да се подобри кога смета дека е совршен? {7C 199.5}

Кога човекот за кого се претпоставува дека Бог го води и поучува ќе скршне од патот поради својата вообразеност, тогаш многуминаќе се угледаат на Неговиот пример. Неговиот погрешен чекор може да заведе илјадници луѓе. {7C 200.1}

Размислувајте за параболата за смоквата: {7C 200.2}

„Некој човек имаш посадено смоква во своето лозје; и дојде да побара плод на неа, но не најде. Тогаш му рече на лозарот: ‘Еве, веќе три години доаѓам и барам плод на оваа смоква, но не наоѓам. Пресечи ја! Зошто уште да ја испостува земјата?’ Но тој му одговори и рече: ‘Господаре, остави ја уште оваа година, додека раскопам околу неа и ја наѓубрам, па можеби ќе роди, ако пак не роди, ќе ја пресечеш во иднина’" (Лука 13:6-9). {7C 200.3}

„Во иднина" - во тие зборови лежи поука за сите кои се поврзани со Божјото дело. На дрвото кое не давало род одреден му е период на проба. На таков начин Бог има долготрпение кон Својот народ. Меѓутоа, за оние кои се наоѓаат во многу поволни околности, на кои им се доверени свети и возвишени должности, а сепак не донесуваат род, Бог им вели: „Пресечи ја! Зошто уште да ја испостува земјата?“ {7C 200.4}

Оние кои се во врска со Господовото орудие мораат да имаат на ум дека Бог ќе бара плодови од Своето лозје. Бараните плодови мораат да бидат во сооднос со добиениот благослов. Небесните ангели ги посетуваат и помагаат сите места во кои се основани Божји установи. Неверноста во тие установи е поголем грев отколку на било кое друго место, зашто има поголемо влијание отколку на било кое друго место. Неверноста, неправдата, нечесноста, премолчување на злото - сето тоа ја попречува светлината која по Божја намера треба да светли од Неговите орудија. {7C 200.5}

Светот набљудува и подготвен е остро да ги критикува вашите зборови, вашето однесување и вашите деловни потфати. Светот го набљудува секој кој учествува во Божјото дело и го мери со човечки мерила. На сите со кои доаѓате во допир вие оставате впечаток, поволен или неповолен за библиската вера. {7C 201.1}

Светот набљудува за да види какви плодови донесуваат оние кои тврдат дека се христијани. Светот има право да очекува само откажување и самопожртвување од оние кои тврдат дека веруваат во вистината. {7C 201.2}

Меѓу нашите работници имало и ќе има такви кои не сметаат дека Исус им е потребен на секој чекор. Тие сметаат дека немаат време за молитва и за присуствување на верските состаноци. Тие се толку зафатени што немаат време да ја одржуваат својата душа во љубов кон Бога. Тогаш сатаната се наоѓа во близина за да ја распламтува фантазијата. {7C 201.3}

Работниците кои не се вредни и верни нанесуваат неизмерна штета. Тие им пружаат пример на другите. Во секоја установа има луѓе кои сесрдно и радосно ја вршат службата; но зар нема квасецот да влијае врз нив? Треба ли установата да се остави без искрени примери на христијанска верност? Кога луѓето кои тврдат дека се Христови претставници ќе покажат дека не се обратиле, дека нивните карактери се груби, себични и нечисти, тогаш треба да ги оддалечат од Божјото дело. {7C 201.4}

Работниците треба да ги сфатат должностите со кои Христос ги почестил. Лесноумните побуди и непостојани постапки мораат да бидат отфрлени. Оние кои не прават разлика помеѓу светите и обичните работи, не можат да бидат доверливи повереници со возвишена одговорност. Кога ќе дојдат во искушение, тие ќе ја проиграат довербата. Оние кои не ги ценат предностите и користа од учествувањето во Божјото дело, нема да им одолеат на вештите искушенија на непријателот. Нив лесно ги заведуваат себичните, амбициозни планови. Ако и откако им е покажана светлината и понатаму не прават разлика помеѓу доброто и злото, тогаш почист и повозвишен ќе биде карактерот на Божјото дело, доколку тие поскоро се оддалечат од установата. {7C 202.1}

Никој не треба да биде задржан во било која од Божјите установи кој во криза пропушта да сфати дека Неговите институции се свети. Доколку работниците не уживаат во вистината; доколку нивната поврзаност со институцијата не ги прави подобри, не им донесува љубов за вистината, тогаш, по доволно време на проба, одвојте ги од делото; затоа што нивната нерелигиозност и неверие ќе влијае врз другите. Преку нив работат злите ангели за да ги заведат другите кои се доведени како ученици. Вие за ученици (калфи) треба да најдете младина која ветува, оние кои што го љубат Бога. Меѓутоа доколку ги поставите во поврзаност со оние кои немаат љубов за Бога, тие се наоѓаат во постојана опасност од нерелигиозното влијание. Половично оддадените на работата и световните, оние кои се оддават на озборување, кои пребиваат на грешките на другите, додека ги занемаруваат сопствените, треба да бидат одвоени од делото. {7C 202.2}

ОПАСНОСТ ОД НЕСООДВЕТНО ЧИТАЊЕ

Кога ја гледам опасноста која ѝ се заканува на младината од несоодветно читање, не можам да се воздржам, а уште еднаш да не ги изложам опомените кои ми се дадени во врска со тоа големо зло. {7C 203.1}

Не се сфаќа во целост штетата која на работниците им ја нанесува работењето со книги со непожелен карактер. Таквиот материјал го привлекува нивното внимание и го буди нивниот интерес. Поедини реченици остануваат втиснати во умот. Се појавуваат разни мисли. Читателот речиси несвесно паѓа под влијание на писателот и умот и карактерот добиваат отпечаток на злото. Има луѓе кои поседуваат малку вера и малку способност за самосовладување и ним им е тешко да ги отфрлат мислите кои ги поттикнува таквата литература. {7C 203.2}

Некои се навикнале на читање на романи пред да ја прифатат сегашната вистина. По пристапувањето во црквата, тие се трудат да ја совладаат таа навика. Да се стават

пред такви луѓе книги слични на книгите што ги отфрлиле, значи да му се понуди алкохол на пијаница. Попуштајќи му на искушението на кое постојано се изложени, тие набргу ја губат склоноста кон читање на сериозни книги. Нив не ги интересира проучувањето на Библијата. Нивните морални сили попуштаат. Гревот им изгледа сè помалку одвратен. Неверството се покажува во сè поголема мера. Негодувањето поради секојдневните животни должности се зголемува. Кога ќе стане изопачен, умот е подготвен да ја земе секоја книга која има стимулативен карактер. На тој начин на сатаната му е отворен патот за потполно потчинување на душите. {7C 203.3}

Книгите кои не го изопачуваат и расипуваат карактерот во толкава мера, исто така треба да се избегнуваат ако ја намалуваат склоноста кон проучување на Библијата. Речта е вистинската мана. Сите треба да ја задушат во себе желбата за читање на книги кои не содржат храна на умот. Невозможно е да учествувате со јасни сфаќања во Божјото дело, ако умот ви е зафатен со читање на та ков вид на книги. Оние кои се во Божја служба не треба да трошат време ниту пари за читање на површни книги. Што е каколот спрема пченицата? {7C 203.4}

Не време за впуштање во површни задоволства, за задоволување на себични склоности. Време е да се занимавате со сериозни мисли. Не можете да размислувате за пожртвуваниот и полн со самооткажување живот на Откупителот на светот и истовремено да уживате во површни шеги и да го поминувате своето време во глупости. Многу ви е потребно практично искуство во христијанскиот живот. Потребно ви е да го оспособите својот ум за Божјото дело. Верскиот живот во голема мера зависи од видот на книги кои ги читате во своите слободни моменти. {7C 204.1}

Ако го љубите Светото Писмо и го проучувате секогаш кога ќе ви се укаже можност за тоа, за да го присвоите Неговото изобилно богатство, тогаш можете да бидете сигурни дека Исус ве привлекува кај себе. {7C 204.2}

„Пазете да не ве заведе некој со филозофија и со суетна измама по човечко предание, според стиховите на светот, а не според Христа. Зашто во Него живее сета полнота на Божеството, и вие сте комплетни во Него" (Колосјаните 2:8-10). {7C 204.3}

Не можеме да бидеме комплетни во Христа и истовремено да бидеме подготвени да ги прифатиме оние работи кои доаѓаат од таканаречените противење луѓе на Земјата и да ја ставаме нивната мудрост над мудроста на најголемиот Учител кој светот некогаш го познавал. Да се бара знаење од такви извори, се вели во Божјата Реч, значи да се гаси жедта од скриени садови кои не можат да држат вода. {7C 204.4}

Божјата вистина мора да биде предмет на размислување и проучување. Читајте ја Библијата и сметајте ја како Божја Реч која е упатена директно на вас. Тогаш ќе најдете Вдахновение и онаа мудрост која е од Божествено потекло. {7C 205.1}

Собирање на голем број на книги поради проучување често по ставува помеѓу Бога и човекот мноштво на знаење кое го слабее умот и го онеспособува да го свари она што веќе го примил. Умот станува преоптоварен. Потребна е мудрост за да може човекот да изврши правилен избор помеѓу многу писатели и зборот на животот, за да може да го јаде телото и да ја пие крвта на Божјиот Син. {7C 205.2}

Драги браќа, отфрлете ги потоците во низините и пристапете им на чистите води во Ливан. Никогаш не можете да одите во Божја светлина ако го затрупувате умот со читање на мноштво книги кои не можете да ги сварите. Време е да ја прифатиме

небесната помош и да ѝ овозможиме на Божјата Реч да влијае на умот. Да ја за твориме вратата на претераното читање. Мораме повеќе да се молиме и да јадеме зборови на живот. Ако во срцето и умот не се изврши длабоко дело на благодатта, никогаш нема да го видиме Божјото лице. {7C 205.3}

ОДБЕГНУВАЈТЕ ДОЛГОВИ

Бог не сака Неговото дело постојано да го попречуваат долгови. Кога ви се чини пожелно да се зголеми бројот на зградите или други инсталации во установата, чувајте се да не се протегате преку своите средства. Подобро е да ги одложите тие планови додека Провидението не отвори пат за нивно отворање без противење задолжувања и плаќања на камати. {7C 206.1}

Нашиот народ вложувал средства во нашите издавачки куќи и на тој начин им овозможил да ги стават на располагање средствата за поддржување на поедини гранки на Божјото дело на разни полиња и да помагаат други установи. Тоа е добро. Во тој поглед не е направено ништо претерано. Господ сето тоа го гледа. Меѓутоа, според светлината што ми е дадена, со сите сили треба да се трудиме да бидеме без долгови. {7C 206.2}

Издавачката работа е заснована на самооткажување и оние кои раководат со неа, морат строго да се придржуваат до начелата на штедење. Кога нема доволно средства, финансиските прашања можат да се решат на тој начин што работниците ќе се согласат на намалување на платите. Господ ми покажа дека тоа начело треба да го внесете во своите установи. Треба да бидеме подготвени да ги ограничиме своите потреби кога постои недостиг на пари. {7C 206.3}

Нека на публикациите биде ставена соодветна вредност, а по тоа сите во нашите издавачки куќи треба да се трудат да штедат на сите можни начини, дури и ако тоа создава значајни непријатности. Внимавајте на ситните издатоци. Затворете ја секоја пукнатина. Ситните губитоци во крајна линија сочинуваат крупен износ. Собирајте ги остатоците, за ништо да не се растура. Не губете моменти во разговор; загубените моменти сочинуваат часови. Истрајноста во вредноста и залагањето со вера секогаш ќе бидат крунисани со успех. {7C 206.4}

Некои сметаа дека е под нивна чест да се грижат за ситни работи. Тие сметаат дека тоа е доказ на тесноградост и скржавење. Меѓутоа, многу бродови потонале поради мали пукнатини. Не смее да се дозволи да се растура нешто што може да користи за било што. Недостигот од штедење неизбежно ќе доведе до задолжување на нашите установи. Иако можат да пристигнуваат суми на пари, тие пари ќе се изгубат преку ситните пукнатини во сите гранки на Божјото дело. Економијата не претставува скржавост. {7C 206.5}

Секој маж и жена кои се вработени во издавачката куќа треба да бидат будни стражари кои внимаваат ништо да не се растура. Сите треба да се чуваат од божемните потреби кои бараат дополнителни пари. Некои луѓе живеат подобро со четиристотини долари годишно од луѓето кои имаат осумстотини долари годишно. Таков е случајот со нашите установи; некои луѓе можат со многу помал капитал да управуваат подобро од

други. Бог сака сите работници да практикуваат економија и да бидат верни сметководители. {7C 207.1}

Секој работник во нашите установи треба да биде праведно на граден. Ако работниците примаат соодветни плати, ќе имаат задволство да даваат прилози за Божјото дело. Не е право некои да добиваат противење награди, а други, кои верно ја вршат неопходната работа, да добиваат многу малку. {7C 207.2}

Меѓутоа, има случаи кога мора да се прави разлика. Има вработени луѓе во издавачките куќи, чии одговорности се многу противење и чија работа е од големо значење за установата. На многу други положби тие би имале многу помалку грижи, а од финансиска гледна точка - многу поголем профит. Секој може да види дека е неправедно таквите луѓе да не добиваат поголема плата од работниците кои работат само механичка работа. {7C 207.3}

Ако Господ одредил на некоја жена да врши одредена работа, нејзината работа треба да се цени според нејзината вредност. Не кои можеби сметаат дека е паметно да се дозволи одредени лица да го посветуваат своето време и труд на Божјото дело без награда. Меѓутоа, Бог не одобрува такви постапки. Кога самооткажувањето е потребно поради недостиг на средства, не смее да се дозволи товарот во целост да почива само на неколкумина. Сите треба да бидат единствени во жртвата. {7C 207.4}

Господ сака оние на кои им се доверени Неговите добра, да бидат љубезни и дарежливи, а не скржави. Во своите работи тие не треба да се трудат да го извлечат секој можен цент. Бог со презир гледа на таквото работење. {7C 208.1}

Работниците треба да добијат награда според часовите кои ги поминале во чесна работа. Оној кој работи полно работно време треба да биде награден според тоа. Ако некој во носењето на товарот ги вложува својот ум, душа и сила - тогаш тој мора да биде на граден соодветно на тоа. {7C 208.2}

Никој не смее да добие огромна награда, иако може да поседува исклучителни способности и особини. Работата што се врши за Бога не смее да се постави на платежна основа. Работниците во издавачките куќи немаат позаморна работа, немаат поголеми издатоци, немаат потешки одговорности од работниците во другите гранки на делото. Нивната работа не е позаморна од работата на верните проповедници. Од друга страна, проповедниците по правило поднесуваат поголеми жртви отколку работниците во нашите установи. Проповедниците одат таму каде што се упатени, тие се подготвени да тргнат во секој момент и да одат таму каде што е по требно. Тие се многу често одвоени од своите семејства. Работниците во издавачките куќи по правило имаат постојано живеалиште и живеат со своите семејства. Тоа е голема заштеда во издатоци и треба да биде земена во предвид при одредувањето на награди на работниците на проповедничка должност и во издавачките куќи. {7C 208.3}

Оние кои работат со сето срце во Господовото лозје, залагајќи се до крајни граници на своите способности, не се оние кои најмногу ја ценат својата служба. Наместо да се надуваат од гордост и вообразеност и наместо точно да го одмерат секој момент на работа, тие го споредуваат својот труд со делото на Спасителот и се сметаат себеси непрофитабилни слуги. {7C 209.1}

Браќа, не размислувајте за тоа колку малку можете да направите за да Дојдете на најниско ниво, туку трудете се да ја сфатите Божјата полнина, за да можете многу да направите за Него. {7C 209.2}

Господ бара луѓе кои ја увидуваат големината на делото и кои ги сфаќаат начелата кои се вткаени во Него од самиот почеток. Тој не сака во тоа да се вмешаат светски поими кои ќе влијаат делото да тргне по друг пат, а не по патот кој Тој го одредил за Својот народ. Делото мора да го носи обележјето на својот Зачетник. {7C 209.3}

Во жртвата која Христос ја поднел за паднатиот човек, се сретнале милоста и вистината, праведноста и мирот се бакнале. Кога тие ознаки ќе се одвојат од најубавото и навидум најуспешно дело, тогаш во тоа дело не преостанува ништо. {7C 209.4}

Бог не издвоил неколку луѓе на кои им ја укажува Својата наклонетост, ниту останатите ги оставил без Својата грижа. Тој не би подигнал еден човек, отфрлајќи ги и потчинувајќи ги другите. Сите кои навистина се обратени, ќе поседуваат ист дух. Тие постапуваат кон своите ближни како што би постапувале кон Христа. Ниту еден од нив нема да ги запоставува правата на другите. {7C 209.5}

Божјите слуги треба да чувствуваат толку голема почит кон светото дело во кое учествуваат, така што во Него нема да внесуваат ниту еден белег на себичност. {7C 209.6}

ВЕРА И ХРАБРОСТ

Господ му наредил на Мојсеј да им раскаже на Израеловите деца како Тој постапувал со нив при нивното ослободување од Египет и како чудесно ги сочувал во пустината. Тој морал да ги потсети на нивното неверство и мрморење кога дошле во тешка положба и на големата Господова милост и љубов кои никогаш не им била ускратена. Тоа ќе ја поттикне нивната вера и ќе ја зацврсти нивната храброст. Тие ќе ги увидат своите сопствени гревови и слабости, но исто така ќе сфатат дека Бог бил нивна праведност и сила. {7C 210.1}

Исто така, неопходно е Божјиот народ во овие денови да се сети како и кога бил искушуван и каде попуштила Неговата вера; кога ѝ нанел штета на Божјата работа со своето неверие и со својата самодоверба. Треба чекор по чекор повторно да се прераскажува Божјата милост, Неговото провидение и ослободување, кое никогаш не смее да се заборави. Кога Божјиот народ на тој начин го посматра минатото, ќе види дека Господ секогаш ги повторува Своите дела. Народот мора да ги разбере дадените опомени и мора да се чува да не ги повторува своите грешки. Откажувајќи се од секоја самодоверба, народот мора да се потпре на Бога, за Тој да ја сочува повторно да не нанесе срам на Неговото име. Душите пропаѓаат во секоја победа која сатаната ќе ја извојува. Некои стануваат подложни на Неговите искушувања и никогаш не можат да се повратат. Оние кои правеле грешки мораат внимателно да одат и да се молат на секој чекор: „Утврди ги моите стапки на Твоите патишта, за да не застранат моите нозе" (Псалм 17:5). {7C 210.2}

Бог праќа проби за да се покаже кој верно ќе одолее на искушенијата. Тој ги доведува сите во тешка положба за да види дали ќе се потпрат на силата која е надвор и над нив самите. Сите имаат прикриени црти на карактерот кои преку страдање ќе излезат на виделина. Бог дозволува оние кои се потпираат на себе да бидат болно искушувани за да ја увидат својата беспомошност. {7C 210.3}

Кога ќе нè снајдат неволји, кога пред себе не гледаме зголемување на просперитетот, туку неодложна потреба сите да поднесуваме жртви, како ќе го дочекаме сатанското дошепнување дека ни претстојат многу тешки денови? Ако ги слушаме Неговите дошепнувања, тогаш ќе про'рти недоверба во Бога. Во такви моменти треба да имаме на ум дека Бог секогаш се грижел за Своите установи. Треба да го набљудуваме делото што го направил, реформите што ги спровел. Треба да собираме докази за небесните благослови, симболи на добрата, говорејќи: „Господе, веруваме во Тебе, во Твоите слуги и во Твоето дело. Ќе се потпреме на Тебе. Издавачките куќи се Твое орудие и ние нема да те изневериме, ниту ќе ја изгубиме храброста. Ќе се држиме до Господовите патишта за да твориме правда и суд. Ќе ја извршиме својата должност, останувајќи верни на Божјото дело." {7C 211.1}

Ако некогаш ви недостига вера кога ќе наидат тешкотии, тогаш ќе ни недостига вера во сите прилики. {7C 211.2}

На најголема потреба е верата во Бога. Кога ја набљудуваме мрачната страна, го губиме своето држење за Израеловиот Господ Бог. Кога срцето е достапно на стравувањата и претпазливоста, нверството го попречува патот на напредокот. Никогаш не смееме да стравуваме дека Бог се откажал од Своето дело. {7C 211.3}

Помалку треба да се зборува за неверството, помалку треба да се претпоставува дека овој или оној го попречува патот. Одете на пред со вера, имајте доверба во Господа дека ќе го подготви патот за Своето дело. Тогаш ќе најдете одмор во Христа. Кога ја негувате својата вера, кога воспоставувате правилен однос со Бога и кога со молитви се зацврстувате за да ја извршите својата должност, тогаш Светиот Дух ќе влијае на вас. Ако постојано се потпирате на Бога, сами ќе решите многу проблеми кои сега ви се нерешливи. Ако живеете под водство на Светиот Дух, не е потребно да бидете неодлучни, туку одете и работете со доверба. {7C 211.4}

Мораме да имаме помалку вера во она што можеме да го напра виме, а повеќе вера во она што Господ може да го направи за нас, доколку имаме чисти раце и чисто срце. Вие не учествувате восвоето сопствено дело; туку вие го вршите Божјото дело. {7C 212.1}

Потребно е повеќе љубов, повеќе искреност, помалку сомнеж, помалку зло мислење. Мораме да бидеме подготвени помалку да бламираме и обвинуваме. Тоа го навредува Бога. Љубовта мора да го омекне и потчини срцето. Беспомошната состојба на нашиот народ е последица на фактот дека Неговото срце не е исправно пред Бога. Оддалечувањето од Бога е причина за тешката состојба во нашите установи. {7C 212.2}

Не грижете се. Ако гледате на надворешниот изглед и ако лелекате кога ќе наидат тешкотии и неволји, тогаш вашата вера е нездрава и слаба. Покаете со своите дела и со своите зборови дека вашата вера е непобедлива. Господ е богат во ресурси. Светот е Негова сопственост. Потпрете се на Него, зашто Тој поседува светлина, сила и

делотворност. Тој ќе го благослови секој кој се труди да шири светлина и љубов. {7C 212.3}

Господ сака сите да сфатат дека нивниот напредок е скриен со Него во Христа, дека зависи од нивната понизност и кроткост, од нивната сесрдна послушност и посветеност. Кога ќе ги научат поуките од големиот Учител, кога ќе умрат за своето „јас", кога нема да се потпираат на човек и кога телото нема да биде нивна мишка, тогаш Господ ќе биде за нив присутна помош во секое време на по треба. Тој ќе управува со нивниот разум. Тој ќе се наоѓа крај нивната десна рака за да им даде совет. Тој ќе им каже: „Ова е патот; одете по Него." {7C 212.4}

Нека браќата на одговорни положби им зборуваат на работниците за верата и храброста. Фрлете ја својата мрежа од правилната страна на бродот, од страната на верата. Сè додека трае пробата (Времето на милоста), покажувајте што може да стори една посветена, жива црква. {7C 213.1}

Ние не сфаќаме како што треба колку е голем судирот кој се одвива помеѓу невидливите суштества, судир помеѓу верните и неверните ангели. Околу секој човек се борат добри и зли ангели. Тоа не е нереална борба. Ние учествуваме во вистински, а не во нереални битки. Се среќаваме со најмоќните противници и на нас е да одлучиме кој ќе победи. Нашите сили ние треба да ги црпиме таму каде што ги црпеле и првите ученици. „Тие сите еднодушно беа постојано во молитва и молење." „И одненадеж стана шум од Небото, како кога дува силен ветар и ја исполни целата куќа, во која седеа." „И тие сите се исполнија со Светиот Дух" (Дела 1:14; 2:2, 4). {7C 213.2}

Нема оправдување за недостатоци или малодушност, зашто сите ветувања на небесната благодат им се упатени на оние кои се гладни и жедни за праведноста. Силата на желбата која се одразува во гладта и жедта е залог дека ќе го добиеме она по што копнееме. {7C 213.3}

Во моментот кога ја увидуваме својата неспособност да го вршиме Божјото дело и кога се потчинуваме на водството на Неговата мудрост, Господ ќе може да соработува со нас. Ако од душата го потиснеме своето „јас", Господ ќе ја наполни со сето она што ѝ е потребно. {7C 213.4}

Доведете го својот ум и својата волја во положба каде што Светиот Дух ќе може да ги допре, зашто Тој не дејствува преку умот и совеста на другите за да стигне до вас. Молејќи се сесрдно за мудрост, проучувајте ја Божјата Реч. Примајте совет од посветениот разум кој е целосно потчинет на Бога. {7C 214.1}

Гледајте кон Христа во едноставност и вера. Гледајте во Исуса сè додека Духот не биде обземен од преобилната светлина. Не можеме половично да се молиме, не можеме половично да веруваме. „Барајте и ќе добиете" (Лука 11:9). Молете се, верувајте, храбрете се еден со друг. Молете се како никогаш порано Господ да ја полоши Својата рака на вас, за да ја разберете сета должна и ширина, длабочина и височина, и да ја познаете Христовата љубов која го надминува познавањето, за да бидете исполнети со Божјата полнота. {7C 214.2}

Фактот дека сме повикани да трпиме неволји докажува дека Господ Исус гледа во нас нешто драгоцено што Тој сака да го развива. Кога во нас не би видел ништо со што може да се слави Неговото име, Тој не би трошел време за да нè облагороди. Ние не

трошиме време во кроење на трње. Христос не прекалува безвредни камења во Својата печка, туку скапоцена руда. {7C 214.3}

Ковачот го става железото во оган за да го види Неговиот состав. Господ дозволува Неговите избраници да бидат ставени во огнот на страдањето за да види од каква природа се и дали може да ги искова и обликува за Своето дело. {7C 214.4}

САМОПОЖРТВУВАЊЕ

Законите на Христовото царство се толку едноставни, а притоа толку совршени, така што човечките додатоци само ќе создадат забуна. Доколку плановите за работа во Божјата служба се поедноставни, дотолку повеќе ќе остваримe. Да се усвојат методите на овој свет во Божјото дело, значи да се повикаат несреќата и поразот. Едноставност и понизност мораат да го обележуваат секој деловен напор кој се вложува за напредок на Божјото царство. {7C 215.1}

За да стигне евангелието до секое племе, колено, јазик и народ потребно е самопожртвување. Оние кои се наоѓаат на одговорни положби мораат во секоја прилика да постапуваат како верни доверители, совесно чувајќи ги фондовите кои ги создал народот. Мора грижливо да се внимава за да се спречат непотребни издатоци. При подигање на згради и набавка на други потреби, мораме да се грижиме да не трошиме пари на непотребни работи, зашто тоа нè онеспособува да ги ставиме на располагање средствата за проширување на делото на други полиња, особено во странските земји. Од благајната не треба да се земаат пари поради основање на уста нови на домашно поле, ако со тоа го попречуваме напредокот на вистината во далечните региони. {7C 215.2}

Божјите пари мораат да се употребуваат не само во нашата не посредна близина, туку и во оддалечените земји, на островите во морињата. Ако Неговиот народ не учествува во таквото дело, Бог ќе му ја одземе моќта која не се употребува како што треба. {7C 215.3}

Многу верници едвај имаат доволно храна за себе, а сепак во своето големо сиромаштво тие донесуваат десетоци и дарови во Господовата ризница. Во издавачките куќи вложиле пари многумина кои знаат што значи да се поддржува Божјата работа во тешки и мачни прилики. Тие ги поднесувале неволјите и немаштијата и стражеле и се молеле за успех на делото. Нивните дарови и жртви одразуваат благодарност на нивните срца кон Оној кој ги повикал од темнина во Својата чудесна светлина. Нивните молитви и прилози се како споменик пред Бога. Помирисен темјан не може да се издигне кон Небото. {7C 215.4}

Меѓутоа, Божјото дело е единствено во сиот свој широк обем и исти начела мора да владеат во сите Негови гранки. Тоа мора да носи печат на мисионерска работа. Секој дел од делото е поврзан со сите останати делови на библиска работа и Духот кој владее во еден отсек се чувствува на целото поле на работа. Ако некои работници добиваат поголеми плати, други работници во разни гранки на делото исто така ќе бараат повеќе, и на тој начин слабее Духот на самопожртвување. Други установи ќе се заразат со ист дух и Господ ќе им ја скрати Својата наклонетост, зашто Тој никогаш

нема да ја одобри себичноста. На тој начин би дошол крај на нашето агресивно дело. Само со постојано пожртвување можеме да направиме Божјото дело да напредува. Сите делови на светот бараат луѓе и пари за спроведување на делото. Зар ќе бидеме принудени да им одговориме: „Морате да чекате, зашто немаме пари во благајната"? {7C 216.1}

Некои искусни и побожни луѓе, кои се наоѓале на чело на делото, кои се откажувале од себе и кои не се колебале да поднесуваат жртви поради Неговиот успех, денес почиваат во гроб. Тие биле Божји одредени канали, Негови претставници, преку кои начелата на духовниот живот ѝ биле соопштувани на црквата. Тие поседувале искуство од најголема вредност. Тие не можеле ниту да се купат ниту да се продадат. Нивната чистота и посветеност, самопожртвување, жива поврзаност со Бога биле благослов за изградба на делото. Духот на самопожртвување ги обележувал нашите установи. {7C 216.2}

Во деновите кога се боревме против сиромаштијата, оние кои виделе како Бог чудесно се залагал за Својата работа сметале дека не може да им се укаже поголема чест отколку со напредокот на делото да бидат поврзани со свети врски кои ги спојуваат со Бога. Зар тие би го симнале товарот од своите рамена и би склопиле сојуз со Господа водејќи сметка за финансиските прашања? Не, не. Ако сите останати би го напуштиле своето место, тие никогаш не би го напуштиле Божјото дело. {7C 217.1}

Верниците кои во раната историја на Божјото дело поднесувале жртви поради Негов напредок биле исполнети со ист дух. Тие увидувале дека Бог бара од сите оние кои учествуваат во Неговата работа безусловна посветеност на телото, Духот и душата, на сите сили и способности, за да може делото да напредува. {7C 217.2}

Меѓутоа, делото назадувало во извесен поглед. Додека се развило по својот обем, зданија и опрема, тоа опаднало во поглед на побожноста. {7C 217.3}

Соломоновиот живот содржи поука за нас. Првиот дел од животот на овој Израелов цар ветувал многу. Тој ја избрал Божјата мудрост и славата на Неговото царство предизвикала восхит на светот. Тој можел да стекнува сè повеќе сила, можел сè повеќе да го усовршува својот карактер, приближувајќи се сè повеќе по сличноста на Божјиот карактер. Но колку е жална Неговата историја! Тој се воздигнал до највисоката положба на довербата, но се покажал неверен. Станувал самодоволен, горд и се воздигал себеси. Желбата за политичка власт и самоувеличување го навеле да склопува сојузи со незнабожечки нации. Среброто од Тарсис и златото од Офир се набавени по огромна цена. Дури по цена на жртвување на чесноста, по цена на предавство на светите доверби. Дружењето со идолопоклониците ја расипало Неговата вера; еден погрешен чекор водел кон друг; срушени се оградите кои Бог ги подигнал поради безбедност на Својот народ; Неговиот живот станал расипан поради многуженството; и на крајот почнал да обожава лажни богови. Карактерот кој бил цврст, чист и возвишен станал слаб, обележан со морални недостатоци. {7C 217.4}

Не недостигале лоши советодавци кои по своја волја влијаеле на тој некогаш благороден, независен ум, зашто Бог веќе не бил негов водач и советник. Неговата остроумност отапела; Неговиот, на почеток, совесен, обѕирен дух се променил. Угодувањето на самиот себеси станало Негов бог, а покрај тоа строгите казни и свирепа тиранија го обележувале Неговиот пат. Расипништвото во задоволување на

себичните желби тешко ги оптоварило сиромашните. Од најмудриот цар кој некогаш носел скиптар, Соломон се претворил во деспот. Како цар, тој бил идол на народите и сите се угледале на она што го зборувал и правел. Неговиот пример вршел влијание чии последици ќе се сознаат во целост дури кога делата на сите луѓе ќе бидат изнесени пред Бога и кога на секој човек ќе му се суди според делата што ги направил. {7C 218.1}

О, како Бог може да ги трпи неделата на оние кои добиле голема светлина, а сепак оделе по патот кој сами го избрале, на своја вечна штета! Соломон, кој прв при посветувањето на храмот свечено го повикал народот: „А вашето срце нека му биде потполно верно на Господа, нашиот Бог" (1. Цареви 8:61), сам го избрал својот пат и Неговото срце се оддалечило од Бога. Умот кој некогаш бил посветен на Бога, кој Бог го вдахнал да напише најдрагоцени зборови на мудрост (Книгата на Изреките), - вистини кои се направени бесмртни - благородниот ум, поради лошо друштво и попуштање на искушенијата станал неделотворен и морално слаб, така што Соломон се посрамил себеси, Израел и Бога. {7C 218.2}

Кога ја набљудуваме таа слика, тогаш гледаме што стануваат човечките суштества кога ќе се осмелат да се одвојат од Бога. Еден погрешен чекор го подготвува патот за другиот, и секој нареден чекор полесно се презема од претходниот. Така душите одат по друг водач, а не по Христа. {7C 219.1}

Ќе бидат испитани сите оние кои заземаат положби во нашите установи. Ако Христос биде нивен пример, Тој ќе им даде мудрост, знаење и разбирање. Тие ќе растат во благодатта и ќе се оспособат за Христовите патишта. Нивниот карактер ќе се сообразува со Неговиот карактер. Ако не одат по Господовите патишта, друг дух ќе завладее со нивниот ум и расудување и тие ќе прават планови без Господа, ќе одат по сопствен пат и ќе ги напуштат положбите на кои се наоѓале. Светлината им била дадена; ако се одвојат од неа, никој не треба да се обиде да ги подмитува да останат. Тие само ќе претставуваат пречка и стапица. Дошло време да се прорешета сè што може да се решета, за да останат оние работи кои не можат да се рашетаат. Бог ќе го разгледа секој случај. Тој го одмерува храмот и оние кои се молат во Него. {7C 219.2}

Отсек Пет

НА ЈУЖНИТЕ ПОЛИЊА

„Како што пастирот го бара своето стадо;... така и Јас ќе ги барам Моите овци и ќе ги соберам од сите места во коишто се распрснаа" (Езекиел 34:12).

ПОТРЕБИ НА ЈУЖНИТЕ ПОЛИЊА

Господ очекува многу повеќе од она што досега сме Му го дале во несебичната служба за луѓето од сите класи во јужните американски држави. Тоа поле лежи пред самите наши врати и тука треба да се изврши големо дело за Господарот. Тоа дело треба да се изврши сега, кога ангелите сè уште ги држат четирите ветра. Не смееме да губиме време. {7C 220.1}

Господ одамна чека на луѓе преку кои ќе работи. Уште колку долго ќе мора да чека мажите и жените да одговорат на повикот: „Одете работете денес во Моето лозје." Потребни се гласници на милоста, не само во неколку места на Југ, туку на цело поле. Богатите и сиромашните бараат светлина. {7C 220.2}

Мажите и жените треба да се понудат да ја разнесуваат вистината по патиштата и патеките на тоа поле. Постојат илјадници мажи и жени кои можат да се посветат на Божјата служба. Тој ќе ги при фати и ќе дејствува преку нив, претворајќи ги во гласници на мирот и надежта. {7C 220.3}

Работниците ќе наидат на многу луѓе чии срца ќе отврднат против Божјиот Дух. Но тие исто така ќе наидат на многу луѓе кои се гладни за лебот на животот и кои, кога ќе ја примат веста, ќе отидат и ќе го сеат семето на вистината. {7C 220.4}

Кога Господ му го доверил на Мојсеј делото да ги изведе Израловите деца од Египет, Тој му ветил: „Несомнено јас ќе бидам со Тебе." „Јас лично ќе одам со Тебе и ќе те успокојам" (Излез 3:12; 33:14). Истото ветување е дадено на оние кои заминуваат на јужните полиња да работат за Господа. {7C 221.1}

Браќа и сестри, општете со Бога за да бидете исполнети со Неговиот Дух, а потоа одете на други да ја излиете милоста што сте ја добиле. Спасителовиот пример треба да нè поттикне да вложуваме сесрдни, самопожртвувани напори поради доброто на другите. Тој дошол на овој свет како неуморен слуга на човечките потреби. Љубовта кон паднатиот род избивала од сè што рекол или направил. Тој го облекол Своето Божество во она што е човечко, за да може да живее меѓу човечките суштества како еден од нив како учесник во нивното сиромаштво и во нивните страдања. Колку само Неговиот живот бил исполнет со работа! Од ден на ден влегувал во скромни живеалишта на беда и страдање, упатувајќи зборови на надеж на очајните и зборови на мир на неволните. Тој бара Неговиот народ денес да го врши тоа дело. Понизен, милостив, нежен и сожалив, Тој постојано правел добри дела, подигајќи ги скриените и тешејќи ги очајните. Никој кој му се обратил не отишол без помош. На сите им донесувал надеж и радост. Каде и да одел, донесувал благослов. {7C 221.2}

Мораме да се понизиме пред Бога, зашто е многу мал бројот на Членовите на Неговата црква кои вложуваат напори кои во било што можат да се споредат со напорите што Господ сака ги вложуваат. Можностите што ни ги пружа, ветувањата што ни ги дава, благодатите со кои нè опсипува, сето тоа треба да нè поттикне на поголема ревност и посветеност. Секој нов член на црквата треба да биде ново орудие за спроведување на планот на откупување. Секоја сила со која располага Божјиот народ треба да биде посветена на приведување многу синови и ќерки кај Бога. Во нашата служба не смее да има рамнодушност, не смее да има себичност. Секое отстапување од самооткажувањето, секое попуштање во сесрдните напори значи зајакнување на непријателот. {7C 221.3}

Апел за обоената раса

Прогласувањето на ослободување на робовите во јужните држави отворило врата низ која треба да влезат христијанските работници за да проповедаат за Божјата љубов. На тоа поле се наоѓаат скапоцени камења и Господовите работници треба да ги пронајдат тие камења како сокриено богатство. Меѓутоа, иако припадниците на обоената раса се ослободени од политичкото ропство, многумина од нив сè уште се робови на незнаењето и гревот. Многумина од нив се стравотно понижени. Зар нема да им биде упатена никаква вест на опомена? Ако оние на кои Бог им дал голема светлина и многу можности работеле како што Тој сака да работат, денес во јужните држави би биле подигнати многу споменици - цркви, санаториуми и училишта. Мажите и жените од сите класи би биле пови кани на евангелската гозба. {7C 222.1}

Господ е разжалостен поради страдањата на јужните полиња. Христос плачел кога ги видел тие страдања. Ангелите ја стивнале музиката од своите харфи кога го гледале народот кој, поради своето поранешно ропство, не е во состојба да си помогне самиот на себеси. А сепак оние во чии раце Бог го ставил факелот на вистината, запален од Божествениот олтар, не увидувале дека им е доверена должност да ја пренесат светлината на тоа поле кое е замрачено од гревот. Има луѓе кои се оддалечиле од делото на спасување на потчинетите и понижените, одбивајќи да им пружат помош на беспомошните. Христовите слуги треба веднаш да го откупат своето занемарување, за да биде избришана темната дамка на нивниот запис. {7C 222.2}

Сегашната состојба на јужните полиња нанесува срам на Откупителот. Меѓутоа, дали тоа треба да нè наведе на заклучок дека не може да се изврши должноста која Христос им ја доверил на Своите ученици кога им рекол да го проповедаат евангелието на сите народи? - Не, не! Христос поседува сила за исполнување на таа должност. Тој е во состојба да го изврши делото што му е доверено. Наоружан со оружјето „Пишано е", Христос во пустината ги дочекал и победил најголемите искушенија кои непријателот можел да ги натовари на Него. Тој ја докажал силата на Божјата Реч. Божјиот народ не се покажал како што треба. Сегашната состојба во светот покажува дека Божјата Реч не делува на срцата онака како што би требало. Но тоа е поради тоа што народот се одлучил на непослушност, а не поради тоа што Божјата Реч ја изгубила својата сила. {7C 223.1}

Повик од обоената раса

Господ тажно ја набљудувал најтажната од сите глетки: обоената раса во ропство. Бог сака да го имаме на ум, кога работиме за таа раса, нејзиното провидентно ослободување од ропство, нејзината сродност со нас преку создавањето и откупувањето и нејзиното право на благодатите на слободата. {7C 223.2}

Пред извесно време сонував дека се наоѓам на еден состанок на кој се зборуваше за делото на јужните полиња. Една група на интелигентни обоени луѓе запраа: „Зар Бог нема никаква вест за обоениот народ на југот? Зар тие немаат души кои требаат да се

спасуваат? Зар новиот завет не ги опфаќа и нив? Со обѕир на фактот дека Господ треба наскоро да дојде, зар не е време да се на прави нешто за јужните полиња?" {7C 223.3}

„Ние не се сомневаме" - рекоа тие понатаму – „дека постои по треба за мисии во странските земји. Но ние се сомневаме во правото на оние кои тврдат дека ја имаат вистината, да поминуваат покрај милини човечки суштества во сопствената земја, милини од кои многумина се во потполно незнаење како и незнабошците. Зошто е толку малку направено за обоените луѓе на Југот, од кои многумина се во незнаење и сиромаштво и кои треба да се поучат дека Христос е нивен Творец и Откупител? Како можат да веруваат во Оној за кој не слушнале? Како можат да слушнат без проповедник? {7C 224.1}

И како може некој да проповеда ако не е испратен за тоа? Го изнесуваме ова прашање пред оние кои тврдат дека веруваат во сегашната вистина. Што правите за непросветлената обоена раса? Зошто подлабоко не ги чувствувате потребите на јужните полиња? Зар на проповедниците на Библијата не почива одговорност да ги стават во движење плановите врз основа на кои луѓето можат да се образуваат? Зар налогот на Спасителот не го кажува тоа? Зар оние кои тврдат дека се христијани, треба да се држат настрана од тоа дело, дозволувајќи неколкумина да го носат товарот? Дали Бог ви дал вест за нас во сите ваи планови за здравствено-мисионерска работа и за мисионерска работа во туѓи полиња?" {7C 224.2}

Потоа стана Оној кој има власт, и повика кон сите да ги прифатат налозите кои Господ ги дал во врска со делото на Југот. Тој рече: „На Југ треба да се изврши многу повеќе евангелска работа. Таму каде што денес постои само еден работник треба да постојат стотици работници. {7C 224.3}

Божјиот народ мора да се пробуди. Мислите ли дека Господ ќе ги благослови оние кои не чувствуваат никаква должност во поглед на тоа дело и кои дозволуваат да се препречува патот на Неговиот напредок?" {7C 224.4}

Кога тие зборови беа изговорени, присутните покажаа длабоки чувства. Некои се понудија да бидат мисионери, додека други седеа молчејќи, очевидно незаинтересирани за ова прашање. Потоа беа изговорени зборовите: {7C 225.1}

„Јужните држави се полиња кои најмалку ветуваат. Меѓутоа, колку поинаку би изгледале тие полиња денес, ако младите мажи и жени, откако обоените луѓе се ослободени од ропство, се залагале за нив како што христијаните треба да се залагаат, поучувајќи ги како да се грижат самите за себе!" {7C 225.2}

Состојбата на обоениот народ на Југ не е полоша од состојбата во која се наоѓал светот кога Христос го напуштил Небото за да му пристапи во помош. Тој го нашол човештвото потонато во мизерност и грешност. Тој знаел дека мажите и жените се расипани и деградирани и дека се оддаваат на најодвратни пороци. Ангелите се восхитувале што Христос се нафаќа на задача која им изгледала безнадежна. Тие се восхитувале како Бог може да трпи таков грешен род. Тие никаде не можеле да видат место за љубов. Но „Бог толку го возљуби светот, што го даде Својот Единороден Син, та се кој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот." {7C 225.3 }

Христос дошол на овој свет со вест на милост и простување. Тој ги поставил темелите на една вера по патот по кој Евреите и незнабошците, црните и бели луѓе, слободните и робовите, се обединети во заедничко братство како рамноправни во

Божјите очи. Спасителот чувствува безгранична љубов кон секое човечко суштество. Тој гледа дека во секого постои способност за подобрување. Со Божествена енергија и надеж Тој ги поздравува оние поради кои го дал Својот живот. Во Неговата сила тие можат да живеат живот богат во добри дела, исполнети со сила на Светиот Дух. {7C 225.4}

Евангелие за сиромашни

Сиромаштвото на луѓето на кои сме упатени, не смее да нè спречи да работиме за нив. Христос дошол на оваа Земја да оди и работи меѓу сиромашните и напатените. Ним им посветувал најголем дел од Своето внимание. И денес, во лицата на Своите деца, Христос ги посетува сиромашните и бедните, ублажувајќи ја болката и олеснувајќи ги страдањата. {7C 226.1}

Ако би исчезнале страдањата и бедата, не би имале начин да ја сфатиме Божјата милост и љубов, не би имале начин да го запознаеме сожалливиот, милосрден небесен Татко. Евангелската работа никогаш не открива толкава љубов како кога се врши во најсиромашните и најбедните области. Тогаш евангелието блеска со најблескава светлина и најголема сила. Вистината на Божјата Реч влегува во селската колиба; зраците на Сонцето на Праведноста ја осветлуваат бедната куќарка на сиромашниот, донесувајќи радост на болниот и напатениот. Тука се наоѓаат ангели и кротката вера ја претвора корката леб и чашата вода во цела гозба. Спасителот кој ги простува гревовите го поздравува сиромашниот и неупатениот и им донесува леб кој доаѓа од Небото. Тие пијат вода на живот. Оние кои биле презрени и напуштени, по пат на вера и простување се подигаат до достоинството на Божји синови и ќерки. Воздигнати над светот, тие седат на небесните места со Христа. Тие немаат земско богатство, но нашле драгоцен бисер. {7C 226.2}

Што може да се стори?

Пред нас се поставува проблем како на најдобар начин да ја из вршиме својата должност на тоа тешко поле. Долги години запоствување го направиле тој проблем уште потежок, од она што бил. За тоа време се насобрале пречки. {7C 226.3}

Голем напредок би можел да се постигне на здравствено-мисионерско поле. Би можеле да се подигаат санаториуми. Требало да се објавуваат начелата на здравствената реформа. Сега мораме да се фатиме за таа работа. Во таа работа не смее да се внесе ниту сенка на себичност. Таа должност мора да се изврши со ревност, истрајност и посветеност кои ќе ја отворат вратата низ која вистината ќе влезе и таму ќе остане. {7C 227.1}

Во јужните држави многу можат да сторат Членовите на црквата, лица со ограничено образование. Таму има мажи, жени и деца кои треба да се научат да читаат. Тие јадни души гладуваат за знаење за Бога. {7C 227.2}

Нашиот народ на југ не треба да чека речити проповедници, надарени луѓе, туку треба да се фати за работата која Господ ја поставува пред Него и да направи најдобро што може. Бог ќе ги прифати понизните, ревносни мажи и жени и ќе дејствува преку нив, иако тие не се речити ниту високо образовани. Браќа и сестри, смислете мудри планови и тргнете напред, надевајќи се во Господа. Немојте да сметате дека сте способни и остроумни. Почнете и продолжете во понизност. Бидете жив израз на вистината. Божјата Реч треба да биде ваш советник. Тогаш вистината ќе оди напред со сила и душите ќе бидат обратени. {7C 227.3}

Семејства што ја празнуваат саботата треба да се преселат на југ и со својот живот да ја прикажат вистината на оние што не ја познаваат. Тие семејства можат да бидат од помош едни на други, но мораат да се чуваат да не направат ништо што би можело да им го попречи патот. Тие треба да вршат христијанско дело на помагање, хранејќи ги гладните и облекувајќи ги голите. На тој начин ќе се шири многу посилно влијание отколку да се држи проповед. Потребни се и дела и зборови на сочувство. Христос одбрал да ја даде Својата вест преку дела на љубов и добродетелство. Работниците треба да одат од куќа до куќа, помагајќи им на оние на кои им е по требна помош и проповедајќи за крстот кога за тоа ќе се укаже прилика. Христос нека биде тема на нивниот разговор. Тие не мора да зборуваат за теоретски прашања, туку треба да зборуваат за Христовото дело и жртва. Треба да ја воздигнуваат Неговата праведност и со своите животи да ја откриваат Неговата чистота. {7C 227.4}

Вистинскиот мисионер мора да биде наоружан со Христовиот ум. Неговото срце мора да биде исполнето со Христовата љубов и тој мора да биде непоколебливо верен на начелото. {7C 228.1}

Во многу места треба да се подигнат училишта во кои младите и старите ќе ги поучуваат оние кои се нежни и чувствителни, кои како Спасителот, се трогнати од глетката на беда и страдање. Божјата Реч треба да се предава на начин што сите ќе можат да ја разберат. Учениците треба да се храбрат да ги проучуваат Христовите поуки. Тоа повеќе од било кои други студии ќе ги прошири нивните видици и ќе го зајакне нивниот ум. Ништо не ги зајакнува толку умните способности, како врската со Божјата Реч. {7C 228.2}

Работата на памучните полиња не е единствен начин на кој обоените луѓе можат да се издржуваат себеси. Тие треба да се поучуваат да ја обработуваат земјата, да сеат разни посеви, да садат и негуваат овоштарници. Мораме со сите сили да се трудиме да ги развиеме нивните способности. Така тие ќе дојдат до сознание дека Бог ги цени и дека тие се Негова сопственост. {7C 228.3}

Меѓу обоените луѓе ќе се најдат и такви чиј ум бил премногу во мрак, така што не може брзо да се оспособи за некоја корисна работа. Но можеме да ги учиме да го познаваат Бога. Сонцето на Праведноста може да светли со своите сјајни зраци во темните простории на нивниот дух. Нивно право е да имаат живот кој ќе се мери со Божјиот живот. Будете во нивниот дух воздигнувачки и благородни мисли. Живејте живот кој јасно ќе им укаже на разликата помеѓу порокот и чистотата, мракот и светлината. Во вашите животи тие треба да прочитаат што значи да се биде христијанин. Синџирот кој е спуштен од Божјиот престол е доволно долг за да допре до најдлабоките длабочини. Христос може да го подигне и најголемиот грешник од

дното на деградацијата и да го постави во положба да биде признаен како Божјо дете, наследник заедно со Христа на бесмртното наследство. {7C 228.4}

Многумина се целосно разочарани. Потполно ја изгубиле самодовербата. Биле презрени и отфрлени и се помириле со својата судбина. Нив ги сметале неспособни да го сфатат или примат Христовото евангелие. Но тие можат да се изменат преку чудото на Божествената благодат. Под работата на Светиот Дух ќе исчезне нивната затапеност поради која ни се чини дека е безнадежен секој обид за нивно издигнување. Ќе се пробуди замрачениот и заспан ум. Робот на гревот ќе стане слободен. Духовниот живот ќе се разбуди и ќе зајакне. Ќе исчезнат пороците и ќе се победи незнаењето. Верата која работи преку љубов, ќе го очисти срцето и ќе го просветли умот. {7C 229.1}

Меѓу обоените луѓе има и такви кои имаат брзо восприемање и бистри умови. Многумина меѓу обоените се богати со вера и надеж. Бог гледа меѓу нив скапоцени камења кои еден ден ќе даваат силна светлина од себе. Обоените луѓе заслужуваат многу повеќе од она што го примиле од рацете на белите. Илјадници од нив имаат дух кој е способен за развој и издигање. Ако со нив правилно се постапува, многумина за кои се мислело дека нема никаква надеж ќе станат образувачи на својот народ. Преку Божја благодат, народот кој непријателите со векови го угнетувале, може да се подигне до достоинствена, од Бога дадена мажевност и женственост. {7C 229.2}

Господова желба е пустините на Југот кои денес пружаат толку тажен изглед да станат како Господовата градина. Нашиот народ треба да се расни и да го откупи минатото. На нас почива сериозна должност да работиме за обоените луѓе. Зар нема да се обидеме да ја поправиме, колку што стои до нас, штетата која им е нанесена на тие луѓе во минатото. Зар не треба да се трудиме да го зголемиме бројот на мисионери на Југ? Зар не треба да слушнеме дека многумина доброволно се пријавиле да работат во тоа поле и душите кои се во мрак и незнаење да се изведат на чудесната светлина во која ние живееме? Бог ќе го излие Својот Дух на оние кои ќе одговорат на Неговиот повик. Во Христова сила, тие ќе извршат едно дело кое ќе го исполни Небото со радост. {7C 230.1}

„Вака зборува Господ Бог: Еве, Јас, Самиот ќе ги побарам Моите овци и ќе ги најдам... така ќе ги најдам Јас овците Мои и ќе ги изба вам од сите места во коишто биле распрснати во денот облачен и мрачен... Самиот ќе ги пасам Своите овци и ќе ги одмарам, зборува Господ Бог. Ќе ја побарам загубената, ќе ја доведам назад заскитаната, ќе ја превржам ранетата и ќе ја поткрепам немоќната... И ќе склучам со нив завет на мир... И ќе ги благословам нив и сè што е околу ридот Мој и ќе им дадам дожд на време, и тоа ќе биде дожд на благослови... Така ќе познаат дека Јас Господ Бог сум со нив...

И вие, овци Мои, овци на моето стадо на Моето пасиште; вие сте луѓе, а Јас Сум вашиот Бог - вели Господ Бог" (Езекиел 31:11-31). {7C 230.2}

ЦЕНТРИ НА ВЛИЈАНИЕ

Работата во јужното поле добро започна. Како што се развиваа настаните, Господ на најчудесен начин работеше на ширење на Своето дело. Ние се боревме во битките,

извојувавме победи. Оставен е поволен впечаток и отстранети се многу предрасуди. {7C 231.1}

Мојот Водач ме водеше во ноќно време по Југот, од место до место, од град до град. Видов како се работи на големото дело на кое требаше да се работи пред многу години. Ние набљудувавме многу места. Нашиот најголем интерес беше за оние места каде што делото веќе беше започнато и за оние места каде беше отворен патот за да се започне со делото. Гледав каде се наоѓаат установите за ширење на Господовото дело. Едно од тие места беше Грејсвил, а друго, Хантсвил, во кои имавме занаетчиски училишта. Овие училишта треба да примат охрабрување и помош, бидејќи Господ нè водеше при нивното основање. Секое има свои предности. {7C 231.2}

Според светлината што ми беше дадена, знам дека делото во Хилдербран ќе биде голема благодат за околината, ако со Него правилно се управува. Поучена сум дека треба да отвораме училишта токму во тие краеви кои се далеку од градовите и нивните искушенија. {7C 231.3}

Само вечноста ќе покаже што сè се направило за обоените луѓе во малите училишта во Виксбург, Језу Сити и во други места на Југот. Потребно е да имаме уште многу вакви училишта во ова поле. {7C 231.4}

Мораме да создадеме поголеми можности за образование и обучување на младината на Југ, како за белите, така и за обоените. Училиштата мораат да се подигаат далеку од градовите, во краеви каде што младината може да се поучува на обработка на земјата и со тоа да придонесе за издржување на самата себеси и на училиштето. Во тие училишта треба да се работи на сите гранки на делото, како во областа на земјоделството, така и во областа на занаетчиството, според можностите кои ги дава тоа место. Треба да се соберат пари за основање на овие училишта. Во нив учениците ќе стекнат образование кое, со Божји благослов, ќе ги оспособи да придобиваат души за Христа. Ако се соединат со Спасителот, ќе се развијат духовно и ќе станат вредни работници во Неговото лозје. {7C 231.5}

Во склоп на нашите поголеми училишта треба да се отворат мали санаториуми во кои учениците ќе имаат можност да се стекнат со знаења за здравствено мисионерска работа. Оваа работа треба да сочинува составен дел на редовната настава. Во склоп на училиштата во Грејсвил и Хантсвил треба да се основаат мали санаториуми. {7C 232.1}

Нешвил како центар

Како народ, ние мораме да посветиме посебно внимание на делото во Нешвил. Тој град денес има големо значење во јужното поле на работа. Нашите браќа го избраа Нешвил како центар за работа на Југот затоа што на Него ги упати Господ во Својата мудрост. Тоа место е поволно за да започне работа во Него. Нашите работници ќе се уверат дека во Него е полесно да се работи за обоените, отколку во други градови на Југот. Во овој град постои многу интерес за обоените луѓе од оние кои не припаѓаат на нашата вера. И во самиот град, и во Неговата околина постојат многу воспитни установи за образование на обоените. Овие установи ни го имаат подготвено патот, така што ќе можеме од градот да направиме центар на своето делување. {7C 232.2}

Вистината треба да најде пристап во воспитните установи во Нешвил. Во нив има луѓе на кои треба да им се донесе веста на Третиот ангел. Треба да направиме сè што стои до нас за да ги заинтересираме овие учители и ученици за веста на сегашната вистина, која треба да се прикаже на мудар и пристапен начин. Од искусните учители можат да се научат драгоцени лекции како најдобро да им помогнеме на обоените луѓе. {7C 233.1}

Вистината треба да се објасни и на луѓето кои со своето име и углед се заложиле за добро на обоените. Тие благородно се заложиле за нивно издигање. Тие треба така да ја видат нашата работа, што таа за нив ќе биде очигледна поука. Мораме да направиме сè што стои до нас за да ги искорениме предрасудите кои се таложеле во нивниот ум против нашето дело. Ако преземеме напори во согласност со Божјата волја, ќе успееме да убедиме и обратиме многумина од нив. Господ ја праќа Својата светлина на патот на луѓето кои бараат светлина. {7C 233.2}

Од Нешвил многу лесно се доаѓа до Грејсвил и Хантсвил. Работата во Нешвил треба ја зацврсти и утврди работата во Грејсвил и Хантсвил. Грејсвил и Хантсвил се доволно близу Нешвил за да помогнат во работата во тоа место, а и самите да примат помош од Него. {7C 233.3}

Започнувањето на издавачката работа во Нешвил било во склад со Божјата волја. На Југ е потребна печатница во која ќе се печати вистината за ова време, особено четиво прилагодено на разните слоеви во ова поле. На Југ нема поповолен град од Нешвил за издавачка дејност. Основањето на една таква установа претставува чекор напред. Ако со неа мудро се управува, таа ќе даде карактер на делото на Југ и ќе претставува пат по кој многу души ќе дојдат до познавање на вистината. Ќе биде потребно издавачкото претпријатие во Нешвил уште некое време да се помага со подароци и прилози. {7C 233.4}

Во Нешвил е започната и санаториумска работа. Со неа мора мудро да се управува и да и се даде поддршка. Здравствено мисионерската работа навистина е десна рака во проповедањето на евангелието. Таа го отвора патот за влез на вистината. {7C 234.1}

Поучена сум да ги опоменам своите браќа во Јужното поле за сега да не брзаат со создавање на противење установи и нови центри, зашто со тоа ќе се поделат работниците и парите, така што нивните сили ќе ослабнат во критично време. Тие треба да чекаат додека скоро потполно не се развие пробудениот интерес. Тие треба да не се впуштаат во нови потфати додека не се зацврстат установите во Грејсвил и Хантсвил и додека не зајакне интересот во Нешвил. {7C 234.2}

Досега постојат малку места на Југ во кои се работело. Постојат многу градови во кои ништо не се направило. Во многу места можат да се создадат центри за работа со отворање на продавници за здрава храна, ресторани за здрава храна и лекувалишта. Пред да се започне со работа, не може да се одреди сè она што треба да се направи. Оние кои се задолжени за работа на Југот треба да се молат и да имаат на ум дека Бог ги води. Не треба да се покаже никаква тесноградост и себичност. Планирајте, за да може работата да се одвива едноставно, разумно и економично. {7C 234.3}

УПАТСТВА НА РАБОТНИЦИТЕ

Тркалото на провидението се врти полека, но сигурно. Ние не знаеме кога Господ ќе рече: „Се сврши." Неговото доаѓање наближува. Наскоро засекогаш ќе помине приликата за работа. Нам ќе ни се дозволи само уште кратко време да работиме. Браќа мои, зар нема да се потрудите во сите јужни држави да подигнете споменици на Бога? Треба да се изградуваат цркви, да се подигаат домови за богослужениja, да се отвораат мали училишта и санаториуми, да се зајакне издавачката дејност. {7C 235.1}

Делото на кое треба да се работи во разни места на Југ бара мажи и жени од мудрост и молитва, мажи и жени кои чекор по чекор ќе работат на остварување на своите задачи, солидно и разумно трудејќи се, молејќи се, работејќи економично, како од Бога одредени работници. Приликите бараат личен, неуморен, обединет напор. {7C 235.2}

Цигла врз цигла, и највисокиот ѕид е завршен; Снегулка по снегулка, и најдлабокиот снег е нанесен . {7C 235.3}

Трпеливата истрајност во правење на добри дела треба да биде наш мото. Наша задача е постојано да работиме за да напредуваме чекор по чекор, сè додека не ја истрчаме трката и не извојуваме победа. {7C 234.4}

Кога печатницата во Нешвил почна да работи, работниците имаа цврста намера да не запаѓаат во долгови. Но во своите напори да направат цигла без плева, нашите браќа скршнаа од патот и така работата западна во потешкотии. Но Божјите работници во Нешвил не смеат поради тоа да станат малодушни. Работата не смее да престане. Сега сите мораат да се трудат да не ги повторат грешките од минатото. Нека тие внимаваат на себеси оградени како со бодликава жица за да се заштитат од склоностите кон задолжување. Тие треба одлучно да кажат: „Отсега нема да напредуваме побрзо отколку што Господ ќе укаже и мораме да се задоволиме со парите со кои располагаме, дури и доброто дело да мора да почека извесно време. Започнувајќи ја својата работа во нови места, ние ќе работиме во скромни сразумери, попрво отколку Господовото дело да го вовлекуваме во долг." {7C 235.5}

Луѓето кои со својата ревна работа го довеле Божјото дело на Југ до денешниот развој не треба да ја загубат храброста. Тие мораат да се потрудат со сите сили работата во Нешвил да ја поста ват на цврста основа. Господ им дал задача на луѓето кои со сите сили се бореле да го извршат она што неопходно мора да се из врши. Господ ќе се смилува на нив во Својата љубов, благост и во своето милосрдие. Тој сè уште ги прима како Свои соработници. {7C 236.1}

Тој знае сè за секој од нив. Во Својата напорна пионерска работа тие морале да минат низ оган од неволји. Бог ќе биде прославен во луѓето кои работеле заедно со Него и ги изорале првите бразди во полињата во кои никогаш порано не се работело. {7C 236.2}

Браќа, нас нè чека голема работа на Југот, работа која штотуку започнала. Ние не треба да продолжиме да стоиме онака како што сме стоеле со години, плашејќи се од оваа работа. Има луѓе кои работеле напорно и тешко и Господ ја примил и пофалил нивната по жртвувана работа. Тој ги благословил. Тие ја примиле својата награда, зашто ги виделе оние кои ги довеле на Карпата на Вековите и кои од своја страна ќе

им помогнат на другите. Браќа мои во Јужното поле, ве молам во името на Господа Бога Израеловиот да се однесувате како луѓе. Господ владее. Тој ќе им подари на Своите слуги мудрост и благодат. Бог сака луѓето на кои им се доверени должностите да се советуваат и молат заеднички во христијанска слога. Во слогата лежат животот и силата кои не можат да се стекнат на друг начин. Ако способностите на Членовите се соединат под власта на Духот, црквата ќе располага со голема сила. Тогаш Бог ќе биде во состојба силно да работи преку Својот народ на обратување на грешниците. {7C 236.3}

Бог живее и владее. Тој ќе отвори патишта за да може запоставеното поле на Југ да се обработува за Него. Работниците треба да дојдат во помош на Господа и радосно да ја објавуваат Неговата вистина. Господ наскоро ќе дојде. Зборувајте за тоа, молете се за тоа, верувајте во тоа. Тоа нека стане дел од вашиот живот. Вие ќе треба да се борите со сомнежи и замерки, но ќе победите со цврста и непопустлива вера во Бога. Кога ќе се појават неволји и пречки, воздигнете ја со песни на благодарност својата душа кон Бога. Ставете на себе христијански оклоп и осигурете се дека сте „обуени во подготвеност за да благовестите мир." Проповедајте ја вистината храбро и силно. Имајте на ум дека Господ гледа милостиво на ова поле и дека ја познава Неговата беда и Неговите потреби. Вашите напори нема да бидат залудни. {7C 237.1}

Нашите цркви на Југ треба духовно да воскреснат. Пред членовите на секоја црква лежи голема и свечена работа. Тие мораат да му се приближат на Христа во самооткажување и пожртвуваност и нивна единствена цел мора да биде на своите ближни да им ја предадат Божјата вест на милост. Тие треба да работат внимателно и понизно, почитувајќи ја работата на другите. Некои можат да работат на еден начин, други на друг, онака како Господ ќе ги повика и води. Но никој не смее да се жали дека не може да го слави Бога користејќи ги талантите кои Тој им ги доверил на чување. Ние сме одговорни на Бога само за должностите што ни ги доверил. Сите можат едно: со своите критики да не ја отежнуваат без потреба работата на другите, да не стават камења пред возилото кое нивните браќа се обидуваат да го туркаат нагоре. Луѓето кои не сакаат сами да го турнат возилото, барем нека не ги попречуваат оние што работат. Бог повикува работници кои ќе одбијат да ги обесхрабрат своите браќа. {7C 237.2}

Трудејќи се сесрдно, понизно и пожртвувано, Божјиот народ ќе се здобие со богата награда за која Јов вели: „Уво што ќе ме слушнеше, ме благословуваше... благословот на оној што пропаѓаше беше врз Мене, јас му ја враќав веселбата на срцето на вдовицата... за сиромашните бев татко и внимателно ја проучував поплаката, која не ја знаев" (Јов 29:11-16). {7C 238.1}

Луѓето кои ќе се откажат од себеси поради својот Спасител, во вечноста ќе ги прати благословот на добрите дела. Кога откупените ќе се соберат околу Божјиот престол, оние кои биле спасени од гревот и пропаста, ќе им пријдат на оние што работеле за нив и ќе ги поздравуваат со зборовите: „Бев без Бога и без надеж во светот. Пропаѓав во расипаноста и гревот. Копнеев за телесна и духовна храна. Ти ми пријде со љубов и милосрдие и ме нахрани и облече. Ти ми укажа на Божјото Јагне кое ги зема на себе гревовите на светот." {7C 238.2}

Браќа мои на Југ, бидете силни, да, бидете силни. Ако ги издигнувате начелата на Божјиот закон, нема да ве гони раката на угнетување и грабеж. Кога непријателот ќе се појави како поплава, Господовиот Дух ќе го подигне знамето за вас, а против Него. Вие сте се посветиле на едно значајно дело и затоа морате да бидете внимателни, морате да стражарите и да се молите, за да го израмните патот под своите нозе, за да не скршне хромиот од патот. Работете имајќи ја на ум единствено Божјата слава, свесни за својата лична одговорност. Имајте на ум дека единствено Господ може да им подари успех на вашите напори. {7C 238.3}

Работниците на Југ мораат да постигнат повисоко духовно до стигнување, ако сакаат работата во тоа поле да биде успешна. Личната молитва, молитвата во семејството и на јавни богослужениј а е од битно значење. Ние мораме да живееме според своите молитви. Ние треба да соработуваме со Христа во Неговото дело. {7C 239.1}

Нашата единствена безбедност лежи во единството со Христа и во меѓусебната слога. Не треба да дозволиме сатаната да укажува на нашите цркви, зборувајќи: „Гледај како овие луѓе кои стојат под Христово знаме се мразат еден со друг. Ние не треба да стравуваме од нив сè додека повеќе сила трошат во меѓусебни расправии, отколку во борба против моите чети." {7C 239.2}

На искуствата од минатото треба да се учиме како да ги избегнеме неуспесите. Ние се молиме на својот небесен Татко „Не воведувај нè во искушение," а потоа често дозволуваме нашите нозе да нè наведат да подлегнеме. Ние треба да се држиме настрана од искушенијата кои лесно нè победуваат. Нашиот успех е издејствуван од нас преку Христовата благодат. Ние треба да го отстраниме од патот каменот на сопнување кој и нам, и на другите ни причинил толку многу жалост. {7C 239.3}

При започнувањето на работата во новите места треба да се штеди што е можно повеќе. Собирајте отпадоци, не дозволувајте ништо да пропадне. Работата на спасување на души мора да се врши онака како што Христос одредил. Тој вели: „Ако некој сака да оди по Мене, нека се одрече од себеси, нека го земе својот крст и нека Ме следи" (Матеј 16:24). Ние можеме да бидеме Негови ученици единствено ако се покоруваме на овие зборови. Се приближуваме кон крајот на историјата на оваа Земја и во разни гранки на Божјото дело мора да се работи со многу повеќе пожртвување отколку што тоа досега било случај. {7C 239.4}

Во овој свет мораме да си помагаме еден на друг. Во Христовото дело нема поделби на земјата и оние кои денес се обидуваат да создадат прегради, треба да се помолат „Господе, дај ми ново срце." Ако имаат Христов Дух, ќе видат дека многу делови од Божјото лозје сè уште се необработени. Тие не смеат никогаш да кажат: „Нашите пари ни се потребни за да ги остваримe своите задачи. Бескорисно е да барате од нас пари." {7C 240.1}

Ден по ден, човечките суштества одлучуваат за прашањето на животот и смртта, одлучувајќи дали ќе имаат вечен живот или вечно уништување. А сепак, многумина од оние кои тврдат дека Му служат на Господа, се задоволуваат со тоа да го подаруваат своето внимание и своето време на безначајни работи. Се задоволуваат да бидат во неслога еден со друг. Да ѝ се посветиле на службата за Господа, не би се расправале како семејство на непослушни деца. Секој би стол на своето место на должност,

работејќи со срце и душа како мисионер на Христовиот крст. Во срцата на работниците ќе биде Светиот Дух и тие ќе вршат дела на праведност. Работниците ќе внесат во својата служба молитви и љубов на пробудената црква. Ќе примаат заповеди од Христа и нема да имаат време за несогласувања. Вестите ќе доаѓаат од усните до кои се допрел жив јаглен од Божествениот олтар. Ќе се слушнат сесрдни, чисти зборови. Понизните молитви на вера ќе се воздигнуваат кон Небото. Работниците ќе се држат со едната рака за Христа, додека со другата ќе посегаат по грешниците и ќе ги приведуваат кон Спасителот. {7C 240.2}

„Кој од вас, ако има сто овци и загуби една од нив, не ќе ги остави деведесет и деветте во пустината и не ќе отиде по загубената, до дека не ја најде. А кога ќе ја најде, ќе ја крене, радувајќи се, на своите рамена и кога ќе дојде дома ќе ги повика пријателите и соседите и ќе им рече: 'Радувајте се со Мене, зашто ја најдов својата изгубена овца!' Ви велам: така ќе биде на Небото, поголема радост за еден грешник кој се кае, отколку за деведесет и девет праведници, кои немаат потреба од каење. {7C 241.1}

Или која жена, ако има десет драхми и изгуби една драхма, нема да запали светилка и не ја мете куќата, и не ја бара внимателно, додека не ја најде? А кога ќе ја најде, ќе ги повика пријателките и сосетките и ќе им рече: 'Радувајте се со Мене, зашто ја најдов драхмата што ја изгубив. Така, ви велам, се радуваат Божјите ангели, заради еден грешник, кој се кае" (Лука 15:4-10). {7C 241.2}

БИДЕТЕ ХРАБРИ

Би сакала да им кажам на луѓето кои работат на Југ: „Не ја губете храброста поради сегашните слабости на делото. Вие моравте да се борите со потешкотиите кои понекогаш се заканувааа да ве совладаат. Но со Божја помош бевте во состојба да одите на пред. Кога сите во нашите градови би биле во состојба да сфатат колку некогаш било тешко да се почне со работа во местата кои подоцна станале значајни центри за работа, би сфатиле дека е по требно да се има храброст за да се погледне во лице на тешкотиите и со раце подигнати кон Небото да се извикне „Нема да се откажеме ниту ќе ја загубиме храброста." Оние кои не расчистувале нови и тешки полиња, не ги познаваат тешкотиите на пионерската работа. Кога би ги сфатиле Божјите патишта, не би се радувале само на она што е направено, туку би се радувале и за иднината на делото. {7C 242.1}

Браќа мои, нема никаква причина за малодушност. Доброто семе се сее. Бог ќе го чува и ќе му даде да порасне и да донесе богат род. Имајте на ум дека многу потфати за спасение на душите, во почетокот се развивале со противење тешкотии. {7C 242.2}

Поучена сум да ви кажам: Работете смислено, работете го секогаш она што Господ го заповеда. Одете храбро напред, уверени дека Господ ќе биде со оние кои го љубат и Му служат. Тој ќе работи за Својот народ кој го држи Неговиот завет. Тој нема да дозволи да стане предмет на потсмевање. Ќе ги очисти сите оние кои ќе Му се предадат и ќе ги направи пофалба на Земјата. На Бога ни што не му е толку драго на оваа Земја како Неговата црква. Тој ќе работи со голема сила преку понизните, верни

луѓе. Христос ви вели денес: „Јас сум со вас и соработувам со вашата верна и пожртвувана работа, давајќи ви драгоцени победи. Кога ќе се посветите себеси на Мојата служба, ќе ве поткрепам. Ќе ви подарам успех во вашите напори за будење на душите кои се мртви во престапите и гревовите." {7C 242.3}

Непоколебливата вера и несебичната љубов ќе ги победат сите потешкотии кои се појавуваат на патеката на должноста за да ја по пречат агресивната христијанска војна. Луѓето кои, Вдахновени со оваа вера ќе одат напред да работат на спасување на души, ќе трчаат и нема да им биде тешко, ќе одат и нема да се уморат. {7C 243.1}

Ве уверувам дека Бог, ако одите по вистински пат, ќе направи вашите непријатели да бидат во мир со вас. Тој ќе ве поддржи и крепи. Направете завет со Бога дека добро ќе внимавате на своите зборови. „Ако некој не греши во зборувањето, тој е совршен човек, способен да го заузда и целото свое тело" (Јаков 3:2). Имајте на ум дека одмаздољубивите зборови никогаш не прават човекот да почувствува дека стекнал победа. Христос нека зборува преку вас. Немојте да го изгубите благословот кој доаѓа кога не се мисли зло. {7C 243.2}

Имајте на ум дека молитвата е извор на вашата сила. Работникот кој набрзина ја завршува својата молитва и брза да заврши нешто што мисли дека ќе го заборави, никогаш нема да има успех. Тој му посветува на Бога само неколку минливи мисли, не наоѓа време да размисли, да се помоли, да чека Господ да ја обнови неговата телесна и духовна сила. Тој брзо се заморува. Не го чувствува на себе дејството на Божјиот Дух, кој воздигнува и вдахновува. Тој не е оживеан со нов живот. Личниот допир со Христа не го поткрепува изнемоштеното тело и Неговиот заморен ум. {7C 243.3}

„Надевај се на Господа, биди бодар, и Тој ќе го засили Твоето срце; надевај се на Господа" „Добро му е на оној, кој трпеливо го чека спасението од Господа" (Псалм 27:14; Плач Еремиин 3:26). Има луѓе кои работат ден и ноќ за да го извршат она што сметаат дека треба да го извршат. Господ гледа со сожалување на тие уморни и оптоварени луѓе и им вели: „Дојдете кај Мене... и Јас ќе ве успокојам" (Матеј 11:28). {7C 243.4}

Божјите работници ќе треба да се борат со спротивставувања, незгоди и замор. Неизвесноста и скитањата понекогаш ќе ги доведат до очај. Кога ќе ги обземе таква состојба на немир, нека се сетат на Христовиот повик „Дојдете вие во осамено место и одморете се малку." Спасителот „на замореният му ја враќа силата, го зајакнува немоќниот" (Исаија 40:29). {7C 244.1}

Ќе се појават тешкотии кои ќе ги стават на проба вашата вера и вашето трпение. Борете се храбро со нив. Гледајте од ведрата страна. Ако се појават пречки, прво уверете се дека тоа не е ваша вина, и тогаш продолжете со работата, веселејќи се во Господа. Небото е полно со радост. Тоа одекнува со фалбени песни на Оној кој направил толку чудесна жртва поради откупување на човечкиот род. Зар не треба и црквата на Земјата да биде полна со благодарност? Зар христијаните не треба да ја објавуваат ширум светот радоста на служењето на Христа? Оние кои на небо ќе му се придружат на хорот на ангели во химни на благодарност, мораат уште денес на Земјата да ја научат небесната песна, чиј основен тон е благодарност. {7C 244.2}

Никогаш не губете храброст. Никогаш не се оддавајте на неверство затоа што надворешните околности се против вас. Во својата работа за Учителот, ќе чувствувате

немаштија, но Господ ќе ги слушне вашите молби за помош и ќе одговори на нив. Ова нека бидат ваи зборови: „Господ Бог ќе ми помогне, затоа нема да се срамам. Затоа го држам својот образ како кремен и знам дека нема да се засрамам" (Исаија 50:7). {7С 244.3}

Ако направите грешка, претворете го својот пораз во победа. Поуките кои Бог ни ги праќа, ако добро ги научиме, секогаш ќе бидат од помош кога ќе затреба. Надевајте се во Бога. Молете се многу и верувајте. Имајќи доверба, надевајќи се, верувајќи, држејќи се цврсто за рацете на бесконечната сила, вие ќе бидете повеќе од по бедници. {7С 244.4}

Вистинските работници живеат и работат со вера. Гледајќи како работата споро напредува, тие понекогаш чувствуваат замор. Но ако не подлегнат и не ја загубат храброста, ќе видат како облаците се растураат и како се остварува Ветувањето за ослободување. Преку маглата со која ги обвиткал сатаната, тие ќе ги видат сјајните зраци на Сонцето на Праведноста. {7С 245.1}

Работете со вера и препуштете му ги резултатите на Бога. Молете се со вера и тајната на Неговото провидение ќе даде одговор. Можеби понекогаш ќе ви се чини дека нема да успеете. Но работете и верувајте, внесувајќи во својата работа вера, надеж и храброст. Кога ќе го направите она што можете, чекајте на Господа, надевајќи се на Неговите ветувања и Тој ќе ја оствари својата Реч. Чекајте, не грижливо и трпеливо, туку во непоколеблива вера и цврста доверба. {7С 245.2}

„Ако Бог е со нас, кој ќе биде против нас? Оној кој не го поштеди ниту Својот Син, туку го предаде за сите нас, како тогаш да не ни дарува сè?... Кој ќе не раздели од Божјата љубов? Неволјата или тагата? Или гладта? Или стравот? Или мечот?... Но во сето тоа стануваме повеќе од победници преку Оној кој нè возљуби. Зашто знам дека ниту смртта, ниту животот, ниту ангелите, ниту поглаварствата, ниту силите, ниту сегашното, ниту идното, ниту височината, ниту длабочината, ниту било која друга работа не може да нè раздвои од Божјата љубов, која е во Христа Исуса, нашиот Господ". {7С 245.3}

Отсек Шест

СОВЕТ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ТОВАРОТ

„Служете си еден на друг, секој со
дарбата што ја примил, како добри управител на разнообразната Божја благодат"
(1. Петрово 4:10).

ПРОПОВЕДНЦИТЕ И ДЕЛОВНИТЕ ПРАШАЊА

Поучена сум дека е од посебно значење нашите проповедници да се ослободат од оние должности кои во најголем дел треба да ги вршат деловните луѓе. Во ноќно време се најдов на еден собир на нашите браќа кои го носеа товарот на делото. Тие беа длабоко загрижени поради паричните прашања и се советуваа на кој начин најуспешно ќе ја водат работата. Некои сметаа дека треба да се ограничи бројот на работниците, а притоа да се постигнат сите битни успеси. Еден од нашите браќа кој се наоѓаш на одговорна должност го изложуваше своето гледиште, наведувајќи што сè тој посакува да биде остварено. Повеќемина поставуваа разни прашања за разгледување. Тогаш Еден со достоинство и авторитет (власт) стана и почна да изложува начела според кои треба да се раководиме. {7C 246.1}

Говорникот им рече на неколкуминатa проповедници: „Ваша должност не е да се занимавате со финансиски прашања. Не е мудро за вас да го правите тоа. Бог ви наменил бреме кое треба да го носите. Но ако работите на оние работи за кои не сте оспособени, нема да имате успех во вашата задача на проповедање на Речта. Тоа ќе ве направи малодушни, така што нема да бидете во состојба да ја вршите онаа работа која треба да ја вршите работа за која е потребно трезвено размислување и здраво, несебично расудување. {7C 246.2}

Луѓето чија задача е да пишуваат и да држат говори, треба да присуствуваат на помал број состаноци на одбори. Тие треба многу помалку важните работи да ги отстапат на решавање на луѓе кои се вешти во деловните работи. На тој начин ќе се ослободат од постојаното напрегање кое му ја одзема на умот Неговата природна свежина. Тие мораат да подарат многу повеќе внимание на чување на своето телесно здравје, бидејќи умната сила во голем дел зависи од телесната. Правилно распоредениот сон и одмор и многуте лесно движење се неопходни за здравје на телото и умот. Ако се дозволи еден човек да работи за четворица, тројца, или само и за двајца, на организмот му се одземаат Неговите часови на одмор и закрепнување, со што ќе се предизвика ненадоместлива штета. {7C 247.1}

Обучувајте луѓе за деловни должности

Оние кои сметаат дека способноста на еден човек за извесна положба го оспособува истиот човек за вршење на неколку други должности, подложни се на грешки при создавање на планови за напредок на делото. Тие се склони да оптоваруваат еден човек со товари и грижи кои би требало да го носат повеќе луѓе. {7C 247.2}

Искуството е од голема вредност. Господ сака во Неговото дело да учествуваат разумни луѓе, способни за различни положби од до верба во нашите конференции и установи. Особено се потребни посветени деловни луѓе, кои ќе се придржуваат на начелата на вистината во сите деловни односи. Оние кои се занимаваат со финансиски прашања не треба да преземаат други товари, товари кои не се во состојба да ги вршат. Исто така, не треба деловните прашања да им се доверуваат на неспособни луѓе. Луѓето кои се наоѓаат на чело на делото, понекогаш правеле грешки на тој начин

што дозволувале важни финансиски прашања да решаваат луѓе без чувство за тактичност и способности. {7C 247.3}

Луѓето способни за водење на деловните работи, треба да ги развиваат и усовршуваат своите способности преку совесно учење и пракса. Ним треба да им се пружи поддршка за да можат да стекнат искуство во правилните деловни начела и методи. Ниту еден деловен човек кој е поврзан со Божјото дело не би требало да биде без искуство. Ако луѓето на било кое работно место, треба да ги развиваат своите можности за да станат мудри и делотворни, тогаш тоа се оние кои своите способности ги вложуваат во делото на изградување на Божјото царство во нашиот свет. Со оглед на фактот дека живееме толку близу до крајот на историјата на оваа Земја, луѓето треба да бидат потемелни во работата, да бидат по грижливи во своето чекање, бдеење, молење и работа. Човечкото орудие мора да копнее да достигне совршенство, за да може да биде идеален христијанин, совршен во Исуса Христа. {7C 248.1}

Правилните начела се неопходни

Луѓето кои се занимаваат со деловни прашања мораат да ги преземат сите мерки на претпазливост, за да не упаднат во заблуда среде лошите начела или методи. Нивниот живот би можел да биде како животот на Данил во вавилонските дворови. Кога сите Негови деловни трансакции биле грижливо испитани, во нив не можела да се најде ниту една грешка. Историјата на Неговиот деловен живот, иако нецелосна, содржи поуки кои се вредни за проучување. Таа го открива фактот дека деловниот човек не мора да биде сплеткар, подмолен, туку може да биде човек кого Бог го поучува на секој чекор. Иако бил пример во вавилонското царство, Даниел бил Божји пророк кој добивал светлина од небесното Вдахновение. Неговиот живот покажува каков треба да биде секој христијанин во деловниот живот. {7C 248.2}

Бог не ја прифаќа ниту најсјајната служба ако сопственото „јас“ не се положи на олтарот како жива, сеопфатна жртва. Коренот мора да биде свет, инаку дрвото не може да роди здрав плод, каков што Бог единствено прима. Срцето мора да биде обратено и посветено. Побудите мораат да бидат исправни. Внатрешната светилка мора да биде налеана со масло кое се излева од небесните гласници преку златни цевчиња во златни садови. Господовите пораки никогаш не доаѓаат напразно до човекот. {7C 248.3}

Вистините, драгоцените вистини од животно значење, се неразделни од вечната благосостојба на човекот, и во овој живот и во вечноста која се отвора пред нас. „Посвети ги со Својата вистина, Твоето Слово е вистина" (Јован 17:17). Божјата Реч треба да се спроведува на дело. Таа ќе живее и ќе опстои засекогаш. Додека световното честољубие, световните проекти и најголемите планови и цели на луѓето ќе угинат како трева, „разумните ќе блескаат како светила на Небото, и кои што мнозина повратиле кон праведност, како ѕвезди довека, во сета вечност" (Данил 12:3). {7C 249.1}

Во ова време за Божјото дело се потребни луѓе кои поседуваат ретки квалификации и добри административни способности; мажи и жени кои трпеливо ќе ги испитаат потребите на делото на разни полиња; кои поседуваат значителни работни способности; кои имаат топли, љубезни срца, чисто мислење, здрав разум и непристрасност; кои ги посветил Божјиот Дух и кои без страв можат да кажат Не или Да и Амин; кои поседуваат силно убедување, јасно сфаќање и чисто, сочувствително срце; кои ги спроведуваат на дело зборовите „вие сте сите браќа"; кои копнеат да го подигнат и обноват паднатото човештво. {7C 249.2}

ПОСВЕТУВАЈТЕ ВРЕМЕ ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО БОГА

Посебни поуки ми се дадени во поглед на нашите проповедници. Не е Божја волја тие да се трудат да се обогатат. Тие не треба да учествуваат во световни потфати, бидејќи на тој начин се онеспособуваат своите најдобри сили да ги посветат на духовни работи. Меѓутоа, тие треба да добиваат плати кои ќе бидат доволни за да можат да се издржуваат себеси и своите семејства. Ним не треба да им се доверуваат толку должности за да не можат да посветат доволно внимание на своите семејства, бидејќи нивна посебна должност е да ги воспитуваат своите деца за Господа. {7C 250.1}

Многу е погрешно постојано да се врзува проповедникот за не кои работи, така што ќе мора да оди од место до место и длабоко во ноќта да присуствува на одбори и состаноци, бидејќи поради тоа
станува преморен и обесхрабрен. Проповедниците мораат да имаат време за одмор, за да можат да ја црпат од Божјата Реч хранливоста на лебот на животот. Тие мора да имаат време да се напијат освежувачка вода од живата река. {7C 250.2}

Проповедниците и учителите мораат да имаат на ум дека се обврзани пред Бога да ги исполнуваат своите должности со своите најдобри способности, и во својата работа да ги внесуваат своите најдобри сили. Тие не смеат на себе да преземаат должности кои се во спротивност со делото што Бог им го доверил. {7C 250.3}

Кога проповедниците и учителите, притиснати под товарот на финансиските одговорности, истапуваат на говорницата или доаѓаат во училниците со заморени нозе и исцрпени нерви, што друго може да се очекува, отколку обичен оган наместо свет оган од божествено потекло? Напрегнувачките, слаби напори ги разочаруваат слушателите и нанесуваат штета на говорникот. Тој нема време да го бара Господа, нема време во вера да побара помазание од Светиот Дух. {7C 250.4}

За да има успех во својата работа, Божјиот работник мора да прими благодат и делотворност кои само Бог може да ги даде. Ветувањето гласи: „Барајте и ќе добиете" (Јован 16:24). Зошто тогаш не бараме, Зошто не го отвориме нашиот ум за влијанието на Светиот Дух, за да може душата да биде заживеана со свеж здив на животот? Сам Христос поминувал многу време во молитва. Секогаш кога му се пружала можност, Тој одвојувал време за да биде сам со Бога. Кога се поклонуваме пред Бога во понизна молитва, Тој става жив јаглен од Својот олтар на нашите усни, Посветувајќи ги за делото на објавување на библиската вистина на народот. {7C 251.1}

Наредено ми е да им соопштам на своите соработници; ако сакате да соберете богатство на Небото, морате во тајност да општите со Бога. Ако не го правите тоа, вашата душа ќе биде лиена од Светиот Дух, како што ридовите на Гелвуј биле лиени од роса и дожд. Кога бргу преминувате од една работа на друга, кога имате толку работа што немате време да разговарате со Бога, како можете да очекувате дека вашето дело ќе има сила? {7C 251.2}

Причината поради која многу наши проповедници држат едно лични, безживотни проповеди, лежи во тоа што своето време и внимание ги посветуваат на разни работи со земско обележје. Ако постојано не растеме во благодатта, ќе ни недостигаат зборови кои се соодветни за одредена прилика. Морате да општите со сопственото срце, а потоа морате да општите со Бога. Ако не постапувате така, вашите напори ќе бидат бесплодни среде непосветеното брзање и збрка. {7C 251.3}

Проповедници и учители, вашето дело мора да биде исполнето со богата духовна благодат. Не дозволувајте вашето дело да стане обично, поради тоа што во Него внесувате обични работи. Одете по патот кој секогаш се искачува нагоре. Очистете се од сета нечистотија на телото и Духот, усовршувајќи светост во Господов страв. {7C 251.4}

Секојдневно мораме да се обраќаме. Нашите молитви мораат да бидат сесрдни; тогаш ќе бидат поделотворни. Сè поцврста мора да биде нашата доверба дека Божјиот Дух ќе биде со нас, дека ќе нè очисти и посвети, да стоиме право и да бидеме мирисни како Ливанскиот кедар. {7C 251.5}

Проповедниците на евангелието не смеат да внесуваат во својата служба световни или политички прашања. Сето свое време и способности мораат да го посветат на христијанска работа. {7C 252.1}

Да се приврзе проповедникот за едно место, препуштајќи му го надзорот над деловните прашања во врска со црквата тоа не води кон развој на Неговата духовност. Таквиот став не е во склад со библискиот план изложен во шестото поглавје на Делата на апостолите. Проучувајте го тој план, зашто Бог го одобрил. Следете ја Божјата Реч. {7C 252.2}

Оној кој ја шири Речта на животот, не смее да дозволи да биде преоптоварен со премногу должности. Тој мора да има време да ја проучува Божјата Реч и да се испита самиот себеси. Ако внимателно го испита своето срце и ако се посвети на Господа, тој подобро ќе разбере како да ги сфати скриените Божји работи. {7C 252.3}

Наместо да бираме работа што ни е пријатна, и да одбиваме должност која нашите браќа сметаат дека треба да ја извршиме, ние треба да прашаме: „Господе, што сакаш да направам?" Наместо да одиме по патот по кој не гонат природните нагони, мораме да се молиме: „Научи ме Господе на Твојот пат и води ме по рамна патека" (Псалм 27:11). {7C 252.4}

Финансиски прашања во работата во градовите

Нашите проповедници мораат да се научат да ги остават настрана деловните и финансиските прашања. Многупати ми е дадена поука дека тие работи не спаѓаат во

должноста на проповедникот. Проповедниците не смеат да се преоптоваруваат со деловни прашања, дури ни на делото во градовите, туку мораат да бидат подготвени да посетуваат места во кои се пробудил интерес за веста, а посебно да ги посетуваат нашите црковни собори. Кога се одржуваат такви состаноци, нашите работници не треба да сметаат дека треба да останат во градот за да завршат разни деловни работи поврзани со разни гранки на делото во градот, ниту треба прерано да ги напуштаат соборите поради работи од таков вид. {7C 252.5}

Оние во чија надлежност спаѓаат конференциите, мораат да најдат деловни луѓе кои ќе се грижат за финансиските прашања на делото во градовите. Ако такви луѓе не можат да се најдат, тогаш треба да се погрижат некои луѓе да се оспособат за тие должности. {7C 253.1}

Посветени финансиски стручњаци

Скандинавските установи не треба да се наоѓаат во состојба во која се, и тие не би биле во состојбата во која се наоѓаат, ако нашите браќа во Америка пред многу години го направија она што требало да го направат. Требало еден човек, искусен во работата и со практично знаење на книговодство, да биде упатен во Европа за да го води надзорот над сметководителството на нашите установи во Европа. Ако за таа работа било потребно повеќе од еден човек, тогаш требало да се испратат повеќе луѓе. На тој начин би биле заштедени илјадници долари. {7C 253.2}

Во нашето дело во Америка треба да се вработат такви луѓе, луѓе кои му се посветиле на Бога, луѓе на кои им се познати небесните начела, кои знаат што значи да се оди со Бога. Ако такви луѓе го водеа надзорот над финансиските прашања на нашите конференции и установи, денес благајната би располагала со изобилство на пари, и нашите установи денес би биле такви какви што треба да бидат по Божја волја да го помагаат Божјото дело по пат на самооткажување и самопожртвување. {7C 253.3}

РАБОТАТА НА ПРОПОВЕДНИКОТ

Сè уште не се влегло во многу полиња зрели за жетва, бидејќи нема пожртвувани работници. Во овие полиња мора да се влезе и многу работници треба да појдат во нив, подготвени да се издржуваат самите себеси. Но некои од нашите проповедници не се склони да го примат на себе товарот на оваа работа, не се склони да работат со онаа несебичност со која се одликувал животот на нашиот Господ. {7C 254.1}

На Бога му е тешко да гледа недостаток на пожртвуваност и истрајност кај Своите слуги. Нека работниците за Христа го проучуваат Неговиот живот на самооткажување. Тој е наш пример. Смеат ли денешните проповедници да очекуваат да бидат повикани да поднесуваат помалку тешкотии од првите христијани, валденжани и реформатори во сите векови? {7C 254.2}

Бог на Своите проповедници им дал задача да ја објавуваат на светот Неговата последна вест на милост. Нему не му е угодно што некои не се посветуваат со сите

свои сили на таа сèзначајна задача. Неверноста на стражарите кои се посветени да стражат на ѕидовите на Сион ја доведува во опасност вистината и ја изложува на потсмев на непријателите. Време е нашите проповедници да ја сфатат одговорноста и светоста на својот повик. Тие ќе страдаат ако не ја извршат задачата која, според нивните сопствени зборови, Бог ја поставил во нивните раце. {7C 254.3}

Не е мал бројот на проповедниците кои не ја вршат работата која им била одредена. Зошто луѓето кои се одредени за проповедници ги стават во одборите и советите? Зошто мораат да учествуваат на толку деловни состаноци, честопати многу оддалечени од нивното поле на работа? Зошто со деловни прашања не се задолжуваат деловни луѓе? Проповедниците не се задолжени за вакви работи. Со финансиски прашања на работа треба да се занимаваат способни луѓе, додека проповедниците имаат друга должност. Водењето на финансиските прашања треба да биде во рацете на некои други, а не на оние кои се ракоположени за проповедници. {7C 254.4}

Проповедниците не треба да се викаат таму и ваму на состаноци на одбори за да решаваат секојдневни прашања. Многу наши проповедници работеа така, но тоа не е работата на која Господ сака да се посветат. Тие се оптоварени со премногу финансиски должности. Обидувајќи се да одговорат на овие свои должности, тие ја занемаруваат својата задача на проповедање на евангелието. Бог гледа на ова како на обесчестување на Неговото име. {7C 255.1}

Големото Господово лозје го бара од Неговите слуги она што сè уште не го примило сесрдна и истрајна работа за душите. Работата на проповедникот станува слаба и недоволна, а покрај тоа и црквите стануваат слаби. Среде ваква работа, проповедниците имаат малку успех во обратување на душите. Вистината не продрела во запоставените области на Земјата. Така на Бога му се закинува онаа слава која Му припаѓа. Тој повикува работници кои ќе бидат и произведувачи и потрошувачи. {7C 255.2}

Светот треба да се опомене. Проповедниците треба да работат сесрдно и совесно, влегувајќи во нови полиња и лично заземајќи се за спасение на душите, а не да престојуваат во црквите кои веќе примиле голема светлина и многу предности. {7C 255.3}

ОДБОРНИ СОСТАНЦИ

Луѓето кои учествуваат на состаноците на одборот треба да имаат на ум дека се состануваат со Бога, Кој им ја дал нивната работа. Тие треба да се состануваат со почит и со посветено срце. Тие се состануваат за да разгледаат важни прашања во врска со Господовото дело. Тие мораат во секое поединечно прашање да покажат дека копнеат да ја сфатат Неговата волја во поглед на плановите кои треба да се разработат за понатамошно ширење на Неговото дело. Тие не смеат ниту еден момент да го трошат на безначајни разговори, бидејќи Господовите работи мораат да се решаваат на деловен, совршен начин. Ако некој член на одборот е невнимателен и без почит, треба да се потсети дека е во присуство на еден Сведок кој ги мери сите дела. {7C 256.1}

Поучена сум дека состаноците на одборот не се секогаш угодни на Бога. Некои луѓе доаѓаат на тие состаноци со ладен, тврд и критички дух; дух во кој нема љубов. Тие можат многу да наштетат, бидејќи со нив е зол дух кој ги држи на погрешна страна. Не е реткост со своето непопустливо држење, тие да внесат збрка во црквата и со тоа да ги одложуваат одлуките кои треба да се донесат. Тие работи донесуваат многу неволји и грижи на Божјите слуги, на кои им е потребен душевен мир и сон. Во надеж дека ќе дојдат до некои одлуки, тие ги продолжуваат состаноците до доцна во ноќта. Но животот е премногу скапоцен за да се загрозува на овој начин. Господ нека го носи товарот. Чекајте на Него за да ги реши тешкотиите. Дајте му одмор на замореният ум. Ноќната работа делува поразно на телесните, духовните и моралните сили. Кога би се дозволило мозокот да се одмора онака како што треба, мислите би биле јасни и остри и работите би можеле побрзо да се решаваат. {7C 256.2}

Исхраната и деловните состаноци

Нашите браќа, пред да дојдат на состанок на советот или одборот, мораат да излезат пред Бога, грижливо да го испитаат срцето и критички да ги разгледаат побудите. Молете се Господ да ви се открие, за да не критикувате непромислено и да осудувате поедини предлози. {7C 257.1}

Зад обилна трпеза луѓето честопати јадат повеќе од она што желудникот може да свари. Преотовареният стомак не може да ја изврши својата работа како што треба. Последица на тоа е неугодно чувство на затапеност во мозокот, така што умот не работи со потребната брзина. Несоодветното составување на листата на јадења создава незгоди; поради тоа доаѓа до вриење, што влијае на крвотокот, а во мозокот се создава збрка. {7C 257.2}

Навиката на прејадување или земање на премногу разновидна храна во еден оброк честопати доведува до лошо варење. На тој начин се нанесува сериозна штета на чувствителните органи за варење. Желудникот напразно протестира и го повикува мозокот да размисли за причините и последиците. Претераното количество на јадење и претераните разновидни продукти го вршат своето штетно дело. На празно непријатното претчувство ги опоменува луѓето. Потоа настапуваат страдања, а болеста доаѓа на местото на здравјето. {7C 257.3}

Некои би запрашале: Каква врска има тоа со состаноците на одборот? - Има, и тоа голема врска. Последиците на лоша исхрана се чувствуваат на состаноците на одборот и советот. Состојбата на желудникот влијае врз мозокот. Желудникот во лоша состојба доведува до несредена, неизвесна духовна состојба. Заболениот стомак создава нездрава состојба на умот и човекот честопати упорно останува на своето погрешно мислење. Набожната мудрост на таквиот човек е всушност глупост пред Бога. {7C 257.4}

Подвлекувам дека ова е причина за состојбата што постои на многу состаноци на одборот и советот, на кои малку внимание се посветува на прашањата кои треба внимателно да се проучат и на кои набрзина се донесуваат одлуки кои се од најголемо значење. Таму каде што требало да постои еднодушност на чувствата во позитивна

смисла, негативниот став честопати целосно ја изменува атмосферата на состанокот. Тие резултати неколку пати ми беа Мене презентирани. {7C 258.1}

Сега ги изложувам овие прашања поради тоа што ми е наложено да им кажам на своите браќа во проповедништвото: Поради неумереноста во јадењето станувате неспособни јасно да ја согледате разликата помеѓу Светиот и обичниот оган. Исто така, со таа неумереност покажувате дека не обрнувате внимание на опомените кои Господ ви ги упатува. Неговата Реч до вас е: „Кој од вас се бои од Господа, нека го слуша гласот на Неговиот слуга! Кој оди во темнина, без зрак на светлина, нека се надева на Господовото име и нека се потпира на својот Бог. Но сите вие што палите оган, кои сте вооружени со запалено стрели - одите во пламенот на вашиот оган и во жарта што ја распаливте. Мојата рака ќе ви направи така: ќе лежите во маки" (Исаија 50:10,11). {7C 258.2}

Зар нема да му се приближиме на Господа за да нè спаси од не умереноста во јадењето и пиењето, од сите несвети, телесни страсти, од сето беззаконие? Зар нема да се понизиме пред Бога, отфрлајќи сè што го расипува телото и Духот, за да можеме во Божји страв да ја усовршуваме светост на карактерот? {7C 258.3}

Секој кој присуствува на состаноците на одборот и црквата, треба да ги забележи следниве зборови во срцето: јас работам за сегашноста и вечноста и одговорен сум пред Бога за побудите кои ме поттикнуваат на работа. Тоа нека биде Негово мото. Неговата молитва нека биде молитва на псалмистот: {7C 258.4}

„Господе, постави стража на мојата уста, и врата на моите усни! Не оставај моето срце да се приклони кон било каква злоба" (Псалм 141:3,4). {7C 259.1}

При советувањето за напредок на делото, никој не смее да владее над другите, да биде глас на целината. Предложените методи и планови треба внимателно да се испитаат, така што сите браќа ќе ги проценат нивните добри страни и ќе одлучат кои треба да ги усвојат. Проучувајќи ги полињата во кои изгледа дека нè повикува нашата должност, добро е да се земат во предвид тешкотиите на кои ќе наидат во тие полиња. {7C 259.2

Колку што е можно, одборите треба да го запознаат народот со своите планови, за да може црквата, со своите мислења, да ги под држи нивните напори. Многу членови на црквата се мисловни луѓе а имаат и други извонредни квалитети на умот. Нив треба да ги искористиме за добри дела. Многумина можат подлабоко да се запознаат со Божјото дело и да побараат мудрост одозгора, за да го прошират Христовото царство, спасувајќи души кои пропаѓаат поради непознавањето на Речта на животот. Така, мажи и жени со благороден карактер ќе ѝ се приклучат на оние за кои е кажано „Вие не Ме избравте Мене, но Јас ве избрав вас и ве поставив да одите и да принесувате плод" (Јован 15:16). {7C 259.3}

ЦРКОВНА ДИСЦИПЛИНА

Во постапувањето со заблудените членови на црквата, Божјиот народ треба цврсто да се држи за поуките кои Спасителот ги дал во осумнаесеттото поглавје од Матеј. {7C 260.1}

Човечките суштества се Христова своина, бидејќи Тој ги откупил по бескрајна цена и ги приврзал за себе со љубовта која Тој и Неговиот Татко ја покажеле кон нив. Затоа мораме да бидеме многу внимателни во меѓусебните односи! Луѓето немаат право да имаа зли претпоставки во поглед на своите ближни. Членовите на црквата немаат право да се поведуваат според своите побуди и склоности во својот став кон своите браќа кои згрешиле. Тие дури не смеат ниту да ги изразат своите предрасуди кон оние кои згрешиле, зашто со тоа поставуваат во другите квасец на злото. Злите гласови за некој брат или некоја сестра се пренесуваат од еден член до друг. Некои луѓе немаат желба да се управуваат според упатствата кои ги дал Господ Исус и оттаму произлегуваат грешки и неправди. {7C 260.2}

„Ако згреши братот твој против Тебе, оди и укори го насамо, меѓу Тебе и Него," кажал Христос (Матеј 18:15). Не зборувај на другите за Неговата грешка. Се кажува на еден, потоа на други и трети: гласот сè повеќе се шири и злото е сè поголемо, така што најпосле од тоа страда и целата црква. Среди ја работа „меѓу Тебе и Него." Тоа е Божјиот план. „Не брзај да покренуваш тужба, зашто, што ќе правиш на крајот, кога твојот противник ќе те посрами? Реши го спорот со својот ближен, и не ја откривај тајната на друг" (Изреки 25:8,9). Не го трпи гревот на својот брат, но не го откривај и со тоа не го зголемувај злото, правејќи од укорот одмазда. Поправи го на начин што е опишан во Божјата Реч. Не дозволувајте огорченоста да се претвори во злоба. {7C 260.3}

Не дозволувај раната да загнои и да се инфицира со отровни зборови кои ќе ја отруј ат душата на оние кои слушаат. Не дозволувај огорчувањето и понатаму да ја исполнува Неговата и твојата душа. Оди кај својот брат и кротко и искрено зборувај со Него за тоа прашање. {7C 261.1}

Каква и да е природата на прекршокот, тоа не го менува планот кој Бог го поставил за отстранување на несогласувањата и личните повреди. Тешкотијата често ќе се отстрани ако насамо и во Христов дух зборувате со оној кој згрешил. Појдете кај грешникот со срце полно со Христова љубов и наклонетост и трудете се да ја изведете работата на чистина. Разговарајте со Него благо и промислено. Од вашите усни нека не излезе ниту еден лут збор. Зборувајте на начин кој ќе апелира на Неговиот здрав разум. Имајте ги на ум зборовите: „Нека знае дека оној што ќе го обрати грешникот од Неговиот заблуден пат, спасува една душа од смрт и ќе покрие мноштво на гревови" (Јаков 5:20). {7C 261.2}

Донесете му на својот брат лек кој ќе ја исцели болеста на не пријателството. Трудете да му помогнете. Поради мирот и единството на црквата, сметајте дека ова не е само чест, туку и ваша должност. Ако сака да ве слушне, во Него ќе добиете пријател. {7C 261.3}

Цело небо го слуша разговорот помеѓу повредениот и оној кој згрешил. Ако заблудениот го прими укорот даден во Христова љубов и ја признае својата грешка, барајќи простување од Бога и од својот брат, небесната сончева светлина ќе го исполни Неговото срце. Судирот е завршен; повратени се пријателството и довербата. Маслото на љубовта ја отстранило болката што ја направила грешката. Божјиот Дух поврзува срце со срце и Небото ќе запее среде тоа постигнато единство. {7C 261.4}

Ако луѓето, кои, соединети со христијанско братство упатуваат молитви на Бога и ако се заветуваат дека ќе бидат праведни во своите постапки, дека ќе го љубат милосрдието и дека ќе одат понизно пред Бога, ќе примат голем благослов. Ако згрешиле пред другите, нека се покајат, исповедаат и ја исправат својата грешка, цврсто решени да прават добро еден на друг. Тоа значи да се исполнува Христовиот закон. {7C 262.1}

„Но ако не те послуша, земи со себе уште еден или двајца, и од устата на двајца или тројца сведоци да се потврди секој збор" (Матеј 18:16). Поведете ги со себе оние кои се духовни и зборувајте со престапникот за Неговата грешка. Можеби ќе попушти пред заедничката опомена на своите браќа. Можеби Неговиот ум ќе се просветли кога ќе види дека тие имаат исти погледи на работата. {7C 262.2}

„Ако не ги послуша нив," што треба да се направи? Треба ли не колку лица да преземат одговорност на себе и на одборски состанок да го исклучат од црквата? „Ако не ги послуша нив, кажи ѝ на црквата" (Стих 17). {7C 262.3}

Црквата нека ја преземе постапката кон своите членови. „Ако не ја послуша и црквата, нека ти биде како незнабожец и цариник" (Стих 17). Ако не сака да го слуша гласот на црквата, ако не се одзвие на сите повици да се поправи, црквата има право да го исклучи од членството. Неговото име треба да се избрише од книгата. {7C 262.4}

Додека целосно не се извршат инструкциите кои Христос ги дал, ниту еден службеник на црквата, ниту еден одбор не смее да препорача бришење на имињата на престапниците од книгата. Дури откако ќе се постапи според нив, црквата ќе биде права пред Бога. Тогаш злото треба да се прикаже такво какво што е и мора да се отстрани, за да не се шири сè повеќе и повеќе. Мораат да се сочуваат здравјето и чистотата на црквата, за да излезе пред Бога неизвалкана, облечена во облека на Христовата праведност. {7C 262.5}

Ако заблудениот се покае и покори на Христовата дисциплина, треба уште еднаш да му се даде време на проба. Дури и ако не се покае, дури и ако се издвои од црквата, Божјите слуги сè уште имаат работа да вршат за Него. Тие треба срдечно да настојуваат да го наведат да се покае. Колку и да е тежок Неговиот грев, ако се покори на повиците на Светиот Дух и ако со признавање и оставање на својот грев даде докази на своето покајание, треба да му се прости и да се прими повторно во стадото. Неговите браќа треба да го охрабрат на правиот пат и да постапуваат кон Него како што би сакале да се постапува со нив кога би се нашле во слична ситуација. Тие мораат да се чуваат и самите да не паднат во искушение. {7C 263.1}

„Вистина ви велам, што и да сврзете на земјата, ќе се појави веќе сврзано на Небото" (Стих 18). {7C 263.2}

Оваа изрека ваи за сите времиња. На црквата ѝ е дадена сила да работи наместо Христа. Таа е Божјо орудие за зачувување на редот и дисциплината кај Неговиот народ. На неа Господ ѝ доверил сила да ги решава сите прашања за напредокот, чистотата и редот. На неа почива одговорноста да ги исклучи од членството оние кои се недостојни и кои со своите нехристијански постапки ја обесчестуваат вистината. Небото ќе потврди сè што направила црквата во согласност со упатствата дадени во Божјата Реч. {7C 263.3}

Црквата треба да решава за прашањата од далекусежно значење. Божјите проповедници, кои Тој ги одредил за водачи на Својот народ, мораат, откако ќе ја извршат својата должност, да го изнесат ова прашање на црквата за решавање, со цел да се постигне единство во одлуката. {7C 263.4}

Бог сака Неговите следбеници да бидат многу внимателни во взаемните односи. Тие мораат да подигаат, поткрепуваат, лекуваат. Но во црквата не смее да се занемари потребната дисциплина. Членовите треба да се сметаат како ученици во училиште и да се трудат да стекнат карактер, достоинствен на нивниот возвишен повик. Во црквата на земјата, Божјите деца треба се подготвуваат за црквата на Небото. Оние кои овде живеат во согласност со Христа, можат да се надеваат на вечен живот во семејството на откупените. {7C 264.1}

Божјата љубов кон паднатиот човечки род е посебна манифестација на љубов. Тоа е љубов родена од милост, зашто ниту едно човечко суштество не ја заслужува. Милоста сугерира несовршеност на суштеството на кого се укажува. Милоста стапила во дејство поради гревот. {7C 264.2}

Можеби ќе биде потребно многу работа за да се изгради вашиот карактер. Можеби вие сте неизделкан камен, кој мора да се изделка и мазни пред да заземе свое место во Божјиот храм. Не смеете да се изненадите ако Божјото длето ги обраби острите рабови на вашиот карактер, за да се подготвите да го исполните местото кое Тој ви го наменил. Ниту еден човек не е во состојба да го изврши ова, тоа го може само Бог. Бидете уверени дека Тој нема да удри ни еднаш без потреба. Секој Негов удар е со љубов, поради ваше вечно блаженство. Тој ги познава вашите слабости и работи за да обнови, а не да уништи. {7C 264.3}

„ДА БИДМЕ ОБЗИРНИ ЕДЕН КОН ДРУГ"

Честопати ќе наидете на души кои се изложени на искушенија. Вие не можете да знаете колку сатаната огорчено се бори со нив. Чувајте се да не ги обесхрабрите овие души и со тоа да му помогнете на непријателот. {7C 265.1}

Секогаш кога ќе видите или слушнете нешто што треба да се исправи, побарајте од Господа мудрост и благодат, за обидувајќи се да бидете верни, да не бидете сурови. {7C 265.2}

Секогаш е понижувачки за човек кога ќе му се укаже на Неговите грешки. Не го загорчувајте ова искуство уште повеќе, со непотребни укори. Строгата критика ги прави луѓето малодушни, а животот мрачен и несреќен. {7C 265.3}

Браќа мои, преовладајте преку љубов, а не со строгост. Внимавајте да не ја уништите самопочитта кај човекот кој станал свесен за својата грешка. Не одете кон тоа да го повредите и раните, туку превзете го и лекувајте го. {7C 265.4}

Ниту едно човечко суштество нема толку изострена моќ, ниту толку благородна природа како нашиот Спасител. О, колкаво трпение Тој имал со нас! Од година во година, Тој имал трпение кон нашите слабости и незнаење, нашата неблагодарност и застранетост. Наспроти сите наши заблуди, нашето тврдо срце, нашето кршење на

Неговата света Реч, Тој сè уште ни ја подава Својата рака и нè повикува: „Љубете се еден со друг, како Јас што ве возљубив" (Јован 13:34). {7С 265.5}

Браќа, сметајте се за мисионери, и тоа не меѓу незнабошците, туку меѓу своите браќа соработници. Потребно е многу време и напор за да се убеди една душа во посебната вистина за ова време. Кога душите ќе се обратат од грев кон праведноста, ангелите ликуваат. Зар мислите дека на ангелите кои ги чуваат овие души им е мило да гледаат како рамнодушно се однесуваат кон нив луѓето кои зборуваат за себе дека се христијани? Луѓето се поведуваат според своите склоности. Се покажува пристрасност. Кон едни сме попустливи, додека кон други сме строги. {7С 265.6}

Ангелите ја набљудуваат со чудење и восхит Христовата мисија во светот. Тие се восхитуваат на љубовта која го поттикнала да се жртвува Себеси за гревовите на луѓето. А колку човечките суштества се невнимателни кон оние кои Тој ги откупил со Својата крв! {7С 266.1}

Не е потребно да почнеме со тоа што ќе се обидеме да се љубиме еден со друг. Потребна е Христова љубов во срцето. Ако „јас" исчезнало во Христа, вистинската љубов ќе се појави сама од себе. {7С 266.2}

Ние ќе победиме со својата трпеливост. Трпението во службата донесува спокојство на душата. Понизните, вредни и верни работници се тие кои го промовираат доброто на Израел. Еден збор на љубов и охрабрување ќе направи повеќе да го потчини лошиот темперамент и самоволие, отколку сите замерки и лоши зборови кои би ги упатиле на сметка на заблудениот. {7С 266.3}

Веста на Учителот мора се објавува во Негов Дух. Ќе бидеме безбедни единствено ако своите мисли и побуди ги потчиниме на власта на Големиот Учител. Божјите ангели ќе подарат богато искуство на секој вистински работник кој така ќе постапува. Понизноста ќе ги обликува нашите зборови во изрази на христијанска нежност. {7С 266.4}

ДО УЧИТЕЛИТЕ ВО НАШИТЕ УЧИЛИШТА

Драги мои браќа и сестри, Господ ќе им помогне на сите кои понизно одат со Него. Тој ве ставил на места од доверба. Грижливо одете со Него. Божјата рака е на кормилото. Тој ќе го води бродот помеѓу карпите кон пристаништето. Тој ќе искористите слабите нешта на овој свет за да ги посрами нештата кои се силни. {7С 267.1}

Се молам да го земете Бога за свој Советник. Вие не сте одговорни на ниту еден човек, туку сте под Божја управа. Држете се блиску до Него. Не се управувајте според примерите на овој свет. Не ги напуштајте Господовите методи на работа. Не служете се со обичен оган, туку со Светиот огнот кој Господ го запалил. {7С 267.2}

Бидете храбри во својата работа. Јас со години му укажував на нашиот народ на потребата во воспитувањето на младите, за еднакво оптоварување на телесните и умните сили. Но луѓето кои никогаш не ја искусиле вредноста на овие поуки да ја спојат телесната работа со умната, тешко ги сфаќаат и остваруваат овие упатства. {7С 267.3}

Трудете се со сите сили да им ги предадете на своите ученици оние благослови кои сте ги примиле од Бога. Водете ги низ пределите на значењето во длабока и сесрдна желба да им помогнете. Приближете им се. Ако срцето на учителот не изобилува со Христова љубов и благост, во нив ќе се манифестираат дух на грубост и желба за владеење. {7C 267.4}

Господ сака да научите како да ја користите мрежата на евангелието. Ако сакате да имате успех во својата работа, преградите на вашите мрежи мораат да бидат погусти. Морате да ги објаснувате со примери поуките на Светото Писмо, така што учениците лесно ќе ја сфатат нивната смисла. Тогаш влечете ја мрежата. Преминете непосредно на работата. Колку големо да е значењето на некој човек, тоа е некорисно ако не е во состојба да го пренесе на другите. Убедливоста на вашиот глас нека остави длабок впечаток на нивното срце. Наведете ги учениците да Му се предадат на Бога. „Запазете се себеси во Божјата љубов, очекувајќи милост од нашиот Господ Исус Христос за вечен живот. И така разликувајќи ги, едни милувајте, а други со страв спасувајте ги, истргнувајќи ги од оган мразејќи ја облеката онечистена од телото" (Јуда 21-23). Ако се угледате на Христовиот пример, ќе примите прекрасна награда за што ќе видите како вашите ученици Му приоѓаат Нему. {7C 267.5}

Агресивни напори

Господ Бог Израелов копнее по плодови. Тој ги повикува своите работници да се рашират повеќе од она што го правеле досега. Тој сака тие да го направат целиот свет поле за работа, а не да работат само за нашите цркви. Апостол Павле одел од место до место, проповедајќи ја вистината на оние кои биле во мракот на заблудата. Работел една година и шест месеци во Коринт и го докажал Божествениот карактер на својата мисија со тоа што основал една напредна црква составена од Евреи и незнабошци. Христос никогаш не се ограничувал во Својата работа на едно место. Градовите и селата на Палестина одекнувале од вистините кои излегувале од Неговите усни. {7C 268.1}

Христовиот поздрав до светот

Беседата на Гората е небесен благослов на светот, глас од Божјиот престол. Таа е дадена на луѓето за да им биде закон на должност и светлина од Небото, надеж и утеха во очајувањето. Овде Принцот на проповедниците и Учителот на учителите изговорил зборови кои Неговиот Татко му ги дал да ги изговори. {7C 268.2}

Блаженствата се Христов поздрав, не само на оние кои веруваат, туку на сето човечко семејство. Тој како за еден момент да заборавил дека е на земјата, а не на Небото, па се послужил со поздравот на светот на светлината. Од Неговите усни потекле благодати како млазеви на една долго запечатена река со богат живот. {7C 269.1}

Христос не нè остава во недоумица во поглед на карактерните особини кои Тој секогаш ќе ги признава и благословува. Тој се свртува од славољубните фаворити на овој свет кон оние кои тие ги отфрлаат и им дава блаженство на сите кои ќе ја примат Неговата светлина и Неговиот живот. Тој ги шири Своите заштитнички раце повикувајќи ги сиромашните во Духот, кротките, милостивите, презрените и прогонетите зборувајќи: „Дојдете кај Мене... и Јас ќе ве успокојам" (Матеј 11:28). {7C 269.2}

Христос може да гледа на бедата на овој свет без сенка на тага поради создавањето на човекот. Тој гледа во човечкото срце нешто повеќе од беда, нешто повеќе од грев. Во Својата бесконечна мудрост и љубов, Тој гледа можности и висини до кои човекот може да се искачи. Иако луѓето ја злоупотребиле милоста и го уништиле од Бога даденото достоинство, но сепак Творецот ќе се прослави во нивното откупување. {7C 269.3}

Беседата на гората ни дава пример како треба да поучуваме. Колку Христос се трудел тајните да не бидат тајни, туку јасни, прости вистини! Во Неговите поуки нема ништо нејасно, ништо што тешко се сфаќа. {7C 269.4}

„Тој ја отвори Својата уста и ги поучуваше" (Матеј 5:2). Тој не зборувал со шепотење, ниту Неговиот говор бил груб и непријатен. Зборувал јасно и со нагласок, свечено и со сила која убедува. {7C 269.5}

„И кога Исус ги заврши овие зборови, народот се чудеше на Нговото учење; зашто ги учеше како Оној, Кој има власт, а не како книжниците" (Матеј 7:28-29). {7C 269.6}

Сесрдното проучување на беседата на гората во молитва, ќе нè подготви за проповедање на вистината и ние ќе бидеме во состојба на другите да им ја предадеме светлината што сме ја примиле. Мораме прво да се изградиме самите себеси, да ги примиме со понизни срца начелата на вистината и да ги практикуваме во совршена послушност. Тоа ќе ни даде радост и мир. Така го јадеме телото и ја пиеме крвта на Божјиот Син и стануваме силни во Неговата сила. Нашиот живот ќе исчезне во Неговиот живот. Нашиот дух, нашите склоности и нашите навики ќе се сообразат на волјата на Оној за кого Бог рекол: „Ова е Мојот возљубен Син, во кого е Мојата волја" (Матеј 3:17). {7C 270.1}

Зборовите кои Христос ги изговорил на Гората на Блаженствата ќе ја задржат својата сила низ сите времиња. Секоја реченица е скапоцен камен од ризницата на вистината. Начелата изнесени во

таа беседа важат за сите времиња и за сите луѓе. Укажувајќи на една група на луѓе за други, кои се Блажени, затоа што изградиле карактер на праведник, Христос со Божествена сила ја изразил Својата вера и надеж. Живеејќи со живот на Давател на животот, со вера во Него, секој може да ја постигне онаа висина за која Тој укажал. Зар оваа цел не е достојна за да копнееме по неа неуморно во текот на целиот свој живот? {7C 270.2}

Поглед во иднината

Се приближуваме кон крајот на историјата на оваа Земја. Пред нас лежи големо дело - завршното дело на давање на последната вест на опомена на грешниот свет. Луѓето ќе бидат одвоени од својот плуг, од лозјето и од други работи и Господ ќе ги испрати да ја објавуваат оваа вест на светот. {7C 270.3}

Светот испаднал од своите зглобови. Набљудувајќи ја оваа глетка, лесно можеме да ја изгубиме храброста. Но Христос ги поздравува со зборови полни со надеж токму оние мажи и жени кои нè прават малодушни. Тој ги гледа оние нивни својства кои ќе ги оспособат да влезат во Неговото лозје. Ако сакаат постојано да се поучат, во Своето провидение, Тој ќе ги направи мажи и жени кои ќе бидат способни да ја извршат задачата која не ги надминува нивните способности. Преку дарувањето на Светиот Дух, Тој ќе им даде сила за зборување. {7C 271.1}

Почетниците мораат да влезат во многу запуштени и необработени полиња. Спасителовиот ведар поглед на светот ќе исполни со доверба многу работници. Ако ја започнат својата работа во понизност и со сето свое срце, ќе се покажат како вистински луѓе на вистинско место и во вистински момент. Христос ја гледа сета беда и очај на овој свет, поглед кој е во состојба да ги направи малодушни многу способни работници, така што ќе бидат во недоумица како да ги доведат мажите и жените до првата пречка на скалите. Нивниот начин на работа може да биде од мала вредност. Тие би стоеле на најниските пречки на скалите, говорејќи: „Дојдете кај нас." Но јадните души не знаат каде да ја стават својата нога. {7C 271.2}

Христовото срце се радува на оние кои се сиромашни во секоја смисла на овој збор, се радува со прогонетите кои се кротки, се радува со оние кои се чувствуваат незадоволни и кои се гладни за праведност, а не знаат како да започнат. Изгледа како Нему да му годи токму онаа состојба на работите кои многумина проповедници би ги направило малодушни. Тој ја исправува нашата заблудена побожност, пренесувајќи го товарот на работата за бедните и презрените во суровите краеви на Земјата, на оние кои имаат срца кои можат да чувствуваат за оние кои се во незнаење и кои скршнале од вистинскиот пат. Господ ги поучува овие работници како да им помогнат на оние кои Тој посакува тие да им помогнат. Тие ќе се охрабрат кога ќе видат како пред нив се отвораат врати во места каде што ќе можат да работат на здравствено поле. Имајќи малку самодоверба, тие му ја припишуваат сета слава на Бога. Нивните раце можат да бидат груби и невешти, но нивните срца се приемчиви на сожалување и во нив живее силна желба да направат нешто за олеснување на страдањата кои толку многу ги има; и Христос е присутен за да им помогне. Тој работи преку луѓето кои гледаат милост во бедата и добивка во загубата на сите нешта. Каде што ќе помине Светлината на светот, ќе се видат предности во неволјите, ред во неред, успех и Божја мудрост во она што ни се чинело како неуспех. {7C 271.3}

Браќа и сестри, во својата служба приближете им се на луѓето. Подигнете ги оние кои паднале. Примајте ги неволјите како прикриени благодати, болката како милост. Работете така што ќе се појави надеж таму каде што владеел очај. {7C 272.1}

И обичните луѓе треба да го заземат своето место како работници. Делејќи ги страдањата со своите ближни, како што Спасителот ги делел со човештвото, тие со

вера ќе видат како Тој работи со нив. „Близу е големиот Господов ден, близу е и доаѓа пребрзо" (Софонија 1:14). Би сакала да му кажам на секој работник: Оди напред во понизна вера и Господ ќе биде со Тебе. Но стражари во молитва. {7C 272.2}

Тоа е мудроста на твојата работа. Силата е од Бога. Работи, потпирајќи се на Него, имајќи на ум дека си Негов соработник. Тој е твој Помошник. Твојата сила е од Него. Тој ќе биде твоја мудрост, твоја праведност, твое посветување, твое откупување. Носи го Христовиот јарем, учи се секој ден од Него на Неговата кроткост и понизност. Тој ќе биде твоја Утеха, твој Спокој. {7C 272.3}

Сила од висините

Како што на учениците им бил даден Божјиот дар на силата на Светиот Дух - така и денес ќе им биде даден на сите кои сесрдно ќе го побараат. Таа сила е во состојба да нè направи мудри за спасение и да нè направи достојни за небесните дворови. Христос сака да ни подари благослов кој ќе нè направи свети. „Ова ви го реков за да биде Мојата радост во вас и вашата радост да биде полна" (Јован 15:11). Радоста во Светиот Дух е радост која дава здравје и живот. Давајќи ни го Својот Дух, Бог се дава самиот Себеси, правејќи се себеси извор на Божествено влијание за да ни подари здравје и живот на светот. {7C 273.1}

Кога Бог толку изобилно ви ги дава Своите дарови, имајте на ум дека ви дава за да ги вратите умножени на Дародавецот. Донесете им на другите светлина, радост и мир. Мораме секој ден да се учиме на самопонижување, за да се подготвиме да примиме небесен дар, не за да го чуваме за себе, не за да им го ускратуваме на Божјите деца Неговиот благослов, туку за да го предадеме на другите во сета Негова полнина. Кога повеќе од денес ни е потребно срце кое ќе се отвори да прими и ќе сака да предаде? {7C 273.2}

Наша должност е што повеќе да ја користиме ризницата на божественото сознание. Бог сака да примаме што повеќе, за да можеме што повеќе да даваме. Тој сака да бидеме орудие преку кое Тој богато ќе ја излева Својата благодат до светот. {7C 273.3}

Искреност и вера треба да ги одбележуваат вашите молитви. Господ за нас ќе направи „изобилно повеќе од тоа што ќе побараме или помислиме" (Ефесјаните 3:20). Зборувајте за тоа, молете се за тоа. Не зборувајте неверие. Не смееме да дозволиме сатаната да се увери во својата моќ да го помрачи нашето лице и да внесе жалост во нашиот живот. {7C 273.4}

Молете се во вера. Погрижете се својот живот да го доведете во склад со своите молитви, за да го добиете благослов за кој се молите. Не дозволувајте вашата вера да слабее, зашто благословите кои ќе ги примите се во сооднос со вашата вера. „Нека ви биде според вашата вера" „И сè што ќе побарате во молитва, со вера, ќе добиете" (Матеј 9:29; 21:22). Молете се, верувајте, радувајте се. Пејте песни на благодарност на Бога, затоа што Тој ги услишил вашите молитви. Држете го Него за Неговиот збор, „зашто е верен Оној, Кој ветил" (Евреите 10:23). Ниту една искрена молитва не е залудна. Каналот е отворен; реката се излева. Таа содржи во себе исцелувачки

особини, излевајќи ја благотворната вода на животот, здравјето и спасението. {7C 274.1}

На секој учител му е дадена света привилегија да го претставува Христа. Ако учителите се трудат така да постапуваат, тие можат во себе да негуваат уверувачко убедување дека Спасителот е покрај нив, дека им дава зборови кои ќе ги зборуваат во Негово име, укажувајќи им на начинот на кој ќе го покажат Неговото совршенство. {7C 274.2}

Учителите надуваат на многу проби. Кога ќе видат дека нивните ученици не ги ценат секогаш нивните напори, нив ги обзема обесхрабрување. Сатаната се труди да натовари на нив телесни слабости, надевајќи се дека поради тоа ќе мрморат на Бога, дека ќе ја забораваат Неговата добрина, милост, љубов и огромна слава која го чека победникот. Тие мораат да имаат на ум дека преку тешкотии Бог ќе ги води кон поцелосна доверба во Него. Неговото око секогаш почива на нив. Ако во својата збунетост му се обратат Нему со вера, Тој ќе ги извади од огнот облагородени и прочистени како злато. Бог дозволува да страдаат за да ги привлече поблизу кон себе, но не натоварува товари кои не се во состојба да ги поднесат. Бог вели: „Нема да те оставам, ниту пак ќе те напуштам" (Евреите 13:5). Тој е секогаш подготвен да им помогне на оние кои се потпираат на Него. Учителот кој се наоѓа во тешка положба и кој е оптоварен со грижи, треба да каже: „И да ме убие, јас сепак ќе се надевам на Него." „Макар и да не процвета смоквата, и да нема плод по лозјата, макар и трудот на маслинката да не успее, и полињата да не донесат храна, макар и стадото да е истребено од трлото и да нема говеда во трлото, јас и тогаш ќе се радувам во Господа, ќе се радувам во Бога на моето спасение" (Јов 13:15; Авакум 3:17,18). {7C 274.3}

Ученици, соработувајте со своите учители. На тој начин ќе им пружите надеж и охрабрување. Помагајќи им на нив, истовремено си помагате себеси во напредокот. Имајте на ум дека во голема мера од вас зависи дали вашите учители се наоѓаат во поволна положба, дали нивното дело ќе има успех. {7C 275.1}

Морате да бидете ученици во највисока смисла на тој збор, морате да увидите дека позади учителот стои Бог, дека учителот соработува со Него. {7C 275.2}

Брзо минуваат приликите што ви се пружаат за работа. Не смеете да губите време во угодување на самите себеси. Само ако сесрдно се трудите, ќе остварите вистинска среќа. Драгоцени се приликите што ви се пружаат додека се наоѓате во училиште. Вашиот ученички живот, направете го колку што е можно посовршен. По тој пат можете само еднаш да поминете. Од вас самите зависи дали ќе имате успех или ќе претрпите неуспех. Ако успеете да стекнете библиско знаење, тогаш сте собрале богатство кое можете да го делите со другите. {7C 275.3}

Ако меѓу вас се наоѓа некој студент кој е спор во разбирањето, објаснете му го она што не го сфаќа. Тоа ќе придонесе на вашето сопствено сфаќање. Употребувајте едноставни зборови, изразувајте ги своите мисли со јасен јазик кој лесно може да се разбере. {7C 275.4}

Ако меѓусебно си помагате, тогаш им помагате и на своите учители. Честопати, ученикот, кој изгледа тромаво, побрзо ќе ги сфати мислите на своите другари ученици, отколку на учителот. {7C 275.5}

Тоа е соработка која Бог ја бара. Големиот Учител се наоѓа по крај вас, помагајќи ви да им помогнете на оние кои застанале. {7C 276.1}

Можеби во вашиот училишен живот ќе ви се пружи прилика, на оние кои се во сиромаштво и незнаење, да им зборувате за прекрасните вистини на Божјата Реч. Искористете ја секоја таква прилика. Господ ќе го благослови секој момент кој ќе го посветите на таа работа. {7C 276.2}

Ние живееме во време кога сатаната се труди со сите сили да ги обесхрабри и победи оние кои се наоѓаат во Божја служба. Меѓутоа, не смееме да попуштаме, ниту да губиме храброст. Мораме да имаме повеќе вера во Бога. Мораме да имаме доверба во Него вата жива Реч. Ако немаме небесна заштита, никогаш нема да бидеме во состојба да се бориме против силите на темнината кои ќе се почувствуваат и видат во секој сектор од нашето дело. {7C 276.3}

Земните извори честопати ќе бидат празни и пресушени. Меѓу тоа, во Христа се наоѓа живиот извор на кој можеме постојано да се напојуваме. Колку и да земаме и да им даваме на другите, секогаш има изобилно. Нема никаква опасност дека тој извор ќе пресуши, зашто Христос е неисцрпен извор на вистина. {7C 276.4}

Моралот кој го проповеда Библијата не признава никакво друго мерило од совршенството на Божјиот ум, Божјата волја. Сите праведни особини на карактерот се наоѓаат во Бога како совршена, складна целина. Секој кој го прифаќа Христа како личен Спасител, може да ги поседува тие особини. {7C 276.5}

ОБЗИРИ КОН ОНИЕ ШТО СЕ БОРАТ СО ТЕШКОТИИ

Веќе со години непромислено се постапува кон луѓето кои учествуваат во Господовото дело и кои се залагаат за Него под тешки околности. Тие луѓе честопати работат над своите сили. Тие располагаат со малку пари кои можат да ги употребат поради напредок на делото и принудени се да поднесуваат жртви за истото да напредува. Тие работат за мали плати и се придржуваат кон најстрого штедење. Тие му се обраќаат на народот за помош и самите пружаат пример на дарежливост. Тие го фалат Бога за она што го постигнал, сфаќајќи дека Бог е Автор и Завршител на верата и дека Неговата сила им овозможува да постигнуваат успеси. {7C 277.1}

Понекогаш, кога тие работници ги завршиле најтешките должности, изложувајќи се на тешкотии, кога со трпеливи, истрајни напори основале некое училиште или санаториум, или завршиле некоја друга работа поради напредок на делото, нивните браќа донесуваат одлука дека некој друг човек може да работи подобро, па според тоа, тој треба да ја преземе работата што тие ја вршеле. Во не кои случаи браќата немаат доволно обзири и признание кон оние кои извршиле непријатен дел од должностите, кои се труделе, молеле, залагале, вложувајќи ги во своите напори сите свои сили и енергии. {7C 277.2}

На Бога не му е угоден таквиот начин на работа на Неговите слуги. Тој го повикува Својот народ да ги држи рацете на оние што го изградуваат делото во нови, непогодни места и да им упатуваат зборови на охрабрување и поткрепа. {7C 277.3}

Овие работници можат и да погрешат во своето одушевување и ревност за ширење на делото. Во својата желба да дојдат до потребни средства за одржување на потребните установи, тие можат да се впуштат во работи кои не се најдобри за делото. Господ, гледајќи дека тие работи ќе ги одвратат од она што Тој би сакал да работат, дозволува тие да се разочараат, уривајќи ги нивните надежи. Така, парите пропаѓаат, на голема жал на оние кои искрено се надевале дека ќе дојдат до средства за поддршка на делото. {7C 278.1}

Додека овие работници се труделе со сите свои сили да дојдат до пари кои ќе ги отстранат тешкотиите, некои нивни браќа стоеле настрана и ги критикувале, се сомневале на зло во нив, подметнувајќи зли побуди на многу обременетите работници и уште повеќе им ја отежнувале работата. Заслепени од себичноста, овие пронаоѓачи на мани не сфаќале дека нивните браќа се доволно погодени и без укорот на луѓето кои не сакале да го понесат тешкото бреме и одговорност. Разочарувањето е големо искушение, но христијанската љубов може да го претвори поразот во победа. Неуспесите нѐ учат да бидеме внимателни. Ние се учиме од работи поради кои страдаме. Така стекнуваме искуство. {7C 278.2}

Мораме да бидеме внимателни и мудри кон работниците кои, иако правеле грешки, покажеле срдечно, самопожртвувано залагање во делото. Браќата треба да кажат: „Нема да ја влошиме работата поставувајќи некој друг на ваше место, не давајќи ви можност да ја поправите својата грешка и да стоте на поволна положба, Ослободувајќи се од бремето на неправедните критики." Дајте им можност да се соземат, да ги победат тешкотиите кои навалиле на нив и да застанат пред ангелите како луѓе и достојни работници. Тие навистина згрешиле, но зар оние кои ги критикуваат би направиле подобро? На оние фарисеи кои ја обвинувале фатената жена во блудство, Христос им рекол“ „Кој е од вас е без грев, прв нека фрли камен врз неа" (Јован 8:7). {7C 278.3}

Има луѓе кои се пребрзи во својата желба да го исправат она што им се чини погрешно. Тие сметаат дека би требало нив да ги изберат наместо оние кои згрешиле. Тие го потценуваат сето она што тие работници го направиле, додека други само набљудувале и критикувале. Со своите дела тие зборуваат: „Јас сум во состојба да извршам противење работи. Јас можам успешно да го водам делото." Наложено ми е да ви кажам: „Не судете, за да не ви се суди" (Матеј 7:1). Можеби ќе избегнете грешки во еден правец, но затоа сте во состојба да направите противење грешки во некој друг правец, грешки кои многу тешко ќе се исправат и кои можат многу да ѝ на штетат на работата. Овие грешки можат да бидат од поголема штета од оние кои ги направија вашите браќа. {7C 279.1}

Поуката што ми е дадена гласи дека луѓето кои полагаат темели на делото и кои се борат наспроти предрасудите не смееме да ги прикажуваме во неповолна светлина со цел да поставиме некој друг на нивното место. Има ревносни работници кои напредуваат во делото кое Бог рекол дека треба да биде завршено, наспроти критиките на нивните браќа. Кога тие сега би се отстраниле од нивните одговорни положби, би се предизвикал впечаток кој би бил не праведен за нив и неповолно за делото, затоа што би изгледало дека со тие промени се оправдуваат неправедните критики и постојните предрасуди. Господ не сака со ниту еден чин да се нанесе

неправда на оние кои долго и срдечно работеле на извршување на доверената задача. {7C 279.2}

Немудри промени

Извршени се многу промени до кои подобро никогаш да не дошло. Честопати се случувало работниците кои станувале незадоволни да ги испраќаат во други места, наместо да ги наговараат да останат таму каде што се и да постигнат успех во својата работа. Но тие насекаде ги носат со себе своите особини кои и порано ги попречувале во работата. Тие повторно ќе го покажат својот нехристијански дух, затоа што не ги научиле поуките на трпелива и понизна служба. {7C 280.1}

Јас молам за поинаков ред на нештата. Мора да дојде до промени во групите на нашите работници во нашите конференции и установи. Треба да се бараат делотворни и посветени луѓе и да се поттикнуваат да се поврзат со носителите на товарот како помошници и соработници. Старите и новите треба да работат во сложна работа, во дух на братска љубов. Но промените во управата не смеат да бидат брзи, не смеат да се вршат така што ќе ги обесхрабрат луѓето кои сесрдно и успешно се труделе делото да го донесат до точка на успех. Бог нема да одобри ништо што би можело да ги направи малодушни Неговите верни слуги. Луѓето чија должност е да обезбедат најуспешна работа во нашите издавачки претпријатија, санаториуми и училишта треба да се управуваат според начелата на правдата. {7C 280.2}

Повик на служба

Бог повикува работници. На делото му се потребни самостојни луѓе кои се предале во Господовите раце како понизни ученици и се покажеле како Негови соработници. Вакви луѓе се потребни и како проповедници и како учители. Оние кои се покажеле како луѓе, треба да истапат и да го направат она што можат во службата на Учителот. Тие треба да стапат во редовите на учениците и да ја до кажат својата вредност со трпелива и истрајна работа. Во вода учиме да пливаме, а не на копно. Тие треба совесно да ги исполнуваат должностите на кои се повикани, за да се оспособат да примат уште поголеми одговорности. Бог им ги пружа сите можности за да се усовршат во Неговата служба. {7C 280.3}

Човекот кој навлекол на себе оклоп за да се бори во добра борба, ќе стекнува сè поголеми способности додека се труди да го усврши своето познавање на Бога, работејќи во согласност со планот кој Бог го поставил за совршен развој на телесните, умните и духовните сили. {7C 281.1}

Млади мажи и жени, собирајте ризница на знаење. Не чекајте додека некој човечки испит не ве прогласи надлежни за работа, туку одете на патиштата и патеките и Започнете со работа. Мудро употребувајте го значењето што го поседувате. Искористете ги верно своите способности, делејќи ја дарежливо светлината која Бог ви ја дава. Размислувајте за тоа како на другите ќе им дадете мир, светлина, вистина и

многу други богати благослови на Небото. Трудете се постојано да се подобрувате и усовршувате. Денес е по требно да ги употребувате сите сили на умот и Духот, имајќи ја се когаш пред очите вечната стварност. Барајте го најсесрдно Господа за да можете сè повеќе да се облагородувате и духовно развивате. Тогаш ќе ја добиете најдобрата диплома што човекот може да ја до бие - Божјата признаница (Неговиот индосман). {7C 281.2}

Колку и да се големи или мали вашите способности, имајте секогаш на ум дека сè ви е доверено само на чување. На тој начин Бог ве испитува, пружајќи ви можност да ја покаете својата верност. Нему му ги должите сите свои способности. Нему му припаѓаат силите на вашето тело, ум и душа, па затоа морате да ги по светите на Неговата служба. Вашето време, влијание, способности и вашата умешност - за сето тоа морате да полагате сметка на Оној кој дава сè. Најдобро ги искористува своите способности оној кој искрено се труди да го спроведува големиот Господов план за издигање на човештвото, имајќи секогаш на ум дека истовремено мора да биде и ученик и учител. {7C 281.3}

Кога младите луѓе ќе одлучат да учествуваат во Божјото дело и кога, наспроти многу тешкотии, ќе имаат успех, тогаш не треба да се предложува дека тие треба да работат нешто друго, а работата која тие ја започнале да се довери на постари и поискусни луѓе. Нашите млади луѓе можат да прават грешки кога се борат со тешкотиите, но ако истрајно одат напред, нивниот пораз ќе се претвори во победа. {7C 282.1}

Браќа, истрајте во делото што сте го преземале. Бидете истрајни додека не извојувате победа за победа. Воспитувајте се себеси да копнеете по одредена цел. Имајте пред очите најголема цел, за да правите сè поголеми добра кои ја одразуваат Божјата слава. {7C 282.2}

Бог надарил некои Свои слуги со посебни способности и никој нема право да го потценува нивното значење. Меѓутоа, никој не смее да ги употребува своите способности за да се издига самиот себеси. Никој не смее да смета дека се наоѓа во повластена положба кон своите ближни, ниту смее да се издигнува над останатите искрени, ревносни работници. Господ гледа во срцето. Небесната вселена најмногу ги цени оние кои се најпосветени на Божјата служба. {7C 282.3}

Небото набљудува како оние кои се наоѓаат на влијателни положби вршат должност на повереници. Барањата кои се поставуваат на нив како на повереници, се мерат според обемот на нивното влијание. Нивниот став кон ближните мора да биде став на татко - праведен, нежен, верен. Нивниот карактер треба да биде сличен на Христовиот карактер и тие мораат да се обединат со своите браќа со најцврсти врски на единство и пријателство. {7C 282.4}

МУДРА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА

Збунувачкото прашање за средства доведува многумина во за буна. Сатаната со своите измамнички, привлечни планови веќе многупати го попречил патот на напредокот. Црквата не се потпирала на Бога, туку, попуштајќи на искушенијата на

непријателот, се обидувала да спроведува планови кои далеку ги надминуваат нејзините приходи. Многу пари се вложени во мал број на места. На тој начин мисионското поле било лиено од помошта што требала да му се пружи. Изградувајќи го делото во своето поле, луѓето спроведувале себични планови и трошеле пари од Господовата ризница, заборавајќи дека сите приходи се Господови и дека мора да се води грижа и за другите делови на Неговото лозје. Тие ги затворале очите пред потребите на своите соработници, од причини со кои нема со задоволство да се сретнат на Страшниот суд. Така, многу ниви останале необработени. Брзајќи да подигнат противење зграда, не броејќи ги трошоците, не земајќи во предвид колку ќе биде потребно да се изгради кула, луѓето навлекле долгови, обесхрабрување и забуна на делото. Патот на напредокот во нови полиња бил попречен. {7C 283.1}

Некој вид на лудило го обземал умот на некои луѓе, наведувајќи ги да трошат пари без никаков изглед дека подоцна ќе создадат средства. Ако тие пари беа употребени на начин кој Бог го одредил, би биле покренати и подготвени работници за делото кое мора да се изврши пред Господовото доаѓање. Лошата употреба на парите ја покажува потребата од Господовата опомена дека Неговото дело не смеат да го ограничуваат човечките планови, дека мора да се спроведува на начин кој ќе го зајакне Неговото дело. {7C 283.2}

Држејќи се за лошите планови, луѓето навлекле долгови на делото. Нека тоа веќе не се повтори. Оние кои се наоѓаат на чело на делото, мораат да одат внимателно, чувајќи се да не го закопаат Божјото дело во долгови. Никој не смее да постапува негрижливо, невнимателно, сметајќи неосновано дека сè ќе биде добро. {7C 284.1}

Претераното воодушевување и интересирање за делото во едно место не придонесува ништо за напредокот на делото како целина. Кога создавате планови за подигање на згради во едно место, внимателно размислете за други места на кои исто така им се потребни пари за подигање на потребни згради. Времето е кратко, и кога мораат да се подигаат згради, тогаш треба да се земат во предвид сите делови на Господовото лозје. Човекот во чија надлежност спаѓа прашањето за подигање на згради, мора да поседува здрав, посветен разум, а не да биде човек, кој во желбата да подигне некоја архитектонски убава зграда, ќе му наштети на делото со големи издатоци. {7C 284.2}

Бог не е творец на забуна, туку на ред и напредок. Оние кои сакаат да придонесат за напредок на Неговото царство, мораат внимателно да постапуваат и мудро да градат. Нека никој не брза врз основа на погрешни претпоставки дека парите мораат да се вложуваат за надворешно покажување. Вака говори Господ: „Парите не смеат да се трошат, зашто тоа е на штета на душите." {7C 284.3}

Последиците од себичното управување денес се наоѓаат пред нас и ни даваат слика на мудроста на луѓето на чиј ум и срце им е потребно дејството на Светиот Дух. Господ се обидува на многу на чини да ги испроба и докаже оние кои тврдат дека се христијани. Со непогрешлива точност Тој ги покажал последиците на човечката мудрост, покажувајќи им на оние кои мислеле дека прават противење дела дека мораат да се свртат кон минатото, дека мораат да сфатат дека не ги водел Светиот Дух, туку дека во многу работи го отфрлиле Господовиот совет. Ако вака се испитале себеси на почетокот на работата, како што Господ им наложил, годините поминати во служба

на срам на Бога, би се претвориле во служба на љубов. Секое срце во секое семејство треба да се испита, инаку некои ќе откријат, како што тоа беше случај со Савле, дека тие се одредени за уништување. Ова особено ваи за луѓето на одговорни положби. Господ рекол: „Јас нема да толерирам служба со себични планови." Денес секој треба да го бара Господа. Божјиот народ нема да ја издржи пробата, ако не се преобрази и не се реформира. Господ нема да прими ниту една самозадоволна душа во живеалиштата кои ги подготвува за праведните. {7C 284.4}

Нашиот народ, во која земја и да се наоѓа, не смее под никакви околности да ги вложи сите свои средства во една голема, скапа здравствена установа. Собирање на голем број на луѓе на едно место не е поволно за телесно и душевно оздравување. Покрај тоа, да се подигаат вакви установи значи да се одземе можноста на други места да се подигаат здравствени установи. Каде и да работиме, некои ќе посакуваат да насоберат што повеќе пари за подигање на противење зграда. Но тоа не е најмудар план. Подигајќи некоја установа во едно место, треба да мислиме и на потребите на другите места. Треба да се биде економичен, за да може да му се даде на народот и во други места на земјата слични предности. {7C 285.1}

НАШИТЕ ОСТАРЕНИ ПРВОБОРЦИ

Господ вака им зборува на остарените првоборци кои речиси од самиот почеток работеле на делото на веста на Третиот ангел и чие искуство се протега речиси од 1844 година: „Вашата помош е потребна. Не го земајте на себе бремето кое можат да го носат оние кои се помлади. Ваша должност е да внимавате на својот начин на живот. Морате внимателно да постапувате со своите телесни, духовни и умни сили. Вие кои сте минале низ разновидни искуства, морате да направите сè од своја страна за да ја сочувате својата сила, за да можете да работите за Господа сè додека Тој ви дозволува да останете на своето место и да помагате во изградбата на Неговото дело. {7C 286.2}

Овие носители на товарот можат да кажат како Јован: „Она, што беше од почетокот, што го чувме, што го видовме со своите очи, што го набљудувавме и што го опипаа нашите раце, за Словото на животот - и животот се јави, и ние Го видовме и сведочиме и ви навестуваме вечен живот, Кој беше со Таткото, и ни се јави нам - она што го видовме и чувме, тоа ви го навестуваме и вам, за да имате и вие за едништво со нас. А нашето заедништво е со Таткото и со Неговиот Син Исус Христос... И ова е веста што ја чувме од Него и што ви ја јавуваме вам: Бог е светлина и во Него нема никаква темнина. Ако речеме дека имаме заедништво со Него, а одиме во темнина, лажеме и не ја вршиме вистината. Ако пак одиме во светлина, како што е Тој самиот во светлина, имаме црква еден со друг, и крвта на Неговиот Син Исуса Христа нè чисти од секој грев" (1. Јованово 1:1-7). {7C 286.3}

На делото му е потребна помошта од старите раце, од старите работници кои имаат долгогодишно искуство во Божјото дело, кои биле сведоци на развојот на веста во разни правци, кои виделе многумина како застрануваат во фанатизам, негувајќи ги измамите на лажните теории и спротивставувајќи им се на сите напори направени за светлината на вистината да ги открие празноверијата кои внесуваат забуна во умовите

и ја одземат секоја сила на веста која во сета своја чистота мора да се даде на преостанатиот Божји народ во овие последни денови. {7C 287.1}

Многумина од испитаните Божји слуги заспале во Исуса. Затоа мораме да ја цениме помошта на оние кои денес се живи. Мораме да го уважуваме нивното сведоштво. Добрата рака на Господа била со овие верни работници. Тој ќе ги поддржи со Својата моќна рака, говорејќи: „Потпрете се на Мене. Јас ќе бидам ваша сила и ваша голема награда." Луѓето кои беа во пораката од нејзиниот почеток, кои храбро се бореле тогаш кога борбите биле најтешки, не смеат сега да ја изгубат довербата. На луѓето кои целиот свој живот го посветиле на Божјото дело треба да им се укаже најголемо внимание. И покрај своите многу бројни слабости, овие работници сè уште имаат одлики кои ги оспособуваат за положбите на кои се наоѓаат. Бог сака тие да заземаат водечки положби во Неговото дело. Тие верно истрајале во искушенијата и бурите и спаѓаат меѓу нашите најдрагоцени советници. Колку ние треба да бидеме благодарни што уште можеме да ги користиме нивните дарови во служба за Господа! {7C 287.2}

Не смееме да го губиме од вид фактот дека овие сесрдни борци во минатото жртвувале сè за ширење на делото. Фактот дека тие остареле и нивните коси побелеле во Божјата служба не е никаква причина да престанат да го вршат своето влијание кое е многу поделотворно од влијанието на луѓето кои многу помалку ја познаваат работата и имаат многу помало искуство во Божествените работи. Иако исцрпени и неспособни да носат поголеми товари кои младите можат и треба да ги носат, тие се од непроценлива вредност како советници. И тие грешеле, но се учеле на своите грешки и научиле како треба да се избегнуваат грешките и опасностите. Зар тие не се компетентни да дадат мудар совет? Поднесувале искушенија и проби и иако изгубиле нешто од својата сила, нив не треба
да ги отфрлат настрана помалку искусни работници кои многу малку знаат за напорите и самопожртвувањето на овие првоборци. Господ не ги отфрла така. Тој им дава ним посебна благодат и знаење. {7C 287.3}

Кога веќе остарел и побелел, Јован добил вест за прогонетата црква. Евреите неколку пати се обидувале да му го одземат животот, но Господ рекол: „Нека живее. Јас, Кој го создадов, ќе бидам со Него и ќе го чувам." Овој стар ученик постојано го изнесувал сведоштвото за Учителот. Тој говорел за Христовите зборови и дела со убав јазик и складен глас, така што длабоко влијаел на оние што го слушале. Тој бил прогонет на Патмос, но Христос го посетил во Неговото прогонство и му ги соопштил големите вистини кои се наоѓаат во Откровението. {7C 288.1}

Како што луѓето се ближат кон завршетокот на својата земна историја во служба на Бога, тие ќе бидат импресионирани од Светиот Дух да ги излошат искуствата што ги имале во Неговото дело. Новодојдените во верата треба да дознаат за Неговите чудесни постапки кон Својот народ, за Неговата добрина со која ги ослободувал од искушенијата. Тие треба да слушнат и за искушенијата што ги имале Божјите слуги од отпадништвото на некои кои некогаш работеле заедно со нив, како и за делувањето на Светиот Дух со кој биле негирани лагите изнесени против оние кои од почеток до крај биле цврсти во својата доверба. {7C 288.2}

Старите знаменосци кои сè уште се живи, не треба да се стават на тешки места. Треба секогаш да се почитуваат луѓето кои му служеле на својот Господар кога било тешко, кои биле во беда, но останале верни и тогаш кога бевме само малкумина. Наложено ми е да кажам: секој верник треба да ги почитува старите првоборци кои поднесувале неволји, страдања и многу искушенија. Тие се Божји работници и одиграле значајна улога во изградбата на Неговото дело. {7C 289.1}

Господ сака помладите работници да стекнуваат мудрост, сила и зрелост, придружувајќи им се на старите работници кои сè уште работат на делото. Младите луѓе треба да имаат на ум дека е го лема предност да се имаат вакви работници меѓу себе. Тие треба да укажуваат почит кон тие луѓе со бела коса, кои имаат долгогодишно искуство во работата на ширење на делото. Тие треба да им отстапат почесно место на своите совети. Бог сака оние кои по доцна ѝ пристапиле на вистината да ги послушаат овие зборови. {7C 289.2}

Господ нека ги благослови и поддржи овие стари и испробани работници. Тој нека им помогне да бидат мудри во поглед на сочувување на своите телесни, умни и духовни сили. Господ ме поучи да им кажам на оние кои го изнесувале своето сведоштво во првите денови на веста: „Бог ве надарил со сила на разумот и сака да ги сфатите законите што владеат со здравјето и да им се покорувате. Не бидете неразумни. Не работете над своите сили. Одморајте се. Бог сака да стоте на своите места и од своја страна да придонесете за спасение на мажите и жените, за да не ги понесе со себе големата струја на злото. Тој сака да имате на себе оклоп сè додека не ви нареди да го симнете. Не е далеку Времето кога ќе ја примите својата награда". {7C 289.3}

ГРИЖА ЗА РАБОТНИЦИТЕ

Треба да се направи нешто за да се обезбедат проповедниците и другите верни Божји слуги кои се разболеле сред напорите и работата, така што им е потребен одмор и обновување, или кои по ради слабото здравје или старост не се во состојба во целост да ги извршуваат своите должности. Проповедниците честопати се упатуваат во некое поле на работа за кое знаат дека ќе биде штетно за нивното здравје, но, бидејќи не сакаат да ги одбегнуваат тешкотиите, тие ја прифаќаат оваа должност, надевајќи се дека ќе бидат помош и благослов на луѓето. По извесно време нивното здравје почнува да слабее. Тие се обидуваат да го променат поднебјето и работата, но тоа не им донесува никакво олеснување. Што тогаш да прават? {7C 290.1}

Ние не смееме да ги оставиме да се борат со бедата и неволјите и да се чувствуваат напуштени овие верни работници кои поради Христа се откажеле од светски почести, примајќи сиромаштво наместо задоволства и богатства, кои заборавиле на себе и работеле на придобивање на души за Христа, кои великодушно давале средства за подигање на разни потфати во Божјото дело, а потоа омалаксале во борбата, се уморile и разболеле и останале без средства за живот. Кога на нив ќе наидат болест и немоќ, нашите работници не треба грижливо да се запрашат: „Што ќе

биде сега со мојата сопруга и малечките деца, сега кога не сум во состојба да работам и да ги издржувам?" {7C 290.2}

Неопходно е да се погрижиме за овие верни работници и за оние кои зависат од нив. Ветераните кои се бореле за својата земја уживаат великодушна помош. Тие луѓе имаат лузни на своето тело и нивните целоживотни слабости сведочат за нивните опасни борби, тешки маршеви, спротивставувањето на невремето и страдањата во затвор. Сите тие докази на нивната верност и самопожртвуваност им даваат право да побараат помош од нацијата која тие помогнале да се спаси право кое е признато и уважено. А што направиле адвентистите на седмиот ден за своите Христови војници? {7C 290.3}

Запоставени работници

Нашиот народ не ја сфатил сериозноста на ова прашање и за тоа тоа било запоставено. Црквите не мислеле на тоа и запоставиле една од своите најсвети должности, иако светлината на Божјата Реч ја осветлувала нивната патека. На Господа му е многу не угодно ова запоставување на Неговите верни слуги. Како што со задоволство ги примал нивните средства и услуги кога биле здрави, нашиот народ исто така со задоволство треба да им помогне на овие лица кога ќе се најдат во неповолни прилики. {7C 291.1}

Бог ни дал посебна должност да се грижиме за сиромашните меѓу нас. Но тие проповедници и работници не треба да се вбројуваат меѓу сиромашните. Тие стекнале богатство на Небото кое нема да изветви. Тие ѝ помогнале на Конференцијата во неволја и затоа сега Конференцијата треба да им помогне на нив. Кога ќе најдеме на такви случаи, не смееме да поминеме покрај нив свртувајќи ја главата. Не смееме да каеме: „Стоплете се и наситете се" (Јаков 2:16), не преземајќи ништо за да им помогнеме. Така се постапувало порано и со тоа адвентистите на седмиот ден понекогаш ја срамеле својата вера и му давале можност на светот да го укорува Божјото дело. {7C 291.2}

Станови за работниците

Божјиот народ има должност да ги обессили овие замерки обезбедувајќи за овие работници пристојни станови и неколку хектари земја, која тие самите ќе ја обработуваат и ќе бидат свесни дека не зависат од милоста на своите браќа. Со какво задоволство и спокој ќе гледаат тие уморни работници на своите мирни мали куќички, кои ќе бидат доказ дека луѓето го признале нивното заслужно право на одмор! {7C 291.3}

Нам постојано ни се укажувало на обврските што ги имаме кон овие работници, но не се преземал никаков одлучен чекор. Како народ, мораме да знаеме што ни е должност во врска со ова прашање. Секој член на црквата треба да ги знае своите обврски во сè што се однесува на човечкото братство и на братството во Христа. Ние

сме членови еден на друг: ако еден член страда, страдаат и останатите со Него. Нешто мора да се направи. Конференциите треба да имаат духовна проникливост, за да можат да ги разберат привилегиите и удобностите од кои овие изморени работници имаат потреба и ги заслужуваат. {7C 292.1}

Нашите санаториуми - засолништа за работниците

На проповедниците честопати им е потребна посебна нега и грижа. Нашите санаториуми треба да бидат засолниште за нив, како и за сите наши работници на кои им е потребен одмор. Треба да се обезбедат простории, за да може на овие луѓе да им се даде некоја промена и одмор, а притоа да не мораат постојано да се грижат како ќе ги подмират трошоците. Христос им рекол на Своите ученици уморни од работа: „Дојдете во осамено место,... и одморете се малку" (Марко 6:31). Тој и денес се погрижил да им создаде на Своите слуги добри можности да се одморат и да закрепнат. Нашите санаториуми мораат да бидат отворени за нашите оптоварени проповедници, кои дале сè од себе за да соберат пари за подигање на овие установи. Секогаш кога ќе се укаже потреба да ги користат предностите што ги пружаат санаториумите, тие треба да се чувствуваат во нив како во своја куќа. {7C 292.2}

На овие работници не треба никогаш да им се пресметуваат високи цени за стан, храна и лекување. На нив не треба да се гледа како на просјаци, ниту пак такви треба да ги сметаат оние чие гостопримство го уживаат. Да се биде широкограден во поглед на предностите кои Бог ги обезбедил на Своите уморни и преоптоварени слуги значи да се врши вистинско мисионско дело. Божјите работници се поврзани со Него и кога ги примаме, мораме да имаме на ум дека го примаме Христа во лицето на Неговите гласници. Тој го бара тоа и Нему му е неугодно кога гледа дека кон нив се однесуваме рамнодушно или на теснограден или себичен начин. Бог нема да ја благослови тесноградоста кон било кој од Неговите избраници. Браќата кои работеле на здравствено поле, не биле секогаш во состојба да ги сфатат овие работи. Некои немале правилна грижа за нив. Господ нека го посвети умот на луѓето кои управуваат со нашите установи, за да сфатат кому треба да укажуваат вистинска љубов и нега. {7C 292.3}

Онаа гранка на делото во која работеле тие наши изнемоштени работници треба да им помогне во нивната потреба, да ги подели трошоците со санаториумот и со тоа да покаже дека ја цени нивната работа. {7C 293.1}

Некои работници се во состојба да одвојат нешто од своите плати и така треба да направат, за ако е можно, да се сочат со случај на потреба. Но санаториумите и таквите треба да ги примат како благослов. Сепак, повеќето од нашите работници имаат многу го леми обврски. Секогаш кога ќе се укаже потреба за пари, луѓето им се обраќаат на нив нешто да приложат, за да ги наведат и другите со својот пример така да постапуваат и со тоа да му помогнат на Божјото дело. Тие се исполнети со толку силна желба да го подигнат знамето на вистината во нови полиња, така што многумина дури и позајмуваат пари за да помогнат на разни потфати. Тие не давале со незадоволство, туку го сметале за чест тоа што можеле да при донесат за ширење на вистината. Но,

одговарајќи на секој повик за прилози, тие самите останале со многу малку средства. {7C 293.2}

Господ водел сметка за нивната дарежливост кон делото. Тој знае какво добро дело извршиле, дело кое младите работници сè уште не го сфаќаат. Тој знае за сите нивни откажувања и за нивното сиромаштво. Сето тоа е запишано во книгите. Овие работници се гледиште на светот, ангелите и луѓето, примери на кои може да се провери искреноста на нашите верски начела. Господ сака нашиот народ да сфати дека тие првоборци заслужуваат сè што можат нашите установи да им пружат. Бог нè повикува да сфатиме дека луѓето кои остареле во Неговата служба, ја заслужуваат нашата љубов, нашата чест и нашата најдлабока почит. {7C 294.1}

Фонд за работниците

Треба да се образува фонд за помагање на работниците кои станале неспособни за работа. Нема да бидеме исправни пред Бога сè додека не направиме во тој правец сè што е во наша моќ, и тоа без никакво одлагање. Меѓу нас има луѓе кои ќе мислат дека ова не е потребно, но нивното противење не смее да има влијание на нас. Оние кои одлучиле во своето срце да бидат исправни и го прават она што е добро, треба да се посветат на остварување на ова добро дело, кое Бог бара да се оствари. Многумина се немарни во овој поглед, многумина ги одложиле за подоцнежно извршување своите должности да прават добро со својот имот. Но треба ли тоа така уште да биде? Треба ли толку да ги сакаме парите и да ги закопуваме во земја? {7C 294.2}

Бог ги повикува сите да соработуваат во оваа работа. Богатите треба да дадат од сето изобилство. Но ако даваат недоволно, жалејќи што тие пари не можат да ги вложат во некој световен потфат, нема да примат никаква награда. {7C 294.3}

Скромниот прилог што го даваат сиромашните не е ништо помал во Божјите очи од големите дарови на богатите. Господ покрај нивниот дар ќе го даде Својот благослов, така што овој знак на љубов ќе донесе плод во сооднос со искреноста и добрата волја со која е направен. Треба да се ценат парите без разлика од каде доаѓаат. {7C 295.1}

Денес е потребен жарот на младоста. Младината треба да се откаже од својата суета и да ги ограничи своите желби. Ја повикувам неа и целиот наш народ да ги употреби за повисоки, посвети цели, парите што се трошат на непотребни работи. Направете сè што можете за да се создаде фонд за помагање на старите проповедници кои се исцрпени од постојаните напори и грижи. Посветете му на Господа сè што имате. Не ги трошете парите за да си угодите себеси. Ставете ги во Господовата ризница. Не дозволувајте парите да заминуваат од вашите раце за да ги задоволите своите и туѓите желби. Кога трошите, имајте на ум дека тоа се Господови пари и дека морате да Му положете сметка за тоа како сте ги искористиле. {7C 295.2}

Ги повикувам старите луѓе кои заминуваат од овој живот правилно да ги распоредат Господовите добра пред да заспијат во Христа. Имајте на ум дека сте Божји повереници. Дајте му го за време на својот живот она што е Негово. Не заборавајте да го направите ова додека сè уште сте при чиста совест. Кога ќе влеземе во старост, наша должност е да им го распоредиме својот имот на установите кои Бог ги подигнал.

Сатаната се труди со сите свои сили Господовото дело да не дојде до средствата кои му се потребни. Многумина ги вложуваат своите таланти во земни потфати, додека на Божјото дело му е потребен секој долар поради ширење на Неговата вистина и прославување на Неговото име. Ве прашувам: не треба ли да стекнуваме богатство на Небото во ќеси кои нема да скапат? Посебно би сакала да ги потсетам старите луѓе кои набрзо ќе го распоредат својот имот, да се сетат на оние кои работеле совесно со Речта и науката. Вложете ги своите пари така што ќе можат оттаму да се вложат во Божјото дело ако се изгуби здравјето или животот. Со тоа ќе им ги дадете на менувачите и тие постојано ќе растат. {7C 295.3}

Ја повикувам црквата како целина, како и секој поединечен член, да Му го вратат на Бога со камата Неговиот капитал што им го доверил на чување. Така ќе имате богатство на Небото. Вашите срца нека бидат прави пред Исуса. Иако можеби себеси се сметате за најмал од сите светии, сепак вие сте органи на Христовото тело и преку Него сте станале Негово човечко орудие кое ја има покрај себе сета извонредност и сила на небесните суштества. Секому му е доделено некое место на должност, не поради Неговите тесни и себични интереси, туку за влијанието на секој да биде сила за сите. Кога навистина би верувале дека секој од нас е гледиште за светот, ангелите и луѓето, зар не би, како членови на црквата, манифестирале поинаков дух од оној што сега го манифестираме? Зар не би биле жива и делотворна црква? {7C 296.1}

Помалите и поголемите потоци на добродетелство треба постојано да течат. Божјото провидение е далеку пред нас и иде многу побргу од нашите дарови. Себичноста, гордоста алчноста и раскошот го попречиле патот по кој треба да се шири и изградува Божјото дело. Целата црква има света должност во секоја гранка на делото. Ако нејзините членови се угледаат на Христа, тие ќе се откажат од своите склоности кон раскош, љубовта кон облеката, кон елегантни куќи и скап мебел. Адвентистите на седмиот ден мораат да имаат многу повеќе понизност, многу поголема различност од светот, инаку Бог нема да ги прими, каков и да е нашиот став и карактер на делото на кое сме се посветиле. Многу луѓе во скромни животни прилики би имале доволно средства за добродетелство кога би се оддале на штедење и самооткажување. Должност на сите е да се учат од Христа како да одат по патеката на самооткажување по која одел небесниот Цар. Целиот живот на еден христијанин мора да биде живот на самооткажување, за да може секогаш да биде во состојба да помогне кога ќе слушне глас на неволја. {7C 296.2}

Сè додека сатаната се труди со сите сили да ги уништи душите, сè додека постои потреба за работници во било кое дело од големото поле за жетва, дотогаш ќе постои потреба да се помага Божјото дело во некоја од многубројните гранки. Задоволувајќи една потреба, ние само отвораме пат за да можеме да задоволиме не која друга. Откажувањето што е потребно за да се дојде со средства кои ќе се вложат во она што Бог најмногу го цени, ќе развие во нас карактерни својства со кои ќе ја заслужиме пофалбата „добро направено" и ќе станеме достојни да бидеме секогаш во близина на Оној кој поради нас станал сиромашен, за преку Неговото сиромаштво да наследиме вечно богатство. {7C 297.1}

На луѓето кои заземаат одговорни места им се заканува опасност да се срушат под многубројните товари што ги носат. Меѓутоа, Господ не става на никого товар кој тој не

би можел да го носи. Тој го оценува секое бреме, пред да го стави на срцето на оние кои работат заедно со Него. Нашиот, полн со љубов, небесен Татко му зборува на секој Свој работник: „Фрли го на Господа своето бреме и Тој ќе те поткрепи" (Псалм 55:22). Носителите на товарот треба да знаат дека Тој ќе го понесе секое бреме, големо или мало. {7C 297.2}

Исус се согласува да го понесе нашиот товар само ако се надеваме во Него. Тој вели: „Дојдете кај Мене сите кои сте уморни и оптоварени; подајте ми го својот товар; дајте ми Јас да направам дело кое ниту еден човек не е во состојба да го направи." Да се надеваме во Него. Грижата е слепа и не може да проникне во иднината. Но Исус гледа од почеток до крај и Тој подготвил помош за секоја неволја. Пребивајќи во Христа, ние ќе можеме да направиме сè преку Него, зашто Тој нè крепи. {7C 297.3}

Можеби некогаш работите ќе тргнат лошо поради непосветените работници. Вие можеби ќе плачете поради последиците на лошите постапки на другите луѓе, но не грижете се. Делото е под надзор на благословениот Господар. Тој единствено бара работниците да ги примаат од Него заповедите и да се покоруваат на Неговите упатства. Сите гранки на работа на нашата црква, мисии, саботни школи и установи Му лежат на срцето. Зошто да се грижиме? Нашиот копнеж да ја видиме црквата напоена со живот мора да биде ублажен со потполна доверба во Бога, зашто големиот Носител на Товарот рекол: „Без Мене не можете да правите ништо. Следете ме." Тој нè води! Ние треба да одиме по Него. {7C 298.1}

Никој не треба да ги исцрпува своите од Бога дадени сили обидувајќи се што повеќе да го забрза развојот на делото. Човечката сила не е во состојба ова сама да го изврши, туку мора да биде соединета со силата на небесните интелигенции. Единствено така Божјото дело може да се доведе до совршеност. Човекот не може да го изврши Божјиот дел од работата. Павле може да сади, Аполон да залива, но Бог дава да порасне. Скромно и понизно, човекот треба да соработува со небесните сили, давајќи сè од себе, но имајќи секогаш на ум дека Бог е главниот Работник. Тој не смее да биде полн со самодоверба, зашто така ќе ги истроши своите енергии и ќе ги изгуби своите умни и телесни способности. Божјото дело би се развило и кога би се отстраниле сите оние работници кои денес го носат најголемото бреме. Затоа, нашата ревност во работата треба да биде умерена со разум; ние треба да престанеме да се напрегаме да го извршиме она што само Господ може да го изврши. {7C 298.2}